	резултатите од учење за секое поглавје	• Структура на атом, хемиски врски и структура на молекул, зависност меѓу структурата и реактивноста на прости молекули • Термохемија и топлински ефекти на хемиските реакции • Дисперзни системи, раствори и колигативни својства на раствори, изразување на својства на раствори • Вовед во хемиска кинетика, типови на хемиски реакции, механизам на хемиски реакции, хемиска рамнотежа • Електролитна дисоцијација, хемиски рамнотежи во воден раствор: кисело-базни реакции, јонски производ на водата и pH, хидролиза, пуферски раствори, редокс реакции и реакции на формирање на комплекси Студентот ќе стекне знаења за основните хемиски закони и нивната примена во фармацевтските науки. Хемиска аритметика (стехиометрија): • Структурна стехиометрија (квантитативен сооднос меѓу елементите во соединенијата • Реакциска стехиометрија (квантитативен сооднос меѓу супстанциите што учествуваат во хемиските реакции) Студентот ќе се оспособи за изведување на хемиски пресметки и добиените знаења ќе можат да ги примени за изведување на потребните квантитативни пресметки при синтеза, производство и контрола на квалитет на фармацевтски активни супстанции и готови фармацевтски производи. Хемија на елементи и Периоден систем: • Својства и реактивност на неметали • Својства и реактивност на метали • Основи за физиолошката функција на на есенцијални хемиски елементи (макро и микроелементи) Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаење за изучување на други биофармацевтски науки.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите потребни/поврзани со предметот: / 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на: • Аналитичка хемија применета во фармација • Органска хемија применета во фармација • Биоорганска хемија
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Нумерички вежби (студентите работат самостојно/во групи за изведување на хемиски пресметки) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа

16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава: часови	45 часови
		16.2.	Вежби (нумерички): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за: - теоретска настава: 90 часови -практична настава: 22,5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	37,5 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 24 бодови од предвидените активности		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	30-50 (60-100%)
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 15-25 бодови Колоквиум 2: 15-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	Лилјана Анастасова, Руменка Петковска	Учебно помагало за теоретска настава по неорганска хемија применета во фармација, второ издание	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје	2025 Електронско издание

		2.	Руменка Петковска, Лилјана Анастасова	Учебно помагало за вежби по неорганска хемија применета во фармација	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје	2023 Електронско издание
		3.	Џон В. Хил, Ралф, Х.Петручи, Тери, В. Меккрири, Скот С.Пери (John W Hill, Ralph H. Petrucci, Terry W. McCreary, Scott, S.Perry)	Општа хемија, превод на четвртото издание (General Chemistry, 4th Ed)	Табернакул, Скопје Pearson Education, Inc	2011 печатена верзија 2005
		4.	Шрајвер и Аткинс (D.F.Shirver, P.W. Atkins)	Неорганска хемија, четврто издание (Inorganic Chemistry 4th Ed.)	Превод на Микена, Битола (W.H.Freeman& Company New York, USA)	2010 печатена верзија 2006
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Н. Гринвуд и А. Ерншо (N. Greenwood, A. Earnshaw)	Хемија на елементите, превод на второ издание (Chemistry of the Elements, 2nd Ed.)	Просветно дело, Скопје (Elsevier Ltd.)	2009 печатена верзија 1997
		2.	J.E. House, K. A. House	Descriptive Inorganic Chemistry, 3rd Ed.	Elsevier Ltd.	2016 електронско издание

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФМФ05			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Фармацевтски факултет Катедра за анатомија и Катедра за физиологија, Медицински факултет, Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора	семестар	IV
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	**Катедра за физиологија** Проф. д-р Бети Дејанова (одговорен наставник) Проф. д-р Сунчица Петровска Проф. д-р Лидија Тодоровска Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска Проф. д-р Сања Манчевска Доц. д-р Иванка Караѓозова Асс. д-р Михаела Несторова Бражанска Асс. д-р Биљана Спиркоска Ванѓеловска Асс. д-р Вангел Ристовски **Катедра за анатомија** Проф. д-р Билјана Зафирова Проф. д-р Ники Матвеева Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска Проф. д-р Аце Додевски Проф. д-р Билјана Трпковска Проф. д-р Билјана Бојаџиева Стојаноска Проф. д-р Елизабета Чадиковска Асс. д-р Анамарија Паункоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: нема Предуслов за полагање на предметот: нема			

11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** • Целта на предметот е студентите да се запознаат со анатомската градба и физиолошката функција на органските системи на човечкото тело за да се стекнат со знаења и вештини за функционирањето на физиолошките механизми како и на нивните регулаторни процеси. • Целта на предметот е студентите да можат стекнатите знаења и научените вештини да ги применат при испитувањето на бројните физиолошки функции на органските системи. ***Резултати*** • Студентите ќе бидат способни да ги идентификуваат главните аспекти на анатомската организација и градбата на органите и ткивата, како и да ги осознаат главните процеси на физиолошките механизми за регулацијата на фунционирањето на органските системи • Студентите ќе можат да ги разликуваат физиолошките од патофизиолошките процеси на човековото тело, согласно регулаторните механизми кои ги одржуваат физиолошките процеси на органските системи. • Студентите ќе бидат способни да изведуваат практични процедури од одредени органски системи, да ги анализираат и толкуваат добиените резултати за одредени физиолошки параметри, согласно теоретските знаења и вештини од предметот.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: • Основи на анатомијата на човекот. Анатомија на респираторниот, кардиоваскуларниот, дигестивниот, ендокриниот, уринарниот, гентиталниот, локомоторниот, периферниот и централниот нервен систем и на сетилните органи. • Основи на физиологија на човекот. Физиологија на клетка; Физиологија на мускули; Физиологија на органските системи - крвниот, респираторниот, кардиоваскуларниот, дигестивниот, ендокриниот, репродуктивниот, уринарниот, локомоторниот, периферниот и централниот нервен систем и на сетилните органи; Физиологија на метаболизмот, црниот дроб, кожата и на терморегулацијата. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за анатомската организација и топографската поставеност на органите и органските системи во човечкото тело. • Студентите ќе ги разберат основните физиолошки процеси и механизми на органските системи и ткива, како и регулаторните механизми кои ја овозможуваат хомеостазата во човечкото тело.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметот анатомија и физиологија се потребни за слушање на предметот патофизиологија
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи се: 1. теоретски предавања – екс катедра 2. интерактивна настава која вклучува дискусии за одредени анатомски регии, физиолошки механизми и регулаторни процеси за човечкото тело Работни методи се: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа кои се изведуваат самостојно или во група, за подобро совладување на теоретската настава)
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа

16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Вкупно: 45 часа Анатомија – 10 часа Физиологија – 35 часа
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Вкупно: 45 часа Анатомија – 15 часа Физиологија – 30 часа
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојноучење: часови	Подготовка за теоретска настава: 90 часови Подготовка за практична настава: 20 часа
		17.3.	Подготовка за испит	40 часа
18	Услови за потпис	Најмалку 25 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2,) Активност и учество во наставата: Теоретска: 6 - 10 Практична: 12 - 20		

19	Начин на оценување		
	19.1	Писмени тестови:	Анатомија - 1 Физиологија - 1
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1 – анатомија (12 - 20) Колоквиум 2 – физиологија (30 - 50)
	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Зафирова Б, Живадиновиќ Ј, Матвеева Н, и сор.	Анатомија за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани медицински сестри/техничари	УКИМ, Медицински факултет, Скопје Катедра за анатомија	2022

		2.	Тодоровска Л, Малеска Ивановска В, Дејанова Б, и сор.	Медицинска физиологија за студентите на Фармацевтскиот факултет	УКИМ, Медицински факултет, Скопје Катедра за физиологија	2022
		3.	Петровска С, Ивановска Малеска В, Дејанова Б и сор.	Практикум по физиологија за студентите на фармација	УКИМ, Медицински факултет, Скопје Катедра за физиологија	2016
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /
		1.	Frank H.Netter	Анатомски атлас на човекот	Elsevier Health Sciences,	2022
		2.	Ш. Зибернагл, А. Деспопулос	Физиолошки атлас во боја	Табернакул	2010

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОРГАНСКА ХЕМИЈА ПРИМЕНЕТА ВО ФАРМАЦИЈА**			
2.	Код	ФФИПХФА06			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	1-ва	семестар	II
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ана Поцева Пановска (одговорен наставник) Проф. д-р Јелена Ацевска Асс. Олга Гигопулу			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Неорганска хемија, I семестар (потпис) Предуслов за полагање на предметот: Неорганска хемија, I семестар (потпис)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат вештини: • за разбирање на основните концепти на органската хемија и познавање на структурата, својствата и реакциите на основните класи на органските соединенија значајни за фармацијата. • За синтеза и анализа и интерпретација на експериментални резултати на соединенија со значење во фармацијата. • За поврзување на органската хемија со другите сродни медицински области како фармацевтската хемија биохемијата, фармакологијата итн. • Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења преку примена на основни и напредни реакции од органска хемија за синтеза на фармацевтски активни супстанции По успешно завршување на предметната програма, студентот ќе биде способен: • да ги идентификуваат основните класи на органски соединенија, да препознава функционални групи, постоење на изомерија и својства на органски соединенија релевантни за фармацевтските науки: • да ги објаснува механизми на реакции и да ги предвидува продуктите од синтеза. • да ги поврзува позначајни органски структури со биолошката активност			

		• да ги примени стекнатите знаења преку примена на основни и напредни реакции од органска хемија за синтеза на фармацевтски активни супстанции во лабораториски услови. • да толкува експериментални резултати и предлага научно засновани заклучоци. • да ги применува принципи на одржлив развој за да се минимизира влијанието врз животната средина при работа со органски растворувачи/соединенија • стекнатите знаења да ги применува во други научни дисциплини за решавање на проблеми од областа на фармацијата.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1**: **Вовед во органската хемија и нејзината примена во фармацијата** • Дефиниција и основи на органската хемија, Релевантност на органската хемија во фармацевтските науки, Преглед на главните класи на органски соединенија. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да опишат што е органска хемија и нејзината улога во истражувањето и развојот на нови лекови. • Студентите ќе бидат способни да идентификуваат главни класи на органски соединенија кои имаат фармацевтска примена. **Поглавје 2: Структура и реактивност на органски соединенија** • Структура и врзување, хибридизација на јаглероден атом (sp, sp^2, sp^3), поларност, Структурно претставување на молекули, Стереохемија и 3D-моделирање, Резонанција, Нуклеофили, електрофили, Хемиска реактивност и механизми, Типови на реакции, Киселост и базност на органски соединенија *Резултати од учењето:* • Студентите ќе бидат способни да опишат структурата и врзувањето на атомите во органските молекули, како и да ја објаснат важноста на поларните и неполарните врски во органските соединенија. Дополнително, ќе можат да објаснат како хибридизацијата на јаглеродот (sp, sp^2, sp^3) влијае на геометриската форма на молекулата. • Студентите ќе можат да претстават органски молекули користејќи различни формули. Понатаму, ќе можат да користат компјутерски алатки за креирање 3D модели на молекулите и да ги анализираат нивните својства. • Студентите ќе можат да разликуваат нуклеофили и електрофили и да ја објаснат нивната улога во хемиските реакции. Дополнително, ќе можат да опишат основни механизми на реакции, да ги класифицираат и да ги објаснат карактеристиките на секој тип реакција. • Студентите ќе можат да ја предвидат киселоста и базноста на органските молекули врз основа на нивната структура, вклучувајќи повеќе фактори кои влијаат киселоста.

		Поглавје 3: Алкани и Циклични Системи: Конформации и Биолошка Релевантност • Номенклатура, структура и својства на алкани и циклоалкани. • Конформации на ациклични (Слободна ротација околу σ-врски) и циклични структури (Конформации на циклохексан, ефект на супституенти врз стабилност на конформации) • Конформации кај молекули на лекови, Влијание на конформацијата врз биолошката активност на лековите *Резултати од учењето:* • Студентите ќе бидат способни да ја опишат номенклатурата, структурата и физичко-хемиските својства на алкани и циклоалкани, вклучувајќи нивната стабилност и растворливост. • Студентите ќе можат да објаснат слободната ротација околу σ-врски во ациклични молекули како и да ги анализираат различните конформации нешто се јавуваат кај циклични алкани односно циклохексан. Дополнително, ќе разберат како супституентите влијаат на стабилноста на конформациите. • Студентите ќе можат да ја анализираат конформацијата на молекулите на лекови и да ја разберат важноста на истите за биолошката активност на лековите. Тие ќе ги применат научените концепти за да објаснат како конформациските својства на лековите влијаат на врзување со рецепторите. **Поглавје 4. Незаситени соединенија – алкени, алкини и диени** • Алкени – карактеристки и структура, методи на добивање, карактеристични адицинони реакции • Алкини - карактеристки и структура, методи на добивање, адицинони реакции, употреба на алкини во синтеза на фармацевтски соединенија • Диени – класификација и карактеристики, Diels-Alder реакција • Конјугирани π-системи, биолошки значајни соединенија и лекови со конјугирани π-системи *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ја опишат структурата и карактеристиките на алкени и алкини, како и да ги објаснат методите за нивно добивање и карактеристичните адициони реакции • Студентите ќе разберат и ќе можат да ги објаснат реакциите на адиција карактеристични за алкените и алкини и нивната примена во синтеза на фармацевтски активни молекули. • Студентите ќе разберат својствата на конјугираните π-системи и нивната стабилност. • Студентите ќе можат да ги идентификуваат биолошки значајни соединенија и лекови кои содржат конјугирани π-системи, како што се некои антиканцерогени и антибактериски лекови. Резултати од учењето ќе ги подготват студентите да ја разберат хемијата на незаситените соединенија и нивната примена во синтезата на фармацевтски активни молекули и лекови. **Поглавје 5. Стереохемија и Хиралност**

		• тудентите ќе бидат способни да ги идентификуваат и опишат R и S конфигурациите на стереоцентри во органските молекули користејќи го правилото на Cahn-Ingold-Prelog. • Студентите ќе можат да разликуваат енантиомери и диастереомери, да ги објаснат нивните хемиски и физички својства, и да ги применат во контекст на фармацевтски молекули. • Стереоизомерен сооднос, Енантиомерна чистота, Расемски смеси и нивна употреба во лековите. Лекови со енантиомерна селективност (ибупрофен, есциталопрам). • Оптичка активност и хиралност • Стереохемијата и терапевтската активност, Биолошки активности на стереоизомери, Рецепторска селективност – влијание на хиралноста на врзување со рецепторите • Дизајн на хирални лекови *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да разликуваат енантиомери и диастереомери, да ги објаснат нивните хемиски и физички својства, и да ги применат во контекст на фармацевтски молекули. • Студентите ќе можат да пресметаат стереоизомерен сооднос и енантиомерна чистота, да објаснат рацемски смеси и нивната употреба во фармацевтските производи. • Студентите ќе ја разберат врската помеѓу стереохемијата и биолошката активност на лековите, вклучувајќи рецепторска селективност и фармакодинамика, како и како различни стереоизомери можат да имаат различни терапевтски ефекти. • Студентите ќе можат да применат принципи на стереохемија во дизајн на хирални лекови, оптимизирајќи структурата за специфична терапевтска активност и безбедност. Резултати од учењето ќе им помогнат на студентите да ја разберат важноста на стереохемијата и хиралноста во развојот на лекови и нивната примена во пракса. **Поглавје 6. Реакции на нуклеофилна супституција и нивната биолошка примена** • Реакци на нуклеофилна супституција, S_N2 и S_N1 механизам – принципи, фактори што влијаат на механизмот, SN2 реакции во биолошки системи, Влијание на стереохемијата (механизмот) во биолошките процеси, Лекови што се активираат преку S_N2 и S_N1 механизам *Резултати од учење:* • Студентите ќе бидат способни да ги објаснат принципите на S_N2 и S_N1 механизми на нуклеофилна супституција, како и факторите што влијаат на изборот на механизам, вклучувајќи структура на реактантите и растворувачите. Дополнително, студентите ќе го разберат стереохемискиот исход од реакциите.

		• Студентите ќе го разберат значењето на SN2 реакции во биолошките системи и ќе можат да идентификуваат лекови кои се активираат преку SN2 и SN1 механизми, како и да ги анализираат нивните ефекти врз биолошките процеси и терапевтската активност. **Поглавје 7. Ароматичност и реактивност: основи, реакции на ЕС и стратегии за синтеза на ароматични лекови** • Основи на ароматичност, Реакции на бензилна позиција, Електрофилна ароматична супституција (EAS), Усмерувачки ефект на супституенти, Стратегии за синтеза на полисупституирани ароматични структури, Синтетски методи за фармацевтски активни супстанции *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги објаснат основите на ароматичноста, како и да ги опишат реакциите на електрофилна ароматична супституција (EAS), вклучувајќи примери на реакции што се случуваат на бензилна позиција. • Студентите ќе ги разликуваат усмерувачките ефекти на различни супституенти на ароматични прстени и ќе ја разберат нивната улога во реактивноста на ароматичните соединенија. • Студентите ќе бидат способни да идентификуваат различни стратегии за синтеза на полисупституирани ароматични структури и да ги објаснат синтетските методи за подготовка на фармацевтски активни супстанции со ароматични структури. **Поглавје 8. Алкохоли, Феноли, Етери и Епоксиди** • Алкохоли и феноли: Основни карактеристики, хемиски својства и реактивност, Реакции на Grignard-ови реагенси со алкохоли и феноли, Улогата на Grignard-ови реагенси во синтезата на фармацевтски соединенија, Метаболни реакции на лекови кои содржат хидроксилна група. • Етери и Епоксиди: Хемиски својства и стабилност, Методи за синтеза, Метаболизам на лекови што содржат епоксидни и етерски структури. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе бидат способни да ги опишат основните карактеристики, хемиските својства и реактивноста на алкохоли и феноли, како и да објаснат реакциите на Grignard-ови реагенси со овие соединенија и нивната улога во синтезата на фармацевтски соединенија. Дополнително, ќе го разберат основите на метаболизмот на лекови со хидроксилна група. • Студентите ќе ја разберат хемиската реактивност, стабилноста и методите за синтеза на етери и епоксиди, како и метаболизмот на лекови што содржат епоксидни и етерски структури, вклучувајќи нивната биолошка улога и фармацевтска примена.

		Поглавје 9. Алдехиди и кетони, основни карактеристики, реактивност • Структура и електронски својства, реакции на неуклеофилна адиција, ацетали како пролекови, биолошка важност на алдехидите и кетоните: Улогата на карбонилната група во лековите, Биохемиски реакции на C=O групата, Метаболизам на алдехиди и кетони: Оксидативни и редуктивни трансформации. • Улога на нуклеофилните реакции при синтези на лекови, Примена на различни нуклеофили во синтезата на лекови (Кислородни нуклеофили и формирање на хемиацетали и ацетали, Сулфурни нуклеофили и Формирање на тиоацетали, Азотни нуклеофили - Формирање на имини и хидразони, Водородни нуклеофили и Редукција на алдехиди и кетони до алкохоли, Јаглеродни нуклеофили - Реакции со Grignard-ови реагенси и формирање на C-C врски *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да опишат структурата и електронските својства на алдехидите и кетоните, како и да ги разберат реакциите на нуклеофилна адиција. Дополнително, ќе ја разберат биолошката важност на карбонилната група и нејзината улога во лековите, како и биохемиските реакции што вклучуваат C=O групата. • Студентите ќе бидат способни да објаснат оксидативните и редуктивни трансформации што се случуваат во метаболизмот на алдехидите и кетоните, како и нивната улога во фармакокинетиката на лековите. • Студентите ќе ја разберат улогата на нуклеофилните реакции во синтезата на лекови, вклучувајќи примена на различни нуклеофили (кислородни, сулфурни, азотни, водородни и јаглеродни нуклеофили), како и формирање на позначајни структури, како хемиацетали, ацетали, тиоацетали, имини, хидразони и редукција на алдехиди и кетони до алкохоли. **Поглавје 10. Карбоксилни киселини и деривати: реактивност и фармацевтска примена** • Основни својства на карбоксилните киселини и нивните деривати • Циклични естери и макролидни структури • Тиоестри и нивната улога во биохемијата • Циклични амиди и β-лактамски структури • Естери како пролекови *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги опишат основните хемиски својства на карбоксилните киселини и нивните деривати, вклучувајќи естери, ацилхалогениди, тиоестри и амиди, како и нивната реактивност и улога во синтезата на фармацевтски активни соединенија. • Студентите ќе бидат способни да ги опишат структурите и реактивноста на циклични естери, макролиди и β-лактамски

		структури, како и нивната важност во развојот на лекови, со посебен акцент на нивната биолошка активност. • Студентите ќе разберат улогата на тиоестрите во биохемијата и ќе бидат способни да ја анализираат нивната примена во лековите, како и употребата на естери како пролекови во терапевтските стратегии, вклучувајќи ја нивната конверзија во активни форми. **Поглавје 11. Амини:** • Основни карактеристики на амините, Методи за добивање на амини: синтетски пристапи и биосинтеза на амини • Реактивност и типови на реакции • Фармаколошки активни соединенија со амино група и амини во природни производи • Амини во физиолошка pH – јонизирани форми и ефекти на pKa врз биорасположивоста *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги опишат основните карактеристики на амините и ќе бидат способни да идентификуваат различни методи за нивно добивање, вклучувајќи синтетски пристапи и биосинтеза на амини во природни производи. • Студентите ќе разберат различните типови на реакции кои ги вклучуваат амините, како нуклеофилни реакции, реакциите со електрофили и нивната улога во синтезата на фармацевтски активни молекули. • Студентите ќе ја разберат фармаколошката активност на соединенијата со амино група и нивната улога во природни производи. Дополнително, ќе можат да објаснат како амини во физиолошка pH влијаат на јонизацијата, и како pKa вредностите влијаат на биорасположивоста и ефикасноста на лековите.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметот Неорганска хемија се поврзани со предметот Органска хемија применета во фармација. 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите Биоорганска хемија, Фармацевтска хемија 1, Фитохемија, Биохемија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа		
16.		16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45

	Форми на наставните активности	16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 90 часови Подготовка за практична настава: 23 часови
		17.3.	Подготовка за испит	37 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 25 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2,)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	31-60	
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 16-30 бодови Колоквиум 2: 16-30 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/	

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Џон Мекмури (John McMurry)	Органска хемија, превод на 6то издание (Organic chemistry, 6th Ed.)	Просветно дело, (Brooks/Cole, Thomson Learning)	2009 (хард копија) 2004 (електронско)

		2.	Paul M Dewick	Essentials of Organic chemistry for students of Pharmacy, Medicinal Chemistry and Biological chemistry	John Wiley & Sons Ltd	2006 (електронско)
		3.	David R. Klein	Organic Chemistry, 3rd Edition	Wiley	2017 (електронско)
		4.	Ана Поцева-Пановска, Емил Поповски, Олга Гигопулу	Експериментални техники и синтези во органска хемија: лабораториски прирачник	Фармацевтски факултет, Скопје	2023 (електронско)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Ричард Б. Силверман	Органска хемија во дизајнирањето и дејството на лековите	Магор	2011 (електронско)
		2.	John McMurry	Organic Chemistry with Biological Applications, 3rd Edition	Cengage Learning	2010 (електронско)
		3.	David R. Klein	Organic Chemistry As a Second Language, 3e: First/Second Semester Topics	Wiley	2011 (електронско)

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФИЗИЧКА ХЕМИЈА ЗА ФАРМАЦЕВТИ**			
2.	Код	ФФИПХФА07			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	1-ва	семестар	II
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Руменка Петковска (одговорен наставник) Проф. д-р Зоран Кавраковски Проф. д-р Наталија Наков Асс. Благој Ачевски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: потпис од предметите Математика и применета статистика во фармација (I семестар) и Биофизика (I семестар). Предуслов за полагање на предметот: ислушана настава и потпис од предметот Физичка хемија за фармацевти и кредит од предметот Биофизика (I семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат разбирање за законите и принципите на физичката хемија, структурата и својствата на различни состојби на материјата, термодинамските промени и состојбите на рамнотежа, фазни трансформации кај хемиски и биолошки системи, кинетика на хемиските реакции, реолошките карактеристики на супстанциите. Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во различни области на фармацијата (како на пример за формулација на фармацевска дозирана форма, фармакокинетика, определување на стабилност на лек). Очекувани резултати По завршување на предметот студентите ќе демонстрираат знаења и вештини за толкување на значењето на физичко-хемиските својства на супстанциите, вклучително и значењето на физичко-хемиските својства на фармацевтските активни сустанции при развојот на формулацијата на лекот, како и примена на основните закони на физичка хемија во процесите на апсорпција, дистрибуција и елиминација на лековите од биолошките системи.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: *Вовед во физичка хемија* • Дефиниција; термодинамски системи; состојби на системите; метрички системи. • Состојби на материјата: карактеристики на гасови (гасни закони, изопроцеси); карактеристики на течности (површински напон, притисок на пареа, вискозност);			

		карактеристики на цврсти супстанции (кристални и аморфни структури, типови кристали, полиморфизам). Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат знаења за: основите на физичката хемија (хомогени и хетерогени термодинамички системи, екстензивни и интензивни својсвтана системите), карактеристикит на трите агрегатни состојби, познавање за физичко-хемиските карактеристики на супстанциите, вклучително и на фармацевтските активни супстанции и ексципиенси, како и, примена на Гибсовото правило за фазни промени. Поглавје: *Термодинамика и термохемија* • Термодинамика: I, II, III принцип на термодинамика; термохемија; Хесов закон и термохемиски пресметки; енталпија на физичка промена. Резултати од учењето: • Студентите ќе бидат способни да ги дефинираат основните принципи на термодинамиката; факторите кои што влијаат врз спонтаност за хемиска реакција / процес; улогата на Гибсовата слободна енергија; топлинскиот капацитет. • Студентите ќе можат да ги толкуваат топлинските појави што ги следат хемиските реакции. Поглавје: *Хемиска кинетика* • Брзина на реакција; молекуларност на хемиски реакции; ред на хемиски реакции (нулти, прв, втор и псеудо-ред); комплекси реакции; катализа. Резултати од учењето: • Студентите ќе имаат знаења за кинетиката на хемиските реакции преку примери на следење на кинетика на деградација на фармацевтски активните супстанции применливи при проценка на рок на употреба на фармацевтски дозирана форма; ќе можат да ги идентификуваат факторите што влијаат врз брзината на хемиска реакција катализирана од ензими. Поглавје: *Дисперзни системи* • Раствори на електролити и неелектролити (идеални и реални раствори; Раулов закон; Хенриев закон; колигативни својсвта; растворливост и феномени на распределба на растворена супстанција; изотоничност). • Колоидно дисперзни системи; грубо дисперзни системи (емулзии и суспензии); кинетички, електрични и оптички својства на дисперзните системи; површински активни супстанции, процес на солубилизација. Резултати од учењето: • Студентите ќе имаат познавање за: термодинамичките својства и осмотските карактеристики на растворите, вклучително и на фармацевтски активните супстанции во раствор; примената на колоидните дисперзни системи во фармацијата; улогата на сурфактанти во формулацијата на фармацевтските дозирани форми. • Студентите ќе можат да идентификуваат погоден метод за определување на молекулска маса на неелетролити. Поглавје: *Реологија*

		• Вискозност; Њутнов закон за вискозност; не-њутнови системи; определување на реолошки својства; тиксотропија; биореологија. Резултати од учењето: • Студентите ќе имаат знаења за реолошките карактеристики на супстанциите, применливо за правилен пристап при формулацијата на една фармацевтска дозирана форма. • Студентите ќе можат да направат правилен избор на тип на вискозиметар за определување на реолошки карактеристиките на една супстанција или дозирана форма. Поглавје: *Дифузија и растварање* • Фиков закон за дифузија; термодинамика на процес на дифузија; транспорт на супстанции низ клеточни мембрани; модели на растварање (Нојез-Витни модел, Хиксон-Кровелов закон). Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаења за основните принципи на дифузијата воопшто, како и за дифузијата во биолошките системи; транспортот на супстанции преку биолошките мембрани; процесот на ослободување на активната супстанција од фармацевската дозирана форма.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Математика и применета статистика во фармација и Биофизика се потребни/поврзани со предметот Физичка хемија за фармацевти. 2. Знаењата од предметот Физичка хемија за фармацевти се потребни за следење на наставните содржини на предметите Инструментални фармацевтски анализи, Медицинска хемија, Основи на фармацевтска технологија.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Нумерички вежби (студентите работат самостојно/во групи за решавање на задачи за примена на теоретското знаење)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, нумерички): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 67,5 часови Подготовка за практична настава: 22,5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 24 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)		

19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колоквиуми)		30 - 50 бодови (60% - 100%)
	19.2	Колоквиум: бодови		Колоквиум 1: 15-25 бодови Колоквиум 2: 15-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови		6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		x
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			60-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
1.	Наталија Наков, Руменка Петковска, Зоран Кавраковски	Учебно помагало за теоретска настава по физичка хемија за фармацевти	УКИМ – Фармацевтски факултет, Скопје	2024 / електронско издание
2.	Наталија Наков, Руменка Петковска, Зоран Кавраковски	Практикум по физичка хемија за фармацевти	УКИМ – Фармацевтски факултет, Скопје	2024 / електронско издание
3.	Аткинс П., Де Паула (Atkins W., J. De Paula)	Аткинсонова физичка хемија, (превод на осмо издание „Physical Chemistry“ 8th Ed)	Oxford University Press (издавач на превод Просветно дело, Скопје	2010 / печатено издание

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
1.	Џозеф К.Х. Ма, Бока В. Хаџијс (Joseph K.H. Ma, Boka W. Hadzija)	Основи на физичка фармација (превод на „Basic physical Pharmacy“)	Jones & Bartlett Learning LLC (издавач на превод Арс Ламина – Скопје)	2017 / печатено издание

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА БОТАНИКА И БИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФИФГ08			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	II
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Билјана Бауер (одговорен наставник) Проф. д-р Стевков Ѓоше (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Карапанџова Доц. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова Асс. Ана Трајковска Асс. Вероника Стоилкова Ѓоргиевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: нема Предуслов за полагање на предметот: нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметната програма се запознавање на студентите со растителната клетка, хистологија на растенијата и анатомија и морфологија на растителните органи, како и проучување на морфолошките и таксономските карактеристики на лековитите растенија. ***Резултатите*** од успешното завршување на предметот, ќе овозможат стекнување на знаења во однос на: • структура на клетките, особено на растителните клетки и како се одвива комуникацијата меѓу и внатре во клетките; • клеточните структури и органели, како и функцијата на секоја од нив (плазматска мембрана, пластиди, вакуоли, клеточен sид); • меристемите присутни во растенијата и каде истите се наоѓаат; • трајните ткива на растенијата и функцијата на секоја клеточна компонента; • примарната функција и формите на растителните вегетативни и репродуктивни органи; • разлика меѓу органи и метаморфози; • разлика во особините кои ги разликуваат монокотите од дикотите; • основите на морфологијата на растенијата; • класификација на растенијата;			

		• таксономските, морфолошките и хоролошките карактеристики на нижите растенија (Thallophyta), • таксономските, морфолошките и хоролошките карактеристики на вишите растенија (Cormophyta)
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржината на предметната програма вклучуватри поглавја, поделени во неколку единици: **Поглавје 1**: Предмет и задача на биологијата, поделба на дисциплини, историјат, важност на растенијата за луѓето, цитологија: дефиниција на клетка, клетка како биолошки систем, разлика помеѓу прокариотски и еукариотски клетки, растителна клетка (форма и големина, протопласт, пластиди, продукти на протопластот), клеточен sид, хемиска организација и функција на плазматската мембрана. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на структура на клетките, особено на растителните клетки и како се одвива комуникацијата меѓу и внатре во клетките; клеточните структури и органели, како и функцијата на секоја од нив (плазматска мембрана, пластиди, вакуоли, клеточен sид). **Поглавје 2**: Хистологија на растенијата: поим за ткиво, класификација на ткивата, меристематични ткива, трајни (диференцирани) ткива и прости ткива, паренхимски ткива, механички ткива, перманентни ткивни системи: дермален систем (епидермис, перидерм, кора), спроводен систем, секреторен и екскреторен систем, анатомија и морфологија на растенијата, организација на телото кај вишите растенија, растителни органи, вегетативни растителни органи: корен - функција, морфологија, метаморфози, зони на корен, анатомска градба (примарна и секундарна); изданок - функција, морфологија, разгранување, метаморфози на изданок, пупка - дефиниција, составни делови, видови на пупки, стебло - форми, димензии, трајност, анатомска градба на стеблото, примарна градба, секундарна градба и нараснување; лист - функција, морфологија, составни делови, видови на листови, метаморфози, анатомска градба на листот; репродуктивни растителни органи: цвет - функција, заштитни елементи на цветот, соцветија, анатомија на цветот, микроспорогенеза и формирање на машки гаметофит, макроспорогенеза и формирање на женски гаметофит, опрашување, оплодување, образување на ендосперм, образување на ембрион; семе - градба, семена обвивка, ембион; плод - градба на плодот, видови плодови, расејување и распространување и др. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на меристемите присутни во растенијата и каде истите се наоѓаат; трајните ткива на растенијата и функцијата на секоја клеточна компонента; примарната функција и формите на растителните вегетативни и репродуктивни органи; разлика меѓу органи и метаморфози; разлика во особините кои ги разликуваат монокотите од дикотите; основите на морфологијата на растенијата. **Поглавје 3**: Предмет на проучување на систематиката, цели и задачи, основи на морфологијата на растенијата, таксономски категории, класификација на растенијата; нижи растенија (Thallophyta), Regnum Monera, Regnum Protista, Regnum Fungi, Lichenes; виши растенија (Cormophyta) Psilophyta, Bryophyta, Lycopodophyta, Sphenophyta, Filicinophyta, Gingcophyta,

		Gnetophyta, Cycadophyta, Оддел Conipherophyta (Pinaceae, Cupressaceae, Taxaceae); оддел Angiospermophzta, Dicotiledones: Magnoliales, Aristolohiales, Ranunuculales, Papaverales, Fagales, Urticales, Caryophyllales, Poligonales, Theales, Violales, Cucurbitales, Capparales, Salicales, Ericales, Primulales, Malvales, Euphorbiales, Rosales, Fabales, Myrtales, Rutales, Sapindales, Geraniales, Cornales, Rhamnales, Santalales, Oleales, Gentianales, Dipsacales, Boraginales, Scrophulariales, Lamiales, Asterales. Monocotiledones: Liliales, Iridales, Orchidales, Poales, Arales. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на класификација на растенијата, таксономските, морфолошките и хоролошките карактеристики на нижите растенија (Thallophyta), како и таксономските, морфолошките и хоролошките карактеристики на вишите растенија (Cormophyta)		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата не се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на Фитохемија, Фармакогнозија, Фитотерапија и изборни предмети		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа), теренска настава 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	75
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15
		17.2.	Самостојноучење: часови	45
		17.3.	Подготовка за испит	45
18	Услови за потпис	Најмалку 40 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Хербариум	4.5-5	
	19.3.	Вежби	13.5-15	

	19.3	Практичен испит: бодови	3.5-7.5
	19.4	Теренска настава	5.5-7,5
	19.5	Теоретска настава	13-15

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
1.	Stern K., Jansky S., Bidlack J.,	Introductory Plant Biology,	9th Edition, McGraw-Hill Higher Education, 2003	2003 (хард копија)
2.	Mauseth J.,	Botany: An Introduction to Plant Biology,	2nd Edition, Saunders College Publishing,	2006 (хард копија)
3.	Jancic R,	Botanicapharmaceutica,	Nauka, Beograd, 2003	2003 (хард копија)

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
1.	Alberts B, Johnson A., Lewis J, Raff M, Roberts K.,Walter P,	Molecular Biology of the Cell,	4th Ed., Garland Science,	2002 (хард копија)
2.	Carp G.,	Cell and Molecular Biology; concepts and experiments,	4th Ed., , John Wiley & sons, Inc.,	2005 (електронско/ хард копија)
3.	Група на автори	Флора на Р.Македонија	МАНУ	(хард копија)
4.	Група на автори	Флора на Р. Србија	САНУ	(хард копија)

		5.	Група на автори	Флора на Р. Бугарија	БАН	(хард копија)

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**МОЛЕКУЛАРНА И КЛЕТОЧНА БИОЛОГИЈА И ГЕНЕТИКА**			
2.	Код	ФФИФХ09			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	1-ва	семестар	2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Наставници кои ќе усетвуваат во наставата Проф. д-р. Александар Димовски (одговорен наставник) Проф. д-р. Надица Матевска Гешковска Асистенти кои учествуваат во изведување на практичната настава Доц. Марија Станинова Стојоска Асс. Елизабета Крстевска Божиновиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: / Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	• Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните концепти на молекуларната биологија и генетика • Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во сите понатамошни предмети во кои се потребни основни познавања од молекуларната биологија и гентика • По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да.ги разбере концептите на молекулараните основи на нормалното функционирање на клетките и ткивата, на молекулраните основи на болестите и молекуларните основи на дејствување на лековите • Во текот на предметот студентот ќе се стекне со основни познавања за пристапот во молекуларните анализи кои се користат за добивање на сознанија во молекуларната биологија и генетика			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**1. Поглавје: Вовед во Молекуларна биологија и генетика** • Историски приказ на развој на дисциплината. Клеточна теорија. Основни карактеристики на прокариотски и еукариотски клетки. Вируси – основи на градба и функција Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со предметната содржина на молекуларната биологија и генетика и ќе се здобијат со примарни познавања на градбата и функцијата на вирусите, прокариотските и еуркариотските клетки			

		2. Поглавје: Макромолекули и енергија • Запознавање со основните макромолекули во клетката со детален осврт на градбата и функцијата на протеините. Запознавање со принципите на искористување на енергијата во живата природа Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните макромолекули во клетката со детален осврт на градбата и функцијата на протеините и со принципите на искористување на енергијата во живата природа **3. Поглавје: Клеточна мембрана** • Запознавање со основите на градбата и функцијата на клеточната мембрана. Посебен осврт на механизмите на транспорт на различните видови на материи преку клеточната мембрана. Принципи на поларизација, деполаризација и ширење на акциски потенцијали по клеточна мембрана. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основите на градбата и функцијата на клеточната мембрана, на транспортот на различните видови на материи преку клеточната мембрана и на основните принципи на поларизација, деполаризација и ширење на акциски потенцијали по клеточната мембрана. **4. Поглавје: Клеточни органели** • Запознавање со основите на градбата и функцијата на клеточните органели: митохондрии, ендоплазматски ретикулум. Голџи систем, ендо- и егзо-мембрански везикуларен транспорт, лизозоми. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основите на градбата и функцијата на митохондриите, ендоплазматскиот ретикулум. Голџи системот, ендо- и егзо-мембранскиот везикуларен транспорт, лизозомите. **5. Поглавје: Меѓуклеточен матрикс, цитоскелет и движење во клетките** • Запознавање со основите на градбата меѓуклеточниот матрикс, цитоскелетот и принципите на движење на материите во клетката. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основите на градбата меѓуклеточниот матрикс, цитоскелетот и принципите на движење на материите во клетката. **6. Поглавје: Клеточна сигнализација** • Запознавање со основните принципи на клеточната сигнализација со детален осврт сигнализацијата преку Г-протеинити и мембранските рецепторни кинази. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на клеточната сигнализација, а особено сигнализацијата преку Г-протеините и мембранските рецепторни кинази. **7. Поглавје: Градба на ДНК, хромозоми и геноми. ДНК репликација и поправка** • Запознавање со основните принципи на градба на молекулата на ДНК, хромозоми и цел хуман геном.

		Запознавање со механизмите на репликацијата на ДНК, како и со механизмите на оштетување и поправка на ДНК молекулата. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на градбата на молекулата на ДНК, хромозомите и хуманиот геном. Студнтите исто така ќе стекнат основни познабања со механизмите на репликацијата на ДНК, како и со механизмите на оштетување и поправка на ДНК молекулата. **8. Поглавје: Генска експресија** • Запознавање со основните принципи на експресијата на гените и механизмите поврзани со регулација на процесот на добивање на конечен функционален производ. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на експресијата на гените и механизмите поврзани со регулација на овој процес, на сите нивоа од иницијација до добивање на конечен функционален протеин **9. Поглавје: Клеточен циклус и делба на клетката** • Запознавање со основните фази на клеточниот циклус и принципите на регулација на премина на клетката од една во друга фаза од клеточниот циклус. Запознавање со основните фази и принципи на регулација на процесите на делба на соматски и герминативни клетки (митоза и мејоза). Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните фази и регулацијата на клеточниот циклус, како и со основните принципи на делбата на соматските и герминативните клетки. **10. Поглавје: Наследување, мутации и принципи на молекуларна дијагностика** • Запознавање со основните принципи на наследување на генетските информации, природата и видовите на генетските мутаци поврзани на наследни и стекнати болести и пристапите во нивната молекуларна дијагностика . Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на наследувањето на генетските информации, природата и видовите на генетските мутаци и пристапите во нивната молекуларна дијагностика .
13	Заемна поврзаност на предметите	1. За предметот се корисни (не неопходни) предзнаења од предметот физиологија и Органска хемија применета во фармацијата 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини на предметите Биохемија, Основи на Имунологијата, Патологија и Патофизиологија, Основи на фармакологијата, Клиничка фармација и фармакотерапија и Фармакогенетика, фармакогеномика и инидивидуализирана терапија
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа)

15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	0 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 45 часови Подготовка за практична настава: 22.5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	22.5 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Џералд Карп	Клеточна и молекуларна биологија: концепти и експерименти	Willey, преведен учебник	2015
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Alberts B, Heald R,Johnson A, Morgan D, Lewis J, Roberts K.,Walter P	Molecular Biology of the Cell, 7th Ed	W. W. Norton & Company	2022

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**			
2.	Код	**ФФФФК10**			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за физичко образование, спорт и здравје, УКИМ, Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	1-ва	семестар	II
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Доц. д-р Јана Каршаковска Димитриоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Услови за слушање: нема Услови за потпис: редовно посетување на наставата			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот Спорт и здравје е студентите да се стекнат со усвојување на нови и усовршување на старите моторни знаења и вештини, подобрување на моторните, морфолошките и фукционалните спсособности се со цел унапредување на здравјето, задоволувањето на потребате за движење, оспособување на студентот за рационално, содржајно и целисходно користење на слободното време како и подобрување на квалитетот на животот во младоста, во зрелата возраст и староста.Стекнување на знаења за структурата, правилата и принципите на тренажниот процес и на специфичностите на тренажната активност.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржина на предметната програма: Значењето на физичката активност Конкретни показатели од научни истражувања за здраствените, економските, психолошките социолошките и други аспекти на физичката активност и нејзиното влијание врз личниот и општествениот развој. А. Програм - основен редовен програм - кошарака, одбојка, ракомет, мал фудбал, развој на моторните способности, танцови фитнес програми (аеробик, степ аеробик, пилатес и сл), Б. Програм - изборна настава (самофинсирање)-пливање, скијање, планинарење, логорување, велосипедизам, ролање, фитнес, тенис, лизгање на мраз.			

		В. Програма за студентите со посебни потреби (Физички активности во зависност од дијагнозата на студентот) Г. Програма – спортски натпревари (Факултетски и Универзитетски спортски натпревари) Д. Воннаставни спортски активности		
13	Заемна поврзаност на предметите	/		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Предавања, вежби и дијагностицирање на моторните способности		
15.	Вкупен расположив фонд на време	60 ч		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	15
		16.2.	Вежби (фронтална, групна, индивидуална, станична, кружна): часови	40
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Дијагностицирање на моторните способности (преку стандардизирани моторни тестови MAKFIT)	5 часови
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	/
18	Услови за потпис	Редовно посетување на наставата		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Моторни тестови		20 бода
	19.2.	Индивидуална работа/проект		20 бода
	19.3.	Активност (приказ на иновативни вежби)		20 бода
	19.4	Завршен испит		40 бода
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 60 бода		5 (пет) (F)
		од 60 до 66 бода		6 (шест) (E)
		од 67 до 75 бода		7 (седум) (D)
		од 76 до 84 бода		8 (осум) (C)
		од 85 до 93 бода		9 (девет) (B)
		од 94 до 100 бода		10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета штоќе се спроведува по реализација на предметот.		

22. Литература: Попис на литературата во договор со предметниот наставник и библиотека на Факултет за физичко образование спорт и здравје.

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	/	/	/	/
2.	/	/	/	/

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	/	/	/	/

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**БИООРГАНСКА ХЕМИЈА**			
2.	Код	ФФИПХФА11			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2-ва	семестар	III
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ана Поцева Пановска (одговорен наставник) Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска Асс. Олга Гигопулу			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Органска хемија применета во фармација, II семестар (потпис) Предуслов за полагање на предметот: Органска хемија применета во фармација, II семестар (кредити)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат вештини: • за класификација и анализа на структурата на различни типови јаглехидрати, како моносахариди, аминошеќери, аминогликозидни антибиотици, гликозиди и полисахариди, и нивната реактивност, како и нивната фармацевтска примена во лекови и терапевтски агенси. • за анализа на структурата и функцијата на аминокиселини и пептиди, и ќе научат како да ги применат методите за нивна синтеза и секвенционирање • за разбирање на структурата и реактивноста на липидите (триглицериди, фосфолипиди, стероиди, простагландини и терпени) како и нивните основи функции			

		• за разбирање на структурата на нуклеозидите, нуклеотидите и нуклеинските киселини, • за разбирање на структурата коензимите, како и основите на нивната реактивност • за разбирање на основните механизми на реакции кои што се поврзани со биохемиските процеси, вклучувајќи реакциите на биомолекули како јаглехидрати, аминокиселини и липиди, и ќе го применат оваа знаење во објаснувањето на биохемиските реакции • за разбирање на структурата и реактивноста на хетероцикличните соединенија, вклучувајќи ароматични хетероциклуси со еден или повеќе хетероатоми и кондензирани хетероциклични системи, и ќе ја применат ова знање во шристапи за синтеза на фармацевтски активни молекули. По успешно завршување на предметната програма, студентот ќе биде способен: • да класифицира и анализира структура на различни типови јаглехидрати (моносахариди, аминошеќери, аминогликозидни антибиотици, гликозиди и полисахариди), да ја разбере нивната реактивност и стабилност и истите да ги примени во биохемиски концепт • да ја разбере структурата и реактивноста на аминокиселините, како и начините на синтеза на пептидите/протеини. Дополнително ќе може да ги примени методите за синтеза на пептиди, како и секвенционирање на пептиди. • да го анализираат и да ја разберат структурата и реактивноста на различни типови липиди (триглицериди, фосфолипиди, стероиди, простагландини и терпени), како и нивната биолошка улога и примена во фармацијата. • Препознае и анализира структурата и функцијата на нуклеозидите, нуклеотидите и нуклеинските киселини, и како тие учествуваат во метаболизмот и биолошките процеси, со посебен акцент на нивната примена во развојот на лекови • идентификуваат и анализираат структурата и реактивноста на хетероцикличните соединенија и ќе го применат ова знаење во синтеза на фармацевтски активни супстсанции, со цел развој на нови лекови и терапевтски молекули.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1**: **Јаглехидрати** • Класификација, карактеристики и реактивност: Моносахариди (структурна изомерија, стереохемија, аномерни форми), аминошеќери и аминогликозидни антибиотици (структура, реактивност и фармаколошка примена), гликозиди (формирање, стабилност и примена во лекови). • Дисахариди и полисахариди: Структура, физичко-хемиски својства, биолошка улога, и нивно значење во биохемиски и фармацевтски контекст. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе бидат способни да класифицираат различни типови јаглехидрати и да ја анализираат нивната структура, реактивност и стабилност.

		• Студентите ќе бидат способни да ја објаснат биохемиската улога на јаглехидратите и значењето на нивните физичко-хемиски својства и нивната примена во фармацевтски контекст • Да ги применат стекнатите знаења за структурните и реактивните аспекти на јаглехидратите во развој на фармацевтски производи и нивната анализа. **Поглавје 2: Аминокиселини и пептиди** • Класификација и структура на аминокиселините (основни, поларни и неполарни, есенцијални и неесенцијални), Физичко-хемиски својства: изоелектрична точка, киселинско-базна рамнотежа, Реактивност на функционалните групи на аминокиселините, • Структура на пептидите (примарна, секундарна, терцијарна и кватернерна структура), Хемиски и биохемиски методи за синтеза на пептиди: класични и современи техники, Методологии за секвенционирање на пептиди, Фармацевтска примена на пептиди: терапевтски агенси и биолошки активности. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе бидат способни да ја анализираат структурата, реактивноста на аминокиселините и пептидите, како и да го применат стекнатото знаење во идентификација и класификација на аминокиселини и пептиди со фармацевтско значење. • Студентите ќе научат да ги применуваат современите методи за синтеза и секвенционирање на пептиди, како и да ја објаснат нивната примена **Поглавје 3: Липиди** • Класификација и структура: Триглицериди, Фосфолипиди: структура, поларност и улога во клеточните мембрани, Стероиди: структура, класификација и нивно значење во биолошките процеси. Простагландини и други еикозаноиди: синтеза и биолошки функции, Терпени: структура, класификација и фармацевтска примена. • Реактивност, значење и примена на различните класи на липиди. • Улогата на липидите во биолошките мембрани *Резултати од учењето:* • Студентите ќе бидат способни да ја анализираат структурата, класификацијата и биолошката улога на различните типови липиди, како и да ја поврзат нивната структура со функцијата во биолошките системи. • Студентите ќе можат да ги објаснат основните хемиските својства и реакциите на липидите,. **Поглавје 4. Нуклеозиди, нуклеотиди и нуклеински киселини** • Основна структура и класификација на нуклеозидите и нуклеотидите. • Хемиски својства на пуринските и пиримидинските бази. • Полимеризација и структура на нуклеинските киселини (ДНК и РНК).

		Резултати од учењето: • Да идентификуваат и анализираат структурата и класификацијата на нуклеозидите, нуклеотидите, и нивните пурински и пиримидински бази, како и да објаснат и применат концепти поврзани со полимеризацијата и структурата на нуклеинските киселини (ДНК и РНК). **Поглавје 5. Структура и реактивност на коензими и реакциони механизми во биохемиските процеси на јаглехидрати, аминокиселини и липиди** • Хемија на α-јаглероден атом, биолошко значење на алдолна и Claisen-ова кондензација и примери за истите во метаболните реакции. • Структурни карактеристики на коензими и нивната улога во биохемиските реакции., Механизми на активирање на коензими во ензимските реакции. • Реакциони механизми во биохемиски процеси *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да ги препознае α-јаглеродниот атом и неговата реактивност, да ги објасни механизмите и биолошкото значење на алдолната и Claisen-овата кондензација и да идентификува нивни примери во метаболни реакции • Студентите ќе бидат способни да ја опишат структурата на основните коензими (NAD+, FAD, CoA, АТП, итн.) и нивната улога во биохемиските реакции, како и да ги поврзат коензимите со нивните биолошки функции, вклучувајќи пренос на електрони и пренос на метилни или ацетилни групиСтудентите ќе можат да ги објаснат механизмите на активација на коензимите и нивната специфичност во различни биохемиски реакции, како што се адиција, елиминација и нуклеофилни супституции. • Студентите ќе можат да ги препознаат органските реакции и механизми во метаболизмот на јаглехидрати, аминокиселини и липиди • Студентите ќе ги применат научените концепти за коензимите во концепти за развој на лекови базирани на инхибиција на конезими/ензими **Поглавје 6. Хетероциклични соединенија** • Петочлени и шесточлени ароматични хетероцикли со еден и повеќе хетероатоми и кондензирани хетероциклични системи o Номенклатура, класификација, структура, физички својства и хемиски реакции o Преглед на основните пристапи за синтеза o Биолошко и фармаколошко значење o Примери на фармацевтски активни супстанции базирани на овие хетероциклични системи. *Резултати од учење:* • Студентите ќе бидат способни да ја опишат структурата, карактеристиките и реактивноста на различни хетероциклични соединенија, вклучувајќи ароматични петочлени, шесточлени и седмочлени хетероциклуси со еден

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">или два хетероатоми, како и кондензирани хетероциклични системи.
• Да идентификуваат лекови базирани на хетероциклични структури
• Студентите ќе можат да ги поврзат хетероцикличните структури со нивната важност во развојот на фармацевтски активни молекули, разбирајќи ја нивната улога во терапевтските својства на лековите.
• Студентите ќе можат да ги анализираат основните методи за синтеза на ароматични хетероциклуси, како и нивната примена во создавање лекови, при што ќе стекнат вештини за идентификација на основните реакции и приоди за синтеза на овие молекули</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">1. Предзнаењата од предметот Органска хемија применета во фармација, се поврзани со предметот Биоорганска хемија.
2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите Биохемија, Медицинска хемија, Фармацевтска хемија 1, Фитохемија</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Наставните методи што се користат во предметот:
1. Предавања
2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми
Работни методи:
1. Лабораториски вежби
2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">240 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">16.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>45</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски): часови</td><td>45</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи/семинарски: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојно учење: часови</td><td>Подготовка за теоретска настава: 90 часови
Подготовка за практична настава: 23 часови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Подготовка за испит</td><td>37 часови</td></tr>
<tr><td>18</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">Најмалку 25 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2,)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">19</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>19.1</td><td>Завршен испит: бодови
(доколку не се полагаат колокивуми)</td><td colspan="2">31-60</td></tr>
<tr><td>19.2</td><td>Колоквиум: бодови</td><td colspan="2">Колоквиум 1: 16-30 бодови
Колоквиум 2: 16-30 бодови</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Практичен испит: бодови</td><td colspan="2">6-10</td></tr>
</table>

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1	Џон Мекмури (John McMurry)	Органска хемија, превод на 6-то издание (Organic chemistry, 6th Ed.)	Просветно дело, (Brooks/Cole, Thomson)	2009 (хард копија) 2004 (електронско)
2.	John McMurry	Organic Chemistry with Biological Applications, 3rd Edition	Cengage Learning	2010 (електронско)
3.	Louis D. Quin John A. Tyrell	Fundamentals of heterocyclic chemistry,Importance in nature and in the synthesis of pharmaceuticals	Wiley	2010 (електронско)
4.	Ана Поцева-Пановска, Емил Поповски, Олга Гигопулу	Експериментални техники и синтези во органска хемија: лабораториски прирачник	Фармацевтски факултет, Скопје	2023 (електронско)

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	David R. Klein	Organic Chemistry, 3rd Edition	Wiley	2017 (електронско)
2.	John A. Joule Keith Mills	Heterocyclic Chemistry at a Glance	Wiley	2013 (електронско)

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА, ПРИМЕНЕТА ВО ФАРМАЦИЈА**			
2.	Код	ФФИПХФА12			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	2	семестар	III
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска (одговорен наставник) Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска Асс. Благој Ачевски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредити од предметот Општа и неорганска хемија, применета во фармација (I семестар). Предуслов за полагање на предметот: ислушана настава и потпис од предметот Аналитичка хемија, применета во фармација и кредити од предметот Општа и неорганска хемија, применета во фармација (I семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цел на предметната програма е студентите да се стекнат со теоретско и практично знаење од областа на аналитичката хемија, применета во фармација, принципите на квалитативната и квантитативната хемиска анализа, влијанието на експерименталните услови врз хемиската реакција и аналитичките резултати. Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења во различни области на фармацијата (на пример, во испитување на хемиски супстанции за фармацевтска употреба, во развој, испитување и контрола на готови фармацевтски производи). Очекувани резултати: Со успешно завршување на предметот студентите ќе стекнат знаење за воспотавување на хемиска рамнотежа, влијанието на електролитите на хемиската рамнотежа, влијанието на рамнотежата врз хемиската реакција, класичните аналитички методи, ќе можат да ги објаснат принципите на методите, полето на нивната примена со акцент на фармацевтските анализи, ќе можат да ги идентификуваат потенцијалните извори на грешка, да ги применат аналитичките методи за испитување на хемиски супстанции за фармацевтска употреба, како и во развој, испитување и контрола на готови фармацевтски производи, да прават пресметки и проценка на добиените резултати и ќе развијат способности за самостојно решавање аналитички проблеми.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите	Поглавје: Вовед во аналитичка хемија			

	од учење за секое поглавје	• Основни начела, цели и задачи на аналитичката хемија; примена на аналитичката хемија во фармацевтските анализи Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за целите и задачите на аналитичката хемија, за основните принципи на квалитативната и квантитативна хемиска анализа и ќе можат да ја идентификуваат улогата на аналитичката хемија во фармацевтските анализи. Поглавје: Хемиска рамнотежа • Воспоставување на хемиска рамнотежа, константи на рамнотежа; влијание на електролитите на хемиската рамнотежа; видови хемиски реакции; селективност и осетливост на хемиски реакции Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за законите на хемиска рамнотежа, влијанието на електролитите на хемиската рамнотежа, избор на соодветна хемиска реакција и примена во фармацевтски анализи Поглавје: Квалитативна хемиска анализа • Квалитативна хемиска анализа на јони на хемиски супстанции за фармацевтска употреба Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на квалитативната хемиска анализа и нејзина примена во фармацевтски анализи Поглавје: Хемиски реакции во раствор • Киселинско-базни реакции во водена и неводена средина; реакции на градење комплекси; оксидациско-редукциски реакции; реакции на формирање талози Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на хемиските реакции во раствор и нивната примена за воспоставување методи што се користат во фармацевтски анализи Поглавје: Класични квантитативни аналитички методи • Принципи на класичните квантитативни аналитички методи; конструкција на криви на титрација Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на класичните квантитативни аналитички методи и нивната примена во фармацевтски анализи, конструкција на криви на титрација Поглавје: Квантитативна хемиска анализа

		• Аналитички проблеми и нивно решавање, земање примерок за анализа и подготовка на примерокот, анализа, пресметка на резултат - волуметриски титрации, примена за определување хемиски супстанции за фармацевтска употреба/фармацевтска дозирана форма - гравиметриски методи за анализа, со примена за определување на параметри за испитување на хемиски супстанции за фармацевтска употреба/фармацевтска дозирана форма Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на волуметриските титрации и гравиметриските методи за анализа и нивната примена во фармацевтски анализи Поглавје: Титрации базирани на киселинско-базни реакции • Титрација на јаки киселини и јаки бази, титрација на слаби киселини и слаби бази, титрација на полифункционални киселини и бази, киселинско-базни титрации во неводена средина, стандардни раствори, конструирање на крива на титрација, индикатори, завршна точка Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на титрациите базирани на киселинско-базни реакции и нивната примена во фармацевтски анализи Поглавје: Титрации базирани на реакции на градење комплекси • Хелатни комплекси; титрации со EDTA, конструирање крива на титрација, индикатори, завршна точка Резултати од учењето: Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на комплексометриските титрации и нивната примена во фармацевтски анализи Поглавје: Титрации базирани на оксидациско-редукциски реакции • Теоретски основи на оксидациско-редукциските реакции; методи базирани на оксидациско-редукциски реакции; титрација со стандардни раствори на редуктори; титрација со стандардни раствори на оксиданси; конструирање крива на титрација, индикатори, завршна точка Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на титрациите базирани на оксидациско-редукциски реакции и нивната примена во фармацевтски анализи Поглавје: Титрации базирани на реакции на формирање талози

		• Рамнотежи во хетерогени системи, производ на растворливост; методи базирани на реакции на формирање талози; стандардни раствори, конструирање крива на титрација, индикатори, завршна точка, гравиметриски методи за анализа Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на титрациите базирани на реакции на формирање талози и нивната примена во фармацевтски анализи Поглавје: Методи за разделување • Принципи на методите за разделување; примена на методите за разделување за екстракција на: супстанции со фармаколошка активност од различни матрикси, онечистувања од хемиски супстанции за фармацевтска употреба и активни супстанции од цврсти и течни фармацевтски дозирани форми Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите на методите за разделување и нивната примена во фармацевтски анализи		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаења од предметот Општа и неорганска хемија применета во фармација се потребни/поврзани со предметот Аналитичка хемија, применета во фармација 2. Знаењата од предметот Аналитичка хемија, применета во фармација се потребни за следење на наставните содржини на предметите Инструментални фармацевтски анализи, Медицинска хемија, Биохемија, Аналитика на лекови и легислатива, Биоаналитичка хемија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставни методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови што вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Нумерички вежби 3. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 4. Проектна работа (изработка на проект што вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум).		
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови

		16.2.	Вежби (лабораториски, нумерички): часови	60 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	8,5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 67,5 часови Подготовка за практична настава: 30 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)		

19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колоквиуми)		26 - 50 бодови
	19.2	Колоквиум: бодови		Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови		10-15
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		5
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			61-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	Skoog D., West D., Holler F., S. Crouch	Fundamentals of Analytical Chemistry	10th Edition Harcourt Brace College Publishers	2021
		2.	Д. Скоог, Д. Вест, Ф. Холер, С. Кроуч	Водед во аналитичка хемија	Просветно дело	2009

		3.	С.Трајковиќ Јолевска, Ј. Тониќ-Рибарска	Практикум по аналитичка хемија, за студентите на студиска програма интергирани студии – магистер по фармација	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје	2018
		4.	С.Трајковиќ Јолевска, Ј. Тониќ-Рибарска	Збирка задачи по аналитичка хемија за студентите на студиска програма интергирани студии – магистер по фармација	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје	2018
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Harris D., C. Lucy	Quantitative Chemical Analysis	10th Edition Freeman and Company, New York	2019

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ПАТОФИЗИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФМФ13			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина, Медицински факултет, УКИМ Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2-ра	семестар	III
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Венјамин Мајсторов (одговорен наставник) Проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева Проф. д-р Ана Угринска Проф. д-р Синиша Стојаноски Доц. д-р Тања Маказлиева Доц. д-р Невена Маневска Науч. сов. д-р Соња Кузмановска Науч. сов. д-р Тони Трипуноски Науч. сор. д-р Анамарија Јанкуловска Асс. д-р Маја Здравковска Асс. д-р Николина Божиновска Коловчевска Асс. д-р Бојана Стоиловска Ризова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Анатомија со физиологија (потпис) Предуслов за полагање на предметот: Анатомија со физиологија (кредит)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целта на предметот*** е студентите да стекнат и развијат разбирање за функционалните аспекти на механизмот на болестите и изменетите реакции на човечкото тело при настанување на промени во неговата надворешна и внатрешна средина. Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во анализа, интерпретирање и решавање на промените во физиологијата на човечкото тело настанати како резултат на различни надворешни и внатрешни фактори кои ја менуваат хомеостазата на организмот.			

		Резултати По завршувањето на предметната програма студентот ќе биде способен да дискутира за патофизиолошките механизми на болестите и истите ќе знае да ги распознава и објасни. Студентот ќе може да ги демонстрира експерименталните методи претставени во практичната настава, ќе може да ги идентификува главните настанати промени на експерименталниот модел и да процени каков е ефектот на разните патогени фактори. Исто така ќе биде способен да направи поврзување на теоретските знаења со стекнатите практични знаења.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Предмет, методи и значење на патофизиологијата. Етиолошки патогени фактори на надворешната средина: физички, хемиски и биолошки. • Дефинирање на предмет и методи во патофизиологијата, етиопатогенеза на болестите, болест и смрт. Изучување на патофизиолошките механизми на шокот и краш синдром како посебен облик на шок. Биолошки ефекти на ултразвук и ласер. Дејство на термички фактор-ефекти на хипотермија и хипертермија врз човекот. Дејство на хемиски фактор-ефекти на ксенобиотиците. Дејство на разни видови зрачење-ефекти на светлосните зраци, инфрацрвените и ултравиолетовите зраци и јонизирачкото зрачење. Ефекти на хипоксија и треска. Резултати од учењето: • Студентот ќе може да ги дефинира предметот и методите на патофизиологијата, како и егзогените и ендогените патолошки фактори и ќе стекне знаење за етиопатогенезта на болестите настанати како резултат на дејството на различните патогени фактори. Поглавје: Патофизиологија на имуниот систем • Дефинирање на општа реактивност и отпорност, наследни фактори, компоненти на имуниот систем (неспецифичен и специфичен), болести на имуниот систем - хиперсензитивни (алергиски) реакции и типови, имунодефициенции, автоимуни болести и патофизиологија на трансплантационен имунитет. Резултати од учењето: • Студентот ќе стекне знаење за најчестите болести на имуниот систем и ќе може да ги опише типовите на алергиски реакции и болести, состојби на имунофефициенција, како и да ги идентификува автоимуните болести. Поглавје: Нарушувања на енергетскиот метаболизам и метаболизмот на хранливите материи. • Изучување на состојби на потхранетост, згоеност и нарушувања во метаболизмот на јаглените хидрати, на мастите и на протеините Резултати од учењето: • Студентот ќе стекне знаења за причините и последиците од потхранетоста и згоеноста, ќе може да дискутира за состојби на хипогликемија и хипергликемија, за нарушувања на липопротеините и депонирањето на липиди, како и за дефицитот на протеини.

		Поглавје: Патофизиологија на хематопоезниот систем и хемостазата. • Нарушувања на еритроцитната лоза, анемија и видови на анемии, нарушувања на леукоцитната лоза-квантитативни и квалитативни, леукемии, нарушувања на хемостазата Резултати од учењето: • Студентот ќе може да ги дефинира најчестите нарушувања на крвните лози, ќе стекне знаења за видовите на анемии и последици од анемијата, ќе може да ги опише квалитативните и квантитативните, како и малигните нарушувања на леукоцитната лоза, ќе биде способен да ги идентификува најчестите нарушувања на хемостазата-нарушувања на васкуларниот и екстраваскуларниот фактор, на тромбоцитите и на коагулацијата Поглавје: Патофизиологија на кардиоваскуларниот систем. • Состојби на нарушен минутен волумен на срцето, срцева слабост-левосрцева и десносрцева слабост, нарушувања на срцевите залистоци, аритмии, синкопа, нарушувања на коронарната циркулација, артериска хипертензија и болести на перикардот Резултати од учењето: • Студентот ќе стекне знаење за најчестите нарушувања на минутниот волумен на срцето, ќе може да ги разликува состојбите на лево- и десносрцева слабост со нивните последици, ќе може да ги опише најчестите заболувања на срцевите залистоци, ќе биде способен да ги идентификува видовите на аритмии и нарушувањата на коронарната циркулација, ќе стекне знаење за етиопатогенезата на артериската хипертензија Поглавје: Патофизиологија на респираторниот систем • Нарушувања на вентилацијата, нарушувања на односот вентилација/перфузија и на дифузија на гасовите, белодробен едем, патофизиологија на плеврата и на ателектазата Резултати од учењето: • Студентот ќе може да ги дефинира рестриктивните и опструктивните нарушувања на вентилацијата, ќе стекне знаење за пореметувањата на односот вентилација и перфузија, ќе може да ги опише патогенетските механизми на настанување на белодробен едем и ателектаза, ќе се запознае со заболувањата на плеврата Поглавје: Патофизиологија на гастроинтестиналниот систем. • Нарушувања на функцијата на ждрелото и хранопроводот, нарушувања на функцијата на желудникот, на тенкото црево, на панкреасот и на дебелото црево Резултати од учењето: • Студентот ќе стекне знаења за најчестите нарушувања на голтањето, за нарушувањата на моторната и мукозната функција на желудникот, ќе може ја разбере патогенезата на улкусната болест и на пореметувањата на функцијата на цревната мукоза и ќе може да ги идентификува најважните нарушувања на функцијата на дебелото црево Поглавје: Патофизиологија на хепатобилијарниот систем.

		• Нарушувања на метаболните функции на црниот дроб, нарушувања во ексрецијата и составот на жолчката, портална хипертензија и асцит Резултати од учењето: • Студентот ќе стекне знаење за пореметувањата на метаболизмот на јаглените хидрати, масти и протеини при хепаталните заболувања, ќе може да ги разликува видовите на нарушувања на метаболизмот на билирубин, ќе стекне знаење за патогенезата на нарушувањата во ексрецијата, составот и функцијата на жолчката, како и за патогенезата на порталната хипертензија и нејзините последици Поглавје: Патофизиологија на нефроуринарниот систем и ацидобазната рамнотежа. • Нарушувања на концентрационата и дилуционата способност на бубрезите, нарушувања на волуменот и составот на излачена урина, нарушувања на бубрежната функција, бубрежна инсуфициенција и бубрежни едеми, механизми за одржување на ацидобазната рамнотежа, видови на нарушување на ацидобазната рамнотежа Резултати од учењето: • Студентот ќе може да ги опише најчестите нарушувања на концентрационата и дилуционата способност на бубрегот, ќе стекне знаење за механизмите на настанување на олигурија и полиурија, ќе биде способен да ги идентификува промените во составот на уринатa , како и причините и механизмите на настанување на бубрежна инсуфициенција и бубрежни едеми • Студентот ќе стекне знаење за механизмите на одржување на ацидобазната рамнотежа и ќе може да ги идентификува главните видови на пореметувања на ацидобазната рамнотежа Поглавје: Патофизиологија на ендокриниот систем. • Нарушувања на ендокрината функција на хипоталамусот и хипофизата, болести на штитната жлезда, нарушувања на паратироидните жлезди, болести на надбубрежната жлезда, патофизиологија на машки и женски полови хормони. Резултати од учењето: • Студентот ќе може да ги дефинира и објасни нарушувањата во функцијата на хипоталамусот и хипофизата, ќе стекне знаење за болестите на штитната жлезда, паратироидните жлезди и надбубрежните жлезди, ќе биде способен да ги опише нарушувањата во лачењето на машките и на женските полови хормони
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Анатомија и физиологија се потребни/поврзани со предметот Патофизиологија 2. Знаењата од предметот Патофизиологија се потребни за следење на наставните содржини на Фармацевтска хемија, Основни на фармакологија, Клиничка биохемија, Клиничка фармација и фармакотерапија
14.	Детален опис на наставните и	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања

	работните методи за предметот	2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа (6 ЕКТС)		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	40 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	14 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови Подготовка за практична настава: 7 часови
		17.3.	Подготовка за испит	59 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен усмен испит (патофизиолошки механизми низ анализа на излезните информации од дијагностички методи) бодови	5-10
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1 (општа патофизиологија): 10-20 Колоквиум 2 (специјална патофизиологија): 10-20
	19.3.	Практичен испит: бодови	5-10
	19.4	Посета и учество во теоретска настава: бодови Посета и учество во практична настава: бодови 20-25	10-15 20-25

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D

<table>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>76-84 бода</td><td>8 (осум) С</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>85-93 бода</td><td>9 (девет) В</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td>94-100 бода</td><td>10 (десет) А</td><td></td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.</td></tr>
<tr><td rowspan="9">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Васкова О, Мицева Ристевска С, Поп Ѓорчева Д, Миладинова Д, Лопарска С и Кузмановска С:</td><td>Патолошкаа физиологија за студенти по фармација, учебник и практикум</td><td>Борографика</td><td>2011</td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>МекФи, Генонг</td><td>Патофизиологија на болести – вовед во клиничка патофизиологија</td><td>Табернакул</td><td>2010</td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

Ред.број:

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**МИКРОБИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФМФ14			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Катедра по Микробиологија со паразитологија (Институт за Микробиологија и паразитологија)			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2-ра	семестар	III
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Маја Јурхар Павлова (одговорен наставник) Проф. Д-р Гордана Јанкоска Проф д-р Жаклина Цековска Виш Н сор д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска Н сор д-р Марко Костовски Асс. д-р Радомир Јовчевски Асс. Д-р Даница Ковачева Трпковска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Стекнат потпис од предметот АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма (компетиции)** Цел на предметот е да ги запознае студентите со светот на микроорганизмите, нивната вклученост во болестите, факторите кои имаат негативно влијание врз микроорганизмите, како и со третманот и профилаксата на инфективните болести. **Очекувани резултати:** По завршувањето на курсот, од студентите се очекува: • Да покажат знаења за општите карактеристики на бактериите, вирусите, габите и црвите;			

		• Да се запознаат со морфологијата, патогеноста на микроорганизмите кои се од интерес за хуманата медицина; со инфективните болести кои ги предизвикуваат, како и со нивната профилакса и третман; • Да можат да изведуваат макроскопска и микроскопска идентификација на бактериите; • Да имаат практични знаења за процесите на стерилизација; • Да имаат сознанија за можните контаминатнти на фармацевтските препарати • Да ги почитуваат безбедните начини на чување на фармацевтските препарати; • Да се врши редовна контрола на условите за безбедност на фармацевтските препарати; • Да ги знаат последиците од несовесното чување и неправилната употреба на фармацевтските препарати; • Да ги предвидуваат можните контаминанти на фармацевтските препарати; • Да имаат сознанија за микроорганизмите кои се продуценти на антибиотици
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** • Вовед во микробиологија и паразитологија. • Фармацевтско значење на микроорганизмите • Морфологија и структура на бактериите. • Морфологија и структура на вирусите и разликите меѓу нив и бактериите. • Физиологија на микроорганизмите: раст и репликација. • Морфологија, структура и размножување на вируси и габи • Физички и хемиски фактори кои инхибираат раст и репликација, вклучувајќи антимикробни агенси (антибиотици и хемотерапевтици). • Стерилизација и дезинфекција • Генетика на микроорганизмите. • Екологија на микроорганизмите: асоцијации. Нормална микрофлора. Распространетост на микроорганизмите. • Патогенеза и вирулентност на микроорганизмите. • Епидемиологија: пренесување на микроорганизмите, создавање биофилм • Патогенеза на инфекцијата, • Имун одговор на домаќинот кон микроорганизмите. • Вакцини и серуми • Бактериологија: Класификација на бактериите**,** • Најчести бактериски предизвикувачи на респираторни инфекции, урогенитални инфекции, гастроинтестинални инфекции, сепси и менингити • Вирусологија, најчести предизвикувачи на вирусни инфекции • Микологија: Квасници, мувли и дерматофити. • Протозоологија : претставници на протозои на телесни празнини, крвни и ткивни протозои и антипротозоарни агенси • Хелминтологија: Морфологија и биологија на хелминти, најзначајни претставници од групата цестоди, трематоди и нематоди; антихелминтици

		• Интрахоспитални инфекции (ИХИ), Превенција и контрола на инфекции • Микроорганизми расипувачи на фармацевтски продукти • Регулација на микроорганизмите и синтеза на макромолекулите во врска со разбирањето на начинот на дејството на различни хемотерапевтици и како подлога за генетска технологија. (Микроорганизми продуценти на антибиотици). • Алтернатива на антимикробна терапија; Пробиотици (*Lactobacillus*) • Методи за документација на ефективноста на стерилизацијата. • Потреба од процедури за стерилизација во процесната контрола.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметот анатомија и физиологија се потребни/поврзани со предметот		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања (Контакт часови (предавања) и консултации 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми - учење базирано на проблем, (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум. семинари/работилници, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	150 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	35 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	30 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	12 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 36 часови Подготовка за практична настава:15 часови
		17.3.	Подготовка за испит	22.5 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 24 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1) максимум 30		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит:	Практичен испит и неположени колоквиуми	

	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 12-22 бодови Колоквиум 2: 12-22 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	11-21
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	1-5

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /
		1.	Проф. д-р Елена Т. Докиќ и сор.	Медицинска микробиологија за фармацевти	Катедра по микробиологија, Медицински факултет, УКИМ	2016 хард копија
		2.	Проф. д-р Жаклина Цековска и сор.	Практикум за студентите по фармација	Катедра по микробиологија, Медицински факултет, УКИМ	2016 хард копија
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Н. Пановски и соработници	Медицинска микробиологија и паразитологија – општ дел	Катедра за микробиологија, Медицински факултет	2011 хард копија
		2.	Н. Пановски и соработници	Медицинска микробиологија и паразитологија – специјален дел	Катедра за микробиологија, Медицински факултет	2011 хард копија

		3.	Преведувачи и рецензенти: Проф. д-р Никола Пановски, Проф. д-р Милена Петровска, проф. д-р Каќа Поповска, Проф. д-р Елена Т. Докиќ	„Медицинска микробиологија”	17-то издание во рамките на проектот на Владата на Р. Македонија	2006 Преведено 2011 хард копија

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКО ПРАВО И ЕТИКА**			
2.	Код	ФФИФХ15			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2 ра	семестар	III-ти семестар
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска (одговорен наставник) Ас. Евгенија Михајлоска Ас. Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните концепти за фармацевтското право, улогата и значењето на законските прописи поврзани со фармацевтската дејност; разбирање на национални, европски и меѓународни правни регулативи од фармацевтската дејност и развој на способности за нивна примена во пракса; разбирање на основните принципи, права и обврски за здравствена заштита и законски прописи со кои се регулираат правата, обврските и одговорноста на здравствените работници; познавање на регулативи поврзани со употреба на напредните технологии во фармацијата; разбирање на основите на применета етика и биоетика во фармацијата. По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да ги разбира и применува законите и правните акти кои ги регулираат сите аспекти на фармацевтската дејност; да ги разбира правните аспекти на здравствена заштита и законските прописи кои ги регулираат правата и обврските на фармацевтите. Студентот ќе може да ги идентификува и применува нормативните етички принципи и ќе биде способен да направи разлика помеѓу правните и етичките проблеми со кои се соочуваат фармацевтите во нивната професионална работа.			

		Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења преку анализа и разбирање на основните концепти и законски прописи поврзани со фармацевтското право и професионалната етика во фармацијата
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1**: **Здравствено законодавство и фармацевтско право** • Регулаторна рамка за правни прописи од интерес на здравјето на луѓето; Улога и историски развој на фармацевтското право; Фармацевтско право и правен систем; Извори на фармацевтско право; Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да опишат што претставува здравственото законодавство, да ги опишат основните принципи на фармацевтското право и негова поврзаност со другите правни гранки. • Студентите ќе бидат способни да ги идентификуваат домашните и меѓународните извори на фармацевтското право. **Поглавје 2: Национална регулатива за здравството и фармацијата** • Регулирање на здравствената професија (фармацевтска дејност) и здравствените установи; Значење и улога на Фармацевтската комора; Закон за здравствена заштита; Закон за здравствено осигурување; Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат националните принципи на фармацевтското законодавство, • Студентите ќе можат да ги да ги опишат правните аспекти на здравствена заштита и законските прописи кои ги регулираат правата и обврските на фармацевтите во Република Северна Македонија, • Студентите ќе можат да ги да ја опишат акредитацијата и надзорот на здравствените установи и да ја објаснат улогата на Фармацевтската комора. **Поглавје 3: Закон за лекови и медицински средства и подзаконски акти** • Одобрение за ставање на лекот во промет; Промет со лекови; Медицински средства; Огласување на лекови и медицински средства; Фармаковигеланца Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги наведат главните одредби од Законот за лекови и медицински средства, да ги опишат националните процедури и улогата на надлежните регулаторни тела за одобрување и промет на лековите и медицинските средства и да ги објаснат основните принципи на рекламирање во здравството. • Студентите ќе бидат способни да ги наведат и опишат подзаконските акти кои се однесуваат за основните информации за лековите и за идентификување и пријавување на несаканите реакции од употребата на фармацевтските производи. **Поглавје 4: Права на пациентите** • Европска повелба за права на пациенти; Закон за заштита на правата на пациентите; Закон за заштита на лични податоци; Закон за јавно здравје. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги опишат основните права и обврски на пациентите, • Студентите ќе можат да ги разберат правните прописи со кој се заштитува приватноста на пациентите и да ја опишат улогата на Законот за јавно здравје. **Поглавје 5: Етика во фармацијата како здравствена професија** • Основни принципи на етика, биоетика и етички кодекси во фармацевтска професија.

		Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги опишат главните етички принципи и етички кодекси во фармацевтската професија и ќе бидат способни да направат етичка анализа на фармацевтските практики и да ги разликуваат правните и етичките проблеми со кои се соочуваат фармацевтите во нивната професионална пракса.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите – не се потребни 2. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) за следење на наставните содржини на Социјална фармација, Фармацевтска грижа, Основи на клиничка фармација		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени случаи и проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	15 часови
		16.2.	Вежби (аудиториски): часови	15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	30 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	26-50	
	19.2	Колоквиум: бодови	/	
	19.3.	Практичен испит: бодови	x	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	10-20	

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Влада и Собрание на РСМ	Актуелни закони и подзаконски акти во РСМ од областа на здравството и фармацијата	Службен весник на РСМ	2024-/електронско издание
2.	Собрание на Фармацевт ска комора на РСМ	Кодекс на професионалните етички должности и права на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата	Фармацевтска комора на РСМ	2013/ електронско издание
3.	Европска Агенција за лекови	Европска меѓународна регулатива за лекови и медицински средства	ЕУ	2024-/ електронско издание
4.	Gordon E. Appelbe, Joy Wingfield	Dale and Appelbe's Pharmacy and Medicines Law	The Pharmaceutical Press	2021/ електронско издание
5.	Gordon E. Appelbe, Joy Wingfield	Dale and Appelbe's Pharmacy and Medicines Law	The Pharmaceutical Press	2009/ електронско издание

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.	Amy Marie Haddad, Robert Veatch	Case Studies in pharmacy ethics (3nd)	New York: Oxford University Press.	2017/ електронско издание

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ			
2.	Код	ФФИПХФА17			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2ра	семестар	IV
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јелена Ацевска (одговорен наставник) Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Наталија Наков Проф. д-р Анета Димитровска Проф. д-р Зоран Кавраковски Асс. Хрисанта Гоџо			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Математика и применета статистика во фармација (кредити), Физичка хемија за фармацевти (кредити), Аналитичка хемија применета во фармација (потпис), Органска хемија применета во фармација (потпис) Предуслов за полагање на предметот: Математика и применета статистика во фармација (кредити), Физичка хемија за фармацевти (кредити), Аналитичка хемија применета во фармација (потпис), Органска хемија применета во фармација (потпис)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	• Целта на предметот е студентите да стекнат знаења за основните принципи на современите инструментални методи и техники, со посебно внимание на нивната примена за квалитативна и квантитативна анализа во различни полиња од фармацијата (истражување, развој и контролата на квалитет на фармацевтските супстанции и дозирани форми). • Студентот ќе стекне вештина за ракување со инструментална аналитичка опрема и да анализира, интерпретира и документира аналитички резултати. *Резултати од учењето:* • По успешното завршување на предметот, студентот ќе се стекне со знаења за принципите на современите инструментални методи, вештина за спроведување на анализите со примена на спектроскопски методи, електрохемиски методи и хроматографски техники, откривање на потенцијалните извори			

		на грешка во определувањата, статистичка пресметка и евалуација на добиените резултати.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	*Поглавје 1: Основи на спектроскопските методи* • Својства на електромагнетното зрачење • Електромагнетен спектар • Апсорпција на електромагнетно зрачење (атомска апсорпција и молекулска апсорпција) • Процеси на релаксација / емисија на електромагнетно зрачење • Квантитативни аспекти на спектроскопските методи (Lambert-Beer-ов закон) *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги објаснат својствата на електромагнетното зрачење и да ги разликуваат различните типови апсорпција и емисија на електромагнетно зрачење. • Да го применат Lambert-Beer-овиот закон за квантитативна анализа *Поглавје 2: Атомска спектрометрија* • Атомска апсорпциона спектрометрија (AAS): атомски апсорпциони спектри, атомизација на примерокот, инструменти за атомска апсорпциона спектрометрија • Атомска емисиона спектрометрија (AES): емисиона спектрометрија заснована на плазма извори и пламена емисиона спектроскопија • Интерференции во атомската апсорпциона/емисиона спектрометрија, методи за квантитативно определување *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да го објаснат принципот на работа на атомската апсорпциона спектрометрија (AAS) и атомска емисиона спектрометрија (AES) како и механизмите на апсорпција/емисија на енергијата од страна на атомите. • Да стекнат знаење за изведување на методите за квантитативно определување. *Поглавје 3: Ултравиолетова и видлива спектрометрија* • Апсорпција на зрачење, хромофори • Боја и спектар во видливо подрачје • Апсорпциски ленти во UV/Vis спектрометрија (фактори што влијаат на положбата и на интензитетот на апсорпциската лента) • Квалитативна и квантитативна анализа • Дериватвна спектрофотометрија *Резултати од учењето:* • Студентите ќе се стекнат со теоретска и практична основа за примена на UV/Vis спектрометрија во квалитативна и квантитаивна анализа. • Ќе стекнат знаење и вештини за изведување на методите за квантитативно определување.

		Поглавје 3: Молекулска луминисцентна спектрометрија • Теорија на флуоресценција и фосфоресценција • Фактори што влијаат врз флуоресценцијата и фосфоресценцијата • Флуоресценција и структура • Примена на флуоресцентните методи *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ја разберат теоријата и механизмите на флуоресценција и фосфоресценција. • Ќе добијат сознанија за примената на флуоресцентните методи во аналитичките, биохемиските и имунохемиските испитувања. *Поглавје 4: Инфрацрвена спектроскопија* • Апсорпција на IR зрачење од молекулите • Видови молекулски вибрации • Инструменти за инфрацрвена спектроскопија • Примена на инфрацрвената спектроскопија (интерпретација на инфрацрвени спектри, квалитативна анализа, квантитативна анализа) *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ја разберат природата на апсорпцијата на инфрацрвеното (IR) зрачење од молекулите. • Да ја применат инфрацрвената спектроскопија за квалитативна и квантитативна анализа на соединенија. *Поглавје 5: Нуклеарно-магнетна резонантна спектроскопија (NMR)* • Основни принципи на нуклеарно-магнетна резонантна спектроскопија • Примена на NMR спектроскопија *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги разберат основните принципи на нуклеарно-магнетна резонантна спектроскопија (NMR) и ќе стекнат знаење за примената на NMR спектроскопијата во фармацевтските анализи. *Поглавје 6: Масена спектрометрија* • Принцип на масената спектрометрија • Инструменти за масена спектрометрија (системи за внесување на примерок, јонски извори, масени анализатори, детектори) • Интерпретација на масени спектри • Примена на масена спектрометрија во фармацевтски анализи *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да го објаснат основниот принцип на масената спектрометрија • Да стекнат вештина за избор на конфигурација на масен спектрометар соодветна за анализа на аналитот

		• Да ја познаваат примената на масената спектрометрија за квалитативна и квантитативна анализа *Поглавје 7: Електроаналитички методи* • Електрохемиска ќелија и електроден потенцијал • Референтни електроди и индикаторски електроди • Потенциометриски методи (директни потенциометриски мерења и потенциометриски титрации) • Електрогравиметриски методи на анализа, кулометриски методи на анализа и волтаметрија • Примена на електрохемиските методи *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да го разберат принципот на електрохемиските методи и нивната примена во фармацевтските анализи. • Да стекнат знаење и вештини за изведување на директни потенциометриски мерења и потенциометриски титрации. *Поглавје 8: Хроматографија* *8.1 Вовед во хроматографија* • Основни принципи на хроматографија • Класификација на хроматографските методи • Примена на хроматографијата (квалитативна анализа и квантитативна анализа) *8.2 Тенкослојна хроматографија* • Принцип на тенкослојна хроматографија • Методи за детекција • Примена на тенкослојна хроматографија (квалитативна анализа, полуквантитативна анализа, квантитативна анализа) *8.3 Високоперформансна течна хроматографија* • Ефикасност на колоната во течна хроматографија • Инструменти за течна хроматографија • Развој на метод, избор на колона, избор на мобилна фаза • Принцип и примена на партициона хроматографија, хроматографија на јонски парови, хроматографија на хирална стационарна фаза, адсорпциона хроматографија, јоно-изменувачка хроматографија, гел-хроматографија. 8.4 Гасна хроматографија • Принцип на гасно-течна хроматографија и гасно-цврста хроматографија • Инструменти за гасна хроматографија • Примена на гасно-течна хроматографија *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да го објаснат основниот принцип на хроматографијата како техника за разделување и анализа на компоненти во смеса.

		• Да ги разберат различните типови на хроматографија според механизмот на раздвојување и користената стационарна и мобилна фаза. • Да ги опишат основните параметри што влијаат врз ефикасноста и резолуцијата на хроматографското разделување. • Да ја применат хроматографијата за квалитативна и квантитативна анализа на органски и неорганski соединенија. *Поглавје 9: Оптички методи* 9.1 Полариметрија и рефрактометрија • Основни принципи на полариметрија и рефрактометрија и нивна примена во фармацевтските анализи. • Инструменти за полариметрија и рефрактометрија. 9.2 Микроскопија • Основни принципи на микроскопија и примена во фармацевтските анализи. *Резултати од учењето* • Студентите ќе можат да ги разберат основните принципи на оптичките методи за анализа и да добијат сознанија за нивната примена во фармацевтските анализи. • Да ги користат полариметрите и рефрактометрите за квалитативна и квантитативна анализа.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Математика и применета статистика во фармација, Аналитичка хемија применета во фармација, Физичка хемија за фармацетвти, Органска хемија применета во фармација се потребни за предметот. 2. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) за следење на наставните содржини на Фитохемија и Аналитика на лекови и легислатива.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава:

				67.5 часови Подготовка за практична настава: 22.5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	30 бодови (најмалку 25) од предвидените активности (16.1, 16.2)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)		30-60
	19.2	Колоквиум: бодови		Колоквиум 1: 15-30 бодови Колоквиум 2: 15-30 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови		5-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			60-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
1.	Димитровска А. и сор.	Инструментални фармацевтски анализи	УКИМ, Скопје	2021, електронско
2.	Skoog DA, Holler F.J. and Nieman T.A	Principles of Instrumental Analysis	Saunders College Publishing	2018
3.	К. Брезовска и сор.	Инструментална фармацевтска анализа - практична настава	Резенциран практикум за вежби (Фармацевстки факултет, УКИМ, Скопје)	2015
4.				
5.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
1.	D. A. Scoog, D. M. West, F. J. Holler, S. R. Crouch	Вовед во Аналитичка хемија	Просветно дело	2009, печатена верзија

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА 1**			
2.	Код	ФФИФХ17			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2-га	семестар	IV
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Зорица Наумовска (одговорен наставник) Проф. д-р Александра Кападановска Несторовска Проф. д-р Ана Поцева Пановска Асс. м-г Евгенија Цветановска Асс. м-г Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан: органска хемија применета во фармација (2 семестар ;8 ЕКТС), Биорганска хемија (3 семестар, потпис). Предуслов за полагање на предметот: (положен Биорганска хемија (3 семестар; 8 ЕКТС)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Цел на предметот е да ги запознае студентите со физичко хемиските и биофармацевтските особини на лековитите супстанции кои влијаат врз терапевтскиот ефект на лековите - in vivo и in vitro, знаења за процесите на ослободување, апсорпција, метабиолна трансформација, дистрибуција и елемминација на лековите кои се применуваат на различен начин на администрација.Понатаму ќе се запознаат со класификацијата и карактеруистиките на таргеитите за лекови, улогата на функционалните групи во стапување на интеракциите на лековите со рецепторите. процесите на откривање и развој на лековите, различните прстапи во развојот на лековите, односно лиганд-базианиот и структура базираниот дизајн во откривањето и развојот на лековите. Запознавање со основите на квантитативната структура – активност поврзаност (Quantitative Structure-Activity Relationship QSAR). Понатаму стутдентот ќе се запознае улогата на метаболните ензими и нивните полиморфни варијации во процесот на метаболизирање на лековите. Односно ке се запознае детално со фазата 1 (фаза на функционализација) и фазата 2 (фаза			

		на коњугација) во биотрансформацијата на лековите и ќе се запознае со различните видови на пролекови кои се применуваат во клиничката пракса. **Очекувани резултати**: По завршување на предметот студентите ќе се стекнат со знаења за процесот начинот на делување налековите администрирани на различни начини во организмот, процесите на ослободување, апсорпција, метаболизам, дистрибуција и елиминаација. Студентот же се стекне со знаења за улогата на физичко хемиските карактеристики на лековите, видовите на таргети за лекови, начините на воспоставување на интеракции помешу лекот ис рецепторот. Онатаму ќе се стекне со вештини за примена на софтерски програми во процесот на откривање и развој на лековите, односно практична примена на 3D-QSAR, во откривање и развој на лекови со посебен осврт врз лиганд-базираното и структура базираното дизајнирање на лекови. Тудентот же поседува знаења за влијание на полиморфните варијации на метаболните ензими врз одговорот кон терапијата од лекот. Понатаму ќе се стекне со знаења за процесите и поединечните фази на метаболна тансформација на лековите и со различните типови на пролекови кои наоѓаат клиничка примена..
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1Физичко-хемиски својства на лекови** • Дефинирање на клучните физичко-хемиски својства на лековите, Физичко хемиските својства на лековитата супстанца и нивното влијание врз биолошката активност (корелација физичко хемиски својства/биолошка активност). • Биофармацевтски особини на лекови, лек-рецептор интеракции, рецептори и дејство на лекови.. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе се стекнат со знаења за улгата на физичко-хемиските својства на лековитите супстанции врз нивната билошка активност **Поглавје 2 Дефинирање на ЛАДМЕ-системот** • Дефинирање на клучните фактои кои влијаат на процесот на биодистрибуцијата на лекоите во организмот зависно од начинот на администрација, детално обезложување на процесите на ослобосување, аапсорпција, метаболизам, дистрибуција и елиминација како и начинот на интеракции со таргетите за лекови. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе се стекнат со знаења за ЛАДМЕ системот и начинот на стапување во интеракција на лекот со таргетите во организмот. **Поглавје 2 Таргети за лекови** • Дефинирање на лек и таргети за лекови (ензими, рецептори, нуклеински киселини како таргети за лекови), дефинирање на сигнална трансдукција и транспортни протеини какои таргети за лекови. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе се стекнат со знаења за различните типови на таргети за лекови, вклучително и траспортни протеини и пристапите кои се применуваат во откривањето на нови таргети и лекови за веќе откриеите таргети **Поглавје 3 Октривање и развој на лекови: отривање на водечко соединение и негова оптимизација**

		• Студентот ќе се стекне со знаења за идентификување и слекција на соодветен таргет за лек, со рпимена на стуктур-базирано или лихганд-базирано дизајнирање, соодветни тестови за одредување на афинитет и активност кон лековите, знаења за улогата на молекуларно моделирање (дизајн на лековите со примена на софтверски системи, лек-рецептор интеракции, рецептор, стерични особини на лековите, оптички изомеризам и биолошка активност) во процесот на откривање на водечкото соединение и негова оптимизација со примена на соодветни конјутерски-потпомогнати техники, негово пролистување и определување на структурни карактеристики *Резултати од учењето:* • Студентите ќе се стекнне со знаења за фазите во откривање на нови лекови, односно селлкција на таргети, одредување на тестови з аевлауција на активност или афинитет, оптимизација на водечки соединенија со примена на комјутерски техники и QSAR модели. **Поглавје 4 Дизајнирање на лекови: оптимизирање на инетракциите со таргетите за лекови** • Структура-активност однос (SAR) и улога на различни органски функционални групи во оптимизацијата на структурата. • Идентификација на фармакофори *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да објасни значењето на структура-активност односот (SAR) и улогата на различни функционални групи во оптимизацијата на лекови и да да ги препознае основните структурни елементи на молекулите кои се неопходни за нивната активност. **Поглавје 5 Дизајнирање на лекови: оптимизирање на таргетите за лекови и развој на иновативен лек до негово на пазрот** • Оптимизација на хидрофилни-хидрофобни карактеристики на лековите, креирање на потенцијални лекови порезистентни на хемиска и ензимска деградација, какои метаболна деградација и намалување на токсичност, примена на ендогени супстанции како лекови, петиди, пепридомимерици и оелонуклеотиди како лекови. Развој на водечко соединение до готов лек (предкинички и клинички развој на лек) на пазарот. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат се стекнат со знаења за оптимизација и унапредувањето на карактеристките на лековите во процесот на нивниот развој, надминвање на предизвиците на хемиска, ензимска, метаболна деградација како и намалување на токсичноста при развојот на т.н. hit до водечко соединени и негов развој до готов лек на пазарот. Поглавје 6: Вовед во метаболизам на лекови • Дефиниции, основни концепти и значење во откривање и развој на лекови; Патишта на деактивација и елиминација на лекови-Метаболизмот на лекови во контекст на целокупниот ADME процес; Модифицирачки фактори и нивна клиничка релевантност – физиолошки, патофизиолошки, тераписки и генетски/епигенетски условени промени во метаболизам и трнспорт на лекови, метаболен фенотип. Метаболизам vs. Ензимска биотрансформација на лекови;

		Патишта и места на метаболна биотрансформација; Ензимски ситеми вклучени во биотрансформација на лекови и нивна номенклатура; Принципи и механизми на субстрат- специфично препознавање и врзување; Поврзаност на структура на лек и обем на метаболизам; фармаколошки реактивни метаболити, транспортери; Индукција и инхибиција на лек- метаболизирачки ензими и ефекти врз метаболна кинетика; *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги објаснат принципте на метаболната биотрансформација на лекови и нејзиното значење во однос на исходите поврзани со терапијата со лекови, истражувањето и развојот на лековите. • Студентите ќе бидат способни да идентификуваат класите на реакции на метаболна биотрансформација - деактивација и елиминација на лековите во организмот и факторите кои ја модифицираат ензимската активност и субстрат- структурна специфичност. Поглавје 7: Патишта на биотрансформација- ФАЗА 1 реакции • Метаболни реакции на функционализација- микрозомален ензимски систем со мешана функција и останати ензимски систем поредувана оксидација, редукција, хидролиза, останати фаза 1 реакции на метаболна трансформација, механизми на функционализација, стерео/регионална специфичност и селективност; фармаколеошка реактивност на метаболити; издвоени примери на метаболни реакции на функционализација на лекови и нивна клиничка значајност. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе се стекнат со знаења за одделните типови на реакции на фунционализација, и ќе бидат способни да ги предвидат, анализираат и елаборираат особините на родителските соединенија во корелација со метаболните продукти од фаза 1 реакциите на метаболна трансформација и да дискутираат за клиничката значајност на ензимски посредуваниот процес на фаза 1 биотрансформација/биоктивација. Поглавје 8: Патишта на биотрансформација- ФАЗА 2 реакции • Метаболни реакции на конјугација- трансферази како ензимски системи, видови и ткивна дистрибуција, фактори на модификација на ензимска активност, инхибиција и индукција, субстрат- структурна специфичност, стерео/регионална специфичност и селективност; поделба, механизми на конјугација и карактеристики на конјугат - Глукуринидација, Сулфатација, Глуттион конјугација, Метилација, Конјугација со аминокислеини, Ацетилација, Останати реакции на конјугација; Издвоени примери на метаболни реакции на конјугација на лекови и нивна клиничка значајност . *Резултати од учењето:* • Студентите ќе се стекнат со знаења за одделните типови на реакции на конјугација и ќе бидат способни да ги предвидуваат, анализираат и елаборираат особините на метаболните продукти од фаза 2 реакциите на метаболна трансформација во корелација со клиничката значајност

		на ензимски посредуваниот процес на фаза 2 биотрансформација/биоктивација. Поглавје 9: Пролекови и дизајн на пролекови- перспекиви, пристап и примена • Основни концепти, дефиниција, причини и проценка на потреба за дизајнирање на пролекови, пристапи во дизајнирање на пролекови во корелација со недостатоците на лек, механизми на активација (конверзија) на лекови, класификација и карактеризација на пролекови, техники на дизајнирање на пролекови, предности и недостатоци на дизајнот во пролекови, издвоени примери на пролекови и нивни активни форми- причини, пристап, техники и клиничка значајност на нивно дизајнирање, студии на примери. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги објаснат значењето и пристапите во дизајнирање на пролекови, да ги идентификуваат и анализираат класите на пролекови и нивните карактеристики во корелација со процесите на активација на лековите. Поглавје 10: Метаболизмот на лекови и фармакокинетика • Основни пристапи во проучување на CYP450 ензимската активност; предвидување на фракција на абсорбиран лек, клиренс, волумен на дистрибуција, физиолошки базирани фармакокинетски модели, Ин витро пристапи во проучување на лек- лек интеракции на ниво на метаболизам, детекција и карактеризација на метаболити, биотрансформација и биоактивација. *Резултати од учењето:* • Студентите ке се стекнат со основни знаења за различните моделите и пристапи кои се користат во истражување на метаболизмот на лекови и нивната клиничка примена во предвидување на и корелација помегу метаболизам- асоцираната фармакокинетика на лековите и исходите од терапијата со лекови.
13	Заемна поврзаност на предметите	Да се наведе: 1. Предзнаењата од предметите, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Основи на фармакологија се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот Фармацевтска хемија 1 и Основи на фармакологија
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа)

		2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: **75** часови Подготовка за практична настава: **22,**5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови теоретски 7,5 часови теоретски
18	Услови за потпис	40 бодови		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	x

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	
22.	Литература		

	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Graham L. Patrick	An Introduction to Medicinal Chemistry FIFTH EDITION	Oxford university press	2019
		2.	Lamke L. Thomas	Foye's Principles of Medicinal Chemistry 7th Edition	Lippincott Williams & Wilkins	2012
		3.	Laurence Brunton	Goodman and Gilman's The Pharmacological Basis of Therapeutics, Twelfth Edition (Goodman and Gilman"s the Pharmacological Basis of Therapeutics) 12th Edition	McGraw Hill / Medical	2011
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Marc Harrold; Robin Zavod	Basic Concepts in Medicinal Chemistry, 3rd Edition	ASHP	Marc Harrold; Robin Zavod
		2.		Авторизирани предавања	Фармацевтски факултет-Скопје, УКИМ; Медицински факултет-Скопје, УКИМ	
		3.				

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФИТОХЕМИЈА**			
2.	Код	ФФИФГ18			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	Втора	семестар	IV
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Карапанџова (одговорен наставник) Проф. д-р Ѓоше Стефков Асс. Ана Трајковска Асс. Вероника Стоилковска Ѓоргиевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: стекнат потпис од Фармацевтска ботаника и биологија (II семестар) и Биоорганска хемија (III семестар) Предуслов за полагање на предметот: положени испити од Фармацевтска ботаника и биологија (II семестар) и Биоорганска хемија (III семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметот се запознавање на студентите со главните класи на секундарни метаболити, нивната биосинтеза во растителните организми, физичко-хемиските карактеристики, екстракцијата и изолацијата, методите на испитување и анализа, биолошко-фармаколошки дејства и значење и употреба во медицината и во фармацијата. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: • главните класи секундарни метаболити, • биосинтезата на секундарните метаболити, • биосинтетското потекло и класификацијата на секундарните метаболити, • структурата, растворливоста и хемиските својства на секундарните метаболити, • екстракцијата и изолацијата на секундарни метаболити од растителен материјал, • методите за испитување и анализи на секундарните метаболити, • биолошко-фармаколошките својства на секундарните метаболити и нивната употреба како чисти активни супстанции или како состојки на растителните дроги или на растителните екстракти.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржината на предметната програма вклучува три поглавја, поделени во неколку единици: **Поглавје 1**: Основни метаболитички патишта и потекло на секундарните метаболити • Ензими, фотосинтеза, примарни метаболити и создавање на групи секундарни метаболити Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на значењето на ензимите во биолошките процеси на растенијата, процесот на фотосинтезата и основните биосинтетички патишта на создавање на примарни и секундарни метаболити кај растенијата **Поглавје 2**: Примарни метаболити (јаглехидрати, липиди и деривати на аминокиселини и протеини) • *Јаглехидрати* (моно, олиго и полисахариди), *липиди* (триглицериди, простагландини, восоци, фосфолипиди, растителни алкини и глукорезини) и *деривати на аминокиселини и протеини* (аминокиселини, пептиди, протеини, протеиди, цијаногени хетерозиди, глукозинолати и други соединенија со сулфур). Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на распознавање на основните структури на примарни метаболити, нивната распространетост, физичко-хемиските карактеристики, екстракција и методите на испитување, дејството и фармаколошката активност и нивната употреба во фармацијата и медицината. **Поглавје 3**: Секундарни метаболити (фенолни соединенија, терпеноиди и стероиди и алкалоиди) • *Фенолни соединенија*: прости феноли и фенолни гликозиди, кумарини, лигнани, неолигнани и сродни соединенија, флавоноиди, антоцијанидини, танини и хинони; *терпеноиди и стероиди*: монотерпени, сесквитерпени, етерични масла, иридоиди, сесквитерпенски лактони, дитерпени, тритерпеноидни и стероидни сапонини, кардиотонични гликозиди и тетратерпени, и *алкалоиди*: деривати на орнитин и на лизин, деривати на фенилаланин и тирозин, деривати на триптофан, деривати на антранилна киселина, деривати на хистидин, терпенски и пуински алкалоиди. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на распознавање на основните структури на секундарни метаболити, нивната распространетост, физичко-хемиските карактеристики, екстракција и методите на испитување, дејството и фармаколошката активност и нивната употреба во фармацијата и медицината.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска ботаника и биологија и Биоорганска хемија се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите Фармакогнозија и Фитотерапија
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи:

		1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	60 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	8 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	75 часови
		17.3.	Подготовка за испит	22 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	X	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)	
		60-66 бода	6 (шест) E	
		67-75 бода	7 (седум) D	
		76-84 бода	8 (осум) C	
		85-93 бода	9 (девет) B	
		94-100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
1.	Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М.	Фитохемија	УКИМ	2011 (хард копија)

	22.2.	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание

		1.	Bruneton J.	Pharmacognosy, Phytochemistry and Medicinal plants, 2nd Ed.	Intercept. Ltd.	1999, хард копија
		2.	Evans W.	Evan‘s Pharmakognosy	W.B. Saunders	2002, хард копија

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**БИОХЕМИЈА**			
2.	Код	ФФИПБ19			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за Применета Биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2-ра	семестар	IV
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Марија Хиљадникова-Бајро (одговорен наставник) Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска Асс. м-р Кристина Шутевска (вежби)			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Потпис Биоорганска хемија (III-ти сместар) Предуслов за полагање на предметот: Положен испит Органска хемија применета во фармација (II-ри семестар) Потпис од предметот			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта** на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните концепти на биохемијата, реакциите на кои се базираат анаболниот и катаболниот метаболизам на хранливите материи, каталитичката функција на ензимите во овие процеси како и биохемиските аспекти на хомеостазата на вода, електролити и ацидобазен статус. Особено значајно е студентите да го согледаат значењето на биохемиските реакции и ензимите кои ги катализираат со цел разбирање на материјата која ќе се изучува по други предмети и тоа: механизмите на развој на болестите, лабораториските тестови што се користат во клиничката пракса но и фармакодинамиката и фармакокинетиката на лековите што се применуваат во терапија на соодветните заболувања. Како **резултат** се очекува студентот да има солидни теоретски познавања од областа и да може да ги примени стекнатите знаења преку изведба на основни реакции со кои се докажуваат биохемиските својства на органските биомолекули, нивната квалитативна и квантитативна анализа, да ја демонстрираат ензимската кинетика, да определат интервал на референтни вредности и да бидат оспособени за примена и интерпретација на едноставни лабораториски анализи како што е испитувањето на урината.			
12.	Детална содржина на предметот по	Поглавје: Вовед во биохемија			

	поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	• Дефиниција и значење на биохемијата. Структура и улога на биомолекулите. Метаболизам: катаболизам и анаболизам. Хиерархиска организација на биомолекулите и функционалните групи во биолошките процеси. Резултати од учењето: • Студентите ќе го објаснат значењето и основните концепти на биохемијата, ќе ја идентификуваат структурата и функцијата на биомолекулите и ќе ги разликуваат основните метаболички процеси во организмот. Поглавје: Протеини – структура, функција и метаболизам • Структурна и функционална организација на протеините. Биолошка улога на аминокиселините и нивната класификација според хемиските својства и растворливост. Метаболизам на протеини: процеси на протеинска синтеза, катаболизам на аминокиселини, дезаминирање, трансаминирање и улогата на уреа циклусот во елиминација на азотните соединенија. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат структурните нивоа и биолошките функции на протеините, да ги анализираат процесите на нивниот метаболизам и да ги поврзат механизмите на разградување на аминокиселините со азотната хомеостаза во организмот. Поглавје: Јаглехидрати – структура, функција и метаболизам • Структура и класификација на јаглехидратите. Процеси на варење и ресорпција на јаглехидратите во организмот и улогата на специфичните ензими. Метаболички патишта на јаглехидратите: гликолиза, гликогенеза, гликогенолиза, глуконеогенеза. Регулација на јаглехидратниот метаболизам. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат структурните карактеристики и биолошката улога на јаглехидратите, да ги анализираат метаболичките патишта на јаглехидратите и да ги интерпретираат нарушувањата во нивниот метаболизам. Поглавје: Циклус на лимонска киселина (ЦЛК) • Биохемиска улога на ЦЛК во оксидативниот метаболизам. Фази на ЦЛК. Поврзаност на ЦЛК со гликолиза, бета-оксидација на масни киселини и разградба на аминокиселини. Регулација на ЦЛК и неговата улога во биосинтетските процеси. Биолошки оксидации и респираторен синџир. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги опишат реакциите на ЦЛК, биолошките оксидации и респиратиорниот синџир, да го анализираат значењето за продукција на енергија и биосинтетски процеси и да ја проценат неговата поврзаност со други метаболички патишта. Поглавје: Пентозо-фосфатен циклус (ПФЦ) • Основни карактеристики на ПФЦ како алтернативен пат на разградба на глукозата. Оксидативна и неоксидативна фаза на ПФЦ, нивна улога во клеточниот метаболизам и поврзаност со гликолизата. Регулација на ПФЦ и значењето на циклусот во различни типови клетки. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да го објаснат значењето и реакциите на ПФЦ, да ја анализираат неговата улога во продукцијата на NADPH

		и рибоза-5-фосфат и да ја проценат клиничката важност на циклусот во различни типови клетки. Поглавје: Ензими – структура, својства и механизам на дејство • Ензимите како биолошки катализатори: структурни компоненти, активен центар и алостерична регулација. Механизам на ензимска катализа. Ензимска кинетика според Michaelis-Menten моделот: дефинирање на Vmax и Km како параметри на ензимската активност. Фактори кои влијаат на ензимските реакции. Типови на инхибиција. Регулаторна улога на ензимите во метаболичките патишта и нивното значење за одржување на клеточната хомеостаза. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги дефинираат структурните и функционалните својства на ензимите, да го анализираат механизмот на ензимската катализа и кинетиката на ензимските реакции, како и да ги проценат факторите што влијаат на ензимската активност и нивната регулаторна улога во организмот. Поглавје: Метаболизам на вода • Улога на водата во човековиот организам, нејзина дистрибуција, специфичен состав на интрацелуларната, екстрацелуларната (васкуларната, интерстициската) и трансцелуларната течност. Филтрациски и реапсорптивни сили, движење на водата и материите во неа преку мембраните. Водена хомеостаза и нејзина регулација под контрола на ендокриниот систем. Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат знаења за да може да ја опишат воденатa рамнотежа и улогата на хормоните во нејзино одржување. Поглавје: Биохемија на електролити • Улога на електролитите во човековиот организам, нивниот метаболизам и регулација на нивоата. Резултати од учењето: • Студентите ќе ги разберат и ќе можат да ги применат знаењата за макро- и микроелементите застапени кај човекот и особено механизмите со кои се контролира нивното ниво во организмот или одделни компартменти. Поглавје: Биохемиски аспекти на ацидобазната рамнотежа • Дефиниција, потекло на киселоста во организмот и нејзино ублажување, биолошки пуфери Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат компетенции да го објаснат значењето на ацидобазната рамнотежа за нормалното функционирање на организмот, нејзиното одржување со помош на биолошките пуферски системи, респираторниот систем и бубрезите. Поглавје: Биохемиски карактеристики и метаболизам липидите • Дефиниција и карактеристики на липидите во човековиот организам со посебен осврт на сложените липиди и нивните карактеристики и функции. Ресорпција, метаболни трансформации на липидите со посебен осврт на бета-оксидацијата, кетогенезата и регулација на интрацелуларната хидролиза. Состав и функција на липопротеинските честички. Резултати од учењето:

		• Студентите треба да го разберат значењето на липидите во човековиот организам и да можат да го објаснат нивниот метаболизам и регулација, улогата на кетогенезата во физиолошки и патолошки услови и да ги разликуваат четирите класи на липопротеинси честички. Поглавје: Биохемија на ендокриниот систем • Дефиниција на хормонските системи, општи механизми на ендогена синтеза, транспорт и дејство на хормоните на ниво на клеточните рецептори. Функција и метаболизам на невросекрециските, тропните, гландуларните ии ткивните хормони. Резултати од учењето: • Студентите ќе ги разберат општите концепти и разлики во метаболизмот на липо и хидросолубилните хормони. Ќе бидат способни да го применат знаењето за метаболизмот на поспецификните хормони во натамошната едукација од областа на фармацијата. Поглавје: Метаболизам на нуклеотиди • Структура и улога на нуклеотидите. Метаболизам на пуринските и пиримидинските нуклеотиди. Резултати од учењето: • Студентите треба да ги разберат концептите на de novo и salvage патеките за синтеза на нуклеотидите, реакциите на разградба и крајните продукти од метаболизмот на овие биомолекули. Поглавје: Биохемија на хемоглобинот и метаболизам на хем • Структура и функција на хемоглобинот, физиоолошки типови на хемоглобин и патолошки деривати. Биосинтеза и разградба на хем-молекулите, регулација на синтезата на хемоглобинот. Резултати од учењето: • Се очекува студентите да стекнат знаење за улогата на хемоглобинот во процесот на дишење и истовремено одржување на ацидобазната рамнотежа, да бидат способни да ги објаснат разликите меѓу различните форми на хемоглобинот и нивното значење. Треба да ги разберат клучните концепти во синтезата и разградбата на хем молекулите и процесот на разградба на хемоглобинот, образувањето и елиминацијата на билирубинот.
13	Заемна поврзаност на предметите	Да се наведе: 1. Предзнаењата од предметите Органска хемија применета во фармација и Биоорганска хемија, се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на Медицинска хемија, Фармацевтска хемија 1, Броматологија, Клиничка Биохемија, Токсикологија
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)

15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 50 часови Подготовка за практична настава: 20 часови
		17.3.	Подготовка за испит	20
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Џекова-Стојкова СА, Корнети ПЃ, Тодорова ББ и Трајковска СК	Биохемија	Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Скопје	1999 / хард копија

		2.	Денке Д., Колман Ј., Фукс Г., Герок В.	Карлсонс Биохемија и патобиохемија	Микена, Битола	2010 / хард копија
		3.	Хиљадникова-Бајро М., Кадифкова Пановска Т.	Практикум по Биохемија.	Фармацевтски факултет, УКИМ,	2015 / pdf. формат
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Брауни КА., Керноан КЏ	Медицинска биохемија	Табернакул, Скопје	2010 / хард копија
		2.	Мјурej Ј.	Харперова Илустрирана Биохемија	Арс Ламина	2012 / хард копија во библиотека на Медицински Факултет
		3.	Нелсон ЛД, Кокс ММ	Ленинџер Принципи на Биохемијата	Микена, Битола	2011 / хард копија во библиотека на Медицински Факултет
		4.	Хиљадникова-Бајро М.	Збирка прашања по Биохемија,	Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,	2022 / електронско издание

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОСНОВИ НА ИМУНОЛОГИЈАТА**			
2.	Код	ФФИФХ20			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	2-ва	семестар	4
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Наставници кои ќе усетвуваат во наставата Проф. д-р. Александар Димовски (одговорен наставник) Проф. д-р. Надица Матевска Гешковска Асистенти кои учествуваат во изведување на практичната настава Доц. Марија Станинова Стојоска Асс. Елизабета Крстевска Божиновиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Анатомија и физиологија, Молекуларна и клеточна биологија и генетика, Микробиологија Предуслов за полагање на предметот: Анатомија и физиологија, Молекуларна и клеточна биологија и генетика			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	• Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните концепти на имунологија • Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во сите понатамошни предмети во кои се потребни основни познавања од имунологијата • По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да.ги разбере концептите на градабата и функционирањето на вродениот и стекнатиот имунитет • Во текот на предметот студентот ќе се стекне со основни познавања за пристапот во анализите кои се користат за добивање на сознанија во имунологијата			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**1. Поглавје: Основни принципи на имунолошкиот одговор** • Основни принципи на градба на имуниот систем. Клетки кои учествуваат во имуниот одговор. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со градбата и основните принципи на фукционирање на имуниот систем како и со клетките кои учествуваат во имуниот одговор **2. Поглавје: Б-клеточен имунитет – градба и функција на антитела** • Запознавање со основните на градбата на антителата и молекуларните основи на нивната синтеза Резултати од учењето:			

		• Студентите ќе се запознаат со основните на градбата на антителата и молекуларните основи на нивната синтеза **3. Поглавје: Б-клеточен имунитет – Б-клетки** • Запознавање со основите на создавањето активацијата и функцијата на Б-лимфоцитите. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основите на создавањето активацијата и функцијата на Б-лимфоцитите **4. Поглавје: Т-клеточен имунитет – градба и функција на Т-клеточен рецептор и ХЛА систем** • Запознавање со основите на создавањето активацијата и функцијата на Б-лимфоцитите. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основите на создавањето активацијата и функцијата на Т-лимфоцитите.. **5. Поглавје: Т-клеточен имунитет – Т-клетки** • Запознавање со основите на градбата меѓуклеточниот матрикс, цитоскелетот и принципите на движење на материите во клетката. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основите на градбата меѓуклеточниот матрикс, цитоскелетот и принципите на движење на материите во клетката. **6. Поглавје: Адамптивен имун одговор** • Запознавање со основните принципи на адаптивниот имун одговор посредуван од Б- и Т- лимфоцитите. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на адаптивниот имун одговор посредуван од Б- и Т-лимфоцитите. **7. Одбрана на организмот од инфекции** • Запознавање со основните принципи на координираното дејство на механизмите на вродениот и стекнатиот имун одговор. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи координираното дејство на механизмите на вродениот и стекнатиот имун одговор.. **8. Поглавје: Хиперсензитивни реакции и автоимуни заболувања** • Запознавање со основните принципи на настанување и молекуларните основи на хиперсензитивните реакции и автоимуните заболувања и основните пристапи во нивното лекување. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на настанување и молекуларните основи на хиперсензитивните реакции и автоимуните заболувања и основните пристапи во нивното лекување. **9. Поглавје: Имунодефициенции и трансплантација на ткива и органи**

		• Запознавање со механизмите на настанување на вродени и стекнати имунодефициентни состојби и основни принципи на трансплантација на ткива и органи. Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со со механизмите на настанување на вродени и стекнати имунодефициентни состојби и основни принципи на трансплантација на ткива и органи **10. Поглавје: Имунолошки методи** • Запознавање со основните принципи на примена на имуношките методи во дијагозата и терапијата на заболувањата Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на примена на имуношките методи во дијагозата и терапијата на заболувањата		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. За предметот се потребни предзнаења од предметите Анатомија и физиологија, Молекуларна и клеточна биологија и генетика и Микробиологија 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини на предметите Биохемија, Патологија и Патофизиологија, Клиничка фармација и фармакотерапија и Фармакогенетика, фармакогеномика и инидивидуализирана терапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	0 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часови Подготовка за практична настава: 7.5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	7.5 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Колоквиум: бодови		
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10	

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови				
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода		5 (пет) (F)	
			60-66 бода		6 (шест) E	
			67-75 бода		7 (седум) D	
			76-84 бода		8 (осум) C	
			85-93 бода		9 (девет) B	
			94-100 бода		10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.				
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Punt J, Stranford S, Jones P, Owen J	Кјуби Имунологија	New York: W.H. Freeman преведен учебник	2011
		2.				
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Х.Чапел, М.Хејни, С.Мизба, Н.Сноуден	Основи на клиничката имунологија	Willey Преведен учебник	2010
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАКОГНОЗИЈА**			
2.	Код	ФФИФГ21			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета	семестар	V
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ѓоше Стефков (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Карапанџова Асс. Ана Трајковска Асс. Вероника Стоилковска Ѓоргиевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: стекнат потпис од Фитохемија (IV семестар) Предуслов за полагање на предметот: положен испит од Фитохемија (IV семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметот се запознавање на студентите со најзначајните природни лековити суровини (фармакопејски и други растителни дроги), нивните биолошки извори (ботанички и други природни извори), собирање и производство на хербалните суровини, макро и микроскопски карактеристики на дрогите, хемиски состав, биолошката и фармаколошката активност и употреба, како и испитување и проценка на нивниот квалитет. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: • биолошкото потекло на дрогите и за растенијата како извор на дроги, најважните дроги од фармакопејата, како и за сродните растителни суровини, • способност да се објаснат макроскопските и микроскопските карактеристики на дрогите, • способност да се објасни хемискиот состав на дрогите, • способност да се дискутира за проценка на квалитетот на дрогите според Европската фармакопеја (Ph.Eur.) и другите стандарди за квалитет, • способност да се објаснат биолошките и фармаколошките својства на дрогите и нивната употреба во денешната медицинска и фармацевтска практика.			
12.	Детална содржина на предметот по	Содржината на предметната програма вклучува три поглавја, поделени во неколку единици:			

	поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1**: Вовед во фармакогнозија • пристапи, производство и добивање на лековити природни суровини/дроги/хербални супстанции • стандарди во производството • збирки на монографии Резултати од учењето: • студентите ќе се стекнат со знаења за фармакогнозија, пристапи, производство и добивање на лековити природни суровини, • Студентите ќе се стекнат со знаења за стандарди во производството • Студентите ќе добијат познавања за збирки на монографии **Поглавје 2**: Дроги со примарни метаболити (јаглехидрати, липиди и деривати на аминокиселини и протеини) • Дроги со јаглехидрати (прости, полисахариди, слузи) • Дроги со масти, масла и восоци • Дроги што содржат деривати на аминокиселини (цијаногени и сулфурни хетерозиди) Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаења во однос на монографските податоци за дроги со примарни метаболити, • Студентите ќе стекнат знаења за нивната распространетост, нивните биолошки извори (ботанички и други природни извори), собирање и производство на дрогите, макро и микроскопски карактеристики на дрогите, хемиски состав • Студентите ќе бидат способни да ја објаснат биолошката и фармаколошката активност и употреба, како и испитување и проценка на нивниот квалитет дрогите. **Поглавје 3**: Дроги со секундарни метаболити (фенолни соединенија, терпеноиди и стероиди и алкалоиди) • Дроги со фенолни соединенија: прости феноли и фенолни гликозиди, кумарини, лигнани, неолигнани и сродни соединенија, флавоноиди, антоцијанидини, танини и хинони; • Дроги кои содржат терпеноиди и стероиди: монотерпени, сесквитерпени, етерични масла, иридоиди, сесквитерпенски лактони, дитерпени, тритерпеноидни и стероидни сапонини, кардиотонични гликозиди и тетратерпени, и • Дроги кои *содржат алкалоиди:* деривативи на орнитин и на лизин, деривати на фенилаланин и тирозин, деривати на триптофан, деривати на антранилна киселина, деривати на хистидин, терпенски и пурински алаклоиди. **Резултати од учењето**: • Студентите ќе се стекнат со знаења во однос на на монографските податоци за дроги со секундарни метаболити • Студентите ќе ја научат распространетоста на дрогите, нивните биолошки извори (ботанички и други природни извори), каков е процесот на собирање и производство дрогите, • Студентите ќе ги научат макроскопските и микроскопски карактеристики на дрогите, хемискиот состав, биолошката и фармаколошката активност и употреба, како и испитување и проценка на нивниот квалитет.

13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска ботаника и биологија, Биоорганска хемија и Фитохемија се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите Фитотерапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	60 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	75 часови
		17.3.	Подготовка за испит	45 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	1-5

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание

		1	Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М.	Фармакогнозија, природни лековити и ароматични суровини	УКИМ (рецензиран учебник)	2011 (хард копија)
		2	Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М., Цветковиќ Каранфилова И.	Фармакогнозија, Природни лековити и ароматични суровини	УКИМ (рецензиран учебник)	2023 (електронско издание)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Bruneton J.	Pharmacognosy, Phytochemistry and Medicinal plants, 2nd Ed.	Intercept. Ltd.	1999, хард копија
		2.	Evans W.	Evan‘s Pharmacognosy	W.B. Saunders	2002, хард копија

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 1**			
2.	Код	ФФИФТ22			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацвтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Год ина	3	семестар	V
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Да се наведат наставници кои ќе усетвуваат во наставата. Одговорниот наставник да биде напишан прв со назнака во заграда за одговорен наставник) Проф. д-р. Маја Симоноска Црцаревска (одговорен наставник) Проф. д-р. Катерина Горачинова Проф. д-р Рената Славеска Раички Проф. Д-р. Марија Главаш Додов Проф. д-р Никола Гешковски Доц. д-р Љубица Михаилова Доц. д-р Душко Шалабалија Асс. Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредити од Основи на фармација (I семестар), Биофизика (I семестар), Физичка хемија за фармацевти (II семестар), потпис од Микробиологија (III семестар) Предуслов за полагање на предметот: потпис од Фармацевтска технологија 1 (V семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** на предметната програма Целта на предметот е студентите да стекнат и развијат разбирање на основните концепти на фармацевтската технологија, како што се основните регулаторни аспекти (Закони, правилници, фармакопејски барања и барања на добрата производна практика (ДПП) во насока на развој, производство, издавање и примена на фармацевтски дозирани форми (ФДФ)), како и запознавање со поимите, концептите и методите за анализа на фармацевтската инкомпатибилност, стабилноста на фармацевтските дозирани форми, реолошките карактеристки, фармацевтско-технолошките операции (механички, топлински, дифузиски) и стерилизацијата. Во рамки на предметот студентите исто така ќе се стекнат со знаења и разбирање на основните видови на ФДФ, и ексципиенси за нивна подготовка во насока на нивната функционалност и нивната безбедност. Студентите детално ќе се запознаат и ќе ги познаваат течните нестерилни ФДФ од типот на раствори од аспект на клучните фактори поврзани со нивна предфромулација, формулација и примена, но исто така и различните екстрактивни препарати и хомеопатските лекови.			

		• Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за анализа и проценка на основните регулаторни аспекти на развојот, производството и примената на ФДФ, вклучувајќи фармакопејски барања и ДПП. Тие ќе можат да интерпретираат и решаваат проблеми поврзани со фармацевтската инкомпатибилност и стабилноста на ФДФ, како и да ги анализираат реолошките својства на различни материјали и ФДФ во насока на ефикасност и безбедност при нивна примена. Студентите ќе развијат вештини за избор и примена на фармацевтско-технолошките операции, постапките на стерилизација, како и за подготвување и проценка на течни нестерилни ФДФ, екстрактивни препарати и хомеопатски лекови. Дополнително, тие ќе бидат способни да соработуваат во тимови за решавање на предизвици во контекст на развојот на безбедни и функционални фармацевтски производи. ***Резултати*** од учењето По завршувањето на предметот, студентите ќе бидат способни да: • Идентификуваат и објаснат основните регулаторни аспекти поврзани со развојот, производството и примената ФДФ, вклучувајќи фармакопејски барања и ДПП. • Анализираат и решаваат проблеми поврзани со фармацевтската инкомпатибилност и стабилност на фармацевтските дозирани форми. • Применат методи за анализа на реолошките својства на материјалите и ФДФ за да осигураат нивната ефикасност и безбедност. • Проценат и применат адекватни фармацевтско-технолошки операции за изработка на соодветни ФДФ. • Проценат и применат техники за стерилизација на ФДФ. • Подготват и проценат течни нестерилни ФДФ со фокус на предформулација, формулација и примена, вклучително и екстрактивни препарати и хомеопатски лекови. • Работат во тимови и соработуваат за решавање на предизвици во развојот на безбедни и функционални ФДФ.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Да се внесе *детална содржина* на предавањата организирани по поглавја и единици. Под секое поглавје да се внесат резултати од учење: **Поглавје: Регулаторни аспекти за ФДФ** • *Методска единица 1.* Регулаторни аспекти за ФДФ во насока на нивно производство, аптека, видови аптеки, простор. опрема и кадар, веледоргерија и индустриско производство, ДДП и ДПП. • *Методска единица 2.* Рецептологија, рецепт, видови на рецепт, пропишување, подготовка и издавање на лекови согласно важечки законски и подзаконски прописи. Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе ги разберат основите на регулаторната рамка за ФДФ, улогата на аптеките и веледрогериите, како и принципите на ДДП и ДПП. Тие ќе стекнат знаења за типовите рецепти, пропишувањето, подготовката и издавањето на лекови, како и за основните барања за производство, складирање и дистрибуција на

		лекови. Овие знаења ќе им овозможат примена на регулаторните принципи во пракса. **Поглавје: Инкомпатибилиност** • Запознавање со инкомпатибилност во насока на осигурување на стабилноста и ефикасноста на фармацевтските производи преку рационален избор на ексципиенси и амбалажа, гарантирање на компатибилност со активните фармацевтски состојки и минимизирање на ризиците од неочекувани проблеми што можат да го нарушат квалитетот и безбедноста на дозираната форма. Видови на инкомпатибилност како што се физичка, хемиска, физичко-хемиска и микробиолошка, кои можат да влијаат на квалитетот, ефикасноста и безбедноста на ФДФ и методи за нивно испитување како термални, хроматографски, спектроскопски и други аналитички техники за процена на инкомпатибилноста и идентификација на потенцијални интеракции меѓу активни супстанции, ексципиенси и контактна амбалажа. Резултати од учењето • Студентите ќе го разбираат значењето на инкомпатибилноста за осигурување на стабилноста и ефикасноста на ФДФ преку правилен избор на ексципиенси и амбалажа, како и гарантирање на компатибилност со активните фармацевтски состојки. Студентите ќе бидат запознаени со различни видови инкомпатибилност, вклучувајќи физичка, хемиска, физичко-хемиска и микробиолошка инкомпатибилност, и нивното влијание на квалитетот и безбедноста на ФДФ. Дополнително, ќе се запознаат со најчесто користените методи и аналитички техники кои се користат за процена на интеракции меѓу активни супстанции, ексципиенси и контактна амбалажа. **Поглавје: Стабилност** • Значење на стабилноста на активните супстанции и ФДФ, методологија и регулаторни барања за испитување на стабилноста, типови на стабилност, фактори кои влијаат врз истата и тестови за проценка на стабилноста низ различни фази на развој и производство на лекови. Резултати од учењето: • По завршување на предавањето, студентите ќе можат да објаснат што е стабилност и какво е нејзиното значење за безбедноста на пациентите и ефикасноста на терапијата. Ќе бидат во можност да идентификуваат фактори кои влијаат врз физичката, хемиската, микробиолошката, токсиколошката и терапевтската стабилност, да дефинираат и применат различни тестови за стабилност, како стрес тестови, долготрајни тестови и тестови за забрзано стареење, да пресметаат константи на брзина на деградација и проценат рок на траење на лековите. Студентите ќе бидат во можност да да ги интерпретираат барањата за испитување на стабилност наведени во соодветните водичи (ICH, EMEA) и ќе ги знаат основите за дизајн на протоколи за стабилност, вклучувајќи избор на серии, пакување, фреквенција на тестирање и услови на складирање. Сето ова ќе овозможи студентите да развијат практични вештини и аналитички пристап за обезбедување на квалитет и стабилност на лековите во фазата на развој и производство.

		Поглавје: Фармацевтско-технолошки операции • *Методска единица 1.* Основна терминологија и карактеристики на фармацевтско-технолошки операции и процес на производство, поделба на фармацевтско-технолошките операции. Филтрација (основни принципи, видови на филтрација, мембранска филтрација, филтрација на индустриско ниво), центрифугирање (принципи, видови на центрифугирање и типови на центрифуги). • *Методска единица 2.* Методи на уситнување, просејување, големина на честички и влијание врз процесите ин виво, како и при процесите на производство на ФДФ, техники за карактеризација на честичките по големина и дистрибуција по големина. • *Методска единица 3.* Топлински и дифузиски фармацевтско-технолошки операции со фокус на сушењето, видови и рамнотежна содржина на влага, и брзина на сушење како критичен параметар. Техники и опрема за сушење. • *Методска единица 4.* Мешање. Принципи на реологија во насока на нејзино влијание во подготовката и перформансите на ФДФ. Влијание на реолошките особини на материјалите врз процесибилноста, стабилноста, ефикасноста и безбедноста на дозираниот облик. Мешање како клучна фармацевтска-технолошка операција со акцент на улогата на реолошките својства во изборот на соодветни методи и опрема за мешање. Основни принципи на мешање и примена во фармацевтската технологија, типови на мешалки и опрема за мешање, како и фактори што влијаат на ефикасноста на процесот. • *Методска единица 5.* Стерилизација. Микробиолошки квалитет на ФДФ според начинот на нивна администрација согласно Европската фармакопјеа. Видови на стерилизација и изведба согласно барањата на Европската фармакопеја, ЕМЕА, ДПП. Биолошки индикатори и механизми за верификација на ефикасноста на стерилизацијата. Избор и примена на методи на стерилизација во производство на инјекциони раствори, офталмолошки производи, импланти, и други стерилни фармацевтски производи. Валидација и контрола на стерилизационите процеси. Резултати од учењето • По завршување на ова поглавје, студентите ќе стекнат знаења за основните принципи на фармацевтско-технолошките процеси и операции вклучени во производството на ФДФ. -Ќе ги познаваат основите на филтрацијата и факторите кои влијаат врз нејзината успешност. Ќе научат да изберат соодветен филтер според својствата на материјалите, опремата и условите, како и да разберат индустриската примена на филтрацијата. Дополнително, ќе се запознаат со принципите и типовите на центрифугирање и условите за успешно разделување на фази. -Студентите исто така ќе добијат знаења за влијанието на големината на честичките врз процесите ин виво и производството на ФДФ, заедно со методите за нивно

		уситнување, просејување и техниките за определување на големината и дистрибуцијата по големина на честичките. -Студентите ќе стекнат знаења за принципите на сушењето како топлинска и дифузиска операција, вклучувајќи ја улогата на рамнотежната содржина на влага и брзината на сушење во фармацевтската технологија. Исто така, ќе бидат способни да идентификуваат соодветни техники и опрема за сушење, да ги анализираат нивните предности и ограничувања, и да го изберат најсоодветниот метод според специфичните барања на материјалите и процесите. -Студентите ќе ја разберат улогата на реолошките својства на материјалите во подготовката, стабилноста и перформансите на ФДФ, како и нивното влијание врз процесибилноста, ефикасноста и безбедноста на производите. Тие ќе бидат способни да идентификуваат соодветни методи и опрема за мешање, да ги применат основните принципи на мешањето и да направат избор на соодветна опрема во зависност од спецификите на материјалот и производот. -Студентите ќе ја разберат важноста на стерилизацијата и ќе стекнат знаења за различните методи на стерилизација, нивните предности, недостатоци и примена. Исто така, ќе бидат способни да изберат соодветен метод на стерилизација, да анализираат биолошки индикатори и да применат принципи за контрола и валидација на процесите според регулаторните барања. **Поглавје: Течни нестерилни ФДФ** • *Методска единица 1*. Вовед во концептите на дизајн и развој на ФДФ, нивната класификација и значењето на изборот на соодветни ексципиенси. Принципи на формулација, функции на ексципиенсите и нивната улога во обезбедување стабилност, ефикасност и безбедност на дозираниот облик • *Методска единица 2*. Видови на течни ФДФ, нивните предности и ограничувања во однос на формулацијата и употребата. Ќе се опфатат методи за изразување концентрација, основни принципи на растворливост и стратегии за подобрување на растворливоста на активните супстанции за постигнување оптимална биорасположивост и терапевтска ефикасност. • *Методска единица 3*. Квалитет на вода за фармацевтска примена. Контаминенти на вода, методи и техники за пречистување на вода, складирање и дистрибуција на вода, регулирање на квалитет на вода за фармацевтска примена. • *Методска единица 4*. ФДФ во форма на раствори за орална и надворешна употреба, со нивна класификација и примена. Ќе се разгледаат течности како водени и неводени препарати согласно Европската фармакопеја и останатите релевантни фармакопеи (USP, BP) за орална примена (алкохолни раствори, еликсири, ароматични води, линктуси, сирупи, микстури, орални капки и раствори за лаважа на колон), за

		надворешна примена (лосиони, линименти, колодиуми, препарати за уво, иригации, препарати за плакнење на уста и грлото, како и назални производи) со акцент на нивниот состав, подготовка и начин на примена. • *Методска единица 5.* Екстрактивни препарати и хомеопатски лекови (водени, етанолно-водени и неводени) со постапки на изработка, фармацевтско-технолошки испитувања, означување и чување на истите. Резултати од учењето • Студентите ќе стекнат познавање за основните концепти на дизајн и развој на ФДФ, класификацијата на течни нестерилни ФДФ и значењето на ексципиенсите за стабилност, ефикасност и безбедност на производите. -Ќе бидат способни да идентификуваат различни видови течни ФДФ, да ги анализираат нивните предности и недостатоци и да ги применат основните принципи за подобрување на растворливоста и биорасположивоста на активните супстанции. -Ќе ги разберат барањата за квалитетот на водата во фармацевтската индустрија, методите за пречистување, складирање и дистрибуција, како и регулирањето согласно релевантните фармакопеи. -Ќе стекнат практични вештини за класификација, состав и подготовка на раствори за орална и надворешна примена со акцент на фармакопејските барања и нивната соодветна примена. -Ќе ги усвојат методите за подготовка и чување на екстрактивни препарати и хомеопатски лекови, разбирајќи ја нивната специфична примена и регулирање во фармацевтската пракса.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Основи на фармација (I семестар), Биофизика (I семестар), Физичка хемија за фармацевти (II семестар), Микробиологија (III семестар) се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини на Фармацевтска технологија 2, Фармацевтска технологија напредно ниво, Биофармација.
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.

15.	Вкупен расположив фонд на време	7 ЕКТС x 30 часа = 210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	8 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 67 часови Подготовка за практична настава: 22,5 часови Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часови Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	5

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.	А. Симов	Фармацевтска технологија	Ж. Симова	2001 цврста копија
		2.	Ansel M., Popovich N., Allen L.	Pharmaceutical dosage forms and drug delivery systems 8-th Ed.;	Williams & Wilkins,	2004 електронско издание
		3.	Aulton M.	Pharmaceutics, The science of dosage form design, 2ndEd;	Churchill Livinstone,	2002 електронско издание
				Remington The Science and Practice of Pharmacy 21stEd	Mack Pub. Co.,	2005 електронско издание
				European Pharmacopeia		електронско издание
				British Pharmacopeia		електронско издание
				British National Formulary		електронско издание
				United States Pharmacopeia		електронско издание
				United States Pharmacopeia Drug information		електронско издание
				Законски и подзаконски акти од областа на фармацијата		електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		електронско издание
		2.	Joseph D. Nally	Good Manufacturing Practices for Pharmaceuticals, Sixth Edition,	Informa Healthcare	2007 електронско издание
		3.	Kim Huynh-Ba	Handbook of Stability Testing in Pharmaceutical Development	Springer	2009 електронско издание
		4.	T. Sandle	Sterility, Sterilisation and Sterility Assurance for Pharmaceuticals: Technology, Validation and Current Regulations	Elsevier Science	2013 електронско издание

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА 2**			
2.	Код	ФФИФХ23			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	3-та	семестар	V
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Александра Гроздановa (одговорен наставник) Проф. д-р Љубица Шутуркова Проф. д-р Зоран Стерјев Вонреден проф. д-р Зорица Наумовска Асс. м-р Евгенија Михајлоска Асс. м-р Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: ислушан Патологија и патофизиологија (3 семестар), ислушан Фармацевтска хемија 1 (4 семестар) Предуслов за полагање на предметот: положен Микробиологија (3 семестар), положен Фармацевтска хемија 1 (4 семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции) Цел на предметот е да ги запознае студентите со фармацевтско-хемиските принципи потребни за разбирање на односот помеѓу структурата и активноста (САР), и со молекуларните механизми на дејствување на лековите распределени според фармакотерапевтските групи на кои им припаѓаат. Очекувани резултати: По завршување на предметот студентите ќе се стекнат со знаења за начинот на дејствување врз основа на структура активност односот на терапевтските агенси кои се употребуваат при третманот на различни заболувања.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1**: **Антимикробни лекови** Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат групите на антимикробни лекови кои делуваат против главните патогени кои предизвикуваат инфекции кај хуманата популација. **Поглавје 2: Антисептици и дезифициенси** • Биоциди; Микробиолошка сензитивност кон биоциди; Претставници, примена, структурни карактеристики и механизам на делување на класите на антисептиците и дезифициенсите: оксиданси, соединенија на тешки метали,			

		халогени и соединенија на база на халогени, катјон активни антисептици, деривати на акридин и хинолин, алкохоли, алдехиди, феноли, алкилни и халогендеривати на фенол, киселини; Студентите ќе можат да ги препознаат и класифицираат агенсите кои се користат како антисептици и дезифициенси и да ја опишат нивната примена, да го опишат механизмот на дејство и механизмите на резистенција и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 3: Антибиотици** • Механизам на делување на антибиотици; Антимикробен спектар на активност; Микробиолошка резистентност; Хемиска класификација на антибиотици; Претставници, примена, структурни карактеристики и механизам на делување на класите на антибиотици: β лактамски антибиотици, аминогликозидни антибиотици, антибиотици со макролидна структура, тетрациклински антибиотици, антифунгални антибиотици, полипептидни антибиотици; Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат групите на антибиотици, да ги препознаат главните претставници на класите, да го опишат механизмот на дејство и механизмот на резистенција, да ја опишат нивната примена и да ја разберат врската помеѓу структурата и антибиотската активност и да ги разберат предизвиците за развој на нови антибиотици. **Поглавје 4: Сулфонамиди** • Инхибитори на синтеза на фолна киселина; Структурни карактеристики на сулфонамиди и сулфони; Механизам на дејство; Микробиолошка резистентност; Претставници на сулфонамиди и сулфони нивна примена и структурни карактеристики. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат групите на сулфонамиди и сулфони, да ги препознаат главните претставници на овие групи, да го опишат механизмот на дејство и механизмот на резистенција, да ја опишат нивната примена и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 5: Туберкулостатици** • Туберкулоза; Генерални принципи на терапијата за туберкулоза; Претставници и структурни карактеристики на лековите од прва, втора и трета линија на терапија за туберкулоза. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги опишат главнити принципи на терапијата за туберкулоза, да ги препознаат главните претставници на оваа група на лекови, да го опишат механизмот на дејство и резистенција на овие лекови,да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста и да го опишат современиот пристап на терапија за туберкулоза. **Поглавје 6: Антивирусни лекови** • Вируси и стадиуми на вирусна репликација; Класи на селективни инхибитори на вирусната репликација;

		Претставници, примена, структурни карактеристики и механизам на делување на класите на антивирусни лекови: нуклеозидни аналози, не-нуклеозидни аналози, инхибитори на вирална протеаза, инхибитори на вирална дна полимераза, инхибитори на создавање на вирусна капсула, инхибитори на неуроаминидази, имуномодулатори, имуноглобулини; Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат групите на антивирусни лекови, да ги препознаат главните претставници, да го опишат механизмот на антивирусно дејство и резистенција, да ја опишат нивната примена, да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста за тоа како хемиските модификации влијаат на активноста на лекот и да ги разберат предизвиците за развој на нови антивирусни лекови. **Поглавје 7: Антипротозоици** • Протозоичните болести и протозои; Амебијаза и амебициди; Антипротозочни лекови против *pneumocystis, toxoplasmosis, leishmaniasis, trypanosomiasis,* Претставници, примена и механизам на делување на класите на антипротозоици. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат протозоичните болести и лековите кои делуваат против медицинските битни протозои, да го опишат механизмот на дејство и резистенција и да ја разберат врската помеѓу структурата и антипротозоичната активност. **Поглавје 8: Антималарични лекови** • Маларија и маларична инфекција; Клиничка и фармаколошка класификација на антималаричните лекови; Претставници, механизам на дејство и структурни карактеристики на класите на антималарични лекови. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги опишат принципите на терапија за маларија и да ги разберат механизмите на делување на антималарични лекови во различните фази на болета, да ги класифицираат групите на антималарични лекови, да ги препознаат главните претставници и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 9: Антихелментици** • Клинички значајни хелминти; Антихелминтици против нематоди, трематоди и цестоди, Претставници, примена, структурни карактеристики и механизам на делување на класите на антихелминтици. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги опишат главните класи и претставниците на антихелминтици кои делуваат против нематоди, трематоди и цестоди, да ја опишат нивната примена, да ги разберат механизмите на делување и механизмите на резистенција и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 10: Антифунгални лекови** • Фунгални инфекции; Механизми на антифунгално дејство; Класи на антифунгални агенси; Претставници, примена, структурни карактеристики и механизам на делување на класите на антифунгални агенси.

		Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги опишат клиничките типови на фунгални инфекции, да ги препознаат и класифицираат лековите кои делуваат против фунгалните и габичните инфекции, да ги препознаат главните претставници на овие групи, да го разберат механизмот на делување и резистенција и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста. **Поглавје 11: Хемотерапевтици** • Механизам на делување и механизми на резистенција на антинеопластичните агенси. Претставници, примена, структурни карактеристики на класите на хемотерапевтици: алкилирачки агенси, антиметаболити, антибиотици, билни алкалоиди и гликозиди; Резултати од учењето: Студентите ќе можат да го разберат механизмот и начинот на делување на хемотерапевтиците, да ги класифицираат групите на антинеопластици и да ги препознаат главните претставници на овие групи и нивната главна примена, да го разберат механизмот на резистенција и да ја разберат врската помеѓу структурата на лекот и антинеопластичната активност. **Поглавје 12: Биолошки лекови и вакцини** • Категории на биолошки лекови и видови на вакцини. Специфичности на оваа категорија на лекови, механизам на делување и нивна примена во клиничката пракса. Претставници, примена, структурни карактеристики на класите на лекови добиени со ДНА технологија, моноклонални антитела, имунотерапија и вакцини; Резултати од учењето: Студентите ќе можат да го разберат механизмот и начинот на делување на биолошките лекови, да ги класифицираат групите на антинеопластици и да ги препознаат главните претставници на овие групи и нивната главна примена, да го разберат механизмот на резистенција и да ја разберат врската помеѓу структурата на лекот и антинеопластичната активност.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Да се наведе: 3. Предзнаењата од предметите, Патологија и патофизиологија, Микробиологија и Медицинска хемија, се потребни/поврзани со предметот 4. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите Фармацевтска хемија 2, Основи на клиничка фармација, Клиничка фармација и фармакотерапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.		16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови

	Форми на наставните активности	16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	0 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: **45** часови Подготовка за практична настава: **22,**5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови теоретски 7,5 часови теоретски
18	Услови за потпис	40 бодови		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	x

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Jr. Beale, John, John H. Block	Wilson and Gisvold's Textbook of Organic Medicinal and Pharmaceutical Chemistry 12th Edition	Wolters Kluwer Health	2010/електронско издание

		2.	Roche, V. F., Zito, S. W., Lemke, T. L., & Williams, D. A	Foye's Principles of Medicinal Chemistry 8th Edition	Lippincott Williams & Wilkins, a Wolters Kluwer business.	2020/електронско издание
		3.	David E. Golan	Principles of Pharmacology: The Pathophysiologic Basis of Drug Therapy 4th Edition	Lippincott Williams & Wilkins, a Wolters Kluwer business.	2016/електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Релевантни научни трудови од областа		
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОСНОВИ НА ФАРМАКОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФИФХ24			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	V
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Надица Матевска-Гешковска (одговорен наставник) Проф. д-р. Кристина Младеновска Проф. д-р Димче Зафиров Доц. д-р Марија Станинова Асистент м-р Елизабета Крстевска Божиновиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Анатомија и физиологија (I семестар, положен), Молекуларна и клеточна биологија и генетика (II семестар, положен), Патологија и патофизиологија (III семестар, ислушан), Биохемија (IV семестар, ислушан), Основи на имунологија (IV семестар, ислушан) Предуслов за полагање на предметот: потпис од Основи на фармакологијата (V семестар), Патологија и патофизиологија (III семестар, положен).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** на предметната програма Целта на предметот е студентите да стекнат разбирање на основните концепти на фармакологијата кои понатаму ќе можат да ги применуваат во други предмети од студиската програма. Студентите ќе ги осознаат механизмите на дејство на лековите (фармакодинамиката) и како телото се однесува кон лековите (фармакокинетиката) и ќе можат да ги применат знаењата во решавање на едноставни медицински проблеми; ќе можат да направат одредени мерења на фармаколошкото дејство на нови или недефинирани супстанци, да ја истражуваат функцијата на ендогените медијатори и да ја мерат токсичноста и несаканите дејства на лековите користејќи различни оперативни системи и здрави доброволци и пациенти за фармаколошко-токсиколошко и клиничко испитување; ќе можат да направат одредени пресметки поврзани со афинитетот и потентноста на лековите и со процесите на апсорпција, дистрибуција, метаболизам и елиминација на лековите; ќе можат да ги разбираат различните штетни дејства, индивидуалните варијации и заемните дејства на лековите и ќе можат да ги објаснат во контекст на поширокото фармаколошко дејство, односно односот ризик/корист од лековите; ќе ги осознаат општите начела на хемиската трансмисија и невромодулацијата во			

		периферниот нервен систем и преку нив, медијаторите и лековите кои вршат контрола на функцијата на нервниот систем, со што ќе можат да ги применуваат различните начини за фармаколошко влијание врз овие процеси; ќе ги осознаат главните карактеристики на воспалителната реакција и медијаторите кои ги контролираат имунолошките одговори со што ќе можат да го разберат дејството на антиинфламаторните лекови; и ќе знаат како да најдат и да толкуваат научна информација за нови механизми на дејство на лековите и да ги проценат доказите за ефикасноста и безбедноста на лековите во нивниот развој и примена. ***Резултати*** од учењето Студентите ќе се стекнат со знаење и способност за поврзување на фармакологијата со сродните медицински науки, толкување на дејствата на лековите и употребата на фармакодинамиката и фармакокинетиката во терапевтиката.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1:** Општи начела на дејството на лековите • Модели на врзување на лековите за целите и класификација на примарните цели; специфичност, афинитет, потентност, агонизам/антагонизам на лековите; десензитизација и тахифилакса; констутутивна активација на рецептори, квантитативни аспекти на заемните дејства лек-цел Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје студентите ќе ги осознаат основните начела на дејството на лековите на примарните терапевтски цели и целите надвор од терапевтската цел (основните начела на примарната и секундарната фармодинамика) **Поглавје 2:** Молекуларни аспекти на дејство на лековите • Целни места на дејство на лековите (рецептори, јонски канали, ензими, транспортери); молекуларна структура и механизми на активација на рецепторите (лиганд-зависни јонски канали, рецептори асоцирани со Г-протеини, рецептори врзани за кинази и сродни рецептори, нуклеарни рецептори) и јонските канали активирани со напон; секундарни гласници и сигнални каскади. Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе го осознаат односот помеѓу лекот, молекуларната структура на рецепторот или јонскиот канал и функционалната врска со ефекторниот систем. **Поглавје 3:** Клеточни аспекти на дејство на лековите • Регулирање на интрацелуларното ниво на калциум; ексцитација, контракција и ослободување на хемиски медијатори; Патофизиолошки и фармаколошки гледишта на процесите на клеточна пролиферација, ангиогенеза и апоптоза Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе го разберат влијанието на лековите врз механизмите со кои се регулира клеточната функција како и патофизиолошкото значење на процесите на клеточна пролиферација и апоптоза и нивното значење за откривањето и примената на лековите. **Поглавје 4:** Методи и мерења во фармакологијата

		• Биоесеј- општи начела и дизајн; *ин витро* и *ин виво* оперативни системи за фармаколошко-токсиколошко испитување; хумани испитаници во експериментите за оценка на хумаката фармакологија; Клинички испитувања-дизајн, избегнување на грешки, големина на примерок, мерење на клинички исход, конвенционален и Баесов пристап, плацебо, мета-анализа, мерење на односот корист/ризик. Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе ги разберат начелата на мерење на фармаколошката активност, безбедноста и токсичноста на нови супстанци (потенцијални лекови), од лабораториско до клиничко ниво. **Поглавје 5:** Кинетика на лековите • Механизми на молекуларен транспорт на лековите; Основни карактеристики на процесите на апсорпција, дистрибуција и елиминација на лековите; Основни карактеристики на линеарната и нелинеарната фармакокинетика; Квантитативна фармакокинетика- основни фармакокинетски модели и показатели на обемот и брзината на АДМЕ-процесите. Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе ги осознаат процесите кои ја одредуваат биорасположливоста на лековите, факторите кои влијаат врз овие процеси/биорасположливоста и основните модели за мерење на показателите на кинетиката на АДМЕ-процесите, како и нивното основно значење во определувањето на соодветниот пат на примена и режимот на дозирање на лековите. **Поглавје 6:** Хемиски медијатори и периферен нервен систем • Општи начела на хемиската трансмисија; основни фази на неврохемиската трансмисија и место на делување на лековите, Холинергична трансмисија (физиологија на холинергичната трансмисија; трансмитери во холинергичната трансмисија; ацетилхолински рецептори; ефекти на лековите врз холинергичната трансмисија-механизам на дејство, ефекти, несакани ефекти, фармакокинетика и клиничка употреба). Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе ги осознаат механизмите преку кои лековите дејствуваат врз хемиската трансмисија и невромодулацијата во периферниот нервен систем кои може да бидат применливи и за централниот нервен систем, со посебен осврт на холинергичната трансмисија. **Поглавје 7:** Адренергична и серотонергична трансмисија, пурински невротрансмитери и канабиноиди • Физиологија на адренергичната трансмисија; трансмитери во адренергичната трансмисија; адренергични рецептори; лекови што дејствуваат на адренергични рецептори и норадренергични неврони, 5-хидрокситриптамин (5-HT, серотонин) како периферен медијатор (биосинтеза и метаболизам; 5-HT-рецептори; фармаколошки ефекти на 5-HT; лекови што дејствуваат на 5-HT-рецепторите), пурински

		невротрансмитери- ATP, ADP, аденозин (нуклеозидни и нуклеотидни пурински рецептори; функционални и фармаколошки гледишта), канабиноиди (ендоканабиноиди, растителни канабиноиди и синтетички лиганди; канабиноидни рецептори; физиолошки механизми; механизам на дејство). Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе ги осознаат механизмите и терапевтскиот потенцијал на лековите коишто дејствуваат врз адренергичната трансмисија, на 5-НТ рецепторите во периферниот и централниот нервен систем и на лековите кои влијаат на пуринергичниот контролен систем и на ендоканабиноидниот систем. **Поглавје 8:** Воспаление и имунолошки реакции • Акутна воспалителна реакција и исход од воспалителниот одговор; медијатори на воспалителните и имуните реакции, анти-инфламаторни и имуносупресивни лекови. Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе ги осознаат главните карактеристики на воспалителната реакција и главните медијатори кои ги контролираат имуните одговори. **Поглавје 9:** Пептидни и протеински медијатори • Општи начела на фармакологијата на пептидите; типови пептидни медијатори; биосинтеза и регулација на пептидите; пептидни антагонисти; пептидни и протеински лекови (фармаколошки дејства, механизам на дејство, фармакокинетика, несакани ефекти), азот оксид како локален и циркулирачки медијатор (биосинтеза на азот оксидот; разградување и пренос; дејства; терапевтски пристапи- азот оксид, донори на азот оксид, инхибитори на синтезата на азот оксид, лекови кои го потенцираат дејството на азот оксид). Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе ги осознаат главните карактеристики на пептидните медијатори и лекови и нивниот терапевтски потенцијал, како и терапевтскиот потенцијал на лековите кои дејствуваат на системот L-аргинин/NO. **Поглавје 10:** Штетни дејства на лековите и индивидуални варијации во одговорите на третман • Видови несакани ефекти; Токсичност на лековите/општи механизми на оштетување на клетките и клеточна смрт-нековалентни интеракции (липидна пероксидација, создавање на токсични радикали на кислород, реакции што предивикуваат празнење на резервите на глутатион, модификација на сулфхидрилните групи), ковалентни интеракции, хепатотоксичност, нефротоксичност; мутагенеза и карциногенеза; тератогенеза и оштетување на фетусот предизвикано од лекови; алергиски реакции на лекови), Индивидуални варијации во одговорите на третман (влијание на расната припадност, етничкото потекло, возраста, полот, физиолошката состојби-бременост, доење, генетските фактори, идиосинкразија, болестите, заемни дејства на лековите на фармакодинамско и фармакокинетско ниво).

		Резултати од учењето: • По завршување на ова поглавје, студентите ќе се стекнат со способност да ги предвидуваат, избегнуваат и препознаваат несаканите ефекти на лековите во клиничката пракса и да ги препознаваат факторите кои доведуваат до интер- и интраиндивидуални разлики во одговорите на лек и соодветно да го прилагодуваат лекувањето.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите: Анатомија и физиологија (I семестар), Молекуларна и клеточна биологија и генетика (II семестар), Патологија и патофизиологија (III семестар), Биохемија (IV семестар), Основи на имунологија (IV семестар). 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини на предметите: Фармацевтска хемија 2 (VI семестар), Фитотерапија (VI семестар), Основи на клиничка фармација (VII семестар), Клиничка фармација и фармакотерапија (VIII семестар), Биофармација (VIII семестар), Токсикологија (IX семестар), Фармакогенетика и фармакогеномика (IX семестар).		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски, решавање на проблеми): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/ семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 45 часови Подготовка за практична настава: 22,5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1 и 16.2)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50 бодови	
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10 бодови	

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 60 бода	5 (пет) F
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
1.	Х. П. Ранг, М.М. Дејл, Ц. М. Ритер, Р. Ц., Флауер	Фармакологија	Академски печат	2007/ 6то издание цврста копија, превод на македонски јазик
2.	Ritter JM, Flower RJ, Henderson G, Loke YK, MacEwan D, Robinson E, Fullerton J.	Rang & Dale's Pharmacology	Elsevier	2023/ 10th edition електронска копија
3.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
1.	Л.Л. Брантон, Ц. С. Лејзо, К. Л. Паркер	Гудман и Гилман: Фармаколошка основа на терапевтиците	Табернакул	2011/ 11 издание цврста копија, превод на македонски јазик
2.	Д. И. Голан, А. Х. Ташцијан, Е. Ц. Асмстронг, Е. В. Армстронг	Базични принципи на фармакологијата	Арс Ламина	2008 цврста копија, превод на македонски јазик
3.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		2018- електронски изданија

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**СОЦИЈАЛНА ФАРМАЦИЈА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**			
2.	Код	ФФИФХ25			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3та	семестар	V
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александра Грозданова (одговорен наставник): Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска Асс. м-р Евгенија Михајлоска Асс. м-р Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање од областа на социјална фармација и односот на општеството кон лековите и лекувањето. Предмет на проучување е социјалната улога на фармацевтот како здравствен работник, давањето на фармацевтска грижа и комуникација и едукација на пациенти. Предметот ги опфаќа и социјални истажувања во фармацијата како и фармацијата како дел од јавното здравство. По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да ја разбира улогата на фармацевтот во здравството, за организирање и давање на фармацевтска грижа, активно да учествува во јавното здравствените политики и да применува различни методологии во здравствените социјални истражувања.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1**: **Развој и улога на социјалната фармација** Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ја опишат улогата на социјалната фармација во здравствената заштита и да го разберат влијанието на општествените влијанија врз здравството и употребата на лекови. **Поглавје 2: Здравје, болест и лекување како социјални општествени состојби** Резултати од учењето:			

		• Студентите ќе можат да ги опишат социјално општествените состојби и да ги разберат предизвиците во здравствената заштита во процесот на обезбедување на емпатична, еднаква и ефикасна грижа. **Поглавје 3: Употреба, злоупотреба и плацебо ефект на лековите** Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги опишат различните контекси на употребата на лекови, како терапевтски придобивки, злоупотреба и плацебо ефектот, со цел да можат да идентификуваат придобивка, резултат или потенцијална злоупотреба на лекови. **Поглавје 4: Професионалната улогата на фармацевтот како здравствен работник** Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ја разберат улогата на фармацевтот во здравството и давањето на фармацевтска грижа. **Поглавје 5: Фармацијата како дел од јавното здравство** Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ја разберат улогата и одговорноста на фармацевтот во промовирање на јавното здравје преку активности како што се превенција на болести, здравствена едукација и програми за вакцинација. **Поглавје 6: Социјални истражувања во фармацијата** Резултати од учењето: • Студентите ќе бидат способни да дизајнираат, спроведат и анализираат истражувања за социјалните аспекти на здравствената заштита и употребата на лекови. Ова вклучува разбирање на однесувањето на пациентите, евалуација на интервенциите во здравствената заштита и проценка на јавно здравствените политики. **Поглавје 7: Подготовка на студентите за професионална пракса – Фармацевтска игра (Pharmacy game)** • Резултати од учењето: Студентите ќе се запознаат со играта Pharmacy game која претставува современа алатка во едукација на идните фармацевти за аптекарска практика. Студентите ќе се запознаат со принципите на играта која ја имитира работата во реалната аптека, дизајнирана на начин да испорача учење и искуство во аптекарската пракса на студентите низ игра, а со цел подобрување на практичните и комуникациските вештини и развој на професионалност кај идните фармацевти.
13	Заемна поврзаност на предметите	3. Предзнаењата од предметите – Основи на фармација 4. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) за следење на наставните содржини на Фармацевтска грижа,

		Основни на клиничка фармација, Клиничка фармација и фармакотерапија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени случаи и проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	0
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	15 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	26-50
	19.2	Колоквиум: бодови	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	x
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	10-20

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	
22.	Литература		
	22.1.	Задолжителна литература	

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Parastou Donyai	Social and Cognitive Pharmacy: Theory and Case Studies	Pharmaceutical Press	2012/ електронско издание
		2.	Nathaniel M. Rickles, Albert I. Wertheimer, Mickey C. Smith	Social And Behavioral Aspects Of Pharmaceutical Care 2nd Edition	Johns and Bartlett Publishers	2010/ електронско издание
		3.	Robert B. Volas, Nil Coxacy	Јавно здравство и превентивна медицина (Wallace/Maxcy Rosenay-Last)	Табернакул	2010/ хард копија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		2023-

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА 3**			
2.	Код	ФФИФХ26			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та	семестар	VI
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Зоран Стерјев (одговорен наставник) Учесници во наставата: Проф. д-р Љубица Шутуркова Проф. д-р Александра Гроздановa Проф. д-р Кристина Младеновска Вонреден. проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Вонреден проф. д-р Зорица Наумовска Асс. м-г Евгенија Михајлоска Асс. м-г Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан: Фармацевтска хемија 1 (4 семестар), Фармацевтска хемија 2 (5 семестар), Основи на фармакологија (5 семестар). Предуслов за полагање на предметот: (положен Фармацевтска хемија 1) (4 семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Цел на предметот е да ги запознае студентите со фармацевтско-хемиските принципи потребни за разбирање на односот помеѓу структурата и активноста (САР), и со молекуларните механизми на дејствување на лековите распределени според фармакотерапевтските групи на кои им припаѓаат. Очекувани резултати: По завршување на предметот студентите ќе се стекнат со знаења за начинот на дејствување врз основа на структура активност односот на терапевтските агенси кои се употребуваат при третманот на различни заболувањаистите и донесување на стручни мислења базирани на резултатите од истите а во насока на унапредување на јавното здравје и перформансите на здравствените системи.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од	**Поглавје 1: Лекови кои делуваат депресантно и стимулативно на ЦНС** • Нервен систем и групи на лекови кои делуваат на нервниот систем; Механизам на дејство, претставници, структура, најзначајни несакани ефекти и интеракции на групите на лекови кои делуваат на			

	учење за секое поглавје	централниот нервен систем: анестетици; барбитурати; бензодиазепини; лекови за третман на инсомниа; стимулатори на централен нервен систем; Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат групите на лекови кои делуваат на централниот нервен систем, да ги препознаат најзначајните претставници на овие групи, да ја опишат нивната примена, механизмот на дејство, несаканите реакции и интеракции и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 2: Антиконвулзиви** • Антиепилептични лекови; Механизам на дејство, Структура-активност; Хемиски и фармаколошки карактеристики на антиепилептици Резултати од учењето: Студентите ќе можат да го опишат механизмот на дејство на антиконвулзивите, да ги препознаат најзначајните претставници на антиепилетичните лекови, да ја опишат нивната примена и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста. **Поглавје 3: Централни допаминергични лекови** • Допамин, допамински рецептори и допаминергични патишта; Лекови за третман на Паркинсонова болест: допамински агонисти, МАО В инхибитори; неергот деривати, антихолинергични лекови. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги опишат постапките на допамински-фокусирана фармакотерапија, да го опишат механизмот на делување на централните допаминергични лекови, да ги препознаат препаратите на групата на лекови кои се користат за третман на Паркинсонова болест и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 4 : Лекови за третман на Алцхајмерова болест** • Фармакотерапевтски пристап за третман на Алцајхмерова болест; Ацетилхолинестераза инхибитори; N-метил D-аспартат рецептор антагонисти. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да го опишат механизмот на делување на лековите за третман на Алцхајмерова болест, да ги препознаат препаратите и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 5: Локални анестетици, аналгетици и антипиретици** • Молекуларен механизам на дејство на локалните анестетици; Локални анестетици-препарати, структура-активност и примена; Аналгетици/антипиретици и антиинфламаторни лекови- механизам на дејство, препарати, структура-активност и примена. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да го опишат механизмот на делување на локалните анестетици, аналгетици и антиинфламаторните лекови, да ги препознаат препаратите, нивната главна примена, најзначајните несакани ефекти и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 6: Адренергични, холинергични лекови и сродни агенси** • Автономен нервен систем; Адренергични невротрансмитери и рецептори; Симпатомиметички лекови; Адренергични рецепторни агонисти и антагонисти;

		Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат лековите кои делуваат на автономниот нервен систем, да го опишат механизмот на делување на овие лекови, да ги препознаат препаратите, нивната главна примена, најзначајните несакани ефекти и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 7. Лекови кои дејствуваат на кардиоваскуларниот Систем** • Антиангинозни лекови / вазодилататори, лекови кои го модифицирааткардиотоничниот ритам, антихипертензивни лекови, Антихиперлипемични/антисклерозирачки лекови; Диуретици; Антикоагулантни лекови/антиагрегациски лекови Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги класифицираат лековите кои делуваат на кардиоваскуларниот систем, да го опишат механизмот на делување на групите на овие лекови, да ги препознаат препаратите, нивната главна примена, најзначајните несакани ефекти и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 8: Стероиди и терапевтски сродни соединенија** • Стероиди и нивни аналози со терапевтска примена; Развој на адренокортикоидни лекови; Системски кортикостероиди; Инхалациони и интраназални гликокортикоиди; Адренокортикоидни антагонисти; Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги препознаат и класифицираат стероидите кои се користат во терапија на различни заболувања, да ги опишат механизмите на адренокортикоидно дејство, да ги препознаат препаратите, фармаколошки ефекти и нивната клиничка апликација, најзначајните несакани ефекти и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 9: Хистамин и антихистаминици** • Механизам на делување, врска помеѓу структурата и активноста на претставници од групите на антихистаминици: H_1- антагонисти, инхибитори на ослободување на хистамин, двојно-делувачки антихистаминисти Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги препознаат и класифицираат лековите кои припаѓаат во групата на антихистаминици, да ги опишат механизмите на дејство, фармаколошки ефекти, најзначајните несакани ефекти и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 10: Лекови за третман на заболување на коски** • Калциотерапија; Бофосфонати; Селективни модулатори на естрогенските рецептори. Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги препознаат и класифицираат групите на лекови кои се користат за третман на на заболување на коски, да ги опишат механизмите на дејство, фармаколошки ефекти, најзначајните претстваници, несакани ефекти и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови **Поглавје 11: Лекови за третман на гастроинтестинални нарушувања**

		• Лекови за третман на ахлорхидрија; Лекови за третман на улкусна болест, антациди, инхибитори на протонска пумпа, H_2- антагонисти; Антидијароици; Лаксативи; Антиеметици; Гастроинтестинални хормони Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги препознаат и класифицираат групите на лекови кои се користат за третман на гастроинтестинални нарушувања, да ги опишат механизмите на дејство, фармаколошки ефекти, најзначајните претставници, несакани ефекти и да ја разберат врската помеѓу структурата и активноста на оваа група на лекови. **Поглавје 12. Витамини и олигоелементи** • Липидо-растворливи витамини; Хидросолубилни витамини; терапевтска примена на микро и макроелементи; препарати на железо и третман на анемија предизвикана од недостик на железо Резултати од учењето: Студентите ќе можат да ги препознаат и класифицираат групите на витамини, да ги опишат нивните фармаколошки ефекти и да ја опишат терапевтската примена на микро и макроелементите.		
13	Заемна поврзаност на предметите	• Предзнаењата од предметите, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Основи на фармакологија се потребни/поврзани со предметот • Знаењата од предметот Фармацевтска хемија 1 и Основи на фармакологија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: **75** часови Подготовка за практична настава: **22,**5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови теоретски 7,5 часови теоретски

18	Услови за потпис	40 бодови	
19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	John M. Beale,	Organic Medicinal and Pharmaceutical Chemistry	Lippincott Williams & Wilkins, a Wolters Kluwer	2011/електронско издание 12-то
2.	Donald Cairns	Essentials of Pharmaceutical Chemistry	Pharmaceutical Press	2012/електронско издание
3.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.		Авторизирани предавања	Фармацевтски факултет-Скопје, УКИМ; Медицински факултет-Скопје, УКИМ	Тековна година//електронска копија
2.				
3.				

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 2**			
2.	Код	ФФИФТ27			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	VI
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	(внеси број) ЕКТС кредити 7			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Да се наведат наставници кои ќе усетвуваат во наставата. Одговорниот наставник да биде напишан прв со назнака во заграда за одговорен наставник) Проф. д-р. Марија Главаш Додов (одговорен наставник) Проф. д-р. Катерина Горачинова Проф. д-р Рената Славеска Раички Проф. Д-р. Маја Симоноска Црцаревска Проф. д-р Никола Гешковски Доц. д-р Љубица Михаилова Доц. д-р Душко Шалабалија Асс. Теодора Тасевска (практична настава)			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот:, потпис од Фармацевтска технологија I (V семестар) Предуслов за полагање на предметот: положен Фармацевтска технологија 1 (V семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** на предметната програма Целта на предметот е студентите да стекнат детални знаења и разбирање за развојот, подготовката и фармакопејските барања за конвенционалните стерилни и нестерилни препарати од типот на течни, полуцврсти и цврсти фармацевтски дозирани форми (ФДФ), како и фармацевтско-технолошките испитувања значајни во нивниот претформулациски и формулациски развој и нивното производство. Во рамки на предметот студентите исто така ќе се стекнат со разбирање за терапевстките аспекти при дизајнот на овие ФДФ како и значајните физичко-хемиски својства на лековитите супстанции и специфичните			

		ексципиенси што се користат во нивната подготовка. Истовремено, студентите ќе се запознаат и со процесите на производство на конвенционалните ФДФ според тековните стандарди на ДПП и најзначајните процесни параметри што влијаат на нивниот квалитет. . • Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за анализа и проценка на основните регулаторни аспекти на развојот, производството и примената на конвенционалните ФДФ, вклучувајќи ги и фармакопејските барања за истите. Тие ќе можат да решаваат поблеми поврзани со формулацискиот развој и начин на подготовка на дозираните форми, како и да ги анализираат фармацевтско-технолошките параметри значајни за истите. • Студентите ќе развијат вештини за подготвување и проценка на квалитетот на конвенционалните ФДФ (стерилни и нестерилни препарати од типот на течни, полуцврсти и цврти ДФ) како магистрални и галенски препарати, како и готови производи изработени по индустриски пат. ***Резултати*** од учењето По завршувањето на предметот, студентите ќе бидат способни да: • Подготват и проценат течни стерилни ФДФ со фокус на предформулација, формулација и примена, • Подготват и проценат ФДФ од типот на течни дисперзни системи (колоиди, суспензии и емулзии) со фокус на предформулација, формулација и примена, • Подготват и проценат гасовити ФДФ со фокус на предформулација, формулација и примена, • Подготват и проценат полуцврсти ФДФ за надворешна употреба со фокус на предформулација, формулација и примена, • Подготват и проценат ФДФ за апликација во телесните шуплини со фокус на предформулација, формулација и примена, • Подготват и проценат цврсти необложени ФДФ (прашкасти производи, таблети и капсули) со фокус на предформулација, формулација, и примена • Подготват и проценат цврсти обложени ФДФ со фокус на предформулација, формулација, техники на обложување и примена • Дискутираат за технолошките процеси на производство на конвенционалните ФДФ и соодветните in-process-ни контроли • Анализираат и решаваат проблеми поврзани со фармацевтскиот развој на конвенционалните ФДФ • Применат различни методи за анализа на конвенционалните ФДФ што се значајни при нивниот формулациски развој • Работат во тимови и соработуваат за решавање на проблеми во развојот на квалитетни конвенционални ФДФ како фармацевтски производи, како и проблеми од професионалното секојдневие, при работа во индустрија, клиника или аптека.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје. Стерилни ФДФ за парентерална примена** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подолу и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Предности и особености на препаратите за парентерална примена - Ексципиенсите што се користат во формулацијата - Поделба на различните видови на препарати за парентерална апликација и нивните особености

		- Диференцирање на овие ФДФ во зависност од нивната физичка состојба - Диференцирање на овие ФДФ во зависност од начинот на нивната примена **Поглавје. Стерилни ФДФ за окуларна примена** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајнирање на овие ФДФ, дискутирање на особините на лековитите супстанциии кои се идеални кандидати за овие ФДФ, формулациски развој и подготовка/производство. - Советување на пациентот при примена на овие ФДФ **Поглавје. Течни ФДФ како дисперзни сустеми (колоиди, суспензии и емулзии)** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајнирање на овие ФДФ, дискутирање на особините на лековитите супстанциии кои се идеални кандидати за овие ФДФ, формулациски развој и подготовка/производство. - Советување на пациентот при примена на овие ФДФ **Поглавје. Гасовити ФДФ** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајнирање на овие ФДФ, дискутирање на особините на лековитите супстанциии кои се идеални кандидати за овие ФДФ, формулациски развој и подготовка/производство. - Советување на пациентот при примена на овие ФДФ **Поглавје. Полуцврсти ФДФ за надворешна употреба на кожа и ФДФ за употреба во телесни шуплини** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајнирање на овие ФДФ, дискутирање на особините на лековитите супстанциии кои се идеални кандидати за овие ФДФ, формулациски развој и подготовка/производство. - Советување на пациентот при примена на овие ФДФ **Поглавје. Необложени ФДФ (прашкасти производи, таблети и меки и тврди капсули)** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајнирање на овие ФДФ, - дискутирање на особините на лековитите супстанциии кои се идеални кандидати за овие ФДФ, - Формулациски развој и подготовка/производство, вклучително и специфичности на производствениот процес/опрема и процесни параметри. - Советување на пациентот при примена на овие ФДФ

		Поглавје. Обложени ФДФ (прашкасти производи, филм-таблетии и дражеи) Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајнирање на овие ФДФ - Дискутирање на особините на лековитите супстанциии кои се идеални кандидати за овие ФДФ, - формулациски развој и подготовка/производство, вклучително и специфичности на производствениот процес/опрема и процесни параметри. - Советување на пациентот при примена на овие ФДФ		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите: Фармацевтска технологија 1 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини на Фармацевтска технологија напредно ниво, Биофармација.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	7 ЕКТС x 30 часа = 210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	8 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 67 часови Подготовка за практична настава: 22,5 часови Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часови

				Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит

18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)	
19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	5 бода

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

Задолжителна литература

	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
22.1.	1.	А. Симов	Фармацевтска технологија	Ж. Симова	2001 цврста копија
	2.	Ansel M., Popovich N., Allen L.	Pharmaceutical dosage forms and drug delivery systems 8-th Ed.;	Williams & Wilkins,	2004 електронско издание
	3.	Aulton M.	Pharmaceutics, The science of dosage form design, 2ndEd;	Churchill Livinstone,	2002 електронско издание
	4		Remington The Science and Practice of Pharmacy 21stEd	Mack Pub. Co.,	2005 електронско издание
	5		European Pharmacopeia		електронско издание
	6		British Pharmacopeia		електронско издание
	7		British National Formulary		електронско издание

		8		United States Pharmacopeia		електронско издание
		9		United States Pharmacopeia Drug information		електронско издание
		10		Законски и подзаконски акти од областа на фармацијата		електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		електронско издание
		2.	Joseph D. Nally	Good Manufacturing Practices for Pharmaceuticals, Sixth Edition,	Informa Healthcare	2007 електронско издание

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФИТОТЕРАПИЈА**			
2.	Код	ФФИФГ28			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета	семестар	VI
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	5 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ѓоше Стефков (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Карапанџова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: положени испити од Фитохемија (IV семестар, стекнат потпис од Фармакогнозија (V семестар) Предуслов за полагање на предметот: положен испит од Фармакогнозија (V семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметот се стекнување основни познавања за фитотерапијата (современата хербална медицина), нејзиното место и значење како дел од комплементарната и алтернативната медицина, најзначајни хербални дроги и хербални лекови, традиционални и современи хербални лекови, активните принципи на хербални лекови, механизмите на дејството, ефикасноста и безбедноста, употребата на хербални лекови во третманот на болести, комплексност на хербалните препарати и регулаторни аспекти на ниво на Европската Унија и кај нас, запознавање со основни стратегии на хербалниот третман и најзначајни хербални лекови за лекување на болести на системите во човековиот организам. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат познавање на: • принципите на традиционалниот и на современиот хербален третман и основни стратегии на хербалната медицина, • традиционалните и современите хербални лекови, нивната комплексност, стандардизацијата и барањата за квалитет, • ефикасноста и безбедноста на хербалните лекови и нивото на доказите со кои располага современата хербална медицина, • несаканите ефекти и контраиндикациите, • традиционални и современи хербални лекови за третман на различни нарушувања и болести врзани за ЦНС, КВС, респираторен, дигестивен, уринарен и репродуктивен систем, болести на метаболизмот, болести и функционални			

		нарушувања на кожа, антинфламаторни хербални агенси и адаптогени средства.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Општ дел:** **Поглавје I:** Дефиниции и вовед во фитотерапијата • Дефиниции и вовед во фитотерапијата, основни карактеристики на современата хербална медицина во однос на традиционалното лечење, современи и традиционални хербални лекови, комплексност на хербалните лекови, стандардизација, квалитет, ефикасност, безбедност и евентуална токсичност. • Фармацевтски форми на современите хербални препарати и барањата за нивниот квалитет. • Регулаторни аспекти на традиционалните и хербалните лекови, како и на основните аспекти на традиционалната хербална медицина, како дел од комплементарната и алтернативната медицина. **Резултати од учењето:** Студентите ќе стекнат со знаења во однос на: • Општите принципи на фитотерапијата, основните карактеристики на современата хербална медицина и комплексноста на хебарлните лекови • Типови на хербални лекови и хербални препарати, нивната стандардизиција и контролата на квалитет • Регулаторните аспекти на традиционалните и хербалните лекови **Поглавје II - IX:** Специјален дел Специјалниот дел на предметната програма опфаќа изучување на стратегиите на хербалниот третман и запознавање со најзначајните традиционални и современи хербални лекови, нивниот состав, активните принципи, механизмите на дејството, нивото на докази за демонстрирана ефикасност, податоци за нивна безбедност, методите на администрација, дозите, можните интеракции и контраиндикации за примена, статусот во Европската Унија (ЕМА) и во САД (ФДА), статусот во останатиот дел од светот и во РСМ. Сите наведени аспекти се однесуваат на хербални лекови и фитотерапевтски третман на заболувања врзани за системите во човековиот организам, поделени по поглавја: **Поглавје II:** Нервен систем и средства со адаптогено дејство **Поглавје III:** Кардиоваскуларен систем **Поглавје IV:** Метаболични болести **Поглавје V:** Уринарен систем **Поглавје VI:** Респираторен систем, средства со имуномодулаторно и стимулативно дејство **Поглавје VII:** Машки и женски репродуктивен систем **Поглавје VIII:** Дигестивен систем, хепарен и билијарен систем, **Поглавје IX:** Дермален систем и средства со антиинфламаторно дејство. **Резултати од учењето:** Студентите ќе стекнат знаења за: • стратегиите на хербалниот третман и ќе бидат способни да ги опишат најзначајните традиционални и современи хербални лекови.

		• улогата на составот, активните принципи и механизмите на дејството на хербалните лекови, како и нивното ниво на докази за демонстрирана ефикасност, • безбедност, методи на администрација, дозирање, интеракции и контраиндикации, • регулаторниот статус на хербалните лекови во Европската Унија (ЕМА), САД (ФДА), како и во останатиот свет и РСМ.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1.Предзнаењата од предметите се потребни/поврзани со предметот Фармацевтска ботаника и биологија, Фитохемија и Фармакогнозија 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на изборни предмети		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Консултации Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум. 3. Домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	150 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	45
		17.2.	Самостојно учење: часови	30
		17.3.	Подготовка за испит	45
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	x
	19.3.	Практичен испит: бодови	x
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	6-10

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A

21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.			
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	Светлана Кулеванова	Основи на фитотерапијата	Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје	2021 (електронско издание)
		2.	Светлана Кулеванова	Современа хербална медицина (фитотерапија)	Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје	2015 (електронско издание)
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Francesco Capaso, Thymoty Gaginela, Gulliano Grandolini, Angelo Izzo	Phytotherapy, A quick reference to herbal medicine	Springer	2003 (електронско издание)
		2.	Simon Mills, Kerry Bone	Principle and practice of Phytotherapy	Churchill Livingstone	2000 (електронско издание)

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**БРОМАТОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФИПБ29			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	3-та	семестар	VI-ти
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Тања Петреска Ивановска (одговорен наставник) Доц. д-р Зоран Живиќ Асс. м-р Ана Марија Бајатовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: положен испит (кредит) од Патологија и патофизиологија (III-ти семестар) и Биохемија (IV-ти семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции) Целта на предметот е студентите да стекнат и развијат разбирање на основните карактеристики на храната и принципите на исхрана, како и ефектите на храната врз човековото здравје. Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во процесите на нутритивно советување во аптекарска и клиничка практика. Дополнително, студентот ќе биде способен да извршува лабораториско определување на квалитетот и безбедноста на прехранбените производи. Резултати од учењето По успешното завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: • Дефинира видови, квалитет и здравствена безбедност на прехранбени производи.			

		• Препознава регулаторни аспекти на храната и додатоците на исхрана. • Пресметува индивидуализирани енергетски и нутритивни потреби и составува соодветен режим на исхрана во зависност од потребите на пациентот. • Применува соодветни аналитички постапки за испитување на квалитетот и безбедноста на вода за пиење и прехранбени производи. • Дефинира физичко-хемиски карактеристики на макронутриентите (јаглехидрати, липиди и протеини) и микронутриентите (витамини и минерали). • Дефинира значење на макронутриентите (јаглехидрати, липиди и протеини) и микронутриентите (витамини и минерали) во нормални и патофизиолошки состојби. • Избира прехранбени производи согласно нивното потекло и квалитет за индивидуализирана исхрана. • Препознава здравствени ризици поврзани од несоодветна исхрана. • Препознава здравствени ризици поврзани со интеракции помеѓу храната, лековите и/или додатоци на исхрана. • Дефинира значење и идентификува придобивки и ризици на генетски модифицирана храна. • Изготвува и применува режими на исхрана за специфични заболувања. • Прави анализа и карактеризација на квалитетот и безбедноста на прехранбени производи и вода за пиење.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Вовед во храна и исхрана • Дефиниција, цели и задачи на броматологија; Функции, физиолошко и патолошко значење на храната; Дефиниција, видови, класификација и законска регулатива на храна и прехранбени производи; Квалитет и здравствена безбедност на храната; Нови видови на храна; Нутриенти и нутрименти; Принципи на рационална исхрана. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат функциите, целите и значењето на храната, да дефинираат квалитет и здравствена безбедност на храната и да ги применат принципите на рационална исхрана во процесите на подготовка на режими на исхрана. Поглавје: Енергетски потреби • Метаболизам и енергетски потреби; Фактори кои влијаат врз енергетските потреби; Енергетска вредност на макронутриенти и прехранбени производи; Калориметрија; Енергетски биланс; Пресметување на енергетска вредност на прехранбени производи и мешана храна и индивидуални енергетски потреби; Специфично динамично дејство на храната; Значење и примена на енергетски и нутритивни табели. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги определат индивидуалните енергетски потреби во зависност од пол, возраст, физичка активност и здравствена состојба на пациентите, и да пресметаат соодветен енергетски внес врз основа на енергетската вредност на прехранбените производи. Поглавје: Аналитика на прехранбени производи • Аналитика на основни состојки на прехранбени производи; Подготовка на примерок за анализа; Значење на водата во

		прехранбените производи; Активност на водата; Методи за определување на вода, пепел, масти, протеини и јаглехидрати. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да применат соодветни аналитички методи за определување на вода, пепел, јаглехидрати, протеини и липиди во прехранбени производи. Поглавје: Вода за пиење • Својства на водата и физиолошко значење; Водата како прехранбен производ; Квалитет и безбедност на вода за пиење; Анализа и хемиска проценка на квалитет на вода за пиење. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да применат соодветни аналитички методи за определување на квалитет и здравствена безбедност на вода за пиење. Поглавје: Јаглехидрати • Дефиниција, класификација, номенклатура, физичко-хемиски својства, изолирање, докажување, нутритивни и енергетски карактеристики и значење во исхраната на моносахариди, дисахариди и полисахариди; Гликемиски индекс на храна. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат хемиските структури, физичко-хемиските својства и методите за изолирање и докажување на јаглехидрати, како и да ги разберат и опишат енергетските и нутритивните карактеристики и значењето на јаглехидратите во исхраната. Поглавје: Липиди • Дефиниција, класификација, номенклатура, физичко-хемиски својства, изолирање, докажување, нутритивни и енергетски карактеристики и значење во исхраната на липиди. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат хемиските структури, физичко-хемиските својства и методите за изолирање и докажување на липиди, како и да ги разберат и опишат енергетските и нутритивните карактеристики и значењето на липидите во исхраната. Поглавје: Протеини • Дефиниција, класификација, номенклатура, физичко-хемиски својства, изолирање, докажување, нутритивни и енергетски карактеристики и значење во исхраната на протеини. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат хемиските структури, физичко-хемиските својства и методите за изолирање и докажување на протеини, како и да ги разберат и опишат енергетските и нутритивните карактеристики и значењето на протеините во исхраната. Поглавје: Прехранбени производи • Дефиниција, класификација, квалитет, здравствена безбедност, постапки за производство и конзервирање, регулатива и значење во исхраната на прехранбени производи од анимално потекло (млеко и млечни производи, месо и месни производи, и јајца) и растително

		потекло (житарици, мелнички и пекарски производи, овошје и зеленчук и нивни преработки). Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги дефинираат квалитетот, здравствената безбедност и постапки за производство и конзервирање на прехранбените производи, како и да ги применат стекнатите знаења за соодветен избор на прехранбени производи во креирање на режими на исхрана. Поглавје: Прехранбени адитиви • Дефиниција, класификација, улога и значење на прехранбени адитиви; Оправдана примена и потенцијален ризик на прехранбени адитиви. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да го дефинираат значењето и улогата на прехранбените адитиви и ќе можат да го проценат ризикот од прехранбените адитиви. Поглавје: Исхрана кај хронични заболувања • Принципи на исхрана и диетотерапија на шеќерна болест, прекумерна телесна тежина, кардиоваскуларни заболувања, бубрежни заболувања, хепатални заболувања, дигестивни заболувања, остеопороза, канцер, синдроми на потхранетост, алергија и интолеранција на храна. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за изготвување на специфични и индивидуализирани режими на исхрана кај хронични заболувања. Поглавје: Интеракции лек-храна • Дефиниција, значење и класификација на лек-храна интеракции; Влијание на храната врз фармакокинетски и фармакодинамски својства на лековите; Ризици и стратегии за предикција на лек-храна интеракции; Ефекти на лекови врз нутритивен статус; Нутритивно советување. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за предикција, препознавање и минимизирање на ризикот од лек-храна интеракциите преку нутритивно советување. Поглавје: Генетски модифицирана храна • Дефиниција, класификација и добивање на генетски модифицирана храна; Безбедност, ризици и придобивки на генетски модифицирана храна; Регулатива и анализа на генетски модифицирана храна. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат го дефинираат и објаснат значењето и ризиците на генетски модифицираната храна.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Патологија и патофизиологија (III-ти семестар) и Биохемија (IV-ти семестар) се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на Клиничка биохемија (VII-ми семестар), Клиничка фармација и фармакотерапија (VIII-ми семестар) и Токсикологија (IX-ти семестар).

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 50 часови Подготовка за практична настава: 20 часови
		17.3.	Подготовка за испит	20 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.	Калтејт, Т.	Храна Хемија на составните компоненти на храната	Арс Ламина ДОО	2011/5th edition Хард копија
		2.	Velíšek, J.	The Chemistry of Food	Wiley Blackwell	2014/1st edition Електронска верзија
		3.	Петрушевска-Този, Л., Живиќ, З., Петреска Ивановска, Т.	Основи на диетотерапија	Фармацевтски факултет Скопје	2023 Хард копија
		4.	Trajkovic, J., Miric, M., Baras, J., Siler, S.	Analize zivotnih namirnica	Tehnolosko-metalurski fakultet Univerziteta u Beogradu	1983 Хард копија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Coulston, A.M., Boushey, C.J., Ferruzzi, M.G., Delahanty, L.M.	Nutrition in the prevention and treatment of diseases	Academic Press	2017/4th edition Електронска верзија
		2.	Visakh, P.M., Iturriaga, L.B., Ribotta, P., Thomas, S.	Advances in Food Science and Nutrition	Scrinever Publishing	2014 Електронска верзија
		3.	Srilakshmi, B.	Dietetics	New Age International (P) Ltd.	2014/7th edition Хард копија
		4.	Đorđević, B., Šobajić, S., Stanković, I., Đuričić, I., Vidović, B., Ivanović, N., Todorović, V., Zrnić Ćirić, M., Baralić, I., Mazić, S., Antunović, M., Panišić-Šekeljić, M.	Odabrana poglavlja dijetetike	Univerzitet u Beogradu – Farmaceutski fakultet	2023/1st edition Хард копија

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА**			
2.	Код	ФФИПБ30			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за Применета Биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та	семестар	VII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Хиљадникова-Бајро Асс. м-р Кристина Шутевска (вежби)			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Положен испит Патологија со Патофизиологија (III) Положен испит Биохемија (IV) Предуслов за полагање на предметот: Потпис од предметот			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта** на предметот е студентите да стекнат разбирање на биохемиските механизми инволвирани во развојот на заболувањата, лабораториските тестови кои можат да придонесат во поставување на дијагнозата, следење на состојбата и ефикасноста на третманот. Како **резултат** се очекува студентот да стекне солидни теоретски познавања и практични вештини, да може да ги примени стекнатите знаења преку изведба на рутински тестови кои се користат во секојдневната пракса во клиничка биохемиска лабораторија, да изведе лабораториски пресметка, споредбана добиените резултати со референтни вредности и базична интерпретација на утврдените наоди.			
12.	Детална содржина на предметот по	Поглавје: Вовед во клиничката биохемиска лабораториска анализа			

	поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	• Имплементација на контрола на квалитетот, мониторинг, собирање и анализирање на биолошки примероци. Процесирање на лабораториски податоци и интерпретација на резултатите. Биохемиски маркери како индикатори за физиолошки и патолошки промени. Влијание на преаналитичките фактори врз валидноста на биохемиските анализи. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат принципите на контрола на квалитетот, да ги идентификуваат биохемиските маркери и нивната улога во проценка на здравјето и болестите, како и да ги анализираат преаналитичките фактори кои влијаат врз точноста на лабораториските резултати. Поглавје: Нарушувања на метаболизмот на јаглехидратите и нивна клиничка евалуација • Нарушен метаболизам на јаглехидрати. Хормонска регулација на јаглехидратите преку инсулин, глукагон, кортизол и адреналин. Патофизиолошки состојби: хипогликемија, гликозурија, гликогенози и нарушувања на толеранцијата на глукозата. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат нарушувањата на метаболизмот на јаглехидратите, да го опишат механизмот на хормонска регулација на нивниот метаболизам и да ги анализираат патофизиолошките состојби поврзани со нарушувања на метаболизмот на јаглехидратите. Поглавје: Протеини и нивно клиничко значење • Биохемиски својства и структурна организација на протеините. Метаболизам на протеините: варење, апсорпција и синтеза. Методи за сепарација и анализа на протеини. Клиничко значење на промените во концентрацијата на протеините и нивните фракции при патолошки состојби: хипопротеинемија, хиперпротеинемија, диспротеинемија и протеинурија. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат структурните и функционалните карактеристики на протеините, да ги анализираат процесите на нивниот метаболизам и да ги интерпретираат промените на концентрациите на протеините и нивните фракции при различни клинички состојби. Поглавје: Метаболизам на липиди и клиничка примена • Важност на липидите во организмот: енергетска, структурна и регулаторна улога. Процеси на варење, апсорпција и транспорт на липидите. Метаболизам на триглицериди, холестерол и фосфолипиди во нормални и патофизиолошки состојби. Патофизиологија на дислипидемии и клиничко значење на липидните параметри во дијагностика и проценка на ризик за кардиоваскуларни заболувања. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат процесите на варење, апсорпција и транспорт на липидите, да го анализираат нивниот метаболизам во физиолошки и патофизиолошки состојби, како и да ја проценат важноста на липидните параметри во клиничка биохемија и кардиоваскуларна медицина. Поглавје: Ензими во клиничката биохемија • Биохемиски својства, класификација и каталитичка улога на ензимите. Принципи на одредување на ензимската активност во

		биолошките течности. Клинико-дијагностичко значење на ензимите при оштетување на различни органи и ткива. Специфични маркери за хепатална, кардијална, мускулна и панкреасна функција: аминотрансферази, креатин киназа, лактат дехидрогеназа, алкална фосфатаза, γ-глутамилтрансфераза, амилаза и липаза. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат биохемиските својства и улогата на ензимите во организмот, да ги анализираат методите за нивно одредување и да го проценат клиничкото значење на ензимските маркери при оштетување на специфични органи и ткива. Поглавје: Електролити и минерали – клиничко значење и регулација • Регулација и улога на натриум, калиум, хлор, калциум, фосфати и магнезиум во осмолалноста, волуменот на течности и киселинско-базната рамнотежа. Механизми на хомеостаза преку бубрезите и хормоните. Клиничко значење и проценка на нарушувањата во нивната рамнотежа. Резултати од учењето: • Студентите ќе ги објаснат механизмите на регулација на електролитите и минералите, ќе ги анализираат лабораториските параметри и ќе ги интерпретираат нарушувањата на нивната рамнотежа. Поглавје: Клиничка биохемија на железото и хемоглобинот • Метаболизам на Железо и регулаторни механизми, пореметување на метаболизмот на железо, параметри за проценк ан астатусот на функционално железо и депоата во организмот, лабораториски наоди кај дефицит / оптовареност на организмот. Хемоглобинопатии и лабораториски тестови за нивна детекција Резултати од учењето: • Се очекува студентите да ги разберат и се оспособат да ги дискутираат нарушувањата н аметаболизмот н ажелезото, структурнит еи квантитативните нарушувања на хемоглобинот Поглавје: Терапевтско мониторирање на лекови и влијание врз биохемиските анализи • Основи на TDM: терапевтски опсег, методи за мерење на концентрации на лекови (имунохемиски и хроматографски техники). Влијание на лековите врз биохемиските параметри: in vivo ефекти и in vitro интерференции. Лажно високи или ниски вредности предизвикани од лекови и нивниот ефект врз функциите на органите. Резултати од учењето: • Студентите ќе ги објаснат принципите на TDM, ќе ги идентификуваат методите за одредување на лекови и ќе го анализираат влијанието на лековите врз биохемиските анализи. Поглавје: Функција и клиничка евалуација на црниот дроб и панкреасот • Основни функции на црниот дроб: метаболичка регулација, синтеза на соединенија и елиминација на токсини. Биохемиски параметри: AST, ALT, GGT, алкална фосфатаза и билирубин. Ендокрини и егзокрини функции на панкреасот: улогата на инсулин, глукагон, амилаза и липаза. Клиничка проценка на патофизиолошки состојби: хепатални заболувања, панкреатитис и нарушувања на инсулинската регулација. Резултати од учењето:

		• Студентите ќе ги објаснат функциите на црниот дроб и панкреасот, ќе ги анализираат лабораториските маркери за нивна проценка и ќе ги интерпретираат патофизиолошките промени кај заболувањата на овие органи. Поглавје: Клинички аспекти на метаболизмот на вода • Нарушувања на воденатa хомеостаза: хиперхидратации, дехидратации, хиперосмолалност и хипоосмолалност. Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат знаења за биохемиската природа на причините кои доведуваат до пореметувања на воденатa хомеостаза и последиците кои настануваат Поглавје: Клиничка биохемија на ацидобазната рамнотежа • Детален опис на биохемиските процеси кои лежат во основата на одржување на ацидобазниот статус, Henderson-Hasselbach-ова равенка на хомеостазата на H^+-јони под дејство на биолошките пуферски системи, респираторна и метаболна ацидоза и алкалоза Резултати од учењето: • Студентите треба да ги разберат причините за појава на метаболната и респираторната ацидоза и алкалоза, нивните биохемиски карактеристики и компензаторните механизми со кои организмот се спротивставува на настанатите пореметувања Поглавје: Лабораториска анализа на урина и бубрежни заболувања • Биохемиски аспекти на екскреторната, регулаторната и ендокрината функција на бубрегот. Тестови за проценка на функцијата на гломеруларната мембрана, проксималните и дисталните тубули. Причини за појава на конкременти во уринарниот тракт. Промени во составот на уринатa како последица на бубрежни или метаболни заболувања Резултати од учењето: • Студентите треба да ги разберат биохемиските механизми инволвирани во секрецијата на вишокот и штетни материи, реапсорпција на потребните моекули и секреција на вода во различните сегменти од нефронот. Се очекува да стекнат способност за изведба и интерпретација на лабораториските анализи на серум и урина во поставување на дијагноза, следење и третман на бубрежни и метаболни заболувања. Поглавје: Примена на туморски маркери во клиничката лабораторија • Дефиниција, карактеристики, класификација на туморските маркери и нивна примена во управувањето со неоплазиите, особено оние од малигна природа. Резултати од учењето: • Се очекува студентите да ја разберат биохемиската природа и својства на бројни молекули кои се користат во дијагнозата и следењето на ефикасноста на терапија кај туморите
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Биохемија (IV-ти семестар), Патологија со патофизиологија (III-ти семестар), се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини од предметите Основи на клиничка фармација (VII-ми семестар), Клиничка фармација и фармакотерапија (VIII-ми семестар), Токсикологија (IX-ти семестар).
14.	Детален опис на наставните и	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања

	работните методи за предметот	2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)			
15.	Вкупен расположив фонд на време	210			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/	
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 80 Подготовка за практична настава:20	
		17.3.	Подготовка за испит	20	
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)			

19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)	
		60-66 бода	6 (шест) E	
		67-75 бода	7 (седум) D	
		76-84 бода	8 (осум) C	
		85-93 бода	9 (девет) B	
		94-100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература			
	22.1.	Задолжителна литература		

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание

		1.	Spasic S, Jelic-Ivanovic Z, Spasojevic-Kalimanovska V.	Medicinska Biohemija	Autori	2003
		2.	Straus B.	Medicinska Biokemija	Medicinska Naklada, Zagreb	1992
		3.	Кадифкова Пановска Т., Хиљадникова-Бајро М.	Прирачник за практична настава по Клиничка биохемија	Фармацевтски Факултет – Скопје	2010
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија)
		1.	Бишоп ЛМ, Фоди ПЕ, Шоеф ЕЛ	Клиничка хемија: принципи, процедури, корелации, 5-т	Просветно дело АД, Скопје	2009 (хард копија)
		2.	Laposata M.	Laboratory Medicine: the Diagnosis of Disease in the Clinical Laboratory	McGraw-Hill Medical Publishing Division	2010 (хард копија во библиотека на Медисински факултет)

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА - НАПРЕДНО НИВО**			
2.	Код	ФФИФТ31			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет Институт за фармацевтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	4	семестар	VII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Горачинова (одговорен наставник) Проф. д-р. Марија Главаш Додов Проф. д-р. Маја Симоноска Црцаревска Проф. д-р Никола Гешковски Доц. д-р Љубица Михаилова Доц. д-р Душко Шалабалија Асс. Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Услови за запишување: Потпис од - Фармацевтска технологија Кредит од – Основи на фармацевтска технологија Услови за полагање: Потпис од Фармацевтска технологија – напредно ниво Кредит од фармацевтска технологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целите се студентот да ги разбере основните концепти и да се стекне со знаење за: - препаратите со модифицирано ослободување и системите за таргетирање на лековитата супстанција на местото на делување, односно нанолековите, и да стекне знаење за видовите, пристапите во дизајнот, развојот на препарати со модифицирано ослободување и таргетирано делување и технологиите на нивниот дизајн и производтсвото преку примена на концептите на квалитет во дизајнот и експерименталниот дизајн. - Примената на знаењата и компетенциите со кои ке се здобие студентот се освен механистичко разбирање на функцијата на овие системи како и нивниот рационален дизајн и *“пациент ориентирани”*од аспект на соодветен избор на препарат со модифицирано ослободување и систем со насочено делување на одредена цел, односно нанолек, колоидни системи и нивна примена како вакцини, радиофармацевтици, тераностици, како и советување за нивната примена, - Други компетенции со кои ке се стекне студентот е примена на стекнатите вештини и знаења во тек на развојот на овие системи, односно при изборот на пристап во дизајнот,			

		формулацијата и идентификување на составните компоненти како и процена при селекцијата на производниот процес на фармацевтските дозирани форми следејќи ги принципите на квалитет во дизајнот. Студентот по завршување на предметот ќе се стекне со познавања и наполно ќе ги разјасни и совлада предностите, концептите на подобрената ефикасност и сигурност како и принципите на формулацијата и производството на системите со контролирано ослободување за различни видови на апликација (перорална, орална, назална, пулмонарна, парентерална) како и принципите и концептите на насочувањето на лековитата супстанција до местото на делување со примена на нанолекови, и ќе биде во можност да: - Ги идентификува различните видови на дозирани форми со модифицирано ослободување и нанолековите за различни видови на администрација и дијагнози и да го советува пациентот за нивната примена, - Ги разбира концептите на развојот на фармацевтските дозирани форми со модифицирано ослободување, дискутира за можностите на модификацијата на брзината на ослободување и обезбедување на продолжено, одложено или континуирано делување за различни препарати од овој вид применувани за соодветни дијагнози, да објасни и избере различни пристапи во формулација и производството на препаратите со модифицирано ослободување и нивната рационална примена, - Го разбира, анализира, дискутира надминувањето на бариерите за таргетитањето на лековите кон одредени ткива, органи, патогени, клетки и интрацелуларни елементи, ефикасноста на таргетирањето со примена на наносистеми и нанолекови, примената на радиофармацевтиците, медицинските помагала, имунопрепаратите, како и примената на микро/наносистемите во дијагностиката, радиотерапијата и имунотерапија, и токсиколошките аспекти на колоидните системи. - Дополнително студентот се очекува и да ги примени теоретските и практичните знаења за наведените системи при решавањето на проблеми од професионалното секојдневие, при работа во индустрија, клиника или аптека, а преку итеративно учење студентите ќе ги применат и стекнатите знаења за дизајнот и формулирањето на различни CDDS (системи со контролирано ослободување) според принципите на QbD со директна применливост во истражување и развој на современи ФДФ и терапевтски системи.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1. Системи со модифицирано ослободување на лековите** *Методска единица 1. Вовед во модофицирано ослободување:* Во текот на оваа методска единица студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подолу и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Предности и особености на препаратите со модифицирано ослободување - Полимери за терапевтски системи со модифицирано ослободување - Поделба на системи со модифицирано ослободување

		- Диференцирање на терапевтските системи во зависност од нивната физичка состојба - Диференцирање во зависност од начинот на администрација - Диференцирање во зависност од механизмот и кинетиката на ослободување на лековитата супстанција - Одредување на кинетиката на ослободување *Методска единица 2. Системи со одложено ослободување* Во текот на оваа методска единица студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ке можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајнирање на овие ФДФ, дискутирање на особините н лековитите супстанциии кои се идеални кандидати за овие ФДФ, стратегии за дизајн, подготвување како и функционирање на системите со одложено ослободување обложени со различни видови на ентеросолвентни полимери како системи за ослободување во одредени временски периоди (хронотерапевтици) и на одредено место во гастроинтестиналниот тракт (пр. колон специфични терапевтски системи и други системи кои таргетираат одредени сегменти на ГИТ) со примена на pH зависно ослободување или временски зависни системи, системи со пулсно ослободување, port, pulsincaps и други системи со распрснување, хемиски контролирани системи како коњугирани системи за ензимско ослободување на определено место во ГИТ, температурно зависни системи, ФДФ за индивидуализирана терапија добиени со технологија на 3Д печатење. - Советување на пациентот при примена на овие терапевтски системи *Методска единица 3. Системи со продолжено и контролирано ослободување:* Во текот на оваа методска единица студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за дизајн на овие ФДФ, особините на лековитите супстанции идеални кандидати за овој вид на ФДФ, објаснување на плазма концентрација/време профилите кои се добиваат од препаратите со различен дизајн во групата на ФДФ со продолжено и контролирано ослободување - Опишување на карактеристиките на солвенс активираните матрикс и резервоар системи, дифузиските матрикс и резервоар системи, нивниот дизајн и кинетики на ослободување преку примери од клиничката практика како системи за офталмичка примена, субкутани и интраутерини импланти, системи за перорална примена, осмотски пумпи, трансдермални фластери, трансдермални фластери со микроигли, трансдермални системи со микроигли за континуирано следење на нивото на глукозата, Glucowatch, јонтофореза, реверзна јонтофореза, електроосмоза и електромиграција, системи со модифицирано ослободување за примена во ГИТ кои содржат соли на слаби бази и слаби киселини - Советување на пациентот при примена на овие терапевтски системи **Поглавје 2. Системи за таргетирање на лековитата супстанција на местото на делување:**

		Методска единица 1. Вовед и основи на таргетирањето на лековите: Во текот на оваа методска единица студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Таргетирање на лековитите супстанции кон местото на делување со примена на нанотерапевтски ситеми дизајнирани според принципите за пасивно и активно таргетирање - Идентификирање на потенцијалните таргети - Опишување на бариерите за кои треба наносистемот да ги совлада за да стигне до местото на делување - Биодистрибуцијата на лековитата супстанција инкорпорирана во наносистем и потенцијалните предности од локализацијата на местото на делување како редуцирање на несаканите ефекти, подобрување на ефикасноста и сигурноста, како и други предности од аспект на зголемена стабилност или продолжено делување поради контролираното ослободување на местото на делување - Да ги дискутираат атрибутите на пасивното и активното таргетирање и основите на ефикасно таргетирање - Да дискутираат начини на клеточна интернализација и субклеточно таргетирање *Методска единица 2:Носачи/терапевтски системи за таргетирање на лековите и дијагностичките средства* Во текот на оваа методска единица студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Различни нанопартикулирани терапевтски системи за таргетирање како: полимерни наночестици, мицеларни системи, полимер-лек коњугати, липидни наночестици, структурирани липидни наночестици, липозоми, дендримери, материјалите и методите за нивното добивање, карактеризација и одредување на токсичноста, сигурноста и ефикасноста - Дизајн на овие системи за пасивен и активен таргетинг според принципите на QbD и примена на експериментален дизајн, како и преглед на препаратите во клиничка примена - Примена на наноносачи за аголемување на ефикасноста на имунолошкиот одговор на вакцините - Примена на нанотехнологиите кај медицинските помагала - Протеинска, пептидна и генска терапија со примена на наноносачи и преглед на препаратите ви клиничка примена - Радиофармацевтици и тераностици за примена во дијагностика и терапија
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите (физичка хемија, фармакологија, фармацевтска технологија) се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на (индустриска фармација, аналитика на лекови и легислатива)

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	8 ЕКТС x 30 часа 240 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	16 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 90 часа Подготовка за практична настава: 22,5 часови Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часа Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	5 бода

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Kevin M.G.Taylor, Michael E.Aulton	Aulton's Pharmaceutics: The Design and Manufacture of Medicines, 6th. Ed.	Elsevier	2021 (електронско издание)
2.	Ivone Perrie, Thomas Rades	Pharmaceutics: Drug Delivery and Targeting,	Pharmaceutical Press	2010 (електронско издание)
3.	Loyd V. Allen Publisher:	Ansel's Pharmaceutical Dosage Forms and Drug Delivery Systems, 11th. Ed.	Lippincott Williams & Wilkins	2017 (електронско издание)

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Alexander T. Florence, Juergen Siepmann	Modern Pharmaceutics: Applications and Advances, 5th Ed.	Informa Healthcare	2009 (електронско издание)
2.	Adeboye Adejare	Remington: The Science and Practice of Pharmacy, 23rd Ed.	Elsevier	2020 (електронско издание)

		3.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАКОИНФОРМАТИКА**			
2.	Код	ФФИФХ32			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институ за Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та	семестар	VII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Зорица Наумовска (одговорен наставник) Проф. д-р Зоран Стерјев Асс. м-р Александар Димковски Асс. м-р Евгенија Михајлоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан Фармацевтска хемија 3 (VI семестар) Предуслов за полагање на предметот: (положен Основи на фармакологија (V семестр), Фармацевтска хемија 1 (IV семестра) и Фармацевтска хемија 2 (VI семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Цел на предметот е студентите да се стекнат со основните знаења за принципите за пребарување и користење на стручната литература, вклучувајќи типови на информации и извори на информации, методи за пребарување и евалуација на стручна литература. Дополнитополните ќе студентите ќе се се стекнат со вештини за користење на базите на податци поврзани со дравствената дејност и придодните науки, соодветна примена на евалуираниата литература во пишување на научни трудови иодговарање на прашања асоцирани со рационална примена на лекови и медицина базирана на докази, клиничките водичи и соодветно цитирање на користена литература. Целта на предметот е да им обезбедат на студентите знаења за фармацевтски маркетинг, примената на современите здравствени технологии во секојдневата пракса, понатаму знаења за улогата на фармаковигиланца и постмаркетиншки студии во следењето на лековите и следење на потрошувачка на лекови. Очекувани резултати: По завршувањето на предметот од студентите се очекува да покажат знаења: правилна примена на базите на податоци, користење и евалуација на релавантната научна литература и пишаните информации за лекови во пишувањето на наулните трудови и одговарање на клиничките проблеми асоцирани со рационалната примена на лекови и			

		медицина и фармација базирана на докази. Студентите ќе ја знаат улогата на фармакоинформаивните центи, ќе ги знаат основите на фармацевтскиот маркетинг и здравствените информаатички технолагии. Дополнително ќе се стекнат со знаења за улогата на фармаковигиланцата и постмаркетиншките студии во следењето на примената на лековите, како и со улогата на современите здравстените информатички технологии во секојдневната фармацевтска пракса.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1. Поглавје: Користење на литература и бази на податоци • Извори и бази на научни и стручни информации во медицинските, фармацевтските и природните науки, односно во здравствената дејност, класификација на извори на научни информации (примерни, секундарни и терциерни), стратегии за пребарување на информации, еваклуација и правилна примена на литература. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекант со знаење за пребарување, селекција, евалуација и рационализирање на примена на научната литература, соодветна примена и презентирање на добиените резултати и цитирање на литература. 2. Поглавје: Улога на фармакоинформатика на фармакоинформативните центри • Основи на фармакоинформатиката и фармакоинформативните центри во обезбедување на независни, објективни иклинички потврдени информации за лекови кои се темелат на начелата на медицина базирана на докази во спроведувањето на терапијата со лекови и рационалната употреба на лекови. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаења за значењето и улогата на фармакоинформатиката и фармакоинформативните центри во обезбедување на рационална примена на лекови • 3. Поглавје Пишани инфоамции на лекови: • Студентите ќе се стекнат со знаења за: улогата на збирниите извештаи и внатрешните упатства како релевантни пишани индфирмации за лекови, нивно изготвување согласно актулната регулаторна рамка и примена и предностите и недостатоците во однос на вербалниот начин на пренесување информации за лекови. Резултати од учењето

		Студентот се очекува да се здобие со знаење за изготвување на пишаните стручни информации за лековите кои се наменети за пациенти согласно важечките регулаторни правила. 4. Поглавје Фармакоинформаика во клинички студии • Студентите ќе се стекнат со знаења за: критички пристап при читање на клиничките стдудии, поставување на хипотези и цели на истражувањето, селекција на репрезентативен примерок, мерење на исходите од спроведените студии и евлауција на значењето на добиените резултати, земајќи ги предвид етичките аспекти во спроведените клинички студии. Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада вештините на соодвено читање и толкување на резултати од спорведени клинички студии, евалуација на презентираните клинички студии и проценка на етичките аспекти на студиите. 5. Поглавје Клиничка примена на статистички анализи • Студентите ќе се стекнат со знаења за: принципи на статистичките анализи кои се применуваат во студиите и евалуција на соодветноста на селектираните статистички методи кои ќе помогнат во толкување на добиените резултатите. Резултати од учењето Студентот се очекува да се стекне со соодвенти знаења поврзани со најчесто применуваните статистички методи при обработка на резултатите од клиничките испитувања, начинот на нивно интерпретирање и прикажување, евалуација на добиените резултати и критички осврт на истите. 6. Поглавје Здравствена информативна технологија • Здравствени информатички технологии: е-рецепт, телемедицина, автоматизирани диспензери за издавање на лекови, “паметни“ фармацевтски пакувања, автоматизирани диспензери на инфузиони раствори Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада вештините за практична примена на здравтвените технологии во процесот на обезбедување на фармнацевтска грижа. 7. Поглавје: Медицина базирана на докази и клинички водичи • Биохемиски, физиолошки и молекуларни ефекти на лековите врз организмот, лек – рецептор интеракции, пострецепторни ефекти и хемиски интеракции. Студентите исто така ќе се запознаат со

		влијанието на различни фактори (доза на лек, стареење на пациентите, различни заболувања и други лекови) врз фармакодинамските карактеристики на лековите. Резултати од учењето • Студентот се очекува да се стекне со знаење за практична примена на базирана на докази во доенсување на одлуките при обезбеување на фармацевтска грижа. 8. Поглавје: Рационална употреба на лекови • Рационална примена на лекови, фактои кои влијаат на употребата на лековите и потенцијалните причини за ирационална употреба на лековите како и последици асоцирани со ирационална примена на лековите, процеси и стратегии кои се применуваат по идентификување на ирационална примена на лекови за нејзино надминување. Квантитативни и квалитативни методи на собирање на податоците кои помагаат во идентификување на проблеми и градење на стратегии за рационална примена на лекови. . Резултати од учењето • Студентите ќе се стекнат со знаења и вештини за соодветна евалуација на употрбата на лекови, користење на квантитативни и квалитативни методи за евалуација на ирационалната употреба на лекови со цел развивање на стратегии кои ќе придонесат во рационална применана лекови. 9. Поглавје Фармацевтски маркетинг • Основи на фармацевтски маркетинг, 4П во фармацевтскиот маркетинг. Регулатива за реализација на фармацевтски маркетинг, работни задачи на оделение за фармацевтски маркетинг, промоција на фармацевтски производи Резултати од учењето Студентот се очекува да се стекне со основни знаења од областа на фармацевтскиот производ, спецификите на производот, цената, локацијата и дистрибуцијата во рамките на фармацевтскиот маркетинг, промоцијата на фармацевтски производи и регулатива и етички кодекс поврзани со фармацевтскиот маркетинг. . 10. Поглавје: Фармаковигиланца • Студентите ќе се стекнат со знаења за: фунцинирање на системот за фармаковигиланца, начинот на следење на безбедност на употребата на лековите, упитребата на лековите надвор од одобрението, грешки при употреба на лекови,

		предозирање, злоупотреба, погрешна упортреба на лековите, детекцијатана сигналите и менаџирање на истите и улога на плановите за менаџирање на ризиците, како и мерките за минимизирање на ризиците. Понатаму ќе се стекне со знаења за законската регулатива во ЕУ и РС Македонија која се однесува на сегметот на фармаковигиланца. Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада вештините на идентификување и пријавување на несакните настани од примена на лековите како во клиничките студии, така и во постмаркетиншкиот период. Исто така ќе се стекне со вештини за соодветно примена и соодветно имплементирање на мерките за минимиирање на ризик 11. Поглавје: Постмаркетиншки студии • Студентите ќе се стекнат со знаења за: типовите на постмаркетиншки студии, нивна класификација и практична примена при иеднетификување на безбедносни сигнали или евалуација на ефиксаноста од примената на лековите во клиничката пракса. Дополнително ќе се стекатат со знаења за примена на податоците од клиничката пракса и доказите од клиничката пракса во постмеркетиншкиот период со примена на екетронските здравствени податоци, вештачката инелигеница и дигиталните здравствени алатки. Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада вештините на евалуација на типовите на постмаркетиншките студии и податоците од клиничка пркаса при обезбедување на добра фармацевтска грижа. 12. Поглавје: Следење на потрошувачка на лекови • Студентите да се стекнат со базични знаење за квалитативните и квантитативните методи за следење на потрошувачката на лекови. Резултати од учењето • Студентот се очекува да ги совлада вештините и примена на методи за следење на потрошуваката на лекови, како основа за рационално планирање и снабдување со лекови
13	Заемна поврзаност на предметите	Да се наведе: 1. Предзнаењата од предметите Фармакологија, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Фармацевтска хемија 3 се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите Клиничка фармација и фармакотерапија, Фармакогенетика и фармакогеномика
14.	Детален опис на наставните и	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања

	работните методи за предметот	2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	22,5 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7,5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часови Подготовка за практична настава: 15 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	40 бодови		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	x

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.	Patrick Malone, Karen Kier, John Stanovich (во постапка за превод)	Drug Information: A Guide for Pharmacists	McGraw-Hill	2011
		2.	Dixon Thomas	Clinical practice education, practice and research	Elsevier	2019
		3.	Marie A. Abate and Matthew L. Blommel	Drug Information and Literature Evaluation Second Edition	Pharmaceutical press	2023
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		2020-
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОСНОВИ НА КЛИНИЧКА ФАРМАЦИЈА**			
2.	Код	ФФИФХ33			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институ за Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та	семестар	VII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Зоран Стерјев (одговорен наставник) Проф. д-р Љубица Шутуркова Вонр. проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Асс. м-г Евгенија Михајлоска Асс. м-г Александра Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан Фармацевтска хемија 3 (VI семестар) Предуслов за полагање на предметот: (положен Основи на фармакологија (V семестр), Фармацевтска хемија 1 (IV семестра) и Фармацевтска хемија 2 (VI семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Цел на предметот е студентите да се стекнат со основните знаења за системот на процена и управување на терапија со лекови, интерпретација на клиничко лабораториски тестови, примена на клиничка фармакокинетика, влијанието на фармакодинамиката врз терапевтските исходи како и значењето и начинот на спроведување на терапевтски мониторинг на лекови, посебно на лековите со мала терапевтска ширина. Исто така студентите ќе се запознаат со спецификите на фармакотерапијата кај посебни категории на пациенти (педијатриска, геријатриска популација, бремени жени и доилки и пациенти со нарушена бубрежна и хепатална функција). Студентите ќе се стекнат и со основни знаења за управувања со терапија при нутритивни пореметувања кај пациентите како и третман на заболувања индицирани од пореметување на кисело базна рамнотежа. Во рамките на оваа предметна програма студентите ќе се стекнат и со основни знаења поврзани со несаканите ефекти и интеракциите со лековите. Очекувани резултати: По завршувањето на предметот од студентите се очекува да покажат знаења: за толкување на лабораториските податоци, релевантни при мониторирање на терапија и предвидување на можни несакани ефекти од нив, пресметување на дози и дозирање при индивидуализација на терапија, менаџирање на терапија со лекови со посебен акцент кај специфични групи на пациенти и			

		заболувања кои директно влијаат на исходот од фармакотерапијата.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Процена и управување на терапија со лекови • Основни начела на Менаџирање на терапија со лекови, спроведување на процес на ревизија на терапијата со лекови, соодветна евиденција на терапијата со лекови, креирање план за терапија со лекови, спроведување на интервенција и соодветно документирање и следење на исход од терапија. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за спроведување на системот за Управување со терапија со лекови и неговите пет основни елементи: ревизија на терапијата со лекови; евиденција на терапијата со лекови, креирање на план за терапија со лекови интервенција и/или упат и документација и следење на исход од терапија. Поглавје: Интерпретација на клиничко лабораториски тестови • Лабораториски тестови и толкување на нивното клиничко значење за практиката на фармацевтите, мерење и интерпретирање на виталните знаци, референтни лабораториски вредности кај различни популации, идентификување на вообичаените причини за абнормални лабораториски вредности, околности кои можат да дадат лажно-негативни или лажно-позитивни лабораториски резултати, клиничкото значење на абнормалните лабораториски вредности, клинички лабораториски податоци за следење на различни состојби на болеста. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со основни знаења за основните лабораториски тестови, референтните вредности за истите, нивното клиничко значење, причините за појава на абнормални лабораториски вредности, околности кои можат да дадат лажно-негативни или лажно-позитивни лабораториски резултати и нивното клиничкото значење. Поглавје Фармакокинетика: • Студентите ќе се стекнат со знаења за: принципи на фармакокинетските процеси во човечкото тело и факторите кои влијаат на нивната варијабилност, методи за проценка на фармакокинетските параметри, анализа на фармакокинетските податоци, клиничка примена на фармакокинетиката, механизми, исходи и методи за спречување на клинички важни фармакокинетски интеракции со лекови. Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада вештините на клиничка примена на фармакокинетичките принципи, анализа на фармакокинетските параметри, избор и прилагодување на лекови и режими на дозирање врз основа на фармакокинетските параметри, оптимизирање

		на терапевтскиот пристап кај специфични популации, вклучувајќи деца, постари лица, пациенти со прекумерна тежина, бремени и жени кои дојат, и пациенти со нарушена функција на црниот дроб или бубрезите. Поглавје: Фармакодинамика • Биохемиски, физиолошки и молекуларни ефекти на лековите врз организмот, лек – рецептор интеракции, пострецепторни ефекти и хемиски интеракции. Студентите исто така ќе се запознаат со влијанието на различни фактори (доза на лек, стареење на пациентите, различни заболувања и други лекови) врз фармакодинамските карактеристики на лековите. Резултати од учењето • Студентот се очекува да се стекне со знаење за односот помеѓу дозата на лекот, окупацијата на рецепторот и биолошки одговор, различните видови на фармаколошки антагонизам и разликата помеѓу фармаколошки и нефармаколошки видови на антагонизам на лекови. Исто така се очекува студентот да знае точно да ги дефинира и интерпретира поимите ефикасност, селективност врз поединечни ткива и рецептори и терапевтскиот индекс. Поглавје: Терапевтски мониторинг на лекови (TDM) • Терапевтски мониторинг на лекови, влијание на фармакокинетиката, фармакодинамиката и фармакогенетиката врз исходот од терапијата, најчести групи на лекови за кои е потребно да се прави терапевтски мониторинг, аналитичките методи достапни за TDM. Резултати од учењето • Студентите ќе се стекнат со знаења и вештини неопходни за ефикасно следење на концентрацијата на лековите кај пациентите. Студентите ќе ги проучат принципите и методологиите за следење на лековите, вклучително и употреба на лабораториски тестови и фармакокинетски модели за да се проценат концентрациите на лекот и да се оптимизираат режимите на дозирање. Ќе се стекнат и со знаења за примена на TDM во различни терапевтски области, како и значењет на TDM во превенирање на можни несакани ефекти од употребата на лековите и можните интеракции помеѓу нив. Поглавје: Педијатриска фармакотерапија Фармацевтска грижа за педијатриски пациенти, управување со вообичаени состојби на педијатриска болест, терапија и следење на

		вообичаените состојби на педијатриска болест, пресметување на педијатриски дози на лекови. Критичка проценка на употребата на лекови заснована на докази во менаџментот на најчесто среќаваните педијатриски клинички состојби. Фармакокинетски принципи кои влијаат врз терапијата со лекови кај новороденчињата и децата. Ефективни комуникациски и консултативни вештини со пациентите, нивните семејства и други здравствени работници. Резултати од учењето Студентите ќе се стекнат со знаење за спецификите на фармакотерапијата кај педијатриски пациенти. Покрај тоа, студентите ќе ги развијат знаењата и вештините за обезбедување фармацевтска грижа за педијатриски пациенти и во амбулантски и во болнички услови и ќе може да ги толкуваат податоците за пациентите и да ги идентификуваат проблемите поврзани со лекови како и да изработат планови за грижа засновани на докази. Поглавје: Геријатриска фармакотерапија Улога на клиничките фармацевти во грижата за геријатриски пациент, оптимизација на третманот кај заболувања кај фериатриски пациенти, формулирање сеопфатен план за грижа за комплексен геријатриски пациент, фармакокинетски и фармакодинамски промени поврзани со возраста на пациентите Резултати од учењето Студентите ќе се стекнат со знаење за спецификите на фармакотерапијата кај гериатриски пациенти. Покрај тоа, студентите ќе ги развијат знаењата и вештините за обезбедување фармацевтска грижа за гериатриски пациенти и во амбулантски и во болнички услови и ќе може да ги толкуваат податоците за пациентите и да ги идентификуваат проблемите поврзани со лекови како и да изработат планови за грижа засновани на докази. Поглавје: Нутритивна подршка при малнутриција Основни на нутритивна подршка (енергетска рамнотежа/ балансч фактори влијаат на енергетската потреба во човечкиот организам; базална метаболичка стапка; термички ефект на храна ; Нутритивни извори на енергија);Малнутриција (симптоми, причини и ризик фактори (протеинската и енергетска малнутриција; скрининг алатки); Нутритивна проценка(клиничка процена,физичка проценка ,биохемиски / хематолошки проценка, антропометриски мерења и утврдување на составот на телото, проценка на тековната исхрана); пресметување на пациент индивидуализирани нутритивните потреби; ентерална исхрана (категории, индикации и контраиндикации, видови на ентерални формулации и нивни карактеристики , имунонутриција, мониторинг и пааметри на следење, компликации и нивно

		менаџирање); Парентерална исхрана (категории, индикации и контраиндикации, видови на ентерални формулации и нивни карактеристики , имунонутриција, мониторинг и пааметри на следење, компликации и нивно менаџирање); потенцијални компликации, идентификација и менаџирање („ refeeding“ синдром , хипералиментација, хипергликемија), Преодна исхрана), мониторинг на нутритивен исход, Пациенти со специфични потреби. Резултати од учењето: Студентите ќе се стекнат со знаење за пациент индивидуализирана проценка, планирање и иницијација на нутритивна подршка (ентерална и парентерална исхрана), навремена идентификација, спречување и менаџирање на пациент специфични компликации поврзани со типот на нутритивната подршка и мониторинг на нутритивните исходи во насока на оптимизација на нефармаколошки, супортивен нутритивен третман кај пациенти со малнутриција. Поглавје: Терапија при бременост и лактација Употреба на лекови при бременост и лактација, класификација на лековите според ризикот за употреба во состојби на бременост и лактација, карактеристики на лекот и физиолошките промени кои ја модифицираат фармакокинетиката на лекот за време на бременоста, вклучувајќи промени во апсорпцијата, врзувањето за протеините, дистрибуцијата и елиминацијата, тератогеност, физиологијата на лактацијата и фармакокинетските фактори кои влијаат на дистрибуцијата, метаболизмот и елиминацијата на лекот за време на лактацијата. Резултати од учењето: Студентите ќе се стекнат со знаење за употреба на лекови при бременост и лактација, класификација на лековите според ризикот за употреба во состојби на бременост и лактација, фармакокинетиката на лекот за време на бременоста, тератогеност на лековите, физиологијата на лактацијата и фармакокинетските фактори кои влијаат на дистрибуцијата, метаболизмот и елиминацијата на лекот за време на лактацијата. Поглавје: Терапија при хепатални и бубрежни нарушувања Влијание на бубрежни и хепатални нарушувања врз исход од терапија со лекови, толкување на биохемиски параметри кои упатуваат на нарушена бубрежна и хепатална функција, фармакокинетски аспекти при терапија на заболувања кај пациенти со бубрежни и хепатални нарушувања, примена на принципи на следење на исход од терапија и управување со терапија. Резултати од учење

		Студентите ќе се стекнат со знаење за управување со терапија со лекови кај пациенти со нарушена бубрежна и хепатална функција, пресметка на дози и дозажни режими кај вакви пациенти, интерпретација на резултатите од биохемиските лабораториски параметри кои упатуваат на нарушена бубрежна и хепатална функција. Поглавје: Третман на заболувања индицирани од пореметување на кисело базна рамнотежа Поглавје: Интеракции на лекови Механизми за настанување на лек интеракции, пристап за идентификување, управување и следење на интеракциите, посакувани (корисни), непосакувани (штетни) и опасни интеракции со лекови, клиничката важност на интеракциите, синергизам, хемиски, физиолошки и фармаколошки антагонизми. Резултати од учење Студентите ќе се стекнат со знаење за механизмите на настанување на интеракциите помеѓу лековите, пристапите за идентификација, видовите на исходи кои може да настанат како резултат на интеракциите помеѓу лековите и начинот на управување со терапијата со лекови каде постои можност од појава на интеракции.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Да се наведе: 1. Предзнаењата од предметите Фармакологија, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Фармацевтска хемија 3 се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите Клиничка фармација и фармакотерапија, Фармакогенетика и фармакогеномика		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови

		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	22,5 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7,5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часови Подготовка за практична настава: 15 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	40 бодови		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	x

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Dixon Thomas	Clinical Pharmacy Education, Practice and Research	Elsevier	2018/Електронско издание
		2.	Phil Wiffen	Oxford Handbook of Clinical Pharmacy	OUP Oxford	2012/Електронско издание

		3.	Karen J. Tietze	Clinical Skills for Pharmacists A Patient-Focused Approach	Mosby	2011/Електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Авторизирани предавања	Фармацевтски факултет-Скопје, УКИМ;	Тековна година//електронска копија
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА ГРИЖА**			
2.	Код	ФФИФХ34			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за Фармацевтска хемија Институт за Фармацевтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4та	семестар	VII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Александра Капедановска Несторовска (одговорен наставник) Проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска Проф. д-р.Зоран Стерјев Проф. д-р.Александра Грозданова Проф. д-р Никола Гешковски Проф. д-р Никола Гешковски Проф. д-р Зорица Наумовска Доц. д-р Љубица Михаилова Асс. Евгенија Михајловска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредити од Фармацевтска технологија 1 , Социјална фармација, Основи на фармакологија –V семестар; потпис од Фармацевтска технолоигја 2, - , Диететика и дитеотерапија, Фитотерапија Предуслов за полагање на предметот: потпис од Фармацевтска грижа, кредит од Фармакологија- VI семестар, Социјална фармација- VI семестар, Диететика и дитеотерапија- VII семестар			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** Целта на предметот е студентите да 1) стекнат разбирање на основниот концепт, процес, чекори и методи на обезбедување и документирање на фармацевтска грижа и нејзиното значење во унапредување на севкупната здравствена грижа и 2) развијат вештини кои ќе овозможат проценка, идентификација и оргнизација на фармацевтски интервенции кои ке			

		придонесат за задоволување на пациент индивидуалните потреби во однос на терапијата со лекови. • *Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во унапредување на лекувањето и исходот од третманот на болестите преку лична комуникација и соработка со пациентот и останатите членови на мултидисциплинарниот тим на здравствени работници.* ***Резултати*** По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да: • идентификува, класифицира и дефинира проблеми и грешки во терапијата со лекови, да ги процени незадоволените потреби на пациентите поврзани со терапијата и да ги примени основните принципи и начела во управување на терапијата со лекови. • демонстрира одговорност за потребите на пациентот кои се врзани со лекот, лекувањето и исходот од болеста и да придонесе во континуитетот на целокупната, мултидисциплинарна здравствена грижа преку обезбедување на соодветна, ефикасна и безбедна терапија која финално ќе го подобри придржувањето кон терапијата со лекови и квалитетот на живот на пациенот. • Се интегрираат во системот на превентивна заштита на популацијата
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**ОПШТ ДЕЛ: ОСНОВИ НА ФАРМЦЕВТСКА ГРИЖА** **Поглавје 1: Вовед во фармацевтска грижа и нејзината примена во унапредување на севкупната здравствена грижа** • Дефиниција, цели и начела на фармацевтската грижа; • Процес и чекори на фармацевтска грижа • Практични принципи и методи во планирање, обезбедување и документирање на фармацевтската грижа **Резултити од учење:** По завршувањето на ова поглавје, студентите ќе бидат способни да: 1. Дефинираат фармацевтска грижа, нејзините цели и основни начела, како и да ја разликуваат од други видови здравствена грижа. 2. Препознаат и опишат процесот на фармацевтска грижа, вклучувајќи ги сите чекори кои се потребни за обезбедување на ефективна грижа за пациентот. 3. Применуваат практични принципи и методи во планирањето, обезбедувањето и документирањето на фармацевтската грижа, за да осигураат висок квалитет на услугите и континуитет на терапевтската грижа. 4. Идентификуваат улогата на фармацевтот во контекст на здравствени тимови и како таа влијае на унапредувањето на севкупната здравствена грижа и исходите од третманот. **Поглавје 2. Етички аспекти во имплементација на фармацевтска грижа**

		• Етички принципи, етички кодекс и примена во решавање на етички дилеми во фармацевтската грижа • Значење во воспоставување и унапредување на терапевтската поврзаност помеѓу фармацевтот -пациентот и фармацевт- лекар. **Резултати од учење:** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат: • Да применуваат етички принципи во секојдневната пракса. • Да го објаснат значењето на Етичкиот кодекс на фармацевтите и неговата примена. • Да донесуваат информирани одлуки при решавање на етички предизвици. **Поглавје 3. Проблеми поврзани со терапијата со лекови** • Принципи на класификација и дефинирање на проблеми и грешки во третман, грешки во клиничка пракса • Тераписка инертност, комплијанса, адхеренца и конкорданса-процена, идентификација, фактори на ризик, управување и оптимизација **Резултати од учење:** • По завршувањето на ова поглавје, студентите ќе бидат способни да: • препознаат и класифицираат проблеми и грешки во терапијата со лекови, вклучувајќи грешки во клиничката пракса. • Ќе ја разберат разликата помеѓу терапевтска инертност, комплијанса, адхеренца и конкорданса, и ќе можат да идентификуваат фактори на ризик. • Ќе знаат како да управуваат со овие проблеми и да применат стратегии за оптимизација на терапијата за подобрување на резултатите. **Поглавје 4. Специфични аспекти поврзани со фармацевтските дозирани форми во контекст на фармацевтска грижа** • Улога и влијание на дозираните форми во обезбедување на терпаветска ефикасност и безбедност • Евалуација на специфичните аспекти на дозираните форми при фармацевтска грижа • Избор на соодветна дозирана форма • Приспособување на дозираната форма според индивидуалните потреби на пациентот како што се возраста, физичката состојба и здравствените проблеми на пациентот. • Упатства за правилно ракување и чување на дозираните форми. • Ризици од несоодветно ракување и чување. • Примена на иновативни технологии и персонализирани дозирани форми базирани на пациент-ориентирани стратегии. **Резулати од учење** По завршувањето на ова поглавје, студентите ќе бидат способни да: • Ја разбираат улогата на дозираните форми во осигурувањето на терапевтската ефикасност и безбедност на лековите и да го анализираат нивниот ефект на пациентите.

		• Изберат соодветна дозирана форма според специфичните потреби на пациентите, вклучувајќи ги здравствената состојба, возраста и други индивидуални фактори. • Приспособат дозирана форма според потребите на пациентите, осигурувајќи дека таа е оптимизирана за нивните терапевтски потреби. • Даваат упатства за правилно употреба и чување на дозираните форми, за да се осигури нивна ефикасност и безбедност во текот на нивната употреба. • Разбираат и применуваат стратеги за намалување на ризиците од несоодветна употреба и чување на дозираните форми. • Препорачуваат и применуваат иновативни технологии и развиваат персонализирани дозирани форми, применувајќи пациент-ориентирани стратегии за оптимизација на терапевтскиот ефект. **Поглавје 5. Оценка на квалитет на фармацевтска грижа, истражувања и иновации** • методи за оценка на квалитетот на фармацевтската грижа • примената на истражувања за подобрување на услугите. • нови стратегии и напредни методи за унапредување на фармацевтската пракса. ***Резултати од учењето*** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат: • Да оценат квалитет на фармацевтската грижа преку дефинирани критериуми. • Да спроведуваат истражувања и да анализираат добиени податоци. • Да развиваат стратегии за имплементација на иновативни методи во фармацевтската пракса. **СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ: РАЗВОЈ НА ПЛАН И ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ФАРМАЦЕВСКА ГРИЖА ВО ОПТИМИЗАЦИЈА НА ИСХОДИ (избрани поглавја)** **Поглавје 6. Пристап во обезбедување на фармацевтска грижа кај мултикоморбидитетен пациент** • предизвици и бариери во обезбедување на ФГ кај оваа популацијана пациенти, • несакани ефекти поврзани со грешки во пропишувањето на лекови (јатрогени) и приниципи и начела во управување на терапијата со лекови при полифармација; • водичи, алгоритми и алатки за проценка на проблеми во терапија и рационализација на терапијата (deprescribing) – (Beer, START/STOPP, PRISMA) Резултати од учење: По завршување на ова поглавје, студентите: • ќе можат да ги препознаат предизвиците и бариерите во обезбедувањето фармацевтска грижа за пациенти со мултикоморбидитети и да ги разликуваат ризиците од јатрогени ефекти поврзани со грешки во пропишувањето на лекови. • ќе развијат способности за применување принципи на управување со терапијата при полифармација и користење водичи и алатки за

		проценка и рационализација на терапијата, како Beer, START/STOPP и PRISMA. **Поглавје 7. Терапија на Кардиометаболни и ендокрини заболувања-1** (Хипертензија, Ангина пекторис, Срцева слабост, Акутен коронарен синдром, Миокарден инфаркт). Избор на соодветна дозирана форма, совети и упатства поврзани со примена, ракување, начин на администрација и услови на чување во контекст на ефикасен и безбеден третман. **Резултати од учење:** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат: • да ги идентификуваат основните принципи на терапија за кардиометаболни заболувања како хипертензија, ангина пекторис и срцева слабост и ќе научат како да изберат соодветна дозирана форма за секој пациент. • да дадат совети и упатства за правилна примена, ракување и чување на лекови за ефикасен и безбеден третман. **Поглавје 8. Терапија на Кардиометаболни и ендокрини заболувања -2** (Дислипидемија, Дијабетес, Коагулациони пореметувања). Избор на соодветна дозирана форма, совети и упатства поврзани со примена, ракување, начин на администрација и услови на чување во контекст на ефикасен и безбеден третман. **Резултати од учење:** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат: • да изберат соодветни дозирани форми за лекување на дислипидемија, дијабетес и коагулациони пореметувања и • да применат методи за безбедно и ефикасно администрирање на терапијата. • да разберат како правилното ракување и чување на лековите влијаат на терапевтската ефикасност. • **Поглавје 9. Терапија на Пулмонарни заболувања** (Астма, Хронично обструктивна белодробна болест). Избор на соодветна дозирана форма, совети и упатства поврзани со примена, ракување, начин на администрација и услови на чување во контекст на ефикасен и безбеден третман. **Резултати од учење:** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат: • Да идентификуваат кои дозирани форми се најсоодветни за третман на астма и хронично обструктивна белодробна болест • да дадат препораки за правилна примена и чување на лековите. • Да развијат способности за процена на адекватноста на терапијата во контекст на безбедност и ефикасност. **Поглавје 10. Терапија на Невролошки и Психијатриски заболувања** (Деменција асоцирани пореметувања, Епилепсија, Депресија, Паркинсонова болест, Биполарни пореметувања, Шизофренија). Избор на соодветна дозирана форма, совети и упатства поврзани со примена, ракување, начин на администрација и услови на чување во контекст на ефикасен и безбеден третман. **Резултати од учење:** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат:

		• Да идентификуваат најсоодветни дозирани форми за лекување на деменција, епилепсија, депресија и други психијатриски заболувања, • да обезбедат информации за правилна примена и чување на лековите. • да ја разберат важноста на ефикасниот третман за пациентите со овие состојби. **Поглавје 11. Управување на самомедикација и терапија со лекови кои се издаваат без рецепт (**Фармацевтска грижа при самолекување на гастроинтестинални заболувања, урогенитални заболувања, кожни заболувања **,** покачена телесна температура**,** болка). Избор на соодветна дозирана форма, совети и упатства поврзани со примена, ракување, начин на администрација и услови на чување во контекст на ефикасен и безбеден третман. **Резултати од учење:** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат: • да развијат вештини за процена на проблеми и избор на соодветни дозирани форми за лечење на различни заболувања кои се лечат со лекови без рецепт. • да дадат совети и упатства за правилна примена, ракување и чување на лековите. **Поглавје 12.** Фармацевтска грижа во промоција на здравје –(вакцинација, пушење, правилна исхрана).. **Резултати од учење:** По завршување на ова поглавје, студентите ќе можат: • Го применуваат концептот на фармацевтската грижа во контекст на промоција на здравје, вклучувајќи вакцинација, пушење и правилна исхрана.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска технологија 1, Основи на, Социјална фармација, Фармацевтска технологија 2, Броматологија Анасе потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) за следење на наставните содржини на (предметите во повисоките семестри)		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 2 часа неделно = 30 часови

		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	0
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	30 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 15 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)		25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)		Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови		
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		6-10
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			60-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Авторизирани предавања	Фармацевтски факултет, УКИМ	Тековна/2024
		2.	F. Alves da Costa, J.W.F. van Mil, A. Alvarez-Risco	The Pharmacist Guide to Implementing Pharmaceutical Care	Springer, New York	2018 електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.	Karen Lynn Whalen	Medication Therapy Management, Second Edition	McGraw Hill LLC	2018/ електронска копија
		2.	Paul Rutter	Community Pharmacy - E-BOOK Symptoms, Diagnosis and Treatment 6th edition	Elsevier	2024/ електронска копија
		3,	Ardalan Mirzaei, Claudia Rijcken	Pharmaceutical Care in Digital Revolution	Academic Press	2023 електронско издание

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**КЛИНИЧКА ФАРМАЦИЈА И ФАРМАКОТЕРАПИЈА**			
2.	Код	ФФИФХ35			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Фармецсвтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4та	семестар	VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Александра Капедановска Несторовска (одговорен наставник) Проф. д-р. Љубица Шутуркова Проф. д-р. Зоран Стерјев Проф. д-р. Александра Грозданова Проф. д-р. Зорица Наумовска Асс.Евгенија Михајлоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: • Положен: Патологија и Патофизиологија (III семестар), Микробииологија (III семестар), Фармацевтска хемија 3 (VI семестар) • Ислушан: Клиничка биохемија, Основи на клиничка фармација, Фармацевтска грижа, Фармакоинформатика (сите од VII семестар) Предуслов за полагање на предметот: • положен: Клиничка биохемија, Основи на клиничка фармација, Фармацевтска грижа, Фармакоинформатика (сите од VII семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање за: - најзначајните концепти на патофизиолошкиот пристап во дефинирање на пациент- индивидуализираната фармакотерапија и - интеграцијата на медицина и фармација -базираните докази во оптимизација на пациент- специфичните исходи на терапијата со лекови - критичко размислување во обезбедување на квалитетна клиничко-фармацевтската грижа. Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во директната грижа на пациентите и како дел од мултидисциплинрниот тим на здравствени работници да превземе одговорност во донесување на			

		одлуки кои ке обеззбедат ефикасна, безбедна и трошок- ефективна терапија со лекови. Резултати од учењето: По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен за одговорно обезбедување на терапија со лекови во насока на постигнување на пациент индивидуализирани тераписки исходи кои го подобруваат квалитетот на животот на пациентот, а кои се однесуваат на третман, контрола и одстранување на симптоми на болест како и превенција или забавување на прогресија на болест преку навремена идентификација на потенцијални или актуелни проблеми поврзани со терапијата со лекови, нивно менаџирање (управување) и превенција на нивна појава.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје 1: Фармакотерапија на Кардиоваскуларни заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка на КВЗ; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1) Артериска хипертензија 2) Хипертензивниа криза и ургентност, 3) Исхемична срцева болест, 4) Хиперлипидемија, дислипидемија, атеросклероза 5) Акутен коронарен синдром, 6) Хронична стабилна ангина, 7) Аритмии, 8) Венски тромбоемболизам, 9) Цереброваскуларни состојби - транзиторна исхемична атака, исхемичен и хеморагичен мозочен удар, 10) Периферна васкуларна болест, 11) Шок (хеморагичен и хиповолемичен) Поглавје 2: Фармакотерапија на Респираторни заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка - тестирање на пулмонарна функција и клиничка презентација; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1) Астма 2) Хронично обструктивна белодробна болест, 3) Лек индуцирана пулмонарна болест, 4) Цистична фиброза Поглавје 3: Фармакотерапија на гастроинтестинални (ГИТ) заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка - евалуација на функција на горен и долен ГИТ и клиничка презентација; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1) Гастроезофагијална рефлуксна болест 2) Пептичен улцер, 3) Инфламаторна цревна болест, 4) Цироза, 6) лек индуцирана хепарна болест, 7) Панкреатитис Поглавје 4: Фармакотерапија на Невролошки заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1) Мултипла склероза, 2) Паркинсонова болест, 3) Конвулзивни пореметувања- епилепсија и статус епилептикус, 4) Деменција, 5) Мигрена Поглавје 5: Фармакотерапија на Психијатриски заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1)

		Анксиозност, 2) Пореметувања на сонот, 3) Шизофренија, 4) Мајорно депресивно пореметување, 5) Биполарно пореметување, 6) Пореметување на внимание и хиперактивност Поглавје 6: Фармакотерапија на Ендокрини и Метаболни заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1) тироидни пореметувања-Хипотироидизам, хипертироидизам, Лек – индуцирана тироидна болест, 2) Дијабетес Мелитус - тип 1, тип 2, дијабетска кетоацидоза, лек индуцирани промени во глукозна хомеостаза), 3) Обезност Поглавје 7: Фармакотерапија на гинеколошки и урогенитални пореметувања • Основи на клиничка презентација и проценка; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија при 1) Пореметувања на менструален циклус- предменструален синдром, предменструално дисфорично пореметување, менопауза 2) Ендометриоза 3) Контрацепција, 4) Бенигна хиперплазија на простата, 5) Еректилна дисфункција, 6) Уринарна инконтиненција Поглавје 8: Фармакотерапија на Инфективни заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија при инфекции на 1) Централен нервен систем, 2) инфективен ендокардитис, 3) долен и горен респираторен систем, 4) Кожа и меки ткива, 5) туберкулоза, 6) ГИТ инфекции, 7) Паразитски и фунгални инфекции, 8) инфекции кај имунокомпромитирани пациенти, 9) сексуално преносливи болести, 10) ХИВ, 11) Вирални инфекции Поглавје 9: Фармакотерапија на Ренални заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка на ренална функција; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија при 1) Акутна бубрежна инсуфициенција, 2) хронична бубрежна инсуфициенција, 3) Дијализа 4) Лек индуцирана бубрежна болест 5) Болест модифицирана Фармакокинетика и фармакодинамика на специфични лекови и ефекти на ренална болест врз метаболизмот на лекови. Поглавје 10: Фармакотерапија на Дерматолошки заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1) Акне вулгарис, 2) Псоријаза, 3) Атопичен дерматит, 4) Лек – индуцирани дерматолошки состојби Поглавје 11: Фармакотерапија на ревматолошки заболувања • Основи на клиничка презентација и проценка; Протоколи на третман и пристап во индивидуализација на терапија на 1)

		Остеоартритис, 2) Ревматски артритис, 3) Гихт и хиперурикемија, 4) Селектирани пореметувања на конективни ткива - Фибромиалгија, Лупус Еритоматосус Поглавје 12: Фармакотерапија на Неопластични заболувања • Протоколи на третман, пристап во индивидуализација на терапија и несакани ефекти од хемотерапија при третман на 1) Цврсти тумори (Бели дробови, Дојка, Дебело црево), 2) Хематолошки тумори (Леукемија, Миелом, Лимфом) Резултати од учењето во согласност на специфичноста на содржината во предвидените поглавја (од 1 до12) и соодветните единици: • Студентите ќе можат да ги опишат основните карактеристики на клиничка манифестација и процесот на клиничка евалуација на специфичното заболување; • Студентите ќе бидат способни да идентификуваат и анализираат пациент -специфичен проблем во терапијата со лекови; • Студентите ќе можат да дефинираат посакуван пациент-специфичен тераписки исход и согласно на него да посочат соодветни терапевтски алтернативи, да дизајнираат и предложат оптимален план за фармацевтска грижа и план за следење и евалуација на исходот од предложената клиничко – фармацевтска интервенција.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите: Патологија и Патофизиологија-Фармацевтска хемија 1, 2 и 3, Микробиологија, Клиничка биохемија, Основи на клиничка фармација, Фармацевтска грижа, Фармакоинформатика се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на Фармакогенетика и фармакогеномика, Фармакоекономија и Фармакоепидемиологија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	**240 часа**		
16.		16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	75 часови

	Форми на наставните активности	16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7,5
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 75 часови Подготовка за практична настава: 22,5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови

18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)
19	Начин на оценување	
	19.1 Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2 Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3. Практичен испит: бодови	6-10
	19.3 Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	x

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	Joseph T. DiPiro, Gary C. Yee, L. Michael Posey, Stuart T. Haines, Thomas D. Nolin, Vicki Ellingrod	Pharmacotherapy: A Pathophysiologic Approach, 11 edition	McGraw Hill	2020 / 11 edition /електронска копија

		2.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.		Авторизирани предавања	Фармацевтски факултет-Скопје, УКИМ; Медицински факултет-Скопје, УКИМ	Тековна година//електронска копија
		2.		Официјални Водичи и препораки за третман на специфичните заболувања	Меѓународни здруженијаи асоцијации на експерти од областа	Тековна година/најново издание/електронска копија

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**БИОФАРМАЦИЈА**			
2.	Код	ФФИФТ36			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	4	семестар	VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	7 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Горачинова (одговорен наставник) Проф. д-р. Кристина Младеновска Проф. д-р Никола Гешковски Доц. д-р Љубица Михаилова Асс. Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Потпис од: фармацевтска технологија (напредно ниво); фармацевтска технологија Кредит од: Основи на фармацевтска технологија Предуслов за полагање на предметот: Кредит од; Основи на фармацевтска технологија; Анатомија и физиологија, Основи на фармакологија; фармацевтска технологија; Потпис од фармацевтска технологија напредно ниво			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Биофармацијата претставува мултидисциплинарен предмет кој има за цел да ги објасни релациите помеѓу дизајнот на лековите, однесувањето ин виво и ефикасноста на третманот. Примарните цели на овој предмет се: - Да им помогне на студентите да ги разберат и аплицираат базичните концепти на биофармацијата и фармакокинетиката во дизајнот на лековите и клиничката терапија - Да ја развие кај студентите можноста за анализирање и решавање на проблеми од аспект на биорасположливоста, сигурноста и ефикасноста во текот на дизајнот на фармацевтските дозирани			

		форми (ФДФ) и изборот на процесот на производство, како кај конвенционалните ФДФ така и кај современите терапевтски системи - Да ги развива можностите кај студентот за анализа и решавање на проблеми во клиничката терапија со примената на познавањето на биофармацевтските аспекти на лековитите супстанции и лековите После завршувањето на курсот студентот ќе биде во можност да: - Да опишува и применува различни фармакокинетски модели - Да ги применува фармакокинетските параметри за предвидување на сигурноста и ефикасноста на терапијата - Да ги применува фармакокинетските параметри за моделирање на сигурен и ефикасен лек - Да идентифицира како влијаат различни физиолошки, физичко-хемиски, фармацевтско-технолошки и фактори на ФДФ врз биорасположливоста при различни начини на администрација - Да ја предвидува судбината на слабите бази и киселини и нивните соли во ГИТ, промената на растворливоста во зависност од pH, преципитацијата и проблемите со биорасположливоста и да предложува решенија - Да ја одредува апсолутната и релативната биорасположливост од податоци од плазма и урина - Да проценува, дискутира, евалуира и применува во тек на својата професионална работа различни проблеми кои се однесуваат на биорасположливоста и биоеквиваленцијата и да ја споредува средната биоеквивалентност со популацискатa и индивидуалната - Да го разбира Биофармацевтскиот класификациски систем и да го применува во дизајнот на сигурни и ефикасни ФДФ - Да избира и изведува различни ин витро или ин ситу тестови за проценка на пермеабилноста и други биофармацевтски карактеристики - Да го објасни и примени концептот на ин витро ин виво корелација за различни дозирани форми - Да предложува рационален дизајн во зависност од биофармацевтскиот профил - Да ги препознае, дискутира сите фактори кои влијаат врз фармакокинетската варијабилност (генетски, возраст, пол, телесна маса, болест, лек-лек и лек-храна интеракции и сл)
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1: Фармакокинетика, фармакокинетски модели, пристапи во обликување на фармакокинетскиот профил на лековите во фармацевтската индустрија и значење на фармакокинетиката во оптимизацијата на лекувањето на пациентите.** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата наведени подолу и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Еднокомпартментниот и повеќекомпартментните фармакокинетски модели и дистрибуцијата на лековите, пресметување на фармакокинетските параметри за интравенски болус, еднократна и повеќекратна администрација и интравенска инфузија, пресметување на брзина на инфиндирање за постигнување на равнотежна состојба, пресметуваат корекција на доза при наручена бубрежна елиминација или хепарна функција, и друга апликација на фармакокинетиката во клинички случаи, предвидување и верифицирање на проблеми кои потекнуваат од нелинеарна фармакокинетика, фармакокинетика на орална апсорпција и пресметување на значајни фармакокинетски параметри за

		еднократна и повекекратна перорална апликација, фармацевтско-технолошки пристапи во обликување на фармакокинетскиот профил (дотерување на фармакокинетските параметри) на лековите **Поглавје 2. Биофармацевтски фактори во дизајнот на дозирани форми и терапевтски системи/препарати со модифицирано и таргетирано однесување**. Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Проценување на влијанието на биофармацевтските аспекти врз квалитетот на лекот, односно безбедноста и ефикасноста на третманот; пресметка и примена на средна, индивидуална и популациска биоеквиваленција, пресметка и примена нанепараметарските броеви на биофармацевтскиот класификациски систем, бариери за апсорпција во ГИТ и физиолошки ф-ри на апсорпција, пресметка на минимална апсорбирана доза според развојниот класификациски систем, анализа и синтеза на физичко-хемиските, фармацевтско-технолошките и биофармацевтските аспекти во биофармацевтски профил како и примена на биофармацевтскиот профил за донесување на одлуки при дизајн на сигурен и ефикасен лек, биорасположливост ограничена од брзина на дисолуцијат, пермеација и/или рамнотежна растворливост и пристапи за дизај на биоеквивалентен лек во сите случаи, предвидување и пресметување на степен на диспропорционирање на солите ин витро и ин виво и инкорпорирање на овие сознанија во тек на дизајнот за дозираните форми, простапи во рационален дизајн на лекови кои содржат активни супстанции од BCSII и BCS IV со висок дозен број и примена на ексципиенси според BCS класа за соодветно решавање на проблемот, пристапи во дизајнот на BCS III лековити супстанции и решавање на проблемот со пермеабилноста, пресметка на ин витро и ин виво корелаијата и избор на ин виво компатибилен дисолуциски тест, и избор на вид на дозирана форма во зависност од биофармацевтските и физиолошките фактори на местото на апсорпција. **Поглавје 3. Физиолошка биофармација** Во текот на оваа методска единица студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Примена на физиолошките и фармакокинетските аспекти при формулација на интравенски, интрамускулни, супкутани конвенционални и современи колоидни терапевтски системи - Преод преку крвно мозочната бариера и видовите на транспорт за преод преку мембраните на колоидните системи, формулациски пристапи за зголемување на ефикасност на преод - Трансдермална апликација и факторите кои влијаат врз преодот преку кожата, ексципиенси за подобрување на транспортот, колоидни системи, формулациски пристапи и транспорт низ кожата со примена на јонтофореза, сонофореза, електропорација - Физиолошки фактори на назална администрација, фармакокинетски аспекти и системи за назална администрација - Пулмонарна апликација, физиолошки фактори и дизајн на ефикасни и сигурни конвенционални ФДФ и современи терапевтски системи, фармакокинетика на овие системи

		- Офталмичка апликација, од физиолошки фактори до ефикасни терапевтски системи, дистрибуција, пенетрација низ склерата и конјуктивата, разни пристапи во формулација на современи колоидни терапевтски системи		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите (кои се претходно во студиската програма) се потребни/поврзани со предметот - потпис од: фармацевтска технологија - кредит од: основи на фармацевтска технологија 2. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) за следење на наставните содржини на (предметите во повисоките семестри) - потпис од; фармацевтска технологија напредно ниво - кредит од фармацевтска технологија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	7 ЕКТС x 30 часа = 210 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Бројот на работни недели (15) x 3 часа неделно = 45 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	8 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 67 часови Подготовка за практична настава: 22,5 часови Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.

		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часови Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	5

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) F
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Leon Shargel, Susanna Wu- Pong, Andrew B.C. Yu	Applied Biopharmaceutics & Pharmacokinetics	The McGraw-Hill Companies	2015
2.	Washington N., Washington C., Wilson C.	Physiological Pharmaceuticals: Barriers to Drug Absorption, 2nd edition	CRC Press, Taylor & Francis	2001
3.	Rajesh Krishna, Lawrence Yu	Biopharmaceutics Applications in Drug Development	Springer	2010

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАЦЕВТСКА БИОТЕХНОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФИФТ38			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацвтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4	семестар	VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Да се наведат наставници кои ќе учетвуваат во наставата. Одговорниот наставник да биде напишан прв со назнака во заграда за одговорен наставник) Проф. д-р Рената Славеска Раички Доц. д-р Душко Шалабалија Ас. м-р Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредити од Фармацевтска технологија 1 (V семестар) Фармацевтска технологија 2 (VI семестар) Фармацевтска технологија напредно ниво (VII семестар) Предуслов за полагање на предметот: потпис од Фармацевтска биотехнологија (VIII семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели* на предметната програма** Целта на програмата по предметот е студентите да стекнат активно и трајно знаење за современи технологии и методи применети во сите фази од развој и производство на ефикасен и безбеден биотехнолошки лек и производ за терапевтска цел со комплексност на интегрирани клучни концепти, специфични процеси и методи во брзорастечката биофармацевтска индустрија. Образовна цел е и запознавање на студентите со актуелни, глобални регулаторни рамки и водичи низ спектарот на фармацевтската биотехнологија но, и потребата од донесување на нови за следење на брзорастечкиот тренд во овој домен. Дополнително, ќе стекнат компетенции од интердиспиплинарна природа потребни за работа во тимови за биотехнолошки истражувања ориентирани кон производи и процеси во фармацевтска биотехнологија и фармација. ***Резултати*** од учењето (знаење, индивидуални вештини, професионални вештини) По завршувањето на предметот, студентите ќе бидат способни за: • Толкување на научни принципи и содржини на биотехнологијата применети во развој на производи од фармацевтски интерес • Толкување на напредни содржини од биотехнологијата потребни за развојот на нови биотехнолошки лекови • Решавање проблеми и предизвици поврзани за производство на биотехнолошки лекови според начелата на добра производствена практика и имплементирање на регулаторни барања			

		• Решавање проблеми и предизвици поврзани со пречистување и елементи на карактеризација на биотехнолошки производи за терапевтска примена • Kompetentno учество во работата на интердисциплинарни тимови посветени на истражување, развој и производство на биотехнолошки лекови, производи од терапевтскии нтерес и некои производи за напредни терапии
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Да се внесе *детална содржина* на предавањата организирани по поглавја и единици. Под секое поглавје да се внесат резултати од учење: **Поглавје: Клучни научни аспекти во домен на фармацевтска биотехнологија и биотехнолошки лекови:** краток преглед на здравствени приоритети, развојни содржини и влијанија на фармацевтската биотехнологија како здравствена и научна дисциплина на фармацијата; биотехнолошки лекови и сигнификантна улога на брзорастечката биофармацевтска индустрија; применети концепти, технологии и методи при избор, дизајнирање и добивање на рекомбинирани терапевтски протеини: создавање и избор на продукциски систем/домаќини за експресија; добивање синтетичка ДНК; алтерантивни извори за клонирана секвенца на ДНК; трансфекција во продукциски систем/клетка домаќин за целите на добивање рекомбиниран терапевстки протеин; терапевтски молекули базирани на РНК и ДНК; аспекти на изолирање и пречистувње на рекомбинирани терапевтски протеини од продукциски системи; етички начела и дилеми низ спектарот на фармацевтската биотехнологија. **Резултати од учењето:** • Студентите ќе стекнат знаење за практична примена на молекуларната биотехнологија во фармацевтски цели • Концепти за *in vitro* добивање на терапевтски протеини вклучително со целосно хумана секвенца и структура што овозможи брзорастечки тренд на производство на биотехнолошки лекови **Поглавје: Производство и пречистување на биотехнолошки производи наменети за терапевтска примена**: клучни аспекти на производство (upstream) и пречистување (downstream) на биотехнолошки производи наменети за терапевтски цели; пристапи при селекција на систем за експресија на рекомбинирани протеини од терапевтски интерес со компаративен преглед; банки за клетки, системи и медиуми за култивирање; процеси на пречистување со основни операции; креирање и толкување на производствени органограми; системи и технологии за еднократна употреба; потенцијални извори на контаминанти и важност за биотехнолошки производи за терапевстки цели; добра производна практика (GMP), начела за осигурување на квалитет со дизајн за добивање на ефикасни и безбедни биотехнолошки производи од терапевтски интерес со преглед на клучни, глобални регулаторни барања (ЕМА, ФДА); **Резултати од учењето:** Студентите ќе стекнат знаење за: • типични активности, технологии, процеси и методи применети за добивање (од лабораториски до индустриски размери) на биотехнолошки производии од терапевтски интерес • предизвици поврзани со производство, пречистување и елементи на карактеризација на биотехнолошки производи за терапевтска примена со толкување на регулаторни барања

		Поглавје: Формулациски аспекти на биотехнолошки лекови: преглед на клучни, карактеристични и специфични аспекти на развој и рационален дизајн на ефикасни и безбедни биотехнолошки лекови според целен профил на квалитет на производ; предизвици и прашањата својствени за развојот според предоминантен и алтернативен начин на примена на лекот; хемиски модификации за подобрување на особини на протеински молекули за добивање на биотехнолошки лек; пристапи при избор на ексципиенти од различни категории и функции поткрепени со примери на одобрени за промет биотехнолошки лекови; концепт на прозводство на биосличен лек; пакување и пристапи за избор на контактна амбалажа, картрици и други современи системи; начини на правилно ракување. **Резултати од учењето:** Студентите ќе стекнат знаење за: • успешно формулирање на ефикасен, стабилен и безбеден биотехнолошки лек според целен профил на квалитет на производ • важноста на сеопфатно разбирање на физичката и хемиската карактеризација на молекулот од терапевтски интерес за биотехнолошки лек • пристапи во избор на ексципиенти за отпимална формулација на биотехнолошки лек • решавање на предизвици, управување со ризици својствени за развојот на биотехнолошкиот лек • материјали и современи системи и за пакување на биотехнолошки лек **Поглавје: Трансгенични животни, растенија, генетски модифицирани клетки и ткива во развој и производство на терапевтски молекули:** примена на рекомбинирана ДНК и ОМИКА технологии како и алатки за уредување на геном во функција за добивање на генетски изменети специеси за потребите на потенцијални комерцијални примени; посебен осврт во откривање и добивање на нови терапевтски молекули; концепт на ,, биофарми“.; органоиди и 3Д клеточни култури како нови алатки на биотехнологијата и примена во процес на развој на биотехнолошки лекови; запознавање со ,, on a chip” технологии. **Резултати од учењето:** Студентите ќе стекнат знаење за: • компетитивни, иновирани и супериорни пристапи и процеси на фармацевтската биотехнологија за добивање на нови терапевтски агенси со директно влијание на фармацевтската наука, медицината и фармацевтската грижа **Поглавје**: **Технологии применети во производство на производи за напредни терапии со клучни фактори на успешен производствен процес;** класификација на производите според ЕУ регулаторен концепт и други основи; компаративна анализа на сличности и разлики помеѓу производите за напредни терапии, рекомбинираните протеини и другите биотехнолошки лекови; категоризација на матични клетки; технологии и методи за матични клетки, индуцирани плурипотентни матични клетки; технологии и производи за генска терапија (ex vivo vs in vivo): производство на вирусни вектори; небиолошки методи; примери на формулации и применети ексципиенти кај одобрени производи за напредни терапии. Регулирање на проиводи за напредни терапии и преглед на одобрени производи преку студии на случај.. **Резултати од учењето:**

		Студентите ќе стекнат знаење за: • современи платформи за производство на производи за напредни терапии • глобални регулаторни аспекти и идентификација на потреба од нови		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Молекуларна клеточна биологија и генетика (I семестар) Микробиологија (III семестар) Фармацевтска технологија (V и VI семестар) се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини Индустриска фармација и Фармакогенетика и Фармакогеномика		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, студии на случаи Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно и во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели 15 x 1 час неделно
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	30 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часови Подготовка за практична настава: /
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови	25-50	

		(доколку не се полагаат колокивуми)				
	19.2	Колоквиум: бодови			Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови				
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			10 + 12	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)			До 60 бода	5 (пет) (F)	
				60-66 бода	6 (шест) E	
				67-75 бода	7 (седум) D	
				76-84 бода	8 (осум) C	
				85-93 бода	9 (девет) B	
				94-100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.			
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Дан J. A. Кромелин , Роберт Д. Синделар, Бернд Мајбом	Фармацевтска биотехнологија : основи и примена (превод) Pharmaceutical biotechnology: fundamentals and applications ИСБН:978-608-247-875-3	Арс ЛАМИНА	2017 цврста копија
		2.	Ansel M., Popovich N., Allen L.	Pharmaceutical dosage forms and drug delivery systems 8-th Ed.;	Williams & Wilkins,	2004 електронско издание
		3.	Aulton M.	Pharmaceutics, The science of dosage form design, 2ndEd;	Churchill Livingstone,	2002 електронско издание
		4.		Remington The Science and Practice of Pharmacy 21stEd	Mack Pub. Co.,	2005 електронско издание
		5		European Pharmacopeia 11		електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		електронско издание
		2.		веб-сајт на ЕМА и ФДА		

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАКОЕКОНОМИЈА И ФАРМАКОЕПИДЕМИОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФИФХ38			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та	семестар	VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Зоран Стерјев (одговорен наставник) Проф. д-р Љубица Шутуркова Проф. д-р Александра Грозданова Вонреден проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Асс. м-г Евгенија Цветановска Асс. м-г Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан Математика и применета статистика во фармација (I семестар), Основи на фармакологија (5 семестар), Основи на Клиничка фармација (7 семестар), Фармакоинформатика (7 семестар). Предуслов за полагање на предметот: (положен Математика и применета статистика во фармација) (1 семестар).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Очекувани резултати: Предметот има за цел да обезбеди специфични знаења за фармакоекономските и фармакоепиделошките студии и анализи, начинот на нивно моделирање и изведување, толкување на резултатите од истите и донесување на стручни мислења базирани на резултатите од истите а во насока на унапредување на јавното здравје и перформансите на здравствените системи. По завршувањето на предметот од студентите се очекува да покажат знаења: за различните фармакоекономски и фармакоепидемиолошки студии, начинот на пресметување на трошоците во рамките на фармакоекономските студии, начинот на идентивикување на различните видови на исходи (клинички,			

		хуманистички и економски) неопходни за спроведување на фармакоекономските студии, практична примена на резултатите од фармакоекономските студии и евалуација на истите.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Процена и управување на терапија со лекови Поглавје: Вовед во фармакоекономија Историја, потреба и значење на фармакоекономијата, фармакоекономски поими и дефиниции, примена на фармакоекономијата во рамките на здравствените системи Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за основите термини, дефиниции и поими во фармакоекономијата, значењето на фармакоекономијата за подобрување на перформансите на здравствените системи и практичната примена на фармакоекономијата во рамките на здравствениот систем. Поглавје: Трошоци и исходи Видови на трошоци во фармакоекономски студии (директни, индиректни и неопипливи), пресметување на трошоците, видови на исходи во фармакоекономските анализи (клинички, економски и хуманистички), начин на добивање на исходите. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со основни знаења за видовите на трошоци и исходи кои се неопходни за правење на фармакоекономска студија, начинот на нивно пресметување Поглавје: Основни фармакоекономски студии Анализа на минимизирање на трошок (CMA), Анализа на трошок придобивка (CBA), Анализа на трошок ефективност (CEA) и Анализа на корисност на трошок (CUA). Резултати од учењето • Студентите ќе се стекнат со знаења за основните фармакоекономски анализи, влезните и излезните параметри за нивно реализирање, толкување на резултатите од истите, начин на нивно изведување и нивноо значење и применливост. Поглавје: Моделирање на фармакоекономски анализи Анализа на одлуки, Стебло на одлука, Марков модел, Модел на докази, Монте Карло симулација Резултати од учењето • Студентот се очекува да се стекне со знаење за формален и рационален пристап за носење одлука кој дозволува клучните структурни и влезни претпоставки да бидат транспарентни

		експлицитни и видливи. Исто така студентите ќе се стекнат со знаење за примена на методолошка транспарентна структура со која се одредуваат трошоците на терапијата за дадено заболување како и исплатливоста на алтернативните терапии и студентите ќе се стекнат со знаење за примена на аналитичко – визуелни модели во фармакоекономијата. Поглавје: Анализа на влијание на буџет и Студија за трошок на болест Анализа на влијание на буџет и Студија за трошок на болест Резултати од учењето • Студентите ќе се стекнат со основни знаења за Анализа на влијание на буџетот (БИА) која е од суштинско значење за планирање на буџетот и ресурсите како основа за донесувањето одлуки од страна на плаќачите на здравствените услуги. Студентите исто така ќе се стекнат со основни знаења за Студијата за трошок на болест преку која се утврдува вкупното економско влијание на некоја болест или здравствена состојба врз општеството. Поглавје: Прифаќање и адаптирање на нови здравствени технологии Истражување кое ги испитува краткорочните и долгорочните последици од прифаќањето, адаптирањето и примената на здравствена технологија во здравствен систем. Резултати од учењето Студентите ќе се стекнат со знаење за системскиот процес на прифаќање и адаптирање на нови здравствени технологии во еден здравствен систем. Поглавје: Вовед во фармакоепидемиологија Фармакоепидемиологијата како научна дисциплина, запознавање со принципи на фармакоепидемиолојиата, следењето на употребата и ефектите на лековите во широки популации, основни фармакоепидемиолошки студии, начин на нивно дизајнирање и познавање на изворите на податоци за фармакоепидемиолошките истражувања и големина на примерок за фармакоепидемиолошки студии. Резултати од учењето Студентите ќе се стекнат со знаење за основните аспекти на фармакоепидемиологијата и тоа прицини на болести, квалитет на живот и адхеренција кон лекување, фактори кои се користат за следење на употребата и ефектите на лековите во широки популации, како и користење на извори на информации и основна поделба на фармаепидемиолошки студии. Поглавје : Фармакоепидемиолошки студии Основни фармакоепидемиолошки студии: кохортна студија, студии на случаи и контроли, крос-секциони студии, контролирани студии на случај,

		Употреба на рандомизирани контролирани студии и мета-анализи во фармакоепидемиологија. Дефинирање на начини на спроведување на фармакоепидемиолошки студии и значењето на овие студии за академијата, индустријата, регулаторните агенции и здравствениот систем.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Да се наведе: 5. Предзнаењата од предметите Математика и биостатистика, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Фармацевтска хемија 3 се потребни/поврзани со предметот		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Аудиториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	22,5 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7,5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часови Подготовка за практична настава: 15 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	40 бодови		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			x
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода		5 (пет) (F)
			60-66 бода		6 (шест) E
			67-75 бода		7 (седум) D
			76-84 бода		8 (осум) C
			85-93 бода		9 (девет) B
			94-100 бода		10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	K G Revikumar	Pharmacoepidemiology and Pharmacoeconomics		K G Revikumar
		2.	Karen Rascati	Essentials of Pharmacoeconomics	Karen Rascati	2013, електронско издание
		3.	Renee J. G. Arnold	Pharmacoeconomics From Theory to Practice	CRC Press	2016, електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Авторизирани предавања	Фармацевтски факултет- Скопје, УКИМ;		Тековна година//електронска копија

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ТОКСИКОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФИПБ39			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5-та	семестар	IX-ти
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Татјана Кадифкова Пановска (одговорен наставник) Проф. д-р Тања Петреска Ивановска Доц. д-р Зоран Живиќ Асс. м-р Ана Марија Бајатовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: потпис од Фармацевтска хемија 2 (VI-ти семестар) и Клиничка биохемија (VII-ми семестар) Предуслов за полагање на предметот: положен испит (кредит) од Фармацевтска хемија 2 (VI-ти семестар) и Клиничка биохемија (VII-ми семестар)			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Целта на предметот е студентите да стекнат и развијат разбирање на општите принципи на токсикологијата потребни за истражување на механизмите со кои токсичните супстанции предизвикуваат несакани ефекти во биолошките системи. Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења во проценка на ризици од експозиција на ксенобиотици. Дополнително, ќе може да препознае карактеристични симптоми на акутни и хронични труења, да спроведе токсиколошки анализи во клиничката пракса и да направи соодветен избор на антидотска терапија. Резултати од учењето По успешното завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: • Дефинира и препознава отрови, времетраење, место и начин на експозиција и проценка на ризик.			

		• Објасни механизми на токсичност и репарирање на оштетувањето. • Објасни метаболизам на ксенобиотици во организмот. • Објасни биотрансформација на ксенобиотици. • Дефинира токсикокинетички модели. • Објасни принципите на генетска и хемиска карциногенеза. • Дефинира и препознае токсичните ефекти врз нервен, кардиоваскуларен, ренален, хепатобилијарен и репродуктивен систем. • Препознава и објаснува токсични ефекти на пестициди, метали, растворувачи и гасови. • Примени стекнати знаења во аналитичка и клиничка токсикологија.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Општи принципи на токсикологијата и механизми на токсичност • Вовед во токсикологија; Ксенобиотици; Однос доза-одговор; Тестови на токсичност; Проценка на ризик, Интоксикација и детоксикација; Интеракција на отрови со ендогени молекули; Токсични ефекти како резултат на променета клеточна функција; Механизми на репарација на оштетувањето. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да дефинираат и препознаваат отрови, времетраење, место и начин на експозиција и да вршат проценка на ризик, да ги објаснат механизмите на токсичност и репарирање на оштетувањето. Поглавје: Метаболизам и биотрансформација на ксенобиотици • Ресорпција, дистрибуција и елиминација на ксенобиотици; Хемиски и биохемиски аспекти на прва и втора фаза на биотрансформација на ксенобиотици. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат метаболизмот на ксенобиотици во организмот, како и процесите на оксидација, редукција, хидролиза, глукуронидација и сулфоконјугација на ксенобиотиците. Поглавје: Токсикокинетички модели • Основна структура на токсикинетичките и физиолошките модели и интерпретација на резултати од токсикокинетичките студии. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги дефинираат токсикокинетичките и физиолошките модели. Поглавје: Генетска и хемиска карциногенеза • Видови на генетски оштетувања; Здравствено значење на мутациите; Механизми на настанување на генетски оштетувања; Основни генотоксични тестови; Хемиски генотоксични ефекти; Механизми и биолошки карактеристики на хемиска карциногенеза; Хемиска карциногенеза кај луѓе. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат видовите и механизмите на генетските оштетувања и хемиската карциногенеза, да ги применат генотоксичните тестови и да ги препознаат хемиските генотоксични и карциногени агенси.

		Поглавје: Токсичност врз нервен систем • Механизми на токсичност; Функционални тестови; Супстанции што манифестираат невротоксични ефекти. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат механизмите на токсичност, да ги применат функционалните тесови и да ги препознаат супстанциите што манифестираат невротоксични ефекти. Поглавје: Токсичност врз кардиоваскуларен систем • Биохемиски механизми на кардиотоксичност; Влијание врз срце и крвни садови; Супстанции што манифестираат кардиотоксични ефекти Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат механизмите на токсичност врз срце и крвни садови и да ги препознаат супстанциите што манифестираат кардиотоксични ефекти. Поглавје: Токсичност врз бубрези • Акутно и хронично оштетување на бубрези; Компензаторни механизми; Испитување на нефротоксичност; Супстанци со нефротоксичен ефект. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат акутното и хроничното оштетување на бубрезите, да ги дефинираат компензаторните механизми, да ги применат биохемиските параметри за проценка на нефротоксичност и да ги препознаат супстанциите што манифестираат нефротоксични ефекти. Поглавје: Токсичност врз црн дроб • Механизми на хепатотоксичност и фактори што влијаат врз степенот на оштетување Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат механизмите на хепатотоксичност и да ги идентификуваат факторите што влијаат врз степенот на оштетување. Поглавје: Токсичност врз репродуктивен систем • Испитувања на машката и женската репродуктивна функција; Основи на развојна токсикологија. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ја опишат машката и женската репродуктивана функција и да ги применат основните протоколи за испитување на репродуктивната токсичност. Поглавје: Отрови • Токсични ефекти на пестициди, метали, растворувачи и гасови. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги опишат карактеристиките на експозиција на пестициди, метали, растворувачи и гасови. Поглавје: Аналитичка токсикологија

		• Значење на аналитичката токсикологија во токсиколошките испитувања; Клиничка и судска токсикологија. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да применат соодветни токсиколошки тестови и да направат соодветна интерпретација на резултатите од соодветните токсиколошки анализи. Поглавје: Општи принципи на клиничка токсикологија • Механизми на дејство на фармаколошки и специфични антидоти; Клиничка слика и третман на најчести труења со лекови и други токсични агенси. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги разберат механизмите на дејство на фармаколошки и специфични антидоти и ќе можат да ги препознаат клиничките симптоми и пристапи во третман на најчестите труења со лекови и други токсични агенси.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска хемија 2 (VI-ти семестар) и Клиничка биохемија (VII-ми семестар) се потребни/поврзани со предметот		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	60 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 80 часови Подготовка за практична настава: 20 часови
		17.3.	Подготовка за испит	20 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови

	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Jokanovic, M.	Toksikologija	Elit Medica	2010/2nd edition Хард копија
2.	Casarett and Doull‘s Toxicology	The Basic Science of Poisons	Klaasen, C.D., Watkins, J.B. III	2008/7th edition Електронска верзија

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1	Barile, F.A.	Barile’s Clinical Toxicology: Principles and Mechanisms	Taylor & Francis Group	2019/3rd edition Електронска верзија
2.	Hodgson, E.	A Textbook of Modern Toxicology	John Wiley & Sons, Inc.	2010/4th edition Електронска верзија
3.	Dreisbach, R.H., Robertson, W.O.	Handbook of Poisoning	The Parthenon Publishing Group	2002/13th edition Хард копија
4.	Hayes, A.W	Principles and Methods of Toxicology	Taylor & Francis Group	2001/4th edition Хард копија

Прилог бр.3		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**АНАЛИТИКА НА ЛЕКОВИ И ЛЕГИСЛАТИВА**			
2.	Код	ФФИПХФА40			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5та	семестар	IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Брезовска (одговорен наставник) Проф. д-р Јелена Ацевска Проф. д-р Анета Димитровска Проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска Асс. Хрисанта Гоџо			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Аналитичка хемија применета во фармација (кредити), Инструментални фармацевтски анализи (кредити), Фармацевтска технологија 2 (кредити), Фармацевтска хемија 3 (кредити) Предуслов за полагање на предметот: Аналитичка хемија применета во фармација (кредити), Инструментални фармацевтски анализи (кредити), Фармацевтска технологија 2 (кредити), Фармацевтска хемија 3 (кредити).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	• Целта на предметот е студентите да стекнат знаења за основните принципи на контролата на квалитет на активните супстанции и фармацевтските дозирани форми, методите коишто се користат за таа цел, како и за регулаторните барања за следење на квалитетот на лековите. • Студентот ќе развие теоретски знаења за избор, верификација и валидација на аналитички метод и практични вештини за спроведување на испитувањата, коишто ќе може да ги примени во лабораториите за контрола на квалитет на лековите. Стекнатите знаења и разбирање за принципите на фармацевтската легислатива студентите ќе може да ги применуваат во фармацевтската индустрија и регулаторните тела. *Резултати од учењето:* По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен за користење на стекнатите знаења во контролата на квалитет на лековите: • Ќе може да избере и примени соодветни аналитички методи за анализа на активни супстанции и фармацевтски дозирани			

		форми, испитување на онечистувања и за следење на стабилност на лековите. • Толкување и обработка на аналитички податоци за обезбедување валидни резултати од испитувањето. • Идентификација и решавање на проблеми во лабораториски услови • Толкување и примена на регулаторните барања за следење на квалитетот на лекот.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	*Поглавје 1: Вовед во аналитика на лековите* • Вовед во основите на аналитиката на лекови и нејзиното значење за фармацевтската индустрија и регулаторните тела. • Улогата на аналитичките испитувања во обезбедување на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лековите. • Дефиниции на основните поими/концепти поврзани со контрола на квалитет на лековите. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги разберат основите на аналитиката на лекови и да ја објаснат нејзината улога во фармацевтската индустрија и регулаторните тела. • Ќе разберат како аналитиката на лекови е поврзана со развојот на нови лекови и контролата на квалитет. *Поглавје 2: Фармацевтска легислатива за квалитет на лековите* • Национални и меѓународни регулаторни тела и нивната улога во обезбедување на квалитет на лековите (Агенција за лекови и медицински средства на Македонија, МАЛМЕД, Европска агенција за лекови, EMA, Европски директорат за квалитет на лекови, EDQM, Официјална мрежа на лаборатории за контрола на квалитет на лековите, OMCL, Светска здравствена организација, WHO, Администрација за храна и лекови, FDA) • Регулатива, стандарди и водичи за квалитет на лекови (ICH и EMA водичи за квалитет) • Документацијата за добивање одобрение за ставање на лекот во промет (Common Technical Document, CTD) • Добра контролна лабораториска пракса (GcLP), ISO IEC 17025:2018 стандард за акредитација на лаборатории за испитување. *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги идентификуваат клучните регулаторни тела и нивната улога во обезбедување на квалитет на лековите. • Ќе се запознаат со регулаторните барања поврзани со следење на квалитетот на лекови како и со основните стандарди и водичи што се користат од страна на фармацетвската индустрија за обезебдување на квалитет на лековите. • Да објаснат што е CTD и неговата примена како стандарден формат за добивање одобрение за ставање на лек во промет. • Ќе ги разберат и ќе можат да ги применуваат основните начела на добрата контролна лабораториска пракса (GcLP), како и насоките на стандардот ISO IEC 17025:2018.

		Поглавје 3: Примена на Европска фармакопеја • Улога на Европската фарамакопеја во обезбедување на квалитетот на лековите во текот на процесите на развој, производство и добивање одобрение за ставање во промет • Евалуација на индивидуална монографија на Европската фармакопеја за супстанции/готови производи • Примена и толкување на општите забелешки, официјалните методи, општите поглавја и општите монографии на Европската фармакопеја *Резултати од учењето:* • Студентите ќе може да ја разберат улогата на Европската фармакопеја како клучен стандард за квалитет на лековите. • Да објаснат како се користат монографиите на Европската фармакопеја за контрола на квалитетот на активни супстанции, ексципиенси и готови фармацевтски производи. • Да го применат знаењето за интерпретација на фармакопејските барања во аналитичките испитувања. *Поглавје 4: Физички и хемиски својства на фармацевтски активни супстанции што имаат влијание врз развојот на аналитичките методи* • Физички својства: растворливост, полиморфизам, точка на топење, големина на честичките, хигроскопност, вискозност • Хемиски својства: pKa (дисоцијација на киселини и бази), партиционен коефициент, стабилност (хемиска деградација), функционални групи и реактивност, стереохемија *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги препознаат и објаснат основните физичко-хемиски својства на активните супстанции • Да го објаснат значењето на овие својства за изборот на параметри/методи за контрола на квалитет и развојот на аналитички методи. *Поглавје 5: Спецификација за квалитет на активни супстанции и фармацевтски дозирани форми* • Дефиниција, воспоставување и примена на спецификација за квалитет (хемиски и биолошки активни супстанции) • Општи и специфични параметри за контрола на квалитет на активни супстанции и фармацевтски дозирани форми *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги дефинираат и објаснат спецификациите за квалитет • Да стекнат вештина за избор на параметри за контрола на квалитет на активни супстанции и различни фармацевтски дозирани форми

		Поглавје 6: Идентификација и определување на содржина во контрола на квалитет на лековите • Општ концепт на идентификација и определување на содржина • Физичко-хемиски константи и хемиски реакции за идентификација • Спектроскопски и хроматографски методи за идентификација • Примена на класични и современи иснтрументални методи за определување на содржина *Резултати од учењето:* • Развивање на знаења и вештини за примена на аналитички методи за идентификација и квантитативно определување на активните супстанции и фармацевтските производи. *Поглавје 7: Онечистувања на активна супстанција и готов фармацевтски производ* • Потекло и класификација на онечистувања на активна супстанција (органски, неорганski, и резидуални растворувачи) • Онечистувања на готов производ (деградациони продукти) • Онечистувања како параметар во спецификација за квалитет • Методи за контрола на онечистувањата (физичко-хемиски методи, хемиски методи, гравиметриски методи, спектроскопски и хроматографски техники). *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги препознаваат различните видови на онечистувања во активни супстанции и готови производи. • Да ја оценат важноста на онечистувањата како параметар во спецификациите за квалитет на фармацевтските производи. • Да изберат соодветни аналитички методи за детекција и квантитативна анализа на онечистувањата. *Поглавје 8: Фармацевтско-технолошки параметри во контрола на кваитет на лековите* • Улога на фармацевтско-технолошките параметри во обезбедување на квалитетот на лековите. • Избор на фармацевтско-технолошки параметри во спецификација за квалитет на различни фармацевтски дозирани форми (тест на распадливост, тест на растворливост, воедначеност на дозирани единици, цврстина, фријабилност, големина на честици и други). • Методи за испитување на фармацетвско-технолошките параметри *Резултати од учењето:*

		• Студентите ќе можат да ги идентификуваат и објаснат фармацевтско-технолошките параметри што влијаат врз квалитетот на лековите. • Да спроведат иситување и евалуираат резултати од испитувње на фармацтевско-технолошки параметри. *Поглавје 9: Биолошки тестови и методи во контрола на квалитет на лековите* • Значење на биолошките тестови и методи во обезбедување на квалитет, ефикасност и безбедност на лековите. • Микробиолошки квалитет на фармацевтски дозирани форми (тестови за микробиолошка чистота и стерилност) • Испитување на присуство на пирогени супстанции (тестови за пирогени и за бактериски ендотоксини) *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги разберат основните принципи на биолошките тестови во контрола на квалитет на лековите. • Да ги разберат и применат фармакопејските барања и методи за микробиолошки квалитет/апирогеност на лековите. *Поглавје 10: Валидација на аналитички методи* • Принципите и примената на валидацијата на аналитичките методи во согласност со ICH Q2 • Параметри за валидација на аналитички метод • Спроведување и документирање на валидацијата *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ја разберат суштината на валидацијата на аналитичките методи, • Да ги евалуираат добиените податоци од валидацијата и да донесат заклучоци за соодветноста на методот. *Поглавје 11: Студии на стабилност* • Стабилност на активни супстанции и фармацевтски дозирани форми (физичка, хемиска, микробиолошка и терапевтска). • Студиите на стабилност на активни супстанции и фармацевтски дозирани форми во согласност со ICH водичите за стабилност • Спецификација за квалитет во студија на стабилност • Методи за следење на стабилноста на лековите *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да го дефинираат поимот стабилност и да ги идентификуваат клучните аспекти на студиите за стабилност. • Ќе се запознаат со водичите на ICH за спроведување на студиите на стабилност.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Аналитичка хемија применета во фармација, Инструментални фармацевтски анализи, Фармацевтска

		технологија 2, Фармацевтска хемија 3 се потребни/поврзани со предметот. 2. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) за следење на наставните содржини на предметот Регулатива за ставање на лек во промет.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	240 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	75 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7.5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 45 часови Подготовка за практична настава: 37.5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	30 бодови (најмалку 25) од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)		30-60
	19.2	Колоквиум: бодови		/
	19.3.	Практичен испит: бодови		5-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода		5 (пет) (F)
		60-66 бода		6 (шест) E
		67-75 бода		7 (седум) D
		76-84 бода		8 (осум) C
		85-93 бода		9 (девет) B
		94-100 бода		10 (десет) A

21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.			
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	Димитровска А. и сор.	Евалуција на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според Европска фармакопеја	СОФИЈА - Богданци	2020, електронско
		2.	Димитровска А. и сор.	Аналитика на лекови и легислатива	Интерна скрипта	2021, електронско
		3.	К. Брезовска и сор.	Аналитика на лекови и легислатива, практична настава	Резенциран практикум за вежби (Фармацевстки факултет, УКИМ, Скопје)	2016
		4.	Димитровска А. и сор.	Инструментални фармацевтски анализи	УКИМ, Скопје	2021, електронско
		5.	Watson D	Фармацевтска Анализа (превод)	Elsevier (издавач на превод Арс Ламина)	2017, печатена копија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	European pharmacopeia comission	European pharmacopeia (Ph.Eur.)	European Directorate for the Quality of Medicines & HealthCare (EDQM), Council of Europe, Strasbourg, France	Важечко издание (електронско)
		2.		ICH Водичи	ICH	Важечко издание (електронско, достапно на www.ich.org)

		3.		EMA QWP водичи	EMA	Важечко издание (електронско, достапно на www.ema.europa.eu)
				OMCL водичи	EDQM, Council of Europe, Strasbourg, France	Важечко издание (електронско, достапно на www.edqm.eu)

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ФАРМАКОГЕНЕТИКА, ФАРМАКОГЕНОМИКА И ИНДИВИДУАЛИЗИРАНА ТЕРАПИЈА**			
2.	Код	ФФИФХ41			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5-та	семестар	9
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Наставници кои ќе усетвуваат во наставата Проф. д-р. Александар Димовски (одговорен наставник) Проф. д-р. Надица Матевска Гешковска Асистенти кои учествуваат во изведување на практичната настава			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Анатомија и физиологија, Молекуларна и клеточна биологија и генетика, Микробиологија, Патологија и патофизиологија, Основи на фармакологијата, Клининчка фармација и фармакотерапија Предуслов за полагање на предметот: Патологија и патофизиологија, Основи на фармакологијата			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	• Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните концепти на фармакогенетиката, фаракогеномиката и индивидуализираната терапија • Студентот ќе може да ја разбере примената на молекуларната дијагностика во индивидуализираната терапија во секојдневната клиничка пракса			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите	**1. Поглавје: Структура и функција на геномот** • Молекуларни основи на градба и функција на гените и геномот Резултати од учењето: • Студените ќе ги обноват познавањата за молекуларни основи на градба и функција на гените и геномот **2. Поглавје: Фармакогенетика – основи и сегашна состојба**			

	од учење за секое поглавје	• Основни принципи на примена на фармакогенетиката во секојдневната клиничка пракса. Сегашна состојба од таргетирани анализи на фармакогенетски варијанти Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основни принципи на примена на фармакогенетиката во секојдневната клиничка пракса, со посебен осврт на сегашната состојба од таргетирани анализи на фармакогенетски варијанти **3. Поглавје: Фармакогеномика – пристапи во геномски анализи на влијание на лековите** • Пристапи во анализата на ниво на целиот геном за разјаснување на варијации на терапија со лекови Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со сегашните пристапи во анализата на ниво на целиот геном за разјаснување на варијации на терапија со лекови **4. Поглавје: Генска мутација** • Видови на генски мутации и специфични начини на алтерирање на функцијата на гените кај наследни и стекнати заболувања Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со молекуларните основи на различните типови на генски мутации и специфични начини на алтерирање на функцијата на гените кај наследни и стекнати заболувања **5. Поглавје: Пристапи во анализата на генските мутации** • Методи за анализа на генски мутации Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со различните методи кои се користат во анализата на генските мутации **6. Поглавје: Молекуларни основи на најчестите ретки болести** • Молекуларни основи на најчестите ретки болести и пристапите во нивната дијагноза и специфична индивидуализирана терапија Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со молекуларните основи на најчестите ретки болести и пристапите во нивната дијагноза и специфична индивидуализирана терапија **7. Поглавје: Молекуларни основи на малигни болести** • Молекуларни основи на најчестите малигни болести (карцином на бели дробови, дојка, дебело црево, меланом, лимфом) Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со молекуларните основи на најчестите малигни болести (карцином на бели дробови, дојка, дебело црево, меланом, лимфом) и искористувањето на овие познавања во нивната дијагноза, класификација, прогноза и предикција на одговор на специфична терапија **8. Поглавје: Персонализирана терапија во хематоонкологијата** • Сегашна состојба од примената на молекуларната дијагностика во перонализираниот пристап на терапијата на најчестите неоплазми Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со сегашната состојба од примената на молекуларната дијагностика во перонализираниот пристап на терапијата на најчестите неоплазми **9. Поглавје: Генска терапија**

		• Основни принципи на генската терапија. Сегашна состојба од примена на генската терапија во секојдневната клиничка пракса Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основните принципи на генската терапија и нејзината примена во секојдневната клиничка пракса **10. Поглавје: Клеточна терапија и трансплантација** • Основни принципи на клеточната терапија и трансплантацијата на ткива и органи. Преглед на сегашната состојба во примената на овие терапевтски пристапи во секојдневната клиничка пракса Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со основни принципи на клеточната терапија и трансплантацијата на ткива и органи. Студените исто така ќе добијат сознанија за сегашната состојба во примената на овие терапевтски пристапи во секојдневната клиничка пракса		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. За предметот се потребни предзнаења од предметите Анатомија и физиологија, Молекуларна и клеточна биологија и генетика, Биохемија, Основи на фармакологијата, Патологија и Патофизиологија, Клиничка фармација и фармакотерапија 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини на предметите /		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања Работни методи: 1. Семинари		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	9 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часови
		17.3.	Подготовка за испит	21 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	6-10

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D

				76-84 бода	8 (осум) C	
				85-93 бода	9 (девет) B	
				94-100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Вебер В	Фармакогенетика	Oxford University Press, Преведен учебник	2015
		2.	Различни	Прегледни трудови издадени во последните години	Различни	Објавени во тековната година или во последните неколку години пред курсот
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Карп Џ.	Молекуларна и клеточна биологија – концепти и експерименти	Willey, преведен учебник	2015
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА**			
2.	Код	ФФИФТ42			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5	семестар	IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Никола Гешковски (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Главаш Додов Проф д-р Маја Симоноска Црцаревска Проф. д-р Рената Славевска Раички Проф. д-р Катерина Горачинова Доц. д-р Душко Шалабалија Доц. д-р Љубица Михаилова Асс. Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредит од Фармацевтска технологија напредно ниво, потпис од Биофармација Предуслов за полагање на предметот: потпис од Индустриска фармација			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** на предметната програма Целите на овој предмет се студентите да се запознаат и стекнат знаења за структурираните пристапи за дизајн и отпочнување на производство на нов продукт, односно концептите за развој на формулација и внесување на нови лекови во производство кои промовираат квалитет преку апликација на статистички, аналитички и стратегии за контрола и менаџмент на ризикот согласно со насоките на Добрите Производни Практики (ДПП) во склоп на системот за обезбедување на квалитет во фармацевтската индустрија. Стекнатите знаења и компетенции претставуваат добра подготовка на студентот и стекнување на вештини за работа во одделенијата за развој на формулација и процес, производство и ДПП за обезбедување на квалитет како неопходна алка во системот која ги опфаќа сите аспекти на квалитетот			

		на лекот и е есенцијална за обезбедување на посакуваниот квалитет, безбедност и ефикасност на финалниот продукт. Студентот ќе го разбира и ќе може да го применува концептот на ДПП за обезбедување на квалитет како и документацијата која го следи овој процес со цел да се обезбеди континуирана следливост на производот без да се пропушти ниеден сегмент кој би можел да влијае на квалитетот. Како резултат од учењето студентот на по завршување на педметот ќе биде во можност да: - Ги идентификува, следи и документира концептите на ДПП за обезбедување на квалитет во развојот на формулација и процес преку апликација на Квалитетот преку дизајн - Ги идентификува, следи и документира концептите на ДПП за обезбедување на квалитет во тек на трансфер на производот и производството - Ги разбира, аплицира и документира пристапите за контрола и мониторирање на фармацевтските процеси и производство - Го разбира и учествува во одржување на робустниот систем на менаџмент на квалитет за спречување на дефекти и девијации за време развојот на продуктот и за време на производниот процес. Истовремено ќе може да идентификува можни проблеми, да ги дискутира истите, да превзема корективни мерки и спречува несоодветност со регулаторните барања
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Обезбедување на квалитет во фармацевтската индустрија согласно концептите на ДПП во тек на развој на формулација и процес** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подолу и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Системот на обезбедување на квалитет и примената на квалитет во дизајнот во текот на развојот на генерички лекови и развој на релевантните сегменти од досието на лекот **Поглавје: Обезбедување на квалитет во фармацевтската индустрија согласно концептите на ДПП во тек на трансфер на нов производ и во текот на производството во фармацевтската индустрија** Во раамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подолу и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Го разбира, следи и документира процесот на трансфер на нов производ во индустриското производство - Го разбира следи и документира индистриското производство **Поглавје Обезбедување на квалитет во фармацевтската индустрија согласно концептите на ДПП во тек на производпроизводниот процес, водење на истрага и предлагање на превентивни и корективни мерки за отстранување на девијации и дефекти** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подолу и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Да го разбира, документира и следи индустриското производство и да развие критички пристап за решавање на проблеми (девијации и дефекти) со превземање на превентивни и корективни мерки

13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите (Фармацевтска технологија I, Фармацевтска технологија II, Фармацевтска технологија напредно ниво) се потребни/поврзани со предметот. 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини – предметот е во 9 семестар		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	3 ЕКТС x 30 часа = 90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 1 час неделно = 15 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Бројот на работни недели (15) x 1 час неделно = 15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часа Подготовка за практична настава: 7,5 часа Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часа Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			/
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода		5 (пет) (F)
			60-66 бода		6 (шест) E
			67-75 бода		7 (седум) D
			76-84 бода		8 (осум) C
			85-93 бода		9 (девет) B
			94-100 бода		10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Wondwossen G. Beyadgo	Foundations of Pharmaceutical quality assurance in GxP		2024 (електронска верзија)
		2.	Joseph D. Nally	Good Manufacturing Practices for Pharmaceuticals, Sixth Edition,	Informa Healthcare	2007 електронско издание
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.				
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКСА			
2.	Код	ФФПП			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Реализација во ПЗУ аптеки во РСМакедонија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5	семестар	IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	10 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Координатор на програмата: продекан за настава Во реализација учествуваат сите наставници од факултетот			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Ислушани сите предмети според студиската програма, заклучно со 9-ти семестар			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма (компетиции)** примена на претходно стекнати теоретски знаења и практични вештини во процес на менторско оспособување за работење во аптека **Очекувани резултати:** Студентот ќе стекне способност за примена на стручни знаења во опегот на работење во аптека			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	• Подготовка на студентите за професионална пракса - Фармацевтска игра (Pharmacy game) симулациска игра која ја имитира работата во реална аптека, со цел да се подобрат практичните и комуникациските вештини на идните фармацевти			

		• организација на работа во аптека, аптекарска станица и подвижна аптека; административно работење;технички упатства и обрасци за аптеки; водење документација (електорнска и печатена форма на евиденција). • „добра аптекарска практика‖; професионални стандарди; СОП-ви, систем за управување со ризици и сл. • професионална етика, правни и етички начела; санкции • национална легислатива (закони и правилници) за хумани лекови и медицински средства • здравствени услуги во аптека • услови за начинот на пропишување и издавање или продавање на лекови во промет во Р.С.Македонија (лекови БР, Р, З, БР*); рецепт за пропишување на лек за странски осигуреник • начинот за пропишување и издавање на лековите кои содржат супстанции и растенија класифицирани во листите II и III • генерички лекови и фармацевтски форми • листа на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Р.С. Македонија (без доплата од осигурени лица, се издаваат на рецепт во аптека во примарната здравствена заштита) • шифрарник на лекови • лековите кои можат да ги пропишуваат лекари во дежурна служба • СОП за издавање на лекови и реализација на рецепт • лекови што се изработуваат во аптеки и аптекарски станици (магистрални лекови) • издавање на безрецептни лекови (правилна употреба, органичувања и ризици; контраиндикации; дозирање; несакани дејства; интеракции; проценка на сродни и/или слични производи од различни производители) • совети за медицински козметички производи и додатоци за исхрана • издавање медицинки средства и други производи материовигиланца • фармакотерапевстки групи на лекови што се издаваат само на рецепт (лекови за превалентни болести; давање информации и упатства за употреба на пропишан лек, индикации, контраиндикации; идентификација на интеракции; несакани дејства; пријавување несакани дејства од лекови; ризици поврзани со употреба на лек) • управување со грешки во терапија и фармацевтски грешки • законски прописи со кои се уредува системот за следење и контрола на производство и промет на прекурзори; начин на чување, складирање, водење евиденција, издавање на лесно запаливи и лесно испарливи соединенија • неисправен квалитет на лек; упатство за идентификување фалсификувани лекови и мерки за фалсификувани лекови • снабдување со лекови и други производи за аптека (набавка, сместување, чување, рок на употреба, следење на залихи и др.) • донации на лекови увезени во Р.С.Македонија. • начин на отстранување отпад од лекови • фармакографија • користење на бази со податоци и информациски технологии

		• упатства за практикување на медицина и фармација заснована на докази; релевантни електронски бази за лекови • комуникациски вештини (комуникација со пациент, претставник на пациент, членови од здравствен тим; давање информации за лекови; совети за самомедикација; форми на ширење информации за лековите) • програми за превенција на болести, зачувување на здравје и здравствени иницијативи (национални и глобални)		
13	Заемна поврзаност на предметите			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Настава и учење преку практична работа, самостојни задачи/ учење базирано на проблеми/случаи, домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	10 ЕКТС x 30 часа = 300 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	
		16.2.	Вежби (Pharmacy game): часови	60
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	
		17.2.	Самостојно учење: часови	Самостојни задачи, Учење базирано на проблеми/случаи: 100 часови
		17.3.	Подготовка за испит	/
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1, 17.2 и 17.3)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	/	
	19.2	Колоквиум: бодови	/	
	19.3.	Практичен испит: бодови	/	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/	

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		работење под надзор на едукатор- аптекар; потпис во работен дневник за успешно реализирана програма
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Група автори	Водич за професионална практика на фармацевтите	ФФ УКИМ	

Изборни предмети:

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ХЕМИЈА НА БИОЛОШКИ АКТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ			
2.	Код	ФФИП_Л01			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегрирани студии од прв и втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	3-та	семестар	VI семестар
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	проф. д-р Лилјана Анастасова (одговорен наставник) Проф. д-р Руменка Петковска Проф. д-р Ана Поцева Пановска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредит од Неорганска хемија применета во фармација и Органска хемија применета во фармација Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма (компетенции)** Целта на предметната програма е студентите да ги продлабочат своите знаења за улогата/функцијата на есенцијалните хемиски елементи (биолошки активни елементи) во живите организми. Избрани се теми што овозможуваат проучување на однесувањето на биогените хемиски елементи во живите организми, познавање на процесите на формирање на координационо-комплексни соединенија меѓу металните јони и биомолекулите (хелатни комплекси) и продлабочено познавање на структурните карактеристики на металните комплекси директно поврзани со биолошката активност. Резултати од учењето По успешно завршување на предметот, студентот ќе стекне продлабочени знаења за: хемиските принципи што лежат во основата на биолошката/физиолошката функција на биогените елементи, структурата и функцијата на металоензимите, механизмите на интеракција меѓу металните јони и биомолекулите и механизмот на дејство на металните комплекси што се применуваат во дијагностика и терапија.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Детална содржина на предметната програма • Есенцијални хемиски елементи, класификација и физиолошка функција во живите системи, метали во биолошки системи • Физиолошка функција, транспорт, преземање и хомеостаза на биогени јони • Интеракции меѓу металните јони и биолошки лиганди (хемиски својства на метални јони, биолошки лиганди, интеракции метални јони-протеини, фактори што влијаат врз стабилноста на комплексите метал-биомолекула Студентите ќе се запознаат со основните начела на координационата хемија што важат во живите организми. • Биогени елементи како структурни и сигнални елементи на биомолекулите (протеини, нуклеински киселини) • Металопротеини (транспорт на кислород, транспорт на електрони, металоензими, хидролитички ензими) • Интеракција на биолошки релевантни метални комплекси со нуклеинските киселини • Метални комплекси во дијагностика и терапија Студентотот ќе се запознае со основните интеракции што влијаат на стабилноста и биолошката активност на комплексите меѓу металните јони и биомолекулите. Разбирањето на овие интеракции може да се примени за развој на нови лекови и биоматеријали.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите: Неорганска хемија применета во фармација Органска хемија применета во фармација, 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на: Медицинска хемија, Фармацевтска хемија		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (нумерички): часови	/

17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часа
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 45 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 24 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	26-50	
	19.2	Колоквиум: бодови	/	
	19.3.	Практичен испит: бодови	/	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	10-20	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)	
		60-66 бода	6 (шест) E	
		67-75 бода	7 (седум) D	
		76-84 бода	8 (осум) C	
		85-93 бода	9 (девет) B	
		94-100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22. Литература

Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
1.	Crichton Robert	Biological Inorganic Chemistry, an Introduction	Elsevier	2019 електронско издание
2.	Rosette Roat Malone	Bioinorganic Chemistry: A Short Course	Wiley–Blackwell	2007 електронско издание/печатена верзија
3.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	„ЗЕЛЕНА“ ХЕМИЈА ВО ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ			
2.	Код	ФФИП_Л02			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	3-та / 4-та	семестар	VI / VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Наталија Наков (одговорен наставник) Проф. д-р Јасмина Тониќ-Рибарска Ас. Благој Ачевски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: потпис од предметите Аналитичка хемија применета во фармација (III семестар) и Инструментални фармацевтски анализи (IV семестар). Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентот да стекне разбирање за принципите на „зелената“ аналитичка хемија, знаења потребни за развој на еколошки подобни инструментални методи и нивна примена во фармацевските анализи. Студентот ќе развие вештини за примена на техники со кои се намалува употребата на токсични хемикалии, намалување на потрошувачката на енергија во лабораторија, како и примена на нови технологии во фармацевтските анализи кои што обезбедуваат одржлив развој. Очекувани резултати • По завршување на предметот студентот ќе демонстрира знаења за принципите на зелената аналитичка хемија и ќе може да ги применува во лабораториите на фармацевтската индустрија.			

		• Студентот ќе биде способен да ги имплементира практиките на зелената хемија при развој на одржливи и еколошко прифатливи аналитички методи во фармацевтските анализи и да направи евалуација на еколошката подобност на аналитичките методи.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	*Поглавје: Вовед во зелена аналитичка хемија (green analytical chemistry, GAC)* • Принципи на зелена аналитичка хемија • Еколошки подобни растворувачи • Стратегии за заштеда на енергија во аналитичка лабораторија Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат знаења за основните принципи на зелена хемија, вклучувајќи намалување на токсичност на аналитичките постапки, енергетска ефикасност на процесите, минимизирање на хемиски отпад *Поглавје: Еколошки подобни техники за подготовка на примероци за анализа* • Цврсто-фазна микроекстракција (SPME), течно-течна микроекстракција (LLME), суперкритична течна екстракција. Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат знаења за примена на современи техники за подготовка на примероци за анализа кои што овозможуваат намалување на количината на хемиски отпад. *Поглавје: Еколошки подобни инструментални методи* • Вибрациони спектроскопски методи за директна анализа на примероци • Зелена течна хроматографија • Електроаналитички методи што се во согласност со GAC принципите Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат знаења за оптимизација на инструменталните методи во насока на подобрување на аналитичките перформанси на методот, со истовремено подобрување на еколошката подобност, како и зголемување на економската исплатливост на методот. *Поглавје: Евалуација на еколошка подобност на аналитички метод* • Ранг на еколошка подобност (Eco-scale индекс); зелен индекс“ на аналитички метод (Analytical method greenness score, AMGS) и зелена метрика“ на аналитички метод (Analytical greenness metrics approach, AGREE). • Евалуацијата на одржливост на аналитички метод (Whiteness assessment algorithm). Резултати од учењето: • Студентите ќе стекнат вештини за примена на различни алатки за проценка на еколошка подобност на аналитички метод и ќе можат да предложат промени со цел подобрување на еколошкиот отпечаток на методот.
13	Заемна поврзаност на предметите	Знаењата од предметот се поврзани со предметите Аналитичка хемија за фармацевти, Инструментални фармацевтски анализи, Аналитика на лекови и легислатива, Биоаналитичка хемија.

<table>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="4">Наставните методи што се користат во предметот:
1. Предавања
2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми

Работни методи:
1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)
2. Семинарска работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум).</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="4">120 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">16.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td colspan="2">30 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (лабораториски, нумерички): часови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи/семинарски: часови</td><td colspan="2">22,5 часови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојно учење: часови</td><td colspan="2">Подготовка за теоретска настава: 45 часови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Подготовка за испит</td><td colspan="2">22,5 часови</td></tr>
<tr><td>18</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="4">Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)</td></tr>
<tr><td rowspan="5">19</td><td colspan="5">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>19.1</td><td colspan="2">Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колоквиуми)</td><td colspan="2">26-50</td></tr>
<tr><td>19.2</td><td colspan="2">Колоквиум: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td colspan="2">Практичен испит: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td>19.3</td><td colspan="2">Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови</td><td colspan="2">5-20</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>До 60 бода</td><td colspan="2">5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>60-66 бода</td><td colspan="2">6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>67-75 бода</td><td colspan="2">7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>76-84 бода</td><td colspan="2">8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>85-93 бода</td><td colspan="2">9 (девет) B</td></tr>
<tr><td>94-100 бода</td><td colspan="2">10 (десет) A</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година /Издание</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Miguel de la Guardia, Salvador Garrigues</td><td>Handbook of Green Analytical Chemistry</td><td>John Wiley & Sons, Ltd, West Sussex, United Kingdom</td><td>2012 / печатено издание</td></tr>
</table>

		2.	Miguel de la Guardia, Salvador Garrigues	Challenges in Green Analytical Chemistry 2nd Edition	The Royal Society of Chemistry, London, UK	2020 / електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Nakov N, Acevska J, Brezovska K, Kavrakovski Z, Dimitrovska A	Green Strategies toward Eco-Friendly HPLC Methods in Pharma Analysis. High Performance Liquid Chromatography - Recent Advances and Applications	IntechOpen; London, UK	2023 / печатено издание
				Релевантни научни трудови од меѓународни научни списанија	2020 -	

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ЕТНОФАРМАКОЛОШКИ ПРИСТАП ВО РАЗВОЈ НА НОВИ ХЕРБАЛНИ ПРЕПАРАТИ			
2.	Код	ФФИП_Л03			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета, четврта и петта	семестар	VI, VII, VIII и IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Билјана Бауер (одговорен наставник) Проф. д-р Ѓоше Стефков Асс. Ана Трајковска Асс. Вероника Стоилковска Ѓоргиевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: стекнат потпис од Фармацетска ботаника и биологија (II семестар) Предуслов за полагање на предметот: положен испит од Фармацетска ботаника и биологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметот се да ги воведе студентите во поимите на етноботаника и етнофармакологија, соодветните методи за работа на терен и собирање на податоци како и лабораториски методи за нивна проценка и евалуација, како основа за потврдување на традиционалните и развој на современите хербални лекови, со особен акцент врз развојот и дизајнирањето на нови, конвенционални лекови. Дел од програмата дава увид во историјата, демографијата и културниот контекст на употребата на медицинските растенија, а воедно има за цел студентите да се запознаат со правата за интелектуалната сопственост во оваа сфера. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: • познавања за историјата, демографијата и културниот контекст на употребата на медицинските растенија			

		• познавања за користење на медицински растенија во други култури, • разбирање за значењето на етноботаниката, етнофармакогнозијата, етнофармацијата и етнофармакологијата, како проблематики што покриваат разалични аспекти од користењето на медицинските растенија низ историјата и денес, • разбирање за значењето на етнофармакологијата како база за развој на нови лекови, • разбирање на влијанието на етнофармакологијата во постигнувањето на повисоко ниво на безбедност на хербналните лекови и нивна рационална употреба, • познавања на глобалните трендови за комерцијализација на традиционалните лекови од традиционалните медицински системи (Ајурведа, ТЦМ и др.) • познавање на правата од интелектуалната сопственост што се однесуваат на традиционалната употреба на медицински растенија.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржината на предметната програма вклучува три поглавја, поделени во неколку единици: **Поглавје 1**: Вовед во етнофармакологија, Основи на традиционалната медицина, истражувачки методи во етнофармакологија и **Биопиратство и етички аспекти** • Дефиниција на рационалната употреба на лекови. • Историски развој на хербалната медицина. • Улогата на етнофармакологијата во современата наука. • Етнофармакологијата како мост помеѓу традиционалната и современата медицина. • Традиционални медицински системи: Ајурведа, Традиционална кинеска медицина, африкански и домородни традиции. • Лековити растенија во културен и историски контекст. • Основни принципи за избор на растенија за етнофармаколошки истражувања. • Чувањето и документацијата на традиционалното знаење. • Филд истражувања: интервјуа, анкети, набљудувања. • Етноботанички пристап за избор на потенцијални растенија. • Хемиски анализи на растителни екстракти. • Биоактивност и скрининг на лековити растенија. • Што е биопиратство и зошто е важно да се избегне? • Договори и политики за заштита на традиционалното знаење (CBD - Конвенција за биолошка разновидност). • Принципи на фер распределба на бенефитите. • Етички аспекти на работа со локални заедници. Резултати од учењето: Студентите ќе се стекнат со знаења за етнофармакологија, за основи на традиционалната медицина, како и за истражувачки методи во етнофармакологија и за б**иопиратство и етички аспекти** Поглавје 2: **Биоактивни соединенија во лековитите растенија, Развој на нови хербални препарати, Етнофармакологија и системска медицина и регулаторни аспекти** • Методи за екстракција и изолирање на биоактивни соединенија.

		• Скрининг на биолошка активност и идентификација на фармаколошки потенцијал. • Современи технологии за анализа: LC-MS, GC-MS, NMR • Од етнофармаколошки информации до производ. • Предизвици во стандардизација на екстракти. • Формулација и стабилност на нови препарати. • Критериуми за клиничка евалуација на нови хербални препарати. • Холистички пристап во етнофармакологијата. • Ефекти на растителни екстракти врз мулти-таргет патологии. • Етнофармакологија и индивидуализиран пристап во терапијата. • Примери на успешни хербални препарати базирани на традиционално знаење. • Меѓународни регулативи за развој и продажба на хербални препарати. • Регистрација и патентирање на нови препарати. • Улогата на фармакопејата во стандардизација на етнофармаколошки производи. • Примена на ISO стандарди за хербални производи. Резултати од учењето: студентите ќе стекнат знаења за **биоактивни соединенија во лековитите растенија, развој на нови хербални препарати, етнофармакологијата, системска медицина и регулаторни аспекти** **Поглавје 3**: Примери на успешни етнофармаколошки производи, современи трендови и иновации во етнофармакологија, сракtична настава и завршна евалуација • Преглед на успешни лекови и препарати базирани на етнофармаколошки истражувања (нпр. артемизинин, салицилна киселина). • Анализа на пример на традиционални лекови трансформирани во модерни терапии. • Иновативни примери на комерцијализација на етнофармаколошки производи • Улогата на напредните технологии во етнофармаколошките истражувања. • Системска биологија и нејзината примена во етнофармакологијата. • Интеграција на етнофармаколошки истражувања во персонализираната медицина. • Одржлив развој и зачувување на биодиверзитетот. • Анализа на традиционални рецепти и нивна модерна интерпретација. • Евалуација на биолошката активност на растителни екстракти. • Симулирани етноботанички истражувања. • Студии на случај за идентификација на нови препарати. • Групни проекти за развој на хербален препарат базиран на етнофармаколошки податоци. • Теоретски тест за процена на разбирањето на концептите и принципите. • Практична задача: симулација на процесот од етнофармаколошка идеја до производ.

		Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на на примери на успешни етнофармаколошки производи и ќе ги научат современи трендови и иновации во етнофармакологија		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска ботаника и биологија, Фитохемија, Фармакогнозија и Фитотерапија 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите: нема		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7,5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	45 часови
		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	1-5

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

<table>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година /Издание</td></tr>
<tr><td>1</td><td>Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М.</td><td>Фармакогнозија, природни лековити и ароматични суровини</td><td>УКИМ (рецензиран учебник)</td><td>2011 (хард копија)</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М., Цветковиќ Каранфилова И.</td><td>Фармакогнозија, Природни лековити и ароматични суровини</td><td>УКИМ (рецензиран учебник)</td><td>2023 (хард копија)</td></tr>
<tr><td>3</td><td>A. B. Cunningham</td><td>Applied Ethnobotany People , Wild plant use & conservation</td><td>Earthscan Publications Ltd 2001</td><td>2001 (електронско издание)</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година / Издание</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>C. Wiart</td><td>Ethnopharmacology of medicinal plants-Asia and the pacific Humana Press, 2006</td><td>Humana Press</td><td>2006 (хард копија)</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>A. Singh</td><td>Herbalism, Phytochemistry and Ethnopharmacology</td><td>Science Publishers</td><td>2011 (електронско издание)</td></tr>
<tr><td>3</td><td>G. J. Martin</td><td>Journal of Ethnopharmacology Frontiers in Pharmacology</td><td>Chapman & Hall 1995</td><td>1995 (електронско издание)</td></tr>
</table>

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОАНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА			
2.	Код	ФФИП_304			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та / 5-та	семестар	VII / IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска (одговорен наставник) Проф. д-р Наталија Наков			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредити од предметот Аналитичка хемија, применета во фармација (III семестар), ислушана настава и потпис од предметот Инструментални фармацевтски анализи (IV семестар) Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цел на предметната програма е студентите да се стекнат со знаење за принципите и примената на современите техники и постапки за подготовка на примероци од биолошко потекло, запознавање со новите трендови и примената на аналитичките методи во биоанализа, како и знаење за принципите и примената на аналитичките методи за анализа и следење на стабилноста на биофармацевтските препарати како нов тераписки концепт во третман на болестите. Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења во различни области на фармацијата. (на пример, во биоаналитичка лабораторија, во управување на терапија со лекови, контрола на квалитет на биофармацевтски препарати). Очекувани резултати: Со успешно завршување на предметот студентите ќе се стекнат со знаења за принципите и примената на современите техники и постапки за подготовка на примероците од биолошко потекло за анализа, за примената на аналитичките методи во биоанализи, поставување на биоаналитички проблем и негово решавање, развој на нови биоаналитички методи и нивна валидација, избор на соодветен метод и негова примена за анализа на биофармацевтски препарати. На крајот од предметот, студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за решавање на биоаналитички проблем, изведување на биоанализи и проценка на добиените резултати.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и	Поглавје: Вовед во биоаналитичка хемија • Основни начела, цели и задачи на биоаналитичката хемија			

	единици со резултатите од учење за секое поглавје	Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за целите и задачите на биоаналитичката хемија и ќе можат да го идентификуваат значењето на биоаналитичката хемија во фармацијата. Поглавје: Техники за подготовка на примероци од биолошко потекло за анализа Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за принципите и примената на современите техники и постапки за подготовка на примероците од биолошко потекло за анализа Поглавје: Принципи и примена на аналитички методи во биоанализа Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за новите трендови и примената на аналитичките методи во биоанализа Поглавје: Развој и валидација на биоаналитички методи Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за поставување на биоаналитички проблем и негово решавање, развој на нови биоаналитички методи и нивна валидација Поглавје: Примена на биоаналитички методи за определување и следење на концентрацијата на лекови и активни метаболити во тек на терапија Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за улогата и значењето на примената на биоаналитичките методи во следење на концентрацијата на лекови и активни метаболити во тек на терапија, проценка на добиените резултати и примена во управување на терапија со лекови Поглавје: Примена на биоаналитички методи во контрола на квалитет на биофармацевтски препарати Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со знаење за избор на соодветен аналитички метод и негова примена за анализа и следење на стабилноста на биофармацевтските препарати
13	Заемна поврзаност на предметите	Знаењата од предметот се поврзани со предметите Аналитичка хемија, применета во фармација, Инструментални фармацевтски анализи, Основи на клиничка фармација, Клиничка фармација и фармакотерапија, Аналитика на лекови и легислатива.

<table>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="4">Наставни методи што се користат во предметот:
1. Предавања
2. Интерактивни часови што вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми

Работни методи:
1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)
2. Проектна работа (изработка на проект што вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум).</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="4">120 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">16.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (лабораториски, нумерички): часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи/семинарски: часови</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојно учење: часови</td><td>Подготовка за теоретска настава: 45 часови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Подготовка за испит</td><td>15 часови</td></tr>
<tr><td>18</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2)</td></tr>
<tr><td rowspan="5">19</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>19.1</td><td>Завршен испит: бодови
(доколку не се полагаат колоквиуми)</td><td colspan="2">26 - 50 бодови</td></tr>
<tr><td>19.2</td><td>Колоквиум: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td>Практичен испит: бодови</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td>19.3</td><td>Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови</td><td colspan="2">20</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>До 60 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>61-66 бода</td><td>6 (шест) E</td></tr>
<tr><td>67-75 бода</td><td>7 (седум) D</td></tr>
<tr><td>76-84 бода</td><td>8 (осум) C</td></tr>
<tr><td>85-93 бода</td><td>9 (девет) B</td></tr>
<tr><td>94-100 бода</td><td>10 (десет) A</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="2">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година /Издание</td></tr>
</table>

		1.	Susan R. Mikkelsen, Eduardo Cortón	Bioanalytical Chemistry, 2nd Edition	John Wiley & Sons, Ltd	2016
		2.	Steen Honoré Hansen, Stig Pedersen-Bjergaard	Bioanalysis of Pharmaceuticals: Sample Preparation, Separation Techniques, and Mass Spectrometry	John Wiley & Sons, Ltd	2015
		3.	Richard F. Venn	Principles and Practice of Bioanalysis	2nd Edition, CRC Press	2008
		4.	Roberto R. Diaz, Tim Wehr, Stephen Tuck	Analytical Techniques for Biopharmaceutical development	CRC Press	2005
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		2020 -

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**НАНОТЕХНОЛОГИИ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА**			
2.	Код	ФФИП_З05			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет Институт за фармацевтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	4, 5	семестар	VII, IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Доц. д-р Душко Шалабалија (одговорен наставник) Проф. д-р Никола Гешковски Проф. д-р Катерина Горачинова Проф. д-р Марија Главаш Додов Проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска Доц. д-р Љубица Михаилова Асс. Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Услови за запишување: Потпис од Фармацевтска технологија 2 Кредити од Фармацевтска технологија 1 Услови за полагање: потпис од Нанотехнологии во фармацевтска технологија			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целите се студентот да ги разбере основните концепти и да се стекне со знаење за: - Примена и дизајн на нанофармацевтски препарати за дијагностика и третман на инфективни заболувања, паразитарни заболувања, автоимуни и инфламаторни заболувања, други заболувања на имунолошкиот систем, коронарноваскуларни заболувања, невродегенеративни заболувања.			

		- Основни принципи на формулација и подготовка на наносистеми за администрација во око, кожа и треман на рани, бели дробови, гастроинтестиналниот тракт, кардиоваскуларен систем и ЦНС. - Аспектите на ефикасноста, биокомпатибилноста, токсиколошкиот профил и клиничката примена на нанофармацевтските препарати. Студентот по завршување на предметот ќе се стекне со специфични познавања и наполно ќе ги совлада концептите на дизајн на нанофармацевтици за различни заболувања и начини на администрација, како и нивните предности во клиничката терапија и дијагностика и ќе биде во можност да: - Детално да ги евалуира разликите помеѓу конвенционалната терапија и нанотехнолошките пристапи во терапијата и следствено да направи пациент ориентирана одлука за нивната примена - Ги разбира концептите на дизајн и аспекти на производство на нанофармацевтиците и да учествува во развојот и стандардизација на нанофармацевтските дозирани форми - Ги разбира концептите на квалитетот, безбедноста и ефикасноста и учествува во имплементацијата на стандардите за квалитет на нанофармацевтиците
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Методски единици предвидени во програмата:** - Нанофармацевтици за третман на заболувања на окото - Нанофармацевтици за третман на заболувања на кожа и третман на рани - Нанофармацевтици за третман на заболувања на ЦНС - Нанофармацевтици за кардиоваскуларни заболувања - Нанофармацевтици за третман на заболувања на ГИТ - Нанофармацевтици за третман на заболувања на бели дрободи - Нанофармацевтици за третман на вирусни, бактериски и паразитарни инфекции - Дефинирање на токсиколошкиот профил, безбедност и ефикасност на нанофармацевтиците **Во рамките на горенаведените методски единици ќе бидат разработени концептите во дизајнот, пристапите во формулацијата и обезбедување на квалитетот при што студентот ќе се стекне со детални познавања за:** - Улога на патофизиологијата на заболувањето и начинот на администрација во селекцијата на концептот ва дизајнот на нанофармацевтиците - Пристапи во подготовка на ефикасен и безбеден наносистем преку развој на оптимизирани и репродуцибилни методи - Специфични аспекти на карактеризација и обезбедување на квалитет на нанофармацевтиците
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите (анатомија со физиологија и фармацевтска технологија 2) се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на: предметот е изборен

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	4 ЕКТС x 30 часа 120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 2 часа неделно = 30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Бројот на работни недели (15) x 1 часа неделно = 15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7,5 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 45 Подготовка за практична настава: 7,5 часови Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	15 часа Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови

	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	6-10 бода

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Mahendra Rai, Carolina Alves dos Santos	Nanotechnology Applied to Pharmaceutical Technology	Springer	2017 (електронско издание)
2.	Ivone Perrie, Thomas Rades	Pharmaceutics: Drug Delivery and Targeting	Pharmaceutical Press	2010 (електронско издание)
3.	Loyd V. Allen	Ansel's Pharmaceutical Dosage Forms and Drug Delivery Systems, 11th. Ed.	Lippincott Williams & Wilkins	2017 (електронско издание)

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		Електронско издание
2.				
3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРЕВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН НА ТРУЕЊА			
2.	Код	ФФИП_Л06			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3-та, 4-та	семестар	VI и VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска (одговорен наставник) Проф. д-р Тања Петреска Ивановска Доц. д-р Зоран Живиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредит од Патологија и патофизиологија (III-ти семестар) и Биохемија (IV-ти семестар) Предуслов за полагање на предметот: потпис од Превенција и третман на труења			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Цел на предметот е студентите да стекнат знаења за клиничките аспекти на токсикологијата, која опфаќа превенција и справување со изложеност на токсични супстанции, несакани ефекти од злоупотребата на фармацевтиците, одвикнување, третман на труење, ризици во природата, земјоделството, индустријата, медицината, домаќинството. Резултати од учењето По успешното завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: • Објасни механизми на труење; • Процени клучни ризици во различни средини; • Објасни епидемиолошки аспекти на труењето и важноста на превентивните мерки;			

		• Препознае клинички знаци на труења, потенцијални извори на токсини и начини за нивно справување; • Примени методи за третман на труења, вклучувајќи употреба на антидоти и помошни мерки; • Примени вештини за справување со случаи на труења; • Развие практични стратегии за превенција, едукација и интервенција во случаи на изложеност на токсини.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Превенција, третман и проценка на труења • Ова поглавје опфаќа општи принципи за превенција, третман и проценка на труења. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги разберат и објаснат основните концепти за превенција, третман и проценка на труења. Поглавје: Медицински отрови • Ова поглавје опфаќа потенцијална токсичност на аналгетици, антипиретици, антиинфламаторни лекови, анестетици, депресиви, лекови кои делуваат на автономен нервен систем, антисептици, кардиоваскуларни лекови, антиинфективни лекови, стимуланси, антидепресиви, антиманични лекови, антиконвулзиви, антипсихотици, рубифациенси, лаксативи, лекови кои делуваат на ендокрини жлезди и разни терапевтски и дијагностички средства. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат ризиците и механизмите за несаканите ефекти и злоупотребата на лековите, да ја препознаат клиничката слика (акутно и хронично труење), да применат соодветни токсиколошки тестови, да препорачаат превентивни мерки и лекување (итни, општи и лични мерки) и да го прогнозираат исходот од труењето. Поглавје: Индустриски отрови • Ова поглавје опфаќа потенцијална токсичност на азотни соединенија, халогенирани јаглеводороди, корозивни материи, цијаниди, сулфиди и атмосферски честички. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат ризиците и механизмите за несаканите ефекти на индустриските отрови, да ја препознаат клиничката слика (акутно и хронично труење), да применат соодветни токсиколошки тестови, да препорачаат превентивни мерки и лекување (итни, општи и лични мерки) и да го прогнозираат исходот од труењето. Поглавје: Труења во домаќинство • Ова поглавје опфаќа потенцијална токсичност на козметички средства и разни хемикалии и труења со храна. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат ризиците и механизмите за несаканите ефекти на козметички средства и разни хемикалии и токсини во храната, да ја препознаат клиничката слика (акутно и хронично труење), да применат соодветни токсиколошки тестови, да препорачаат превентивни мерки и лекување (итни, општи и лични мерки) и да го прогнозираат исходот од труењето.

		Поглавје: Растителни и животински отрови • Ова поглавје опфаќа потенцијална токсичност на растенија, морски животни, пајаци, инсекти и рептили. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат ризиците и механизмите за несаканите ефекти на растителни и животински отрови, да ја препознаат клиничката слика (акутно и хронично труење), да применат соодветни токсиколошки тестови, да препорачаат превентивни мерки и лекување (итни, општи и лични мерки) и да го прогнозираат исходот од труењето.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Предзнаењата од предметите Патологија и патофизиологија (III-ти семестар) и Биохемија (IV-ти семестар) се потребни/поврзани со предметот.		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови Подготовка за практична настава: /
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 25 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колоквиуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	10-20

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)	
			60-66 бода	6 (шест) E	
			67-75 бода	7 (седум) D	
			76-84 бода	8 (осум) C	
			85-93 бода	9 (девет) B	
			94-100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	Dreisbach, R.H., Robertson, W.O.	Handbook of Poisoning	The Parthenon Publishing Group	2002/13th edition Хард копија
		2.	Barile, F.A.	Barile's Clinical Toxicology: Principles and Mechanisms	Taylor & Francis Group	2019/3rd edition Електронска верзија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Casarett and Doull's Toxicology	The Basic Science of Poisons	Klaasen, C.D., Watkins, J.B. III	2008/7th edition Електронска верзија
		2.	Hodgson, E.	A Textbook of Modern Toxicology	John Wiley & Sons, Inc.	2010/4th edition Електронска верзија
		3.	Hayes, A.W	Principles and Methods of Toxicology	Taylor & Francis Group	2001/4th edition Хард копија

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МАГИСТРАЛНИ И ГАЛЕНСКИ ЛЕКОВИ			
2.	Код	ФФИП_Л07			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацвтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3, 4	семестар	VI, VIII,
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Да се наведат наставници кои ќе усетвуваат во наставата. Одговорниот наставник да биде напишан прв со назнака во заграда за одговорен наставник) Проф. д-р. Маја Симоноска Црцаревска (одговорен наставник) Проф. д-р. Катерина Горачинова Проф. д-р Кристина Младеновска Проф. д-р Рената Славеска Раички Проф. д-р. Марија Главаш Додов Проф. д-р Никола Гешковски Доц. д-р Љубица Михаилова Доц. д-р Душко Шалабалија Асс. Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: потпис од Фармацевтска технологија 1. Предуслов за полагање на предметот: потпис од Магистрални и галенски лекови			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** на предметната програма Целта на предметот е студентите да стекнат знаење за основните концепти за магистрални и галенски лекови за хумана и ветеринарна употреба, нивното значење во здравствениот систем и нивната примена во пракса, претклинички и клинички испитувања. Ќе се запознаат со регулаторните барања и препораки за добрите практики за подготовка на овие лекови во здравствени установи и студиски центри во насока на обезбедување на квалитет, персонал, инфраструктура и опрема, документација, производство, контрола на квалитет, издавање, употреба, поплаки и повлекување на производи, самоинспекција). Ќе се запознаат со стандардите потребни за производство на нестерилни и стерилни магистрални и галенски лекови за хумана и ветеринарна употреба. Студентите ќе развијат вештини за формулација, подготовка, контрола на квалитет, издавање и употреба на конвенционални и хомеопатски магистрални и галенски лекови, како и знаења за основите за определување на условите на чување и рокот на употреба на овие препарати. Студентите ќе се стекнат со компетенции за управување со технолошките аспекти на производство на магистрални и галенски			

		лекови во различни средини (јавна аптека, болничка аптека, галенски лаборатории, студиски центри). Тие ќе се запознаат со најчесто изработуваните магистрални и галенски лекови од различните видови на нестерилни и стерилни дозирани форми. • Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за анализа и проценка на регулаторните аспекти за подготовка на магистрални и галенски лекови хумна и ветеринарна употреба, вклучувајќи ги барањата за добрите практики и стандарди за квалитет. Тие ќе можат да интерпретираат и решаваат проблеми поврзани со формулацијата, подготовката, стабилноста, контрола на квалитет, издавањето и употребата на конвенционалните и хомеопатски магистрални и галенски, како и да одредуваат оптимални услови за нивно чување и рок на употреба. Студентите ќе развијат вештини за избор и примена на соодветни технолошки операции за производство на различни дозирани форми на магистрални и галенски лекови (нестерилни и стерилни). Дополнително, тие ќе бидат способни да соработуваат во тимови за решавање на предизвици во контекст на практичната примена на овие препарати во јавни, болнички аптеки и студиски центри, обезбедувајќи нивна ефикасност, безбедност и усогласеност со регулаторните стандарди. ***Резултати*** од учењето По завршувањето на предметот, студентите ќе бидат способни да: • Студентите ќе демонстрираат темелно знаење за основните концепти на магистрални и галенски лекови за хумана и ветеринарна употреба, нивното значење и примената во здравствениот систем. • Ќе покажат разбирање на регулаторните барања и добрите практики за подготовка, вклучувајќи обезбедување квалитет, контрола на персонал, инфраструктура, опрема и документација. • Ќе ги разберат стандардите за производство на нестерилни и стерилни магистрални и галенски лекови. • Ќе можат да анализираат и проценуваат конвенционални и хомеопатски магистрални и галенски лекови во однос на формулациските аспекти, квалитетот, стабилноста, условите за чување, рокот на употреба, издавање и начин на употреба. • Ќе идентификуваат и решаваат проблеми поврзани со потенцијални недостатоци при производството и контролата на квалитетот на магистралните и галенските лекови. • Ќе стекнат практични вештини за формулација, подготовка, контрола на квалитет, издавање и употреба на магистрални и галенски лекови. • Ќе демонстрираат компетенции за одредување на услови за чување и рокови на употреба на лековите. • Ќе работат ефективно во тимови за решавање на предизвици во контекст на подготовка и примена на магистрални и галенски лекови. • Ќе можат да управуваат со технолошките аспекти на производството во различни средини, како што се јавни, болнички аптеки, галенски лаборатории и студиски центри.

		• Ќе развијат способности за интеграција на стекнатото знаење во практични и регулаторни сценарија за обезбедување на ефикасни, безбедни и усогласени производи.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Да се внесе *детална содржина* на предавањата организирани по поглавја и единици. Под секое поглавје да се внесат резултати од учење: **Поглавје 1. Регулаторни барања за подготовка на магистрални и галенски лекови** Ова поглавје ги опфаќа основните концепти и дефиниции за магистрални и галенски лекови за хумана и ветеринарна употреба (конвенционални и хомеопатски), нивниот историски развој и значењето во здравствениот систем. Студентите ќе се запознаат со основните регулаторни документи, добрите практики за подготовка (персонал, инфраструктура, опрема, документација), издавање и употреба, како и со управување со квалитетот, поплаки, повлекување на производи и самоинспекција. **Резултати од учењето:** По завршување на ова поглавје студентите: • Ќе демонстрираат разбирање на основните концепти и регулаторни барања за магистрални и галенски лекови за хумана и ветеринарна употреба (конвенционални и хомеопатски). • Ќе можат да ги анализираат и интерпретираат документите за добри практики за подготовка. • Ќе стекнат знаење за методите на управување со квалитетот и процедури за решавање на поплаки и повлекување на производи. • Ќе можат да препознаат и применат самоинспекција како дел од контролата на квалитет. **Поглавје 2. Формулација и подготовка на магистрални и галенски лекови** Ова поглавје ги опфаќа основните принципи на формулирање, избор на помошни супстанции, како и влијанието на формулациските параметри врз стабилноста и квалитетот на магистралните и галенските лекови. Исто така, се опфаќаат методологиите, опремата и технологиите за подготовка на нестерилни и стерилни магистрални и галенски лекови. Студентите ќе изучуваат практични примери за подготовка на најчесто изработуваните лекови од овој тип и ќе се запознаат со изборот на амбалажа, методите за контрола на квалитет, стабилноста, услови за чување, рокот на употреба, издавање и начин на употреба. **Резултати од учењето:** По завршување на ова поглавје студентите: • Ќе ги разбираат основни принципи на формулирање на магистрални и галенски лекови. • Ќе стекнат практични вештини за избор на соодветни помошни супстанции и амбалажа. • Ќе можат да применат технологии и методологии за подготовка на стерилни и нестерилни магистрални и галенски лекови. • Ќе можат да анализираат и проценуваат стабилност и услови за чување на магистрални и галенски лекови. • Ќе демонстрираат способност за проценка и контрола на квалитетот на магистрални и галенски лекови. • Ќе демонстрираат способност за издавање и советување на пациентите во врска со начинот на употреба.

		Поглавје 3. Технолошки аспекти на производството во различни средини Ова поглавје опфаќа организациски и технолошки принципи (конвециноални и напредни (пр. 3Д печатење, машинско учење, вештачка интелегенција) за производство на магистрални и галенски лекови во јавна, болничка аптека, галенски лаборатории и студиски центри. Студентите ќе се запознаат со специфичните барања за секоја средина и начините за прилагодување на технолошките процеси во согласност со различните дозирани форми и средината. **Резултати од учењето:** По завршување на ова поглавје студентите: • Ќе стекнат знаења за управување со технолошките аспекти на производството во јавна, болничка аптека, галенски лаборатории и студиски центри. • Ќе ги разберат специфичните барања за производство во различни средини. • Ќе развијат способности за адаптација на технолошките процеси (конвеционални и напредни (пр. 3Д печатање, машинско учење, вештачка интелегенција)) за различни видови магистрални и галенски лекови. • Ќе демонстрираат способност за примена на технолошките аспекти во реална апликативна средина. **Поглавје 4. Практични студии на случај и проекти** Ова поглавје ги опфаќа практичните аспекти на подготовката, издавањето и примената на магистрални и галенски лекови вклучително и примена кај специјални популации пациенти преку решавање на предизвици и интеграција на регулаторни стандарди. Студентите ќе анализираат конкретни примери, ќе работат на групни проекти и ќе развиваат решенија за оптимизација. **Резултати од учењето:** По завршување на ова поглавје студентите: • Ќе можат да интегрираат регулаторни стандарди во практични сценарија. • Ќе анализираат и проценуваат реални примери на формулации, подготовка и контрола на квалитет на магистрални и галенски лекови. • Ќе развијат способности за дизајнирање и имплементација на проекти за оптимизација на технолошките процеси (конвеционални и напредни). • Ќе стекнат вештини за тимска работа и решавање на практични проблеми поврзани со издавање и начин на употреба на магистрални и галенски лекови, вклучително кај специјални популации пациенти. • Ќе демонстрираат ефективност во планирање и изведба на тимски задачи.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска технологија 1 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини - предметот е изборен
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања

		2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	4 ЕКТС x 30 часа = 120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 1 час неделно = 15 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	Бројот на работни недели (15) x 2 часа неделно = 30 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 22,5 часови Подготовка за практична настава: 15 часови Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	22,5 часови Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10	

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		5
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			60-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Mark Jackson, Andrew Lowey	Handbook of Extemporaneous Preparation: A guide to pharmaceutical compounding	Pharmaceutical press	2010 електронско издание
2.	John F Marriott Keith A Wilson, Chris Langley, Dawn Belcher	Pharmaceutical Compounding and Dispensing	Pharmaceutical press	2010 електронско издание
3.	PIC/S Secretariat	PIC/S guide to good practices for the preparation of medicinal products in healthcare establishments	Pharmaceutical inspection convention/ Pharmaceutical inspection co-operation scheme	2014 електронско издание
4.		Resolution CM/Res(2016)1 on quality and safety assurance requirements for medicinal products prepared in pharmacies for the special needs of patients	Council of Europe	2016 електронско издание

		5.	Raymond C Rowe, Paul J Sheskey, Marian E Quinn	Handbook of Pharmaceutical Excipients	Pharmaceutical press	2009 електронско издание
		6.		European Pharmacopeia		електронско издание
		7.		British Pharmacopeia		електронско издание
		8.		British National Formulary		електронско издание
		9.		United States Pharmacopeia		електронско издание
		10	Gordana Vuleta, Jela Milic	Magistralne formule	Farmaceutsko Drushtvo Srbije	2010 хард копија
		11	Marica Medić-Šarić	Formulae magistrales Croaticae	Hrvatska ljekarnichka komora	2010 електронско издание
				Законски и подзаконски акти од областа на фармацијата		електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
				Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		електронско издание

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОХЕМИСКИ АНАЛИЗИ СО СПЕЦИФИЧНА КЛИНИЧКА ПРИМЕНА			
2.	Код	ФФИП_308			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за Применета Биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та 5-та	семестар	VII, VIII и IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	(4) ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Марија Хиљадникова-Бајро (одговорен наставник) Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: Положен испит Патологија со Патофизиологија (III) Положен испит Биохемија (IV) Предуслов за полагање на предметот: Потпис од предметот			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта** на предметот е студентите да ги надградат основните знаења од областа на Клиничката биохемија со познавање на специфични биомаркери и софистицирани тестови, да ја разберат улогата на лабораториската анализа во дијагностицирање, прогноза, мониторинг на ендокринолошки, кардиоваскуларни и други специфични заболувањата и проценка на ефикасноста на третманот. Како **резултат** се очекува студентот да стекне солидни теоретски познавања кои ќе може да ги примени во анализа на случаи/резултати од реалната клиничка лабораториска пракса.			
12.	Детална содржина на предметот по	Поглавје: Лабораториска анализа на нарушувања на хипофизните и тиреоидните хормони			

	поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	• Биохемиски аспекти на лабораториската ендокринологија во доменот на прекумерна или намалена секреција на тропните хормони, хормонот на раст, вазопресинот, пролактинот, мелатонинот како и патолошката секреција на хормони од тироидната жлезда Резултати: • Се очекува студентите да ги разберат биохемиските механизми инволвирани во нарушената секреција на хипофизните и тироидни хормони и последователните пореметувања на метаболизмот. Треба да бидат во состојба стекнатите знаења да ги применат во препознавање на соодветните структурни или функционални пореметувања на секрецијата од овие жлезди. Поглавје: Лабораториска анализа на половите- и хормоните на надбубрежната жлезда • Тестови за анализа на репродуктивната физиологија / патологија, проценка на ендокрината функција на кората и срцевината на надбубрежната жлезда Резултати: • Студентите треба да стекнат познавања за биохемијата на различни фази од репродуктивниот век на жената и мажот, примената на биохемиски анализи во периодот на бременост, проценка на репродуктивниот потенцијал како и дијагноза и следење на заболувања асоцирани со промени во хормонската активност Поглавје: Биохемиски тестови за кардиоваскуларни и хематолошки заболувања • Современи анализи за дијагноза на ургентни состојби и следење на хронични заболувања на кардиоваскуларниот систем, дијагностичко значење на биохемиските тестови во хематологијата и трансфузиологијата Резултати: • Се очекува студентите да ја разберат улогата на клиничката лабораторија во изведба на анализи за поставување на дијагноза, следење и прогноза на заболувања на миокардот и крвните садови. Потребно е студентите да ги разберат елементите и толкувањето на диференцијалната крвна слика / размаска и клеточните индекси, анализите за детекција и мониторинг на нарушувања во коагулациониот систем. Поглавје:Оксидативен стрес и антиоксидативна одбрана • Биохемиски аспекти на оксидативниот стрес. Улогата на оксидативниот стрес во патогенезата на хронични заболувања, како кардиоваскуларни, невродегенеративни и метаболни нарушувања. Принципи и механизми на антиоксидативната одбрана преку ензимски (супероксид дисмутаза, каталаза, глутатион пероксидаза) и неензимски антиоксиданси (витамини Е и Ц, глутатион). Лабораториски методологии за проценка на оксидативниот стрес и антиоксидативниот капацитет, нивната примена во клиничката практика и можностите за терапевтска интервенција со антиоксидативни суплементи. Резултати: • Студентите ќе ги разберат биохемиските механизми на оксидативниот стрес и неговото влијание. Ќе применуваат стекнати знаења за проценка на дисбалансот помеѓу оксидативниот стрес и антиоксидативната заштита и ќе развијат вештини за интерпретација

		на лабораториски податоци со клиничка примена во дијагностика и терапија.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Биохемија (IV-ти семестар), Патологија со патофизиологија (III-ти семестар), се потребни/поврзани со предметот		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Престој во клиничка биохемиска лабораторија и анализа на случаи од клиничката пракса 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Изработка на проектна задача		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	25
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	10
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за настава: 50 часа
		17.3.	Подготовка за испит	20
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)		25-50 (тест)
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)		
	19.3.	Практичен испит: бодови		10-20 (анализа на случај)
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		25 - 30
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			60-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A

21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Laposata M.	Laboratory Medicine: the Diagnosis of Disease in the Clinical Laboratory	McGraw-Hill Medical Publishing Division	2010 (хард копија во библиотека на Медицински факултет)
		2.	Straus B.	Medicinska Biokemija	Medicinska Naklada, Zagreb	1992
		3.	Michael Breitenbach, Peter Eckl	Oxidative Stress in Health and Disease	MDPI	2016 (електронско издание)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија)
		1.	Бишоп ЛМ, Фоди ПЕ, Шоеф ЕЛ	Клиничка хемија: принципи, процедури, корелации	Просветно дело АД, Скопје	2009 (хард копија)
		2.	Девлин М.Т.	Учебник по Биохемија со Клинички корелации, 7 издание	Арс Ламина, Скопје	Библиотека Браќа Миладиновци, Скопје
		3.	Релевантни трудови објавени во меѓународни списанија			

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНА И НУТРИВИГИЛАНЦА			
2.	Код	ФФИП_309			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4-та, 5-та	семестар	VII и IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Доц. д-р Зоран Живиќ (одговорен наставник) Проф. д-р Тања Петреска Ивановска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: кредит од Биохемија (IV-ти семестар) Предуслов за полагање на предметот: потпис од Додатоци на исхрана и нутривигиланца			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции) Цел на предметот е студентите да стекнат знаења за додатоците на исхраната, нивниот квалитет, ефикасност и безбедност и да ги применат знаењата за да го минимизираат ризикот од употреба на овие производи. Резултати од учењето По успешното завршување на предметот, студентот ќе биде способен да: • Дефинира критериуми за квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана; • Објасни улога на составните компоненти на додатоците на исхрана за одржување и подобрување на здравјето; • Процени оправданост на употребата на додатоци на исхрана;			

		• Анализира регулаторни критериуми за пуштање во промет на додатоци на исхрана; • Примени стратегии за минимизирање на ризици од употреба на додатоци на исхрана; • Управува со систем на нутривигиланца.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Вовед во додатоци на исхрана • Поглавјето опфаќа дефинирање на додатоци на исхрана, нивна класификација, дефинирање на квалитет, ефикасност и безбедност и регулаторни барања за ставање во промет. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да дефинираат категории на додатоци на исхрана, критериуми за квалитет, ефикасност и безбедност, како и регулаторни барања за нивно ставање во промет. Поглавје: Витамини • Ова поглавје опфаќа квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат витамини, како и ефектите и ризиците од нивната употреба. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат барањата за квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат витамини, да ги дефинираат здравствените ефекти и да ги проценат потенцијалните ризици од нивна примена. Поглавје: Минерали • Ова поглавје опфаќа квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат минерали, како и ефектите и ризиците од нивната употреба. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат барањата за квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат минерали, да ги дефинираат здравствените ефекти и да ги проценат потенцијалните ризици од нивна примена. Поглавје: Пробиотици и пребиотици • Ова поглавје опфаќа квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат пробиотици и пребиотици, како и ефектите и ризиците од нивната употреба. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат барањата за квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат пробиотици и пребиотици, да ги дефинираат здравствените ефекти и да ги проценат потенцијалните ризици од нивна примена. Поглавје: Протеински деривати • Ова поглавје опфаќа квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат протеински деривати, вклучително и додатоци на исхрана за подобрување на атлетски перформанси, како и ефектите и ризиците од употреба на овие производи. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги објаснат барањата за квалитет, ефикасност и безбедност на додатоци на исхрана кои содржат протеински деривати, вклучително и додатоци на исхрана за

		подобрување на атлетски перформанси, да ги дефинираат здравствените ефекти и да ги проценат потенцијалните ризици од нивна примена. Поглавје: Интеракции помеѓу лекови и додатоци на исхрана • Ова поглавје ги опфаќа потенцијалните ризици од интеракциите помеѓу лековите и додатоците на исхрана и нивното влијание врз нутритивниот статус и исходот од фармаколошката терапија. Исто така, опфаќа пристапи за минимизирање на ризиците преку нутритивно советување и предикција на интеракции. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги препознаат ризиците поврзани со интеракциите помеѓу лековите и додатоците на исхрана и да го објаснат нивното влијание врз нутритивниот статус и исходот од фармаколошката терапија. Студентите ќе се здобијат со вештини за предвидување на интеракциите и соодветно менаџирање на индивидуалната суплементација преку нутритивно советување. Поглавје: Систем на нутривигиланца • Ова поглавје опфаќа структура, значење и управување на системот на нутривигиланца. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да го применат системот на нутривигиланца во следење на несаканите ефекти од употреба на додатоци на исхрана.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Предзнаењата од предметот Биохемија (IV-ти семестар) се потребни/поврзани со предметот		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови Подготовка за практична настава: /

		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 25 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	10-20

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	Gupta, R. C.	Nutraceuticals: Efficacy, Safety and Toxicity	Academic Press (Elsevier)	2016 Електронска верзија
		2.	Berginc, K. and Kreft, S.	Dietary Supplements: Safety, Efficacy and Quality	Woodhead Publishing (Elsevier)	2015 Електронска верзија
		3.	Boullata, J. I and Armenti, V. T.	Handbook of Drug-Nutrient Interactions	Humana Press	2010/2nd edition Електронска верзија
		4.	Pintauro, S. J.	The Regulation of Dietary Supplements	Taylor & Francis Group	2019 Електронска верзија
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Wildman, R. E. C., Bruno, R. S.	Handbook of Nutraceuticals and Functional Foods	Taylor & Francis Group	2020/3rd edition Електронска верзија

		2.	Coates, P. M., Betz, J. M., Blackman, M. R., Cragg, G. M., Levine, M., Moss, J., White, J. D.	Encyclopedia of Dietary Supplements	Informa Healthcare	2010 Електронска верзија
		3.	Egbuna, C. and Dable-Tupas, G.	Functional Foods and Nutraceuticals	Springer	2020 Електронска верзија

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА ХЕРБАЛНИ ПРЕПАРАТИ			
2.	Код	ФФИП_310			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Четврата, Петта	семестар	VII, IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ѓоше Стефков (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Карапанџова Доц. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова Асс. Ана Трајковска Асс. Вероника Стоилковска Ѓоргиевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: стекнат потпис од Фитохемија (IV семестар), Фармакогнозија (V семестар) и Фитотерапија (VI семестар) Предуслов за полагање на предметот: нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметот се запознавање на студентите со рационална употреба на хербалните лекови, нивна фармакологија, интеракции и безбедност, клинички пристап кон рационалната употреба на хербалните лекови и регулаторни, културолошки и етички аспекти. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: • осознавање на рационалната употреба на хербалните лекови, историскиот развој и важноста за едукација за рационална употреба • ботанички и фитохемиски основи за растенијата, начини на екстракција и формулација на хербални препарати • фармакологијата на хербалнте препарати, терапевтскиот потенцијал и ограничувања • интеракции и безбедност на хербалните препарати • клинички пристапи кон рационалната употреба			

		• регулаторните, културолошки и етички аспекти
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржината на предметната програма вклучува 5 поглавја кои што се изведуваат преку теоретска и практична настава, поделени во неколку единици: **Поглавје 1**: Вовед во рационална употреба на хербални препарати • дефиниција на рационалната употреба на лекови. • историски развој на хербалната медицина. • современата примена на хербални препарати во фармацијата. • важноста на едукацијата за рационална употреба. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења за дефинирањето на рационална употреба на хербални препарати, историскиот развој и современата примена на хербалните препарати и нивното значење. **Поглавје 2**: Фармакологија на хербални препарати • основи на фармакокинетика и фармакодинамика на хербални препарати. • ефекти врз различни системи во организмот: кардиоваскуларен, дигестивен, нервен, имунолошки. • терапевтски потенцијали и ограничувања. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос фармакокинетиката и фармакодинамиката на хербалните препарати, нивниот ефект врз различни органски системи, терапевтскиот потенцијал и ограничувањата за нивна примена. **Поглавје 3**: Интеракции и безбедност • интеракции помеѓу хербални препарати и конвенционални лекови • контраиндикации и можни несакани ефекти. • токсиколошки профил на хербални препарати. • регулаторни барања за хербални препарати. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на интеракциите, контраиндикациите, токсиколошкиот профил на хербалните препарати и регулаторните барања за оваа група на лекови. **Поглавје 4**: Клинички пристап кон рационална употреба • индикации за употреба на хербални препарати. • дозирање и формулации: чаеви, тинктури, капсули, масла. • евалуација на клинички докази за ефикасност. • водење на пациентите и мониторинг при употреба. • растечка популарност на персонализирана хербална медицина. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на индикациите, дозирањето и типовите на достапни формулации, како се евалуира клиничката ефикасност и се мониторираат пациентите при терапија со хербални препарати. **Поглавје 5**: Културолошки и етички аспекти • разлики во пристапот кон хербалните препарати низ светот. • традиционална медицина vs. современа наука. • етички аспекти на препишување хербални препарати. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на разликите помеѓу традиционалната медицина наспрам современата наука и етичките аспекти при препишување на хербални препарати.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска ботаника и биологија, Фитохемија, Фармакогнозија и Фитотерапија се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите: нема

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.			
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	30 часови	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	15 часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	5 часови	
		17.2.	Самостојно учење: часови	45 часови	
		17.3.	Подготовка за испит	25 часови	
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)			

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	1-5

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание

		1	Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М., Цветковиќ Каранфилова И.	Фармакогнозија, Природни лековити и ароматични суровини	УКИМ (рецензиран учебник)	2023 (електронско издание)
		2	Кулеванова С.	Основи на фитотерапијата	Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје	2021 (електронско издание)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	Williamson E., Driver S. and Baxter K.	Stockley's Herbal Medicines Interactions, A Guide to the Interactions of Herbal Medicines	Pharmaceutical Press	2013 (електронско издание)
		2.	Schulz V., Hänsel R. and Tyler V.	Rational Phytotherapy, A Physicians’ Guide to Herbal Medicine	Springer Berlin Heidelberg	2012 (електронско издание)

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МОНИТОРИНГ НА ТЕРАПИЈА СО ЛЕКОВИ			
2.	Код	ФФИП_311			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за Фармецевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5 та	семестар	IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Александра Капедановска Несторовска (одговорен наставник) Проф.д-р. Зоран Стерјев Проф.д-р. Кристина Младеновска Проф. д-р. Надица Матевска –Гешковска Проф. д-р. Јасмина Тониќ Рибарска Проф. д-р. Ана Поцева -Пановска Асс. Евгенија Михајлоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан) Клиничка фармација, VIII семестар; Биофармација VIII семестар; (запишан): Фармакогенетика и Фармакогеномика-индивидуализација на терапија Предуслов за полагање на предметот: (положен) Основи на клиничка фармација,VII семестар; Фармацевтска грижа VII семестар; Клиничка фармација, VIII семестар; Биофармација VIII семестар			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните начела на терапевтскиот лек- мониторинг (ТЛМ) преку примена на концептите на клиничката фармакокинетика и вештини за индивидуализација на режимите на дозирање на лекови во насока на постигниување и оптимизација на посакуваните пациент – ориентирани тераписки исходи. Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења и вештини во добивање и интерпретација на фармакокинетски резултати, анализа и решавање на проблемите поврзани со избор и оптимизација на лек и режим на дозирање и следствено, во соработка со останатите членови на мултидисциплинарниот			

		здравствен тим, донесување на одлуки поврзани со безбедни и ефикаси фармакотераписки режими на дозирање во клиничката пракса . ***Резултати*** По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да: • дефинира и разликува начела и цели на терапевтскиот лек-мониторинг во корелација со фармакокинетиката и клиничката фармакокинетика, • ги препознае придобивките од имплементацијата на ТЛМ за одделни класи на лекови како клиничко- фармацевтска услуга, • ги разбира ефектите на преданалитичките варијабли во ТЛМ, • ги идентификува и решава предизвиците во спроведување на ТЛМ • демонстрира практична оптимизација на доза и режим на дозирање со примена на соодветни PK/PD модели за пациент специфичен проблем поврзан со дозата и режимот на дозирање на лекот.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	***ОПШТ ДЕЛ: ВОВЕД ВО ТЛМ*** **Поглавје 1: Вовед во Терапевтски лек мониторинг (ТЛМ)** • основни начела и принципи на фармакокинетика, клиничка фармакокинетика и терапевтски лек мониторинг, следење на концентрации на неврзан лек - слободни концентрации наспроти вкупни концентрации, фармакокинетски последици од протеинско врзување на лекот; • рационална примена и клиничка придобивки од ТЛМ на различни класи на лекови: антиконвулзиви, кардиоактивни лекови, антиастматични лекови, антидепресиви, имуносупресиви, антиретровирусни агенси, антинеопластични лекови.и останати клинички значајни класи на лекови; • патофизиолошки состојби и други фактори кои влијаат на концентрациите на лекот- генетски варијации во метаболизмот на лековите и ТЛМ на лековите, ефект на возраста, полот, бременоста, тежина, бубрежна функција, ефект на интеракција лек- хербална суплементација и нивно значење во интерпретација на резултати; • диспозиција при уремија, хепаталните заболувања, кардиоваскуларни заболувања, дисфункција на тироидната жлезда ; • клиничка аспекти на ТЛМ на различни терапевтски класи на лекови- **Поглавје 2: Практични аспекти при терапевтско следење на лекови:** • разбирање и минимизирање на неодреденоста при мерење во клиничката лабораторија- Ефекти на пред-аналитичките варијабли во терапевтското следење на лекови; Тип на примерок (серум vs.плазма): Фактори кои влијаат на резултатите од следењето на терапевтските лекови, Алтернации на протеинско врзување: In Vivo и In Vitro, потенцијални грешки; • технички аспекти на собрање на примерок: место, начин и време на собирање примероци, волумен на собран примерок, Соодветност на потрошен материјал за собирање на примерок (серум vs. плазма), чекори за подготовка на примерок; • практичен пристап во прилагодување на дозата на лекови користејќи фармакокинетски модели- Bayesian проценка- принципи, ефект на типот на аналитичката техника употребена за мерење на концентрацијата на лекот, методи за добивање на популациони

		фармакокинтески параметри, избор на стратегија за ограничено земање примероци, референтна вредност, валидација и индикатори за предвидливост на перформанси, Примери за клиничка трансферабилност – аминогликозиди, такролимус во трансплантација. **Поглавје 3: Техники и методи за следење на концентрациите на лекови (аналитички и имунохемиски)** • Техники за подготовка на примероци од биолошко потекло;Принципи и примена на аналитички методи за ТЛМ; • имуноанализа, принципи на дизајн на имуноанализа и најчесто користени платформи во ТЛМ: ензимски, неензимски, флуоресценција базирани, турбидометрија и нефелометрија ; • предности и недостатоци на аналитичките методи во ТЛМ на селектирани класи на лекови; алтернативни методи и видови на биолошки примероци, избор на соодветна техника, примери на клиничка примена и трансферабилност на аналитичките методи и техники при ТЛМ на селектирани лекови. **Поглавје 4: Техники и Методи за следење на концентрациите на лекови (фармакогеномски)** • Видови на напредни технологии за испитување на хуман егзом/геном кои генерираат голема количина на податоци- Микроерејна технологија, Секвенционирачки технологии од нова генерација, Изработка на различни видови на ДНК библиотеки базирани на хибридизација и збогатување на целни региони или амплификација на кратки секвенци; • Манипулација и анализа на големи податоци добиени со напредни технологии, Машинско учење, Употреба на информациите добиени со напредни технологии. • Предности и недостатоци на фармакогеномскиот пристап во ТЛМ на селектирани класи на лекови; Примери на клиничка примена и трансферабилност на методите и техниките **Поглавје 5. Фармакодинамски биомаркери за ТЛМ на имуносупресивни и антитуморни лекови** • Корист од следење на биомаркери при мониторинг на лековите, Биомаркери за ефикасност на имуносупресивни лекови (разлики во целни ензими, експресија регулирана со NFAT лимфоцити, CD8+ Т клетки кои продуцираат IL-2, површински маркери на активирани Т клетки, биомаркери на толеранција и др.), • Биомаркери за ефикасност на антитуморни лекови (разлики во ензими за активација и инактивација на лекови, разлики на ниво на врзување и/или експресија на рецептори и други целни молекули, констутивна активација на сигнални патеки, оптоварување со мутации и др.) **Поглавје 6: Фармакокинетски и фармакодинамски принципи во избор и оптимизација на доза на лек** • фармакокинетско моделирање (анализа на компартменти, физиолошко базирано), популациона фармакокинетика (параметарска и непараметарска); фрамакодинамско моделирање (минимална инхибиторна концентрација, in vitro/in Vivo моделирање, Monte –Carlo симулации) • фармакометрија - концепт, компоненти, процес, типови на податоци и пристапи во моделирање (математички, статистички, физиолошки),

		евалуација на модели и примена во клиничка фармакокинетика и ТЛМ • применето PK/PD моделирање на селектирани лекови (пр. Пиперацилин/Тазобактам) со примери на практична примена на фармакометрија во селектирани популации. **Резултати од учењето:** По завршување на поглавјата од општиот дел студентите ќе можат да: • дефинираат и опишат основните начела на клиничка фармакокинетика; придобивките од примена во рутинска клиничка пракса, принципот на кинетичка хомогеност, фармакодинамиката во корелација со фармакокинетика, концептот на интервал на тераписка концентрација; • иднетификуваат техничките и клиничките аспекти на значајност асоцирани со ТЛМ- генетските и негенетските фактори на интра-интер индивидуална варијабилност во диспозиција и одговор на лек и да ги утврдат нивното значење во интерпретација на резултати • дискутираат основните принципи на: 1) аналитичите и имунохемиските техники и методи, како и предности и недостатоци кои го дефинираат нивниот избор во ТЛМ на селектирани класи на лекови нови, 2) напредни технологии за испитување на хуманиот геном и ќе стекнат сознанија за нивна практична примена, вклучително и како алатка во мониторингот на лековите за објаснување на индивидуалните разлики на фармакокинетско и/или фармакодинамско ниво. • Унапредат своите знаење поврзани со PK/PD моделирање во насока на практична примена на фармакометрија во избор и оптимизација на доза и режим на дозирање. ***СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ: ТЛМ НА СПЕЦИФИЧНИ ЛЕКОВИ И КЛАСИ НА ЛЕКОВИ*** **Поглавје 6: Водичи и препораки за ТЛМ на Ванкомицин, Аминогликозиди и одредени антибиотици** • Ванкомицин- фармакокинетски и фармакодинамски аспекти, пристап во ТЛМ и препорачани водичи за ТЛМ на вакнкомицин • Аминогликозиди- фармакокинетски и фармакодинамски аспекти, пристап во ТЛМ и препорачани водичи за ТЛМ на аминогликозиди • ТЛМ на водена селекција и оптимизација на доза и режим на дозирање на: бета лактамски антибиотици; сулфонамиди и триметоприм; хлорамфеникол и тетрациклини; Кинолони; Макролиди ; Туберкулостатици • Примери на клиничка примена во донесување на одлуки за избор и селекција на доза. **Поглавје 7: Водичи и препораки за ТЛМ на кардиоактивни лекови (антикоагулантни и антиаритмични лекови)** • Дигоксин - фармакокинетски и фармакодинамски аспекти, пристап во ТЛМ и препорачани водичи за ТЛМ на дигоксин, предизвици во ТЛМ на дигоксин- ефект на метаболити врз резултати од имуноанализи, ефект на спиронолактон и асоцирани лекови, ефект на хербални суплементи

		• Предизвици во мониторинг на антиаритмични лекови врз основа на класи (IA, IB, IC, II, III, IV) • Фармакогенетски аспекти во ТЛМ на Варфарин (CYP2C9, VKORC1 статус), не-генетски фактори на модификација на дозирање (Витамин К, диететика, Возраст, пол, Антропометрија), Терапевтски алтернативи на Варфарин. • PK/PD и ТЛМ на нефракциониран хепарин, ниско молекуларни хепарини и директни антикоагуланти **Поглавје 8: Водичи и препораки за ТЛМ на антиепилептици и антидепресиви** • Индикации за одредување на концентрации на неврзан лек; специфики на ТЛМ на класични антиепилептици наспроти нови класи на антиконвулзиви, Аналитички и фармакогенетски аспекти на ТЛМ (CYP2C9, CYP2C19, CYP2D6) на антидепресисиви и антипсихотици, Предизвици во ТЛМ на антидепресиви, антипсихотици и нивните метаболити; • ТЛМ водена селекција и оптимизација на доза и режим на дозирање на селектирани антиепилептици (карбамазепин, валпроична киселина, габапентин, ламотригин, леватирацетам, прегабалин, топирамат); • ТЛМ водена селекција и оптимизација на доза и режим на дозирање на селектирани антидепресиви од класите на трициклични антидепресиви (имипрамин, нортриптилин), SSRI (есциталопрам, дулоксетин, венлафаксин) и нивните метаболити; • ТЛМ водена селекција и оптимизација на доза и режим на дозирање на селектирани антипсихотици и нивните метаболити (клозапин, рисперидон, оланзапин, арипипразол); **Поглавје 10: Водичи и препораки за ТЛМ на селектирани антинеопластични и имуносупресивни лекови** • Традиционален пристап во ТЛМ на антинеопластични лекови– метотрексат, бисулфан; • Фармакогенетски аспекти на ТЛМ на антинеопластични лекови: Конституционална vs. Туморска генетика; • ТЛМ на антинеопластични лекови по класи на лекови: Меркаптопурин, Иринотекан, 5-флуороурацил, тамоксифен; Анти – EGFR антитела и тирозин киназа инхибитори, Калцинеурин инхибитори - Циклоспорин и Такрлимус, Рапамицин (MTOR) инхибитори- Сиролимус и Еверолимус, Мукофенолична киселина **Поглавје 11: Водичи и препораки за ТЛМ на Антиретровирални лекови во третман на ХИВ инфекции** • Терапевтски таргети нво ТЛМ на ХИВ пациенти; • Пристап во ТЛМ на анти -ХИВ терапија кај посебни популации на пациенти- бременост, педијатрија и адолесценција, геријатрија, хепатитис, интеракции на лекови, управување на токсичност; • ТЛМ на антинеопластични лекови по класи на лекови- инхибитори на нуклеозид и не- нуклеозид реверзна транскриптаза, протеаза инхибитори, останати класи на антиретровирална терапија • Предизвици во практична примена на ТЛМ при менаџирање на терапија на ХИВ пациенти **Поглавје 12: Оправданост за примен на ТЛМ на мешани класи на лекови**

		• Водичи и препораки за ТЛМ на антифунгални лекови - Основни начела на ТЛМ на антифунгални лекови, ТЛМ на селектирани антифунгални лекови за системска употреба • Водичи и препораки за ТЛМ на теофилин • Водичи и препораки за ТЛМ на лекови за третман на болка- фокус на опиоидни лекови и нивни метаболити, пристапи во тестирање, ТЛМ при медицинска употреб и злоупотреба, селектирање на примероци и идентификација на фалсификати • Значење на ТЛМ во идентификација на клинички значајни лек-хербална суплементаци интеракции, Механизми на интеракции, клинички ефекти , аналитичка интерференција. **Резултати од учењето:** По завршување на поглавјата од специјалниот дел, согласно класата на лековите и специфичниот лек, студентите ќе можат да: • дефинираат принципите на популациона PK/PD, стратегии на дозирање, терапевтски интервали;; • да предложат време и фрекфенција на земање на примерок во корелација со типот на примерок и соодветна техника и метода за ТЛМ • дискутираат останати пристапи во мониторинг на лековт, вклучително и фармакодинамски мониторинг ; • да интерпретираат резултати во корелација на фактори на варијабилност, лек- лек и лек- болест интеракција ; • практично да применат процес на ТЛМ и изберат и оптимизираат доза и режим на доизрање на клинички значајни лекови од рутинската пракса.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Знаењата од предметот се поврзани со предметите Инструментални фармацевтски анализи, Основи на клиничка фармација, Клиничка фармација и фармакотерапија, Биофармација		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	22.5 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	30 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	0 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 22.5 часови Подготовка за практична настава:

				30 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)		25-50
	19.2	Колоквиум: бодови		Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови		6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		x
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			60-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Авторизирани предавања	Фармацевтски факултет	Тековна година/електронска копија
		2.		Интернационални водичи и протоколи за ТЛМ	Меѓународни експертски групи и здруженија	Тековна година/електронска копија
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Amitava Dasgupta	Therapeutic Drug Monitoring Newer Drugs and Biomarkers, 2nd Edition	Academic Press	2024/ електронска копија
		2.	John E. Murphy	Clinical Pharmacokinetics, 7th Edition & Workbook	ASHP	2021/ електронска копија
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО АНАЛИТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА			
2.	Код	ФФИП_Л12			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3та	семестар	VI / VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јелена Ацевска (одговорен наставник) Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Анета Димитровска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: нема Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметната програма е студентите да се стекнат со знаења за обезбедување на системот за квалитет во лабораториското работење во согласност со националните и меѓународните стандарди и прописи. *Резултати од учењето:* По успешно завршување на предметот, студентите ќе се стекнат со основни и напредни знаења за основните принципи и пристапите на обезбедување, контрола и унапредување на квалитетот на испитувањето во аналитичките лаборатории. Овој предмет ќе им помогне на студентите да развијат критички вештини за примена на теоретските знаења во практика на			

		обезбедување на квалитет во секојдневната работа во аналитички лаборатории.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	*Поглавје 1: Вовед во управување со квалитет во аналитичка лабораторија* • Основни принципи за управување со квалитет: општи принципи, дефиниција и важност на квалитетот во аналитичките лаборатории, применување на принципите на континуирано подобрување на квалитетот • Регулаторните барања и стандарди: Национални и меѓународни стандарди и водичи за лабораториско работење, законски и етички обврски во однос на квалитетот во фармацевтската индустрија • **Предизвици во управувањето со квалитет во аналитичките лаборатории: управување со грешки и варијации, технолошки напредок, регулаторни промени.** *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да ги разберат основните принципи и значењето на управувањето со квалитет во аналитичка лабораторија како и систематскиот пристап за осигурување дека лабораторијата и нејзините процеси постигнуваат и одржуваат високи стандарди на прецизност, точност и доверливост на резултатите. • Ќе се запознаат со стандардите за управување со систем за квалитет, како што се ISO (International Standard Organisation), GLP (Good Laboratory Practice) и GMP (Good Manufacturing Practice). • Ќе можат да ги препознаваат клучните активности за дефинирање на целите на системот за квалитет, имплементација на стандарди и дефинирање на процедури. *Поглавје 2: Воспоставување и оддржување на системот за управување со квалитет* • Компоненти на системот за квалитет: ресурсни барања, процесни барања и барања поврзани со систем за квалитет • Управување со системот за квалитет (контрола на документи, управување со записи и податоци, управување со ризик) и подобрување. • Управување со ризици: принципи на управување со ризик во контекст на аналитичките лаборатории, примена на алатки за проценка и минимизирање на ризици во лабораторискиот процес Резултати од учењето: • Студентите ќе може да ги разберат основните компоненти на системот за управување со квалитет и нивната важност во контекст на аналитичката лабораторија. • Ќе се запознаат со пристапите за управување со квалитетот преку контрола на документи, управување со записи и податоци, но и како да се справуваат со ризиците. • Да ги применат принципите на постојано подобрување за да обезбедат континуиран развој и унапредување на лабораториските процеси. • Ќе добијат сознанија за примена на принципите за идентификација, анализа, евалуација и преглед на ризиците поврзани со квалитет *Поглавје 3: Обезбедување на квалитет на резултатите*

		• Управување со опрема (квалификација/калибрација), реагенси, референтни стандарди, примероците за анализа и квалификација на персонал, • Контрола на квалитетот на резултат од спроведено испитување: Внатрешните и надворешните контроли на квалитет со користење на референтни материјали, статистички алатки за анализа и редовно повторување на тестовите, учество во меѓулабораториски споредби. • Управување со лабораториски податоци, вклучувајќи електронски системи и бази на податоци: чување и управување, примена на статистички методи во обработка на податоци, како што се графикони на контрола и анализа на трендови. Резултати од учењето: • Студентите ќе може да ги применат клучните пристапи за управување со опрема и реагенси во лабораториски услови • Да ја разберат важноста на обезбедувањето квалитет на резултатите од испитувањето и да знаат како да применат контроли за квалитет во лабораториските процеси. • Да разберат како се организираат и спроведуваат меѓулабораторски студии и како резултатите се споредуваат за да се осигураат точноста и прецизноста на резултатите. • Да ги применат статистичките методи за анализа на податоци и да користат алатки како графикони на контрола и анализа на трендови за осигурување на точноста на податоците. *Поглавје 4: Евалуација и издавање на резултати од спроведени испитувања* • Генерирање на валидни резултати • Евалуација на мерна неодреденост во аналитичко испитување • Прикажување на резултатите од спроведеното испитување Резултати од учењето: • Студентите ќе може да ги применуваат методите за верификација на валидноста на резултатите од испитувањето. • Да го разјаснат значењето на мерната неодреденост и како таа влијае на интерпретацијата на резултатите. • Ќе добијат сознанија за методите за идентификација на изворите на мерна неодреденост и проценка на мерната неодреденост во лабораториските испитувања.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите математика и применета статистика во фармација, Аналитичка хемија применета во фармација и Инструметнални фармацевтски анализи се поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) /
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи:

		1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (аудиториски): часови	20 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 30 часови Подготовка за практична настава: 10 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	30-60
	19.2	Колоквиум: бодови	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	6-10

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1.	/	Меѓународни стандарди и водичи	/	Важечко издание

		2	Ludwig Huber	Validation and Qualification in Analytical Laboratories	Informa Healthcare USA, Inc. 2007	
		3	Sandy Weinberg	Good Laboratory Practice Regulations	Informa Healthcare USA, Inc. 2007	
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.				
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАЦЕВТСКО ПРОЦЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО			
2.	Код	ФФИП_Л13			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3, 4	семестар	VI, VIII,
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Никола Гешковски (одговорен наставник) Проф. д-р Марија Главаш Додов Проф д-р Маја Симоноска Црцаревска Проф. д-р Рената Славевска Раички Проф. д-р Катерина Горачинова Доц. д-р Душко Шалабалија Доц. д-р Љубица Михаилова Асс. Теодора Тасевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: потпис од Фармацевтска технологија 1 Предуслов за полагање на предметот: потпис од Фармацевтско процесно инженерство			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** на предметната програма Целите на предметната програма се запознавање на студентите со производствените процеси и единечни операции кои се користат при производство на активните фармацевтски супстанци, дозираните форми, вклучително и процесите и операции на нивно пакување во примарна и секундарна амбалажа. Дополнително, студентот ќе добие основни познавања за избор, оптимизација и менаџмент на процеси во различните производни фази на лекот, вклучително и способност да ги идентификува и следи критичните процесни параметри и критичните контролни точки во различни производствени процеси кои ќе бидат обработени во предметната програма. Стекнатите знаења и компетенции ќе им дадат добра основа на студентите за			

		работа во развојни одделенија, тимови за трансфер на процеси како и во прозводствени одделенија во фармацевтската индустрија Како резултат од учењето студентот на по завршување на педметот ќе биде во можност да: - Сумира технолошките принципи и релевантните операции за фармацевтско производство и изберете соодветни типови опрема за различни производствени операции; - Идентификува вообичаени проблеми поврзани со фармацевтското производство и предложи стратегии за нивно надминување; - Ги разбира процесите на примарно и секундарно пакување и ја препознава соодветната опрема за пакување; - Има познавања од потребите и стандардите кои треба да ги исполнува просторот и опремата во различните фази од фармацевтското производство, вклучително ја разбира и постапката за нивна квалификација.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во процесно инжинерство** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Што е процес и зашто е потребно процесно инжинерство - Основи за процесирање на течности и прашоци - Основи на трансфер на топлина и маса во фармацевтски процеси **Поглавје: Производство на фармацевтски активни супстанци и ексципиенси** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Апаратура и процеси на синтеза во реактори, техники за прочистување, кристализација и сепарација (филтрирање, центрифугирање) и процеси на сушење. Оптимизација, идентификација на критични контролни точки, следење и менаџмент на процесот **Поглавје: Процеси во индустриско производство на цврсти дозирани форми** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Апаратура и процеси на суво мешање, влажна и сува гранулација, таблетирање, обложување, полнење на цврсти и меки желатински капсули. Оптимизација, идентификација на критични контролни точки, следење и менаџмент на процесот **Поглавје: Процеси во индустриско производство на течни и полуцврсти дозирани форми** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Апаратура и процеси на мешање, хомогенизација, филтрација. Оптимизација, идентификација на критични контролни точки, следење и менаџмент на процесот

		Поглавје: Процеси на пакување на дозирани форми во примарна и секундарна амбалажа Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавањата набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат дискутираат и применуваат знаењата за: - Апаратура и процеси за трансфер и пакување на течни, полуцврсти и цврсти дозирани форми. Оптимизација, идентификација на критични контролни точки, следење и менаџмент на процесот		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите (Фармацевтска технологија 1) се потребни/поврзани со предметот. 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини – предметот е изборен		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	4 ЕКТС x 30 часа = 120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 2 час неделно = 30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часа Подготовка за практична настава: 0 часа Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	15 часа Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување				
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)			25-50
	19.2	Колоквиум: бодови			Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови			/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови			6-10
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода		5 (пет) (F)
			60-66 бода		6 (шест) E
			67-75 бода		7 (седум) D
			76-84 бода		8 (осум) C
			85-93 бода		9 (девет) B
			94-100 бода		10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Anthony J. Hickey, David Ganderton	Pharmaceutical Process Engineering	Informa, Healthcare	2010 (електронска верзија)
		2.				
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.				
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРОИЗВОДСТВО НА ХЕРБАЛНИ ПРЕПАРАТИ И СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ			
2.	Код	ФФИП_Л14			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета, четврта, петта	семестар	VI, VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Доц. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова (одговорен наставник) Проф. д-р Билјана Бауер Проф. д-р Марија Карапанџова Асс. Ана Трајковска Асс. Вероника Стоилковска Ѓоргиевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: стекнат потпис од Фармацевтска ботаника и биологија (II семестар), Фитохемија (IV семестар), Фармакогнозија (V семестар) Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметот се запознавање на студентите со основите на хербалните препарати (дефиниција, историски развој и значење во фармацевтската индустрија.), разбирање на биолошките и хемиските својства на растителниот материјал и нивна селекција за подотовка на хербални препарати, преглед на традиционалната и современа употреба на овие лекови, техниките кои се користат за нивно производство, разбирање на добрите производствени практики (GMP) и нивната примена во производство на хербални препарати, како и со примена на стандарди за квалитет и безбедност на препаратите, регулаторниот статус на хербалните препарати, нивна стандардизација, дизајн и развој на хербални лекови, како и со рицизите и интеракциите при едновремена употреба со конвенционалните лекови. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: • принципите за избор, обработка и употреба на растителни суровини во фармацевтската индустрија. • техники за одгледување и собирање на лековити растенија (органско и одржливо производство и производи). • биохемиските својства и фармаколошките активности на активните растителни компоненти.			

		• примена на современи технологии за екстракција, прочистување и формулација на хербални препарати. • изведување на аналитички испитувања за проценка на квалитетот, стабилноста и безбедноста на хербалните лекови. • регулаторните барања за производство и промет на хербални препарати во согласност со националните и меѓународните стандарди. • подготовка на документација за регистрација. • симулирани инспекции и GMP проверки.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржината на предметната програма вклучува три поглавја, поделени во неколку единици: **Поглавје 1**: Вовед во производството на хербални препарати • основите на процесот на производство од суровина до финален производ. • различни техника за екстракција и обработка. • изработка на различни хербални препарати. Резултати од учењето: • студентите ќе стекнат со знаења и разбирање за целокупниот процес на производство на хербални препарати, почнувајќи од изборот на суровините до добивање на финален производ. • студентите ќе стекнат со знаења и ќе бидат оспособени да идентификуваат различни техники за обработка и да ги применуваат соодветно, во согласност со специфичните барања на хербалните препарати. • студентите ќе стекнат со знаења и ќе бидат оспособени да научат да изберат и да применат соодветни методи за екстракција (мацерација, перколација, дестилација и современи техники како суперфлуидна екстракција) зависно од карактеристиките на растителниот материјал и целта на препаратот. • студентите ќе стекнат со знаења и ќе бидат оспособени да произведуваат различни видови хербални препарати, како тинктури, сирупи, капсули, кремови, чаеви и други формулации. **Поглавје 2**: Современи трендови и иновации • интеграција на напредни технологии во производството. • органски и еколошки сертифицирани производи. • растечка популарност на персонализирана хербална медицина. • одржливо производство и етички аспекти. **Резултати од учењето**: • студентите ќе се стекнат со знаења како напредните технологии се интегрираат во производството на хербални препарати за подобрување на ефикасноста, стабилноста и биорасположливоста на финалните производи. • студентите ќе се стекнат со знаења и ќе ги идентификуваат основните принципи на органска сертификација и ќе научат како да применат еколошки одржливи практики во производството. • студентите ќе се стекнат со знаења во однос на одржливото производство и етичките аспекти во набавката на суровини и креирање производи кои не ја нарушуваат животната средина.

		Поглавје 3: Стандарди за квалитет, контрола на квалитет и регулаторни аспекти на хербални препарати • разбирање и основни принципи на Добра производна пракса (GMP) за хербални лекови. • контрола на квалитет на суровини и готов производ. • регулаторни аспекти и документација Резултати од учењето: • студентите ќе се стекнат со знаења во однос на основните принципи на GMP како суштинска алатка за обезбедување на квалитетот и безбедноста на хербалните лекови. Примената на GMP во сите фази од производството, од набавка на суровини до финален производ. • студентите ќе се стекнат со знаења за проценка и контрола на квалитетот на суровините, меѓупроизводите и готовите производи, користејќи утврдени методи и параметри. Ќе стекнат практично знаење за спроведување на тестови за чистота, стабилност и стандардизираност на производите. • студентите ќе се стекнат со знаења за да ги интерпретираат и применуваат националните и меѓународните регулативи (WHO, FDA, ЕУ директиви) кои се однесуваат на производство и регистрација на хербални лекови. • студентите ќе се стекнат со знаења за важноста на водење на точна и ажурна документација како основа за следливост на производството и контрола на квалитетот. Ќе научат да креираат и одржуваат спецификации за суровини, производи и производствени процеси.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска ботаника и биологија, Биоорганска хемија, Фитохемија, Фармакогнозија, Основи на Фармацевтска Технологија се потребни/поврзани со предметот. 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите: нема		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	45 часови

		17.3.	Подготовка за испит	25 часови

18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)	
19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	/

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
1.	World Health Organization	WHO guidelines on good manufacturing practices (GMP) for herbal medicines	WHO	2007, хард копија
2.	European Medicines Agency	Guideline on quality of herbal medicinal products[2]/traditional herbal medicinal products	EMA	2022, хард копија

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
1.	Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М.	Фитохемија	УКИМ	2011, хард копија
2.	Кулеванова С., Стефков Ѓ., Карапанџова М., Цветковиќ Каранфилова И.	Фармакогнозија, Природни лековити и ароматични суровини	УКИМ (рецензиран учебник)	2023, електронско издание

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ПРОИЗВОДСТВО НА БИОТЕХНОЛОШКИ ЛЕКОВИ			
2.	Код	ФФИП_315			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацвтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	4 и 5	семестар	VII, IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Рената Славеска Раички (одговорен наставник) Доц. д-р Душко Шалабалија			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: предметот: потпис од Фармацевтска технологија 2 Предуслов за полагање на предметот: потпис од Производство на биотехнолошки лекови			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели* на предметната програма** Целта на програмата по предметот е студентите да стекнат активно и трајно знаење за примена на современи научни основи, техники и процесни технологии имплементирани во индустриска фармацевтска биотехнолгија. Образовна цел е и запознавање на студентите со карактеристични содржини потребни за добивање на специфични класи на биотехнолошки лекови и производи според начелата на добра произвдоствена практика што резултираат со одржливо производство на успешни производи со одобрение за ставање во промет. Дополнително, студентите ќе стекнат знаење за влијанието на одобрените специфичните класи на биотехнолошки лекови во современата фармација и медицина преку изучување на студии на случај. ***Резултати*** од учењето (знаење, индивидуални вештини, професионални вештини) По завршувањето на предметот, студентите ќе бидат способни за: • Толкување на научни принципи и разбирање на современи процесни технологии на биотехнологијата применети во индустриско производство на специфични класи на биотехнолошки лекови • Решавање проблеми и предизвици поврзани за производство на специфични класи биотехнолошки лекови според начелата на добра производствена практика со толкување и имплементирање на регулаторни барања • Компететно учество во работата на интердисциплинарни тимови посветени на истражување, развој за потребите на одржливо			

		индустриско производство на различни класи на биотехнолошки лекови
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Да се внесе *детална содржина* на предавањата организирани по поглавја и единици. Под секое поглавје да се внесат резултати од учење: **Карактеристични категории на биотехнолошки лекови кои што се предмет на проучување се:** • Индустриско призводство на ендогени протеини • добивање на рекомбинирани (r) инсулини Проучување на производство на инсулински формулации добиени од рекобинирани микробни системи; инженерирање на аналози за унапредување на терапија • добивање на комерцијално достапни рекомбинирани хумани хематопоезни фактори на раст (rhG-CSF, rhGM-CSF, rhEPO, rhSCF и rhlL-11) • производство на r фактори на коагулација и иа тромболитични агенсии; поекономични продукциски системи за обезбедување на широка достапност ма производите o r фактор VIII и преглед на технологии за производство на одобрени производи o r фактор IX и преглед на технологии за производство на одобрени производи o r фактор VIIa и преглед на технологии за производство на одобрени производи o r antitrombin o r тромболитички агенси • производство на r хормони (фоликуло стимулирачки хормони и хуман хормон на раст); продукциски системи, фармацевтски согледувања и студии на случај на одобрени за промет формулации • r хумана деоксирибонуклеаза и студии на случај на одобрени за промет формулации • r интерферони и интерлеукини и студии на случај на одобрени за промет формулации • Технологии за индустриско производство на терапевски класи на моноклонски антитела и студии на случај на одобрени за промет од терапевтската категорија • Технологии за индустриско производство на современи вакцини со примена на рекомбинирана технологија и студии на случај на одобрени за промет вакцини • Технологии за индустриско производство на избор од антибиотици **Резултати од учењето:** • Студентите ќе стекнат клучни знаење за типични активности со, технологии, процеси и методи применети за добивање на специфични категории на биотехнолошки производии од терапевтски интерес во индустриски размери • компетитивни, иновирани и супериорни пристапи и процеси на фармацевтската биотехнологија за индустриско производтвсо на специфични биотехнолошшки лекови со директно влијание на фармацевтската наука, медицината и фармацевтската грижа

		• Знаење потребно за решавање на предизвици и прашања својствени за производството на специфичните категории на биотехнолошките лекови		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Молекуларна клеточна биологија и генетика, Микробиологија, Фармацевтска технологија 1 и 2 се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставните содржини -предметот е изборен		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, студии на случаи Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно и во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	(4 ЕКТС x 30) часа = 120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 2 часа неделно = 30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7.5 часа Студентите работат индивидуално или во тимови за да истражуваат специфични проблеми и да предложат решенија поврзани со темата
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови Подготовка за практична настава: /
		17.3.	Подготовка за испит	22.5 часови Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови		

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови				5 - 9
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)			До 60 бода		5 (пет) (F)
				60-66 бода		6 (шест) E
				67-75 бода		7 (седум) D
				76-84 бода		8 (осум) C
				85-93 бода		9 (девет) B
				94-100 бода		10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.			
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Дан Ј. А. Кромелин , Роберт Д. Синделар, Бернд Мајбом	Фармацевтска биотехнологија : основи и примена (превод) Pharmaceutical biotechnology: fundamentals and applications ИСБН:978-608-247-875-3	Арс ЛАМИНА	2017 хард копија
		2.	Ansel M., Popovich N., Allen L.	Pharmaceutical dosage forms and drug delivery systems 8-th Ed.;	Williams & Wilkins,	2004 електронско издание
		3.	Aulton M.	Pharmaceutics, The science of dosage form design, 2ndEd;	Churchill Livingstone,	2002 електронско издание
		4.		Remington The Science and Practice of Pharmacy 21stEd	Mack Pub. Co.,	2005 електронско издание
		5		European Pharmacopeia 11		електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		електронско издание
		2.		веб-сајт на ЕМА и ФДА		

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	КОЗМЕТОЛОГИЈА			
2.	Код	ФФИП_316			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацвтска технологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5	семестар	IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Да се наведат наставници кои ќе усетвуваат во наставата. Одговорниот наставник да биде напишан прв со назнака во заграда за одговорен наставник) Проф. д-р. Марија Главаш Додов (одговорен наставник) Доц. д-р Љубица Михаилова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: потпис од Фармацевтска технологија 2 (VI семестар) Предуслов за полагање на предметот: положен Фармацевтска технологија 2 (VI семестар), потпис Козметологија.			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Цели*** на предметната програма Целта на предметот е студентите да стекнат детални знаења и разбирање за развојот, индустриското производство и регулаторните барања за козметичките производи во РСМ и ЕУ. • Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за анализа и проценка на основните регулаторни барања неопходни при развојот, производството и ставањето во промет на козметичките производи во РСМ и ЕУ. Тие ќе можат да решаваат проблеми и самостојно да направат евалуација на козметичките производи присутни на пазарот од аспект на компонентите во формулацијата,			

		нивниот безбедносен профил и исправноста на наведените козметички тврдења согласно регулаторните барања. • Студентите ќе можат да ги разберат различните промени и состојби на кожата и аднексите на кожата и механизмите на нивно настанување и соодветно да направат правилен избор на козметички активни супстанции и производ согласно потребата на потрошувачот/пациентот. • Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења за формулациски развој на различни видови на козметички производи, преку соодветен избор на козметички активни супстанции и ексципиенси во формулацијата, проценувајќи ја нивната улога и безбедност. • Студентите ќе можат да ги применат стекнатите знаења и ќе развијат вештини за дизајнирање на протокол за студиите на стабилност со цел да се предвиди рокот на употреба на козметичкиот производ. • Студентите ќе стекнат вештини за едукација на пациентите и потрошувачите за правилен избор на козметички производ, одделно или како дополнителна терапија во третман на различни дерматолошки состојби и вештини за едукација на потрошувачите за препознавање и пријавување на несакани ефекти од примената на истите. ***Резултати*** од учењето По завршувањето на предметот, студентите ќе бидат способни да: • Да ја познаваат и соодветно да дискутираат за законската регулатива за козметичките производи и нивното индустриско производство во РСМ и ЕУ, како и другите подзаконски акти и да направат споредба со регулативата за медицински производи • Анализираат и решаваат проблеми поврзани со козметичките тврдења поврзани со компонентите во формулацијата, како и вистинитото рекламирање на овие производи • Дискутираат за правилен избор на козметички активните компоненти и ексципиенси во козметичките производи согласно намената на истите или состојбата на кожата и аднексите на кожата, односно да анализираат и решаваат проблеми поврзани со фармацевтскиот развој на различни козметички производи согласно намената или дерматолошката состојба • Да ги познаваат основните параметри за анализа на квалитетот на козметичките производи • Да подготват протокол за следење на стабилноста на козметички производ и Завршен извештај од студиите на стабилност со цел да се препорача рокот на неговата употреба • Анализираат и решаваат проблеми поврзани со пријавувањето на несаканите ефекти од примената на козметичките производи • Работат во тимови и соработуваат за решавање на проблеми во развојот на квалитетни козметички производи, како и проблеми од професионалното секојдневие, при работа во индустрија, клиника или аптека.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите	**Поглавје. Законска регулатива за козметички производи во РСМ и ЕУ** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Законска регулатива за козметички производи и нивна безбедност во ЕУ и РСМ

	од учење за секое поглавје	- Други подзаконски акти поврзани со козметичките производи - Погдотовка на документација „ Информации за производот“ - Улога и обврски на одговорното лице - Испитувања на безбедност на козметички супстанции и производи и документирање во делот на Безбедносниот профил на производов **Поглавје. Специфични особености на кожата и аднексите на кожата, типови на кожа и дерматолошки состојби** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Функции на кожата - Типови на кожа и нејзини карактеристики - Физиолошкио стареење и фото-индуцирано стареење на кожата - Себореична и себостатска кожа - Козметички производи според типот и состојбата на кожата - Дерматолошки состојби и козметички производи **Поглевје. Формулациски аспекти на различни типови на козметички производи** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дозволени козметики активни супстанции и др. ексципиенски во формулацијата и користење на податоци од *Cosing* базата за козметички супстанции на ЕУ Комисијата - Дефинирање на основната намена на различни типови на козметички производи, дискутирање за нивните карактеристики, формулациски развој и подготовка/производство. **Поглавје. Студии на стабилност на козметички производи со цел предвидување на рокот на употребата** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Дефинирање на целите за соодветно дизајнирање на студии на стабилност (протокол за студии на стаблност), дискутирање за избор на соодветни параметри, избор на услови (температира и влага) соодветни за дадена формулација - Подготовка на Завршен извештај од студиите на стабилност **Поглавје. Улога на фармацевтот во советувањето за избор на соодветен козметички производ** Во рамки на ова поглавје студентите ќе се стекнат со познавања набројани подоле и како резултат од учењето ќе можат да ги опишат, дискутираат и применуваат знаењата за: - Правилен избор на козметички производ согласно возраста, типот и состојбата на кожата - Советување на пациентите за различни дерматолошки состојби во насока на правилен избор на козметички производи - Еуцирање на потрошувачите/пациентите за пријавување на несаканите ефекти од примената на козметичките производи
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите: Фармацевтска технологија 1 и 2 2. Знаењата од предметот се потребни како предзнаење за следење на наставната содржина - предметот е изборен

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Домашни задачи (истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум и професионално критично размислување).		
15.	Вкупен расположив фонд на време	4 ЕКТС x 30 часа = 120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	Бројот на работни недели (15) x 2 часа неделно = 30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	/
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови Студентите самостојно истражуваат, учат и решаваат задачи за да ги продлабочат стекнатите знаења.
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови Повторување на материјалот, систематизација на знаењето пред испит
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови
	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект (решавање проблеми, дозамшни задачи), презентација усна: бодови	5 бода

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D

			76-84 бода	8 (осум) C	
			85-93 бода	9 (девет) B	
			94-100 бода	10 (десет) A	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.	Александар Анчевски и сор.	Дерматовенерологија	Култура	2005 цврста копија
		2.	Ed. by Andre´ O., Barel, Marc Paye and Howard I. Maibach.	Handbook of cosmetic science and technology — 3rd ed.	Informa Healthcare USA, Inc.	2009 електронско издание
		3.	Ed. by J. W. Fluhr	Practical Aspects of cosmetic testings	SpringerVerlag Berlin Heidelberg	2011 електронско издание
		4,	Ed. by Z.D. Draelos L.A. Thaman	Cosmetic formulation of skin care products	Taylor & Francis Group, New York, NY	2006 електронско издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		електронско издание

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ХЕРБАЛНИ ПРОИЗВОДИ			
2.	Код	ФФИП_317			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	Трета, петта	Семестар	VI, VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Карапанџова (одговорен наставник) Проф. д-р Ѓоше Стефков Доц. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова Асс. Ана Трајковска Асс. Вероника Стоилковска Ѓоргиевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: стекнат потпис од Фармацевтска ботаника и биологија (II семестар), Фитохемија (IV семестар) и Фармакогнозија (V семестар). Предуслов за полагање на предметот: нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	***Целите*** на предметот се запознавање на студентите со појдовните хербални суровини за производство на хербални производи и преработки, стекнување познавања и вештини за изведување на рутински анализи во процесите на испитување и контрола на квалитет на хербалните суровини и нивни производи согласно соодветните фармакопејски прописи, правилници за квалитет и други стандарди. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на: • хербалните суровини и нивни производи и преработки, • нивните органолептички и физичко-хемиски карактеристики,			

		• квалитетот на хербалните суровини и препарати и методите за испитување и контрола на квалитетот според фармакопејски и други стандарди за квалитет, • изведување на рутински анализи во постапките на испитување и контрола на квалитетот.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржината на предметната програма вклучува три поглавја, поделени во неколку единици: **Поглавје 1**: Дефиниција на поимот хербална суровина и хербален препарат. • карактеристики на хербални суровини, методи на нивно производство, основни технолошки операции во нивното производство, основни поими и начела на испитувањето на хербалните суровини, запознавање со основите на контролата на квалитетот на хербалните суровини и нивни производи и преработки, значење на фармакопеите и на другите стандарди за квалитет, препораките и водичите на СЗО и соодветни национални правилници. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на поимот за хербална суровина и хербален препарат, нивното производство, како и за контрола на квалитет согласно стандардите за квалитет. **Поглавје 2**: Рутински методи во постапките на испитување и контрола на квалитетот на хербални суровини и нивни производи и преработки според Европска фармакопеја, препораките на СЗО и националната регулатива • подготовка на примерок за анализа во зависност од карактеристиките на хербалната суровина (организирани и неорганизирани дроги), сеење, определување на страни примеси, основни принципи на макроскопска и микроскопска анализа, определување на пепел (вкупен пепел, пепел нерастворлив во минерални киселини, сулфатен пепел), определување на вкупни екстрактивни материи, определување на вода и други испарливи материи, определување на содржина на етерично масло, определување на индекс на горчливост, определување на хемолитичен индекс, определување на индекс на бабрење, определување на танини, определување на индекс на пенење, определување на резидуи од пестициди, тешки метали, микотоксини (афлатоксини), радиоактивна контаминација и микробиолошка чистота. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на рутински методи во постапките на испитување и контрола на квалитетот на хербални суровини и нивни производи и преработки согласно Европската фармакопеја, препораките на СЗО, како и националната регулатива. **Поглавје 3**: Методи за рутинска проценка на безбедноста на хербални суровини и хербални препарати и преработки, како и следење на нивната стабилност и рок на траење • примена на биолошки модели за тестирање на ефикасност на хербалните суровини и нивни произоди и преработки, проценка на на нивната токсичност и безбедност, примена на современи пристапи за нивната биолошка евалуација, тестови за следење на стабилноста на хербалните суровини и препарати. Резултати од учењето: студентите ќе се стекнат со знаења во однос на безбедносните аспекти од употребата на хербални суровини и нивни производи и препарати и нивната стабилност.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Фармацевтска ботаника и биологија, Фитохемија и Фармакогнозија се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите: нема

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.			
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	30 часови	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	15 часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	5 часови	
		17.2.	Самостојно учење: часови	50 часови	
		17.3.	Подготовка за испит	20 часови	
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)			

19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	X	
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10	
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	X	

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание

		1.	Warude D., Patwardhan B.	Botanicals: quality and regulatory issues	J. Sci. Indust. Res., 64, 83-92	2005 (електронско издание)
		2.	WHO Team	Quality control methods for herbal materials	World Health Organization Geneva	2011 (електронско издание)
		3.	/	Medicinal Plant Quality Control Publications	http://bentcreekinstitute org/laboratory germplasmrepository/medicinalplant-quality-controlpublications/	2010- (електронско издание)
		4.	Council of Europe	European pharmacopoeia	Council of Europe, Strazbourg	2023 (електронско издание)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.	EFSA Team	Guidance on safety assessment of botanicals and botanical preparations intended for use as ingredients in food supplements	http://www.efsa.europa.eu/	2009 (електронско издание)
		2.	Светлана Кулеванова Ѓоше Стефков, Марија Карапанџова, Ивана Цветковиќ Каранфилова	Фармакогнозија, Природни лековити и ароматични суровини	УКИМ, Скопје	2023 (хард копија)

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ОСНОВИ НА ПАТЕНТИРАЊЕ И БРЕНДИРАЊЕ ВО ФАРМАЦИЈАТА			
2.	Код	ФФИП_318			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3та или 5 година	семестар	VII-ти или IX семестар
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска (одговорен наставник) Ас. Александар Димковски Ас. Евгенија Михајлоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните концепти за патентната заштита, брендирањето, правата на интелектуалната сопственост и нивната улога во поттикнувањето на иновации во фармацевтската дејност; повреда на правта на интелктуална сопственост и фалсификување на лекови; разбирање на критериумите за патентибилност и процесот на поднесување на патентна пријава; способност за пребарување во домашните и меѓународните бази на патенти; разбирање на основните принципи на брендирање, индустриски дизајн и авторско право во фармацијата; улогата на интелектуалната сопственост врз достапноста и цените на лековите; идните трендови во обезбедување на права на интелектуалната сопственост во фармацијата.			

		Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења преку анализа и разбирање на основните концепти и законски прописи поврзани со патентното право, брендирањето и другите права на интелектуалната сопственост во фармацијата. По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да ги разбира и применува законите кои ги регулираат правата на интелектуална сопственост во фармацијата, да ги идентификува и применува етичките принципи поврзани со правата на интелектуалната сопственост и достапноста на лековите и да ги препознае и објасни предизвиците поврзани со новите технологии.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје**: **Право на интелектуална сопственост и патенти - вовед** • Вовед во правото на интелектуална сопственост; Дефиниција и значење на патент, трговска марка, индустриски дизајн и авторско право; Закон за индустриска сопственост; Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да дефинираат што претставува патент, трговска марка, авторско право и условите за пронајдокот да биде патентиран. Студентите ќе бидат способни да го разберат процесот на поднесување на патентна апликација и да се запознаат со начинот на пребарување во домашните и интернационалните бази на патенти. **Поглавје: Патенти во фармацевтската индустрија** • Улогата на патентот во фармацевтската индустрија; Патентна апликација; Домашни и интернационални бази на патенти; • Патентен циклус на фармацевтскиот производ (од откривање до истекување на патентот); Патентни стратегии; Патентни спорови и судски постапки во фармацевтската индустрија - оргинаторски и генерички фармацевтски компании; Патентирање на биолошки лекови Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да го опишат патентниот циклус на фармацевтскиот производ и да ги разберат патентните стратегии вклучени во менаџирањето во фармацевтската индустрија. Студентите ќе ја разберат поврзаноста помеѓу патентот и процесот на регистрација на еден лек. Студентите ќе се запознаат со најзначајните правни спорови во фармацевтскиот сектор и правната разврска на истите, како и со предизвиците во процесот на патентирање кои ги носат биолошките лекови. **Поглавје: Трговски марки-брендирање во фармацијата** • Дефиниција и значење на трговските марки; Брендирање на фармацевтските производи; Примери на фармацевтски трговски марки и нивен пазарен ефект; индустриски дизајн и улогата на авторските права во заштита на фармацевтските истражувачки публикаци; Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да го објаснат значењето на трговската марка во фармацијата и процесот на брендирање на фармацевтските производи и поврзаноста со индустрискиот дизајн и со авторските права

		Поглавје: Меѓународни договори поврзани со правата на интелектуалната сопственост • ТРИПС, Париска конвенција и други меѓународни договори поврзани со правата на интелектуалната сопственост и достапноста до лекови; Резултати од учењето: • Студентите ќе се запознаат со влијанието на правата на интелектуалната способност врз достапноста и цените на лековите, како и меѓународните договори кои ги уредуваат правата на интелектуалната сопственост во фармацијата. **Поглавје: Современи трендови и заштита на права на интелектуалната сопственост во фармацијата** • Правата на интелектуална сопственост и биолошките лекови, улога на напредните технологии и правната рамка на интелектуалната сопственост. Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги опишат и дефинираат предизвиците кај правата на интелектуална сопственост кои ги носи напредокот во биолошките лекови и напредните технологии.		
13	Заемна поврзаност на предметите	1. не се потребни 2. знаењата од предметот		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени случаи и проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	15 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 22,5 часови Подготовка за практична настава: 22,5 часови
		17.3.	Подготовка за испит	30 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	
	19.3.	Практичен испит: бодови	X
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	30-40

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот	

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Анчевска-Нетковска К., Грозданова А., Стерјев З., Поцева-Пановска А., Тоник-Рибарска Ј., Брезовска К.	Права на интелектуална сопственост во фармацијата	Универзитет„Св. Кирил и Методиј“-Фармацевтски факултет-Скопје	2021
2.	Donner, Irah H., and David E. Boundy	Patent Prosecution: Law, Practice, and Procedure	Practising Law Institute	2020
3.	Hitchcock, David	Patent Searching Made Easy: How to Do Patent Searches Online and in the Library	Nolo	2020

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.	Релевантни трудови во меѓународни научни списанија			2018-
			Национално законодавство и меѓународна регулатива			2018-

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАКОВИГИЛАНЦА			
2.	Код	ФФИП_З19			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5-та	семестар	IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Вонреден проф. д-р. Зорица Наумовска (одговорен наставник) Ас. Евгенија Михајлоска Ас. Александар Димковски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан Фармацевтска хемија 3 (VI семестар) Фармакоинформатика (VII семестар) Предуслов за полагање на предметот: (положен Фармацевтска хемија 3 (VI семестар), Фармакоинформатика (VII семестра).			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) • Цел на предметот е студентите да се стекнат со знаења и вештини за добрата фармаковигиланца и пријавувањето на несаканите реакции од лековите и другите медисникси производи, како и знаења за примена на системот за фармаковигиланца при евидентирање на ризиците поврзани со квалитетот, ефикасноста и безбедноста на лековите и медицинските производи и примена на современите информатички технологии во целиот процес, • Познавање на националните и глобалните регулаторни аспекти во спроведувањето на фармаковигиланцата. • Познавања за фармаковигиланцата како научна дисциплина опфаќа ги сите процеси во пријавувањто на несаканите реакции од лековите од клиничката фаза на развојот на лековите па се до постмаркетиншкиот период од животниот циклус на лековите, вклучувајќи ги медицинските грешки, фалсификуваните лекови, состојби на предозирање, погрешна употреба на лекови, нивна злоупотреба и интеракции на лековите со други лекови и храна. • Знаења и вештини за идентификување на потенијалните ризици и сигнали при употребата на лековите,			

		справување со истите преку процес на менаџирање на ризикот, спроведување на мерки за минимизирање на ризиците во цел подобрување на здравјето во популацијата како и знаења за евалуција на терапијата и следењето на ефикасноста и безбедноста од употребата на лековите кај посебни популациски групи и справување со несаканите реакции кај посебни групи на лекови. • Студентите ќе се стекнат со вештини за примена на постмаркетиншки студии и методи за статистичка анализа на податоците со што се овозможува рана детекција на ризиците и преземање на активнсти за нивна минимизација во секојдневната пракса. Очекувани резултати: По завршувањето на предметот од студентите се очекува да покажат знаења: за базите на податоци од пријавени несакни настани на национално и глобалнно ниво, законската рамка во Европската Унија и нациналната легислатива која се однесува системот на фармаковигиланца и сите практики на добра фармаковигиланца, пријавување на несакани настани од медицински производи, грешки при употреба на лекови, употреба на лекови вон одобрението (off label употреба), погрешна употреба и злоупотреба на лекови како и идентификување на сигнали, спроведување на мерки за минимизирање на ризици и менаџирање на ризкот од примената на медицинските производи во клиничкиот развој и постмаркетиншкиот приод од животниот циклус на лекот и примена на практики на добра фармаковигиланца во споецифични популации, како и значењето на фармаковигиланцата за фармацевтската индустрија и националните регулаторни тела за лекови и медицински средтсва. Дополнително ќе се стекнат со знаења за улогата на фармаковигиланцата и постмаркетиншките студии во следењето на примената на лековите и примената на современните здравствени информатички технологии за имплементирање на добрите практики на фармаковигиланца.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1. Поглавје: Основи на фармаковигиланца и спонтано пријавување на несакани дејства • Студентите ќе се стекнат со знаења за фунцинирање на системот за фармаковигиланца, начинот на следење на безбедност на употребата на лековите и улогите и одговорностите на сите чинители во системот за фармаковигиланца. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекант со знаење практично пријавување на несакните настани од медицинските производи и ќе знаат точно да ги класифицираат и дефинираат улогите на сите активни чинители во системите за фармаковигиланца.

		2. Поглавје: Регулаторна рамка за фармаковигиланца • Запознавање со актуелната законска легислатива во Европската унија, САД и Република Северна Македонија за фармаковигиланца Резултати од учењето: • Примена на актулените законски нормативи асоцирани со фармаковгиланца 3. Поглавје Фармаковигиланца во клинички студии: • Студентите ќе се стекнат со знаења за: активностите на фармаковигиланца карактеристични за клиничката фаза на развој на лековите. Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада 4. Поглавје Сигнална детекција и менаџирање со ризик фармаковигиланца • Студентите ќе се стекнат со знаења за: процесите на иднетификување, проценка, валицација и менаџирање на сигналите кои се јавуваат во клиничкиот и постмаркетиншкиот период од примена на лековите, како и со структурата и начењето на планот за менаџирање на ризикот и проесите за менаџирање на ризици Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада знаењата за процесите на менаџирање на идентификуваните сигнали во клиничкиот и постмаркетиншкиот период, како и улогата на плановите за менаџирање на ризик во обебедување на квалитетни, едикасни и безбедни лекови на пазарот. 5. Поглавје Фармаковигиланца во фармацевтска индустрија • Студентите ќе се стекнат со знаења за системите на фармаковигиланца кај носителите на одобренија за лекови, односно производителите, претставништвата и веледрогериите Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада знаењата за улогата на добровоспоставените системи на фармаковигиланца кај носителите на одобренија и нивното значење во одржување

		на лекот на пазарот и обврските дефинирани кон регулаторните органи. 6. Поглавје Примена на постмаркетинншки студии во фармаковигиланца • Студентите ќе се стекнат со знаења за: типовите на постмаркетиншки студии кои се применуваат во фармаковигиланцата, нивна класификација и практична примена при иеднетификување на безбедносни сигнали или евалуација на ефиксаноста од примената на лековите во клиничката пракса. Дополнително ќе се стекатат со знаења за примена на податоците од клиничката пракса и доказите од клиничката пракса во постмеркетиншкиот период со примена на екетронските здравствени податоци, вештачката инелигениција и дигиталните здравствени алатки. • Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада вештините на евалуација на типовите на постмаркетиншките студии и податоците од клиничка пркаса за сооддветна имплементација на добрите практики на фармаковигиланца. 7. Поглавје Фармаковигиланца во специфични популации • Да се стекне разбирање за патофизиолошките, фармакокинетските и фармакодинамските механизми кои влијаат врз појавата на несакани ефекти кај специфични популации • Да се добијат сознанија за одредени специфични популации, кај кои е зголемен ризикот од појава на несакани ефекти од лекови Резултати од учењето Студентот се очекува да ги совлада вештините препознавање на ризичните групи за појава на несакани реакции од примена не лековите, идентификување на потенцијалните нескани настани и соодвени пријавување до носителите на одобренија и регулатроните органи. 8. Поглавје: Мерки за минимизиање на ризик во фармаковигиланца • Студентот ќе се стекне со мерките за минимизирање на ризик кои се имплементираат со цел рационална примена на лекови и обезбедување на обезбдување на безбедност за пациентите Резултати од учењето

		• Студентот се очекува да се стекне со знаење за следење и практична примена на мерките за минимизирање на ризиците кои се применуваат преку регулаторните органи и системите за фармаковигиланца во координација со производителите и дистрибутерите на леккови		
13	Заемна поврзаност на предметите	Да се наведе: 1. Предзнаењата од предметите Фармакологија, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Фармацевтска хемија 3, Фармакоинформатика, Основи на клиничка фармација се потребни/поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	22,5 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	7,5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 3 часови Подготовка за практична настава: 1 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	40 бодови		
19	Начин на оценување			
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50	
	19.2	Колоквиум: бодови	Колоквиум 1: 13-25 бодови Колоквиум 2: 13-25 бодови	
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10	

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	x

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Waller P.	An introduction to Pharmacovigilance, Second edition	Willey	2017
2.	Andrew Bate	Methods in Pharmacology and Toxicology: Evidence- Based Pharmacovigilance	Humana press	2018
3.	Thao Doan, Cheryl Renz	Pharmacovigilance: A Practical Approach	Elsevier	2019

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.				
2.				
3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	РЕГУЛАТИВА ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ЛЕК ВО ПРОМЕТ И ПРЕВЕНЦИЈА НА ФАЛСИФИКУВАНИ ЛЕКОВИ			
2.	Код	ФФИП_320			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	5та	семестар	IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	(4) ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Брезовска (одговорен наставник) Проф. д-р Јелена Ацевска Проф. д-р Анета Димитровска Асс. Хрисанта Гоџо			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: нема Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	• Целта на предметот е студентите да стекнат знаења за основните принципи на постапката за добивање одобрение за ставање на лек во промет и да ги разберат законските барања поврзани со оваа постапка. Студентите ќе можат ова знаење да го применат во професионалната кариера во фармацевтската индустрија, регулаторните тела и научно-истражувачките институции, обезбедувајќи им знаење и вештини за успешно спроведување на регулаторните процедури. ***Резултати*** од учењето: По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен за користење на стекнатите знаења за регулаторни прашања:			

		• Толкување и примена на регулаторните барања за добивање на одобрение за ставање на лекот во промет • Познавање на структурата на документацијата во CTD формат, за добивање одобрение за ставање на лек во промет • Стратегијата на регулаторните органи во борбата против фалсификувани лекови • Подготвување за работа во регулаторни тела и фармацевтската индустрија.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	*Поглавје 1: Фармацевтска регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет* • Основни концепти на постапката за добивање на одобрение за ставње на лек во промет • Национална регулатива за добивање на одобрение за сатвање на лек во промет • Евроспка регулатива за добивање на одобрение за ставање на лек во промет • Типови на постапки за добивање одобрение за ставање на лек во промет • Улогата на регулаторните тела: Македонска агенција за лекови и медицински средтва (МАЛМЕД), националните агенции на други држави и Европската агенција за лекови (ЕМА) во постапката за добивање на одобрение за ставање на лек во промет • Хармонизација на националната со европската регулатива Резултати од учењето: • Студентите ќе можат да ги разберат основните принципи и значењето на постапката за добивање одобрение за ставање на лек во промет • Ќе се запознаат со националниот закон и европските директиви што ја регулираат постапката за добивање одобрение за ставање на лек во промет и степенот на нивна хармонизација • Ќе можат да ги препознаваат клучните регулаторни тела на национален и меѓународно ниво и да ја разберат нивната улога во постапката за добивање на одобрение за ставање на лек во промет • Ќе ги разберат типовите на постапки за довивање одобрение за ставање на лек во промет *Поглавје 2: Документација за добивање одобрение за ставање на лек во промет* • Стандарди и водичи за градење на документација за добивање одобрение за ставање на лек во промет (ICH и EMA водичи) • Структура на Документацијата за добивање одобрение за ставање на лекот во промет (Common Technical Document, CTD) • Проценка на документацијата од страна на регулаторното тело

		Резултати од учењето: • Студентите ќе ја разберат структурата на документацијата за добивање одобрение за ставање на лек во промет во CTD форматот и примената во постапката за добивање одобрение за ставање на лек во промет • Ќе ги препознаваат ICH и EMA водичите кадешто се наведени насоките за градење на документација за добивање одобрение за ставање на лек во промет *Поглавје 3: Обврски на носителот на одорение за ставање на лек во промет по добивање на одобрението* • Промени во документацијата за добивање на одобрение за ставање на лек во промет (типови на варијации) • Обнова на одобрението за ставање на лек во промет Резултати од учењето: • Студентите ќе добијат сознанија за обврските на носителот на одобрението за ставање на лек во промет согласно националната и меѓународната регулатива за ажурирање на документацијата по добивање на одобрението, како и законските последици од неисполнување на обврските на носителот на одобрението • Ќе можат да ги идентификуваат различните видови на промени во документација (типови на варијации) *Поглавје 4: Регулаторни мерки за превенција на фалсификувањето на лекови* • Вовед во фалсификувањето на лекови: дефиниција за фалсификувани лекови и последици од фалсификувањето врз јавното здравје и фармацевтската индустрија • Фактори што влијаат врз фалсификувањето на лекови • Законска рамка во ЕУ за спречување на фалсификувани лекови. • Меѓународни договори и иницијативи во борбата против фаслификувањето на лекови • Улогата на фармацевтот во превенција на фалсификувањето на лекови Резултати од учењето: • Студентите ќе може да дефинираат што претставуваат фалсификувани лекови и да го разберат нивното влијание врз здравјето и економијата • Ќе ги препознаваат националните и меѓународните регулативи за превенција на фалсификување на лекови • Ќе ја разберат улогата на фармацевтите но и на сите останати засгенати страни во превенцијата и справување со фалсификувањето на лекови.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите Аналитика на лекови се поврзани со предметот 2. Знаењата од предметот се потребни (како предзнаење) /

14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.			
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	0 часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови	
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови	
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови	
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 17.1)			

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	30-60
	19.2	Колоквиум: бодови	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	6-10

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание

		1.	/	Национална регулатива (Закон за лекови, правилници, упатства) ЕУ директиви; ICH водичи; EMA QWP водичи; FDA водичи	/	Важечко издание
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание
		1.				
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ОДРЖЛИВОСТ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ПРАКТИКА**			
2.	Код	ФФИП ЗЛ21			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија Институт за фармацевтска хемија Институт за применета хемија и фармацевтски анализи Институт за фармацевтска технологија Институт за применета биохемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на студии			
6.	Академска година / семестар	Година	3,4 и 5	семестар	6, 7, 8, 9
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ѓоше Стефков (одговорен наставник) Проф. д-р Зоран Стерјев Проф. д-р Ана Поцева Пановска Проф. д-р Марија Главаш Додов Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска Доц.д-р Зоран Живиќ			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот / Предуслов за полагање на предметот: /			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Овој предмет ги интегрира принципите и целите на одржлив развој (SDGs) во образованието на идните фармацевти, нагласувајќи ги еколошките, социјалните и економските димензии на одржливоста во фармацевтската пракса. Целта е да се подготват студентите за справување со глобалните предизвици, како што се климатските промени, недостигот на ресурси и здравствените нееднаквости, во контекст на фармацевтските науки и здравствената заштита. • Да се разберат принципите на одржливост и нивната релевантност за фармацијата. • Да се анализира еколошкото влијание на производството, дистрибуцијата и отстранувањето на фармацевтските производи.			

		• Да се развијат одржливи практики во фармацевтските операции и здравствената заштита. • Да се процени улогата на фармацевтите во промовирањето на јавното здравје преку одржливи практики. • Да се примени знаењето за целите за одржлив развој (SDGs) во фармацевтското образование и пракса. ***Резултатите*** од учењето ќе овозможат стекнување на знаење во однос на еколошките, социјалните и економските димензии на одржливоста во фармацевтската пракса како и: • Осознавање на принципите на одржливост и нивната релевантност за фармацијата. и примена на знаењето за целите за одржлив развој (SDGs) во фармацевтското образование и пракса • Свесност за еколошките влијанија на производството дистрибуцијата и отстранувањето на фармацевтските производи како и развој и примена на одржливи практики во фармацевтските операции и здравствената заштита. • Свесност за улогата на фармацевтите во промовирањето на јавното здравје преку одржливи практики
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржината на предметната програма вклучува 5 поглавја кои што се изведуваат преку теоретска и практична настава, поделени во неколку единици: **Поглавје 1**: Вовед во одржливоста Теми: • Дефиниција и принципи на одржливоста • Преглед на целите за одржлив развој на Обединетите Нации (SDGs) • Улогата на здравствената заштита и фармацијата во постигнувањето на SDGs Активности за учење: • Предавања за принципите на одржливоста • Групни дискусии за улогата на фармацевтот во одржливоста • Студии на случај за одржливи здравствени иницијативи Оценување: • Краток есеј за релевантноста на SDGs за фармацијата **Поглавје 2**: Еколошко влијание на фармацевтските производи Теми: • Еколошко влијание на фармацевтското производство • Екотоксикологија и фармацевтски загадувачи • Одржлив дизајн на лекови и зелена хемија Активности за учење: • Лабораториски вежби за техники на зелена хемија • Анализа на студии на случај за фармацевтско загадување • Гостинско предавање од експерт за „зелена“ фармација Оценување: • Групен проект: Развој на зелено решение за определен предизвик во фармацевтското производство **Поглавје 3**: Одржливи фармацевтски практики Теми: • Енергетска ефикасност и намалување на отпадот во аптеките • Одржливо и етичко управување со синџирот на снабдување Активности за учење:

		• Работилници за имплементација на одржливи практики во аптеките • Сценарија за играње улоги за справување со етички дилеми Оценување: • Групен проект: Развој на план за одржливост за аптека **Поглавје 4**: Социјални и економски аспекти на одржливоста Теми: • Справување со здравствените нееднаквости преку одржливи практики • Ангажирање на заедницата и едукација за одржливоста • Анализа на трошоци и придобивки од воведување на одржливи практики Активности за учење: • Проекти за едукација на заедницата • Семинари за економски модели за одржлива здравствена заштита • Дискусии за студии на случај за успешни програми во заедницата Оценување: • Презентација: Дизајнирање на иницијатива за одржливост базирана на заедницата **Поглавје 5**: Нови технологии за одржливост во фармацијата Теми: • Политики и регулативи кои промовираат одржливост • Улогата на фармацевтот во циркуларната економија Активности за учење: • Истражувачки проект за иновативни одржливи технологии • Работилници за анализа на политики • Дебата за иднината на одржливоста во фармацијата Оценување: • Семинар: Проценка на технолошка иновација во одржливата фармација Резултати од учење: По завршувањето на овој предмет, студентите ќе: 1. Покажат сеопфатно разбирање за одржливоста во контекст на фармацијата. 2. Критички ќе ги оценат еколошките, социјалните и економските влијанија на фармацевтските практики. 3. Предложат и имплементираат одржливи решенија во фармацевтската пракса. 4. Дејствуваат како застапници за одржливоста во здравствените системи и поширокатa заедница. 5. Придонесат кон постигнување на глобалните цели за одржлив развој преку иновативни фармацевтски практики.
13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предметите / 2. Знаењата од предметот се потребни за следење на наставните содржини на предметите /
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Лабораториски вежби (практични вештини за работа) 2. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање)

		3. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања - теоретска настава: часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	15 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	5 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	45 часови
		17.3.	Подготовка за испит	35 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	6-10
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	1-5

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание
		1	Klaus Kümmerer; Maximilian Hempel	**Green and Sustainable Pharmacy**	Springer Berlin Heidelberg	2010
		2	Christian G. Daughton	**Pharmaceuticals and Personal Care Products in the Environment**	American Chemical Society	2001 (електронско издание)
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание

		1.	David Muriithi Nyagah, Aldress Njagi, Milcah Njoki Nyaga	**Pharmaceutical Waste Overview, Management and Impact of Improper Disposal**	Amazon Digital Services LLC - KDP Print US	2020
		2.	Howard Frumkin	**Environmental Health From Global to Local**	Wiley	2010

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**УПРАВУВАЊЕ СО ФАРМАЦЕВТСКИ ОТПАД**			
2.	Код	ФФИП_Л22			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета хемија и фармацевтски анализи			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3-та 4-та	семестар	VI и VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Ана Поцева Пановска (одговорен наставник) Асс. Олга Гигопулу			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: нема Предуслов за полагање на предметот: нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма: • Разбирање на видовите, изворите и влијанието на фармацевтскиот отпад врз животната средина и здравјето. • Усвојување на принципите и практиките за одржливо управување со фармацевтски отпад. • Препознавање на националните и меѓународните регулативи поврзани со управувањето со фармацевтски отпад. • Развивање на вештини за примена на добри практики во аптеки, болници и индустрија. Резултати од учење: • Студентите ќе стекнат знаења за видовите, изворите и влијанието на фармацевтскиот отпад врз животната средина и здравјето, како и за принципите на одржливо управување со отпадот.			

		• Студентите ќе развијат вештини за примена на добри практики во здравствени установи и индустрија, во согласност со националните и меѓународните регулативи.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје 1. Вовед во фармацевтски отпад** Дефиниција и класификација на фармацевтски отпад, Извори на фармацевтски отпад и патишта на доспевање на лековите во животната средина, Животен циклус на лековите: од производство до елиминација, Важноста на правилното управување со отпадот за фармацевтите. *Резултати од учење:* • Студентите ќе можат да ги објаснат основните концепти на фармацевтски отпад и да ги идентификуваат главните извори и патишта на доспевање на лековите во животната средина, ќе знаат да ги опишат различните фази на животниот циклус на лековите, од нивното производство, дистрибуција и употреба, до нивното отстранување или уништување. • Студентите ќе можат да го проценат значењето на правилното управување со фармацевтскиот отпад **Поглавје 2. Влијание на фармацевтскиот отпад врз животната средина и здравјето** Загадување на околоината (води, почви) и последици за екосистемите, Здравствени ризици од неправилно управување. *Резултати од учење:* • Студентите ќе знаат да опишат како фармацевтскиот отпад влијае на животната средина и ќе можат да ги проценат последиците за екосистемите од фармацевтски загадувачи • Студентите ќе знаат да ги објаснат здравствените ризици од неправилно управување со фармацевтскиот отпад • Препознаат потребата од одржливо управување со отпадот и важноста на одржливи практики за минимизирање на ризиците за животната средина и здравјето **Поглавје 3. Законодавство и регулативи** Национални и меѓународни регулативи за управување со фармацевтски отпад (WHO, EU директиви, локални закони), Улогата на фармацевтите во спроведувањето на регулативите, Одговорности и етички аспекти во управувањето со отпадот. *Резултати од учење:* • Студентите ќе идентификуваат национални закони и прописи за управување со фармацевтскиот отпад и ќе можат да ги објаснат основните принципи и насоки на СЗО (WHO) и релевантните ЕУ директиви за оваа област. • Студентите ќе можат да проценат етичките аспекти поврзани со управувањето со фармацевтски отпад. • Стдуентите ќе бидат способни критички да ја анализираат ефективноста на постојните регулативи и да го проценат влијанитео законодавството влијае врз практиките за управување со отпадот. • Стдуентите ќе можат да анализираат и предлагаат стратегии за усогласување на локалните практики со најдобрите меѓународни стандарди **Поглавје 4. Управување со фармацевтски отпад**

		Превенција и намалување на отпадот, Правилна класификација на отпадот, складирање, транспорт и обработка, Политики за правилно собирање и одлагање на истечени лекови. *Резултати од учење:* • Стдуентите ќе можат да идентификуваат ефективни стратегии за превенција и правилно управување со фармацевтски отпад како и да развиваат и имплементираат мерки за намалување на создавањето фармацевтски отпад преку одговорно користење и оптимизација на ресурсите. • Студентите ќе можат да спроведуваат политики и практики за правилно собирање и одлагање на истечени лекови односно ќе поддржуваат системи за собирање на истечени и неискористени лекови од домаќинствата и здравствените установи. **Поглавје 5. Одржливи практики во управувањето со фармацевтски отпад** Примена на принципите на одржливост во производството, употребата и отстранувањето на лекови, Зелени фармацевтски технологии, Стратегии за одржливо управување во здравствени установи (аптеки/болници). *Резултати од учење:* • Студентите ќе можат да ги применат принципите на одржливост преку интегрирање на одржливи практики во производството, употребата и отстранувањето на лековите. • Студентите ќе можат да развијат одржливи стратегии во здравствени установи преку спроведување на ефикасно управување со отпад во аптеки и болници. **Поглавје 6. Едукација и јавна свест** Улогата на фармацевтите во едукацијата на јавноста за правилно одлагање на лекови. Кампањи за собирање на фармацевтски отпад од домаќинствата. Соработка со други институции. *Резултати од учење:* • Стдуентите ќе знаат да ја објаснат улогата на фармацевтите во информирање на јавноста за правилно одлагање на лекови како и да организираат и поддржат кампањи за собирање фармацевтски отпад од домаќинствата. • Стдуентите ќе ја знаат да Развиваат мултидисциплинарен пристап за справување со предизвиците на фармацевтскиот отпад преку воспоставување на соработка со локални и национални институции за управување со фармацевтски отпад **Поглавје 6. Студии на случаи и добри практики** Примери за успешно управување со фармацевтски отпад во фармацевтската индустрија. Преглед на национални и меѓународни програми за намалување на отпадот. *Резултати од учење:* • Студентите ќе знаат да анализираат успешни примери за управување со фармацевтски отпад • Студентите ќе можат да проценат и анализираат различни програми за управување со фармацевтски отпад (национални и меѓународни) и да предложат примена на најдобрите практики во локалниот контекст.

13	Заемна поврзаност на предметите	1. Предзнаењата од предмети не се потребни/поврзани со предметот		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени задачи, случаи, проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми 2. Проектна работа		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	15 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 60 часови
		17.3.	Подготовка за испит	15 часови
18	Услови за потпис	12-15 бодови од активност 16.1		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	41-80
	19.2	Колоквиум: бодови	/
	19.3.	Практичен испит: бодови	/
	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	8-15

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	До 60 бода	5 (пет) (F)
		60-66 бода	6 (шест) E
		67-75 бода	7 (седум) D
		76-84 бода	8 (осум) C
		85-93 бода	9 (девет) B
		94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)

		1.	K.Kümmerer, M. Hempel (Ed)	Green and Sustainable Pharmacy	Springer Berlin, Heidelberg	2010 / pdf
		2.	K.Kümmerer (Ed.)	Pharmaceuticals in the Environment Sources, Fate, Effects and Risks	Springer	2008/pdf
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		
		2.				
		3.				

ИФХ

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОЛОШКИ ЛЕКОВИ И ВАКЦИНИ			
2.	Код	ФФИП Л23			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3та или 5 година	семестар	VI / VIII
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александра Грозданова (одговорен наставник) Ас. Александар Димковски Ас. Евгенија Михајлоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е студентите да стекнат/развијат разбирање на основните принципи за развој, производство и примена на биолошките лекови. Да се запознаат со специфичностите во фармакологијата, фармацевтската технологија и регулативата поврзана со биолошките лекови како и фармакоекономските, безбедносните и етичките аспекти на биолошките терапии. *Студентот ќе може да ги примени стекнатите знаења преку анализа и разбирање на основните терапевсски примени и регулативи на биолопките лекови и вакцините и нивната примена во фармацијата.*			

		По завршувањето на предметот, студентот ќе биде способен да ги разбира и применува законите кои ги регулираат правата на интелектуална сопственост во фармацијата, да ги идентификува и применува етичките принципи поврзани со правата на интелектуалната сопственост и достапноста на лековите и да ги препознае и објасни предизвиците поврзани со новите технологии. Еве предлог за наставна програма за биолошки лекови наменета за студенти по фармација, која може да се вклопи како предмет во рамките на интегрирани студии по фармација:
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Поглавје: Вовед во биолошки лекови** • Развој, дефиниција и поделба на биолошките лекови. • Разлики помеѓу биолошки и хемиски лекови. • Видови на биолошки лекови: моноклонални антитела, рекомбинантни протеини, крв и крвни продукти, лекови добиени со рекомбинантна DNK технологија, клетки, ткива органи, генска терапија, вакцини, генска и клеточна терапија. • Иновативни биолошки лекови, начини на нивното добивање со методи на генетски инженеринг и биотехнологија *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да дефинираат што се биолошки лекови, кои категории на биолошки лекови постојат и која е нивната специфика **Поглавје: Биолошки слични лекови** • Дефиниција, развој и разлики од референтните биолошки лекови. • Регулаторни барања во ЕУ и други земји. Категории на биолошки слични лекови, развој на биолошки подобри лекови *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да дефинираат што се биолошки сличните лекови, кои категории на биолошки лекови постојат и која е нивната специфика **Поглавје: Регулатива на биолошки и биолошки слични лекови** • Преглед на меѓународна и национална легислатива за добивање на одобрение за ставање во промет и постмаркетиншко следење на биолошки лекови и напредна терапија (генска терапија, терапија со матични клетки, производи на клетки и ткива) Структура и организација на документацијата за добивање на одобрение за ставање на биолошки лек во промет (master досие за биолошки производ и вакцини), документи за подготовка на план и одлуки за проценка на квалитетот во фармацевтскиот развој на биолошките лекови. Регулатива за одржување на добиеното одобрение за ставање на биолошки лек во промет, варијации и обнова *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да дефинираат кои се регулаторните барања за биолошки и биолошки сличните лекови **Поглавје: Вакции** • Видови на вакцини и начини на нивно добивање. Вакцини добиени со класични постапки на атенуирање и инактивирање. Векторски вакцини. Вакцини добиени со рекомбинантна ДНА технологија. Вакцини добиени со користење на конјугирање и линкирање со протеински носачи. Вакцини добиени со мРНА технологија. Терапевтски вакцини *Резултати од учењето:* • Студентите ќе можат да го објаснат процесот на добивање на вакцините, видови на вакцини, механизмот на нивното делување

		Поглавје: Примена на биолошките лекови • Биолошки лекови во имунологијата, онкологијата, ендокринологијата и ретки болести. Специфични примери: инсулин, имунотерапија, терапија за автоимуни болести. Рандомизирани контролирани студии и постмаркетинг мониторинг на биолошки лекови и подготовка на план и одлуки за проценка на квалитетот во фармацевтскиот развој на биолошките лекови. Развој на нови видови на вакцини.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Предзнаењата од предметите Фармацевтска хемија 2		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставните методи што се користат во предметот: 1. Предавања 2. Интерактивни часови кои вклучуваат дискусии за одредени случаи и проблеми Работни методи: 1. Решавање проблеми (студентите работат самостојно/во групи за решавање конкретни проблеми со цел да се поттикнат истражувачки и аналитички вештини, тимска работа и примена на теоретско знање) 2. Проектна работа (изработка на проект кој вклучува истражување на дадена тема со цел да се развијат способности за независно истражување и способности за презентација пред аудиториум.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	120 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	20 часови
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски): часови	20 часови
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи/семинарски: часови	20 часови
		17.2.	Самостојно учење: часови	Подготовка за теоретска настава: 20 часови Подготовка за практична настава: 20 часови
		17.3.	Подготовка за испит	20 часови
18	Услови за потпис	Најмалку 30 бодови од предвидените активности (16.1, 16.2, 17.1)		

19	Начин на оценување		
	19.1	Завршен испит: бодови (доколку не се полагаат колокивуми)	25-50
	19.2	Колоквиум: бодови (доколу има предвидено)	
	19.3.	Практичен испит: бодови	

	19.3	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		30-40
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		До 60 бода	5 (пет) (F)
			60-66 бода	6 (шест) E
			67-75 бода	7 (седум) D
			76-84 бода	8 (осум) C
			85-93 бода	9 (девет) B
			94-100 бода	10 (десет) A
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година /Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Rebecca Sheets	Fundamentals of Biologicals Regulation Vaccines and Biotechnology Medicines	Science Direct	2021
2.	Editors: Wei Wang, Manmohan Singh	Biological Drug Products: Development and Strategies	Wiley	2017
3.		ЕМА и FDA водичи ЕУ директиви ICH Водичи		
4	Stanley A. Plotkin, Walter A. Orenstein	Vaccines	Wiley	2019

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година / Издание (електронско/хард копија да се назначи)
1.	Релевантни трудови во меѓународни научни списанија	WHO Guidelines on Vaccine Development and Implementation		2024-

			Национално законодавство и меѓународна регулатива	Национален календар за имунизација на РС Македонија.		2024-

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФАРМАЦЕВТСКИ МЕНАЏМЕНТ			
2.	Код	ФФИП_24			
3.	Студиска програма	МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Фармацевтска хемија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Интегриран прв и втор циклус на стдуии			
6.	Академска година / семестар	Година	3-та 4-та	семестар	VII / IX
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС кредити			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Зоран Стерјев (одговорен наставник) Проф. д-р Александра Грозданова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Предуслов за слушање на предметот: (ислушан Социјална фармација и Фармакоинформатика) Предуслов за полагање на предметот: (положен Социјална фармација и Фармакоинформатика			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетиции) Цел на предметот е студентите да се стекнат со основните знаења за менаџментот, функциите на менаџментот, основите на фармацевтскиот менаџмент, современи техники и функции за управување на интегриран начин во здравствената индустрија, управување со залихи, креирање на нарачки, организациски менаџмент, внатрешна контрола и систем за управување со квалитет. Исто така студентите ќе се стекнат со основни знаења за фармацевтскиот маркетинг и законската регулатива за истиот, основните модели и работните методи и техники за успешно водење на комуникација со пациенти и со други здравствени, добри практики на издавање на лекови.			

		Очекувани резултати: По завршувањето на предметот од студентите се очекува да покажат знаења: за основите на фармацевтскиот менаџмент, управувањето со процеси и луѓе во фармацевтскиот сектор, целта на стратешкото планирање и конкретни чекори за развивање на стратешки план, да ги опишат концептите на операции и управување со операции, мерење на квалитет во фармацевтска пракса, менаџирање со набавки и залихи како и знаења за техники и методи за практикување на успешна комуникација и совладување на евентуални пречки и проблеми во комуникацијата со пациентот, комуникацијата како дел од успешно водење и обезбедување на квалитетна фармацевтска грижа, знаења за унапредување и развој на професијата фармацевт во здравствениот систем, практикување на добри практики на издавање на лекови, давање на потребни совети кои треба да се пренесат на пациентите при издавање на лекови и основни концепти на фармацевтски менаџмент во аптекарско работење.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Поглавје: Вовед во Фармацевтски менаџмент Теории за управување, менаџерски вештини, процес на управување, теорија на однесување на менаџментот, системска теорија на менаџмент. Резултати од учењето: Студентите ќе се стекнат со знаење за основните пет менаџерски одговорности: планирање, организирање, насочување, координирање и контролирање, специфичните вештини за ефикасно управување со луѓето, системи и процеси. Поглавје: Стратегиско планирање во фармацевтски операции Планирања во фармацевтскиот сектор (деловно, финансиско, оперативно, планирање на ресурси, организациско и стратешко планирање). Процес на стратешко планирање, бариери и ограничувања при планирање. Резултати од учењето: • Студентите ќе се стекнат со основни знаења за стратегиско планирање, чекорите во процесот на планирање, процес на стратегиско планирање (пред фаза на планирање, фаза на планирање, пост фаза на планирање). Поглавје Оперативен менаџмент во фармацевтскиот сектор Оперативна стратегија, фармацевтско деловно работење, фармацевтски производствени операции, подобрување на деловните процеси, технологија, планирање и контрола на напредните

		операции на синџирот на снабдување, распоред, управување со процеси и управување со квалитет. Резултати од учењето Студентите ќе се стекнат со знаење за управување и оптимизација за конкурентна предност, деловни процеси, процедури и стратегии за подобрена гаранција за квалитет, мерење на квалитет на производи и услуги, стратегии за ефикасно управување со операциите, динамиката на управувањето со синџирот на снабдување и двигателите за аутсорсинг и вертикална интеграција. Поглавје: Обезбедување на квалитет во фармацевтските операции • Квалитет, мерење на квалитет, управување со квалитет, методи за обезбедување на квалитет во фармацевтска практика, Резултати од учењето • Студентот се очекува да се стекне со знаење за важноста на квалитетот во фармацевтската пракса, начинот на мерење на квалитетот во фармацевтската пракса, успешни практики за квалитет, разлики помеѓу обезбедувањето квалитет, контролата на квалитетот и континуираното подобрување на квалитетот, методи за обезбедување квалитет во фармацевтската пракса, неопходни чекори за успешен план за континуирано подобрување на квалитет Поглавје: Бизнис планирање Чекори при креирање на бизнис план, елементи на бисниз план Резултати од учењето • Студентите ќе се стекнат со знаење за целта на планирањето на „бизнис план“, компоненти на бизнис планот, изготвување и спроведување на бизнис план. Поглавје: Менаџирање со залихи Видови на залихи, трошоци за залиха, контрола на залихите, методи на контрола на залихите. Резултати од учењето Студентите ќе се стекнат со знаење за основите во одржувањето на залиха, пресметки на залихи, евалуација и примена на поврзаните

